РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ



Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1053
Скопје, 30 април 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Содржина на Билтен број 1053 од 30 април 2013 година

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на асистент по групата предмети од областа на архитектонските конструкции и менаџментот на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет во Скопје **(м-р Димитар Папастеревски)**.....1-4

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебникот **Рана интервенција на деца родени со фактор на ризик,** од авторите **Наташа Чичевска-Јованова и Оливер Рашиќ-Џиневска,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје.....5-8

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Реферат за преизбор на еден асистент-истражувач во научното поле општествени науки, научно подрачје: економски науки, област: економски развој на Економскиот институт во Скопје **(м-р Елизабета Џамбаска)**.....9-15
2. Реферат за преизбор на еден асистент-истражувач во научното поле општествени науки, научно подрачје: економски науки, област: меѓународна економија на Економскиот институт во Скопје **(м-р Искра Станчева-Гигов)**.....16-21

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(Жаклина Петровска, Анета Лешниковска)**.....22

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор во звањето редовен професор по предметите: француска и франкофонска книжевност и француска и франкофонска култура и цивилизација на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Снежана Петрова)**.....23-42

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на асистент од областа на архитектонското проектирање, по предметите: архитектонско проектирање 4, архитектоснко проектирање 6 и архитектонско студио на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје **(м-р Мери Батакоја)**.....43-47

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Реферат за избор во вонреден професор во наставно-научната област плевел/општо поледелство со агроекологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Звонко Пацаноски)**.....48-67

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Реферат за избор во звањето научен соработник-доцент без засновање работен однос во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Марика Матеска)**.....68-79
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на ЈНУ Институт за навионална историја во Скопје **(м-р Исамедин Азизи, м-р Љубен Пауновски, м-р Македонка Касалица, м-р Маја Кикириткова)**.....80

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот под наслов **Каталог на земјотресите во Република Македонија 1971-980,** од **д-р Лазо Пекевски и д-р Вера Чејковска,** пријавен на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....81-84
2. Рецензија на ракописот под наслов **An introduction to seizmology,** од **д-р Вера Чејковска, д-р Лазо Пекевски и д-р Драгана Черних-Анастасовска** пријавен на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....85-91

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Меѓународните односи и надворешната политика на Република Македонија (1991-2--5),** од **Валентина Костовска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....92-97
2. Рецензија на докторската дисертација **Анализа на организираноста на говорот и јазикот кај учениците со лесна ментална ретардација во однос на нивните врсници од редовните училишта,** од **Рената Христова,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....98-102

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Методи и модели на повеќекритериумско одлучување во менаџментот: емпириска студија за евалуација на ефикасноста на одредени организациони единици во Република Македонија,** од **м-р Виолета Цветкоска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....103-110

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден виш научен соработник од областа на сеизмологијата, на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Вера Чејковска).....**111-127

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Рецензија на докторската дисертација **Моделирање на односите со јавноста на туризмот во Република Мкедонија, од м-р Ана Здравковска Илиевска,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.....128-133

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Филип Чичевалиев).....**134

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Значењата и именската функција на глаголската придавка во македонскиот јазик,** од **м-р Фани Стефановска-Ристеска,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.....135-141

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебникот **Претклиничка кариологија** од авторот **Лидија Поповска,** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....142-149
2. Рецензија на докторската дисертација **Ретроспективна студија со валоризација на епидемиолошките карактеристики и потенцијалните ризик-фактори кај пациентите со расцеп со проспективен тек (1996-2010) во Република Македонија,** од **Радмила Димовска,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....150-154

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Прогностички модел за лекување автологна трансплантација на матични хематопоетски клетки на болни со малигни хематолошки заболувања,** од **Александра Пивкова Велјановска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....155-158
2. **Приговор** на Рефератот за избор на наставници во сите звања на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1051 од 1.4.2013 година, поднесен од **ас. д-р Кадри Хаџихамза**.....159
3. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставници во сите звања на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1051 од 1.4.2013 година..160-161
3. **Приговор** на Рефератот за избор на научни работници на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1051 од 1.4.2013 година, поднесен од **ас. д-р Кадри Хаџихамза**.....162
4. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на научни работници на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1051 од 1.4.2013 година.....163-164

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

1. Рецензија на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата **Алл Тхат Данце** оп 39 од Димитрије Бужаровски, Соната за пијано (1926) од Бела Барток, Соната за пијано 1.10.1905 од Леош Јаначек, Соната за пијано оп. 1 од Албан Берг и Концерт за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток и теориското труд **Пијанистичко-интерпретациските аспекти на Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток** од **м-р Емилија Потевска)**.....165-168

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Локалната самоуправа и локалниот економски развој во Република Македонија,** од **м-р Снежана Христова,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....169-176

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Реферат за избор во звањето асистент-истражувач во Институтот за национална историја во Скопје **(м-р Весна Младеновска)**.....177-178
2. Реферат за избор во звањето асистент-истражувач во Институтот за национална историја во Скопје **(м-р Стефан Пановски)**.....179-182

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Реферат за избор во наставно-научно звање-доцент на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(д-р Бојана Наумовска)**.....183-191

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. **Приговор** на Рефератот за избор на еден кандидат во сите звања по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1052 од 15.4.2013 година, поднесен ид **д-р сци Нико Беќаровски**.....192-195
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на еден кандидат во сите звања по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1052 од 15.4.2013 година.....196-199

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија на докторската дисертација **Балканот во политиката на Велика Британија во периодот меѓу двете светски војни** од **м-р Теон Џинго,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.....200-203

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа систематика и филогенија на безрбетници и органска еволуција, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ)**.....204-220
2. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по група предмети од областа цитологија и хистологија на животните на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Катерина Ребок)**.....221-241

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Драган Јовановски, Срѓан Петковски, Даме Петровски, Драган Велковски, Ристе Пиндуров, Горан Јакимовски)**.242

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа орална патологија и пародентологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Силвана Георгиева, д-р Маја Пандилова, д-р Анета Атанасовска-Стојановска, д-р Снежана Пешевска)**.....243-316
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Елизабета Ѓоргиевска, д-р Ана Сотировска-Ивковска, д-р Златко Георгиев)**.....317-352

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научната област хемија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Мирјана Јанкуловска)**.353-360
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научната област пчеларство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Александар Узунов)**.....361-370

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Ефектите од шеснаесет неделентренажен процес за развој на експлозивната сила на долните екстремитети кај кошаркарки на 16 и 17 годишна возраст**, од **м-р Хинор Кица**, пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје.....371-374

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК "КРСТЕ МИСИРКОВ"

1. Реферат за избор на двајца помлади асистенти-истражувачи во Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" во Скопје **(Игор Стојаноски, Борче Арсов, Зоран Радически, Николче Мицкоски, Македонка Додевска, Душко Десподовски, Влатко Симјановски, Мирјана Вељаноска, Бојан Петревски, Викторија Мирчевска, Михајло Марковиќ, Христина Донева, Ивана Блажевска-Ристовска, Дијана Петровска)**.....375-386

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Ризик стратификација на пациентите со тешка валвуларна аортна стеноза со нормална левокоморна функција**, од **д-р Емилија Антова**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....387-390
2. **Приговор** на Рефератот за избор на еден кандидат во сите звања по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, поднесен од **д-р Даниела Чапароска**, објавен во Билтен бр. 1052 од 15.4.2013 година.....391-438
3. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на еден кандидат во сите звања по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1052 од 15.4.2013 година.....439-446

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ И МЕНАЦМЕНТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Аритектонскиот факултет на 45. седница одржана на 28.2.2013 година, донесе одлука 08 бр.6/22 од 7.3.2013 година со којашто именува членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од областа на архитектонските конструкции и менаџментот на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет при УКИМ, Скопје, во состав:

- д-р Тихомир Стојков, редовен професор – претседател
- д-р Митко Хаџи-Пуља, редовен професор – член
- д-р Страхиња Трпевски, доцент – член.

На распишаниот конкурс објавен во дневните весници „Дневник" и „Коха" од 20.2.2013 год., во законски определениот рок, се пријави м-р Димитар Папастеревски, д.и.а., асистент по група предмети од областа на архитектонските конструкции и менаџментот на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет.

Врз основа на увидот во поднесената документација и од личното познавање на кандидатот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Биографски податоци

Ас. м-р Димитар Папастеревски, д.и.а., е роден на 12.1.1972 година во Орадеа, Р. Романија.

Основно и средно образование - Општа гимназија „Јосип Броз Тито", насока: физика-техника, завршил во Битола.

Студии по архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје завршил во 2002 година со одбрана на дипломска работа на тема: **„Висока школа за архитектура и дизајн во Охрид - главен архитектонски проект"**, под менторство на проф. д-р Тихомир Стојков. Дипломската работа е оценета со највисока оценка 10. Просекот од студиите на Архитектонскиот факултет изнесува 8,22.

Постдипломски (магистерски) студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кандидатот завршил во 2010 година со јавна одбрана на магистерскиот труд под наслов: **„Модел на консеквентно генерирање на архитектонски цртеж - од архитектонски детал до основен проект"** и се стекнал со научен степен - *магистер по архитектура и урбанизам.*

Во текот на 2005-2006 година кандидатот проследил програма за обука на тема: "Примена на софтверска апликација за контрола на енергетска ефикасност на градби низ процесот на изработка на архитектонски проекти и проектна документација" и се стекнал со стручен сертификат издаден од ENSI – Energy Saving International AS.

Во 2008 година бил на кус студиски престој во Dem Hag, Холандија.

Во 2011 година, под менторство на проф. д-р Тихомир Стојков, на Архитектонскиот факултет при УКИМ пријавил изработка на докторска дисертација под работен наслов: **„Модели на консеквентно развивање и управување на архитектонски проекти – методи на генерирање на архитектонски детал низ проектниот процес"**.

2. Работно искуство

1995 - 1996 Архитектонско студио „Венци“, Скопје.
2002–2003 Фабрика за префабрикувани елемнти „Карпош“ АД – Скопје.
2003-2009 Архитектонски факултет, помлад асистент по групата предмети архитектонски конструкции 2 и детал и обработка на архитектонски простор и менаџмент во Институтот за високоградба (реф: универзитетски билтен бр. 853 и 914).
2010 - 2013 Архитектонски факултет, асистент по групата предмети архитектонски конструкции 2 и 3, менаџмент и економија и управување со инвестициски проекти во Институтот за високоградба (реф:универзитетски билетен бр. 988).

3. Наставна дејност

Во изминатиот период, м-р Димитар Папастеревски, д.и.а., како асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје, активно учествувал во изведувањето на наставата и вежбите по предметите; архитектонски конструкции 2 (III и IV сем.), архитектонски конструкции 3 (V и VI сем.), менаџмент (V сем.), детал и обработка на архитектонски простор (VIII и IX сем.) и економија и управување со инвестициски проекти (VIII сем.).

Притоа, тој демонстрирал особен капацитет и квалитет во пренесувањето на знаења на студентите од областа на една мошне комплексна и суптилна материја од образовниот процес на Факултетот (генерирање архитектонски детал и негова практична примена како основа за истражување при развивањето на архитектонските проекти). Притоа, кандидатот покажал особен интерес кон стекнување теориски и практични знаења и владеење со современи методи од областа на управувањето (менаџирањето) со проектниот процес и, во рамките на тоа, решавање на специфични прашања од областа на материјализацијата на архитектонскиот простор.

Во овој период, како соработник на проф. д-р Тихомир Стојков, кандидатот зел активно учество во изготвувањето и ажурурањето на 8 (осум) учебни помагала – *практикуми,* наменети за студентите од втората и третата студиска година од неколку тематски области на архитектонските конструкции. Во контекст на тоа може да се истакне и неговиот капацитет во познавањата и практичната примена на различни софтверските апликации при изработката на овие помагала.

4. Научноистражувачка работа

За време на постдипломските студии кандидатот успешно ги изработил предвидените семинарски трудови низ кои покажал афинитет за истражувачка работа и кои, од менторите се оценети со највисока оценка (реф.: универзитетски билтен бр. 914). Со изработката и одбраната на магистерскиот труд како и со пријавата за изработка на докторската дисертација на која што во моментов работи, цениме дека овој негов квалитет успешно ќе се заокружи и со оспособеност за научноистражувачка работа.

Во овој контекст, со задоволство може да се истакне неговото учество во тимот за изработка на научноистражувачката Студија за обнова на ОУ „Јохан Хенрих Песталоци“ во Скопје (2007-2008 год.), раководена од проф. д-р Тихомир Стојков и финасирана од страна на Амбасадата на Швајцарската Федерација во Скопје. Во прилог кон тоа, покрај другото, посебно треба да се истакне неговиот придонес кон конвертирањето во електронска форма на нецелосната проектна документација за овој објект (од 1965 година) којашто, од страна на Архивот на град Скопје, беше ставена на располагање на научноистражувачкиот тим. Оваа драгоцена проектна документација, заедно со останатите истражувања во студијата, подоцна беше користена

како клучна подлога при изработката на една мошне комплексна проектна документација за обнова на ОУ „Јохан Хенрих Песталоци“ (основен проект и проект за изведување со архитектонски детали), врз основа на што во 2008 година успешно беше реализиран овој сложен зафат.

5. Стручна работа, проекти и архитектонски конкурси

2004 Анонимен јавен конкурс на тема: „Славење на градовите - Плоштадите во Куманови“ Куманово, (група автори). Откупен труд
2004 Анонимен јавен конкурс за идејно урбанистичко-архитектонско решение на Меморијалниот центар – АСНОМ, Пелинце (група автори). Втора награда
2005 Анонимен јавен конкурс за идејно урбанистичко-архитектонско решение на Градска куќа – Скопје, (група автори).
2007 Анонимен јавен конкурс за Библиотека во Берово, (коавтор).
2007 Анонимен јавен конкурс за Спомен-куќа „Мајка Тереза“, Скопје, (група автори). Втора награда.
2007 Анонимен јавен конкурс за Музејскиот комплекс „Македонска борба“, Скопје, (група автори). Откупен труд
2008 Идеен проект „Куќа во транзиција Habitat Ypenburg“, Den Hag, Холандија (коавторски проект). Специјална награда
2008 Анонимен јавен конкурс за Спомен куќа „Тодор Проевски“, Крушево. (соработка со група автори), Втора награда.
2008 Основен проект со проектна документација за обнова на ОУ „Јохан Хенрих Песталоци“ во Скопје (соработка со проф. д-р Тихомир Стојков).
2011 Проект со проектна документација за внатрешно уредување на стан во Битола.
2011 Идеен архитектонски проект за семејна куќа „SONY“ во населбата Тафталице, Скопје (коавтор).
2011 Основен проект со проектна документација за обнова на кровот и кровната конструкција на Архитектонскиот факултет (соработка со проф. д-р Тихомир Стојков).
2012 Идеен архитектонски проект за комплексот „Бачила“ на Попова Шапка коавтор).
2012 Анонимен јавен конкурс за идејно урбанистичко-архитектонско решение на објектот за локалната самоуправа во Куманово (коавтор).

6. Учество на изложби, меѓународни изложби, презентации и награди

2006 Учество во рамките на националната презентација на 10. Биенале во Венеција, Италија на тема: *Град, архитектура, општество - Град на можни светови*, (група автори). Специјална награда.
2006 Учество на изложбата во конкуренција за Големата годишна награда за архитектура на ААМ (Асоцијација на архитекти на Македонија) за реализирано архитектонско дело во 2005 година со проектот на тема: *Град, архитектура, општество - Град на можни светови* (група автори). Голема годишна награда за архитектура на ААМ. Доделена од страна на стручното жири.
2007 Презентација на авторски проект во рамките на меѓународната работилница на тема: *Куќа во транзиција - Habitat Ypenburg*, Den Hag, Холандија, (коавтор)
2008 Учество на БИМАС-2008 со проект на тема: *„Куќа во транзиција –Habitat Ypenburg“*, (коавтор). Специјална награда на стручното жири
2008 Учество во рамките на националната презентација на 11. Биенале во Венеција на тема: *“Out There – Architecture beyond building – Metamak – Out Cuts”* (група автори).

7. Учество во работилници и летни школи за архитектура

2005 Меѓународна летна школа за архитектура, манастир „Св. Јоаким Осоговски" – Сесија 2005, Тема: *Куќа во транзиција*, ментор.
2007 Меѓународна летна школа за архитектура, манастир „Св. Јоаким Осоговски" – Сесија 2007, Тема: *Град за сите*, ментор.
2007 Работилница организирана од Град Скопје и Архитектонскиот факултет во Скопје на тема: *Оживување на левиот брег на реката Вардар*, ментор.
2008 Работилница организирана од страна на Архитектонскиот факултет во Скопје и Факултетот за технички науки – Нови Сад (Р. Србија) на тема: *Моја архитектура*, ментор.
2010 Меѓународна летна школа за архитектура, манастир „Св. Јоаким Осоговски" – Сесија 2010, Тема: *Архитектурата е за сите нас*, ментор.

Кандидатот го владее англискиот јазик и се кристи со следниве софтверски апликации: AutoCAD, AutoCAD Architecture, 3D Studio Max, Adobe Photoshop, MS-Office Microsoft Exel.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесеното, како и од увидот во севкупната работа и постигнатите резултати на кандидатот, Комисијата го изразува своето длабоко уверување дека ас. м-р Димитар Папастеревски, д.и.а., се докажал како почитуван член во колективот на Архитектонсклиот факултет и Институтот за високоградба.

Во оваа прилика, Комисијата цени дека посебно треба да се нагласи и неговата успешна педагошка работа како соработник во наставно-образовниот процес по предметите за кои е избран и во тој контекст неговиот квалитет на исклучително комуникативна и омилена личност, подеднакво и меѓу наставниците и колегите-соработници, секогаш спремен да им помогне на студентите во пренесувањето на знаењата и во разбирањето на материјата од областа за којашто се определил.

Неговите стручни, творечки и научноистражувачки референци, дијапазонот на активности на полето на архитектурата, добиените признанија и награди за својата работа и во контекст на тоа, постигнатите педагошки квалитети, само го потврдуваат уверувањето на Комисијата дека ас. м-р Димитар Папастеревски се стекнал со неопходните предуслови, со своето идно академско надградување и изработката на докторската дисертација, да се развие во вреден педагог на Архитектонскиот факултет.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, вр основа на чл. 130 од Законот за високото образование (Сл. весник бр. 35/208) и согласно со чл. 24 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св Кирил и Методиј", кандидатот ас. м-р Димитар Папастеревски, д.и.а., да биде избран за асистент по групата предмети од областа на архитектонските конструкции и менаџментот во Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Д-р Тихомир Стојков, редовен професор, претседател, с.р.
2. Д-р Митко Хаџи-Пуља, редовен професор, член, с.р.
3. Д-р Страхиња Трпевски, доцент, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНИКОТ „РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ДЕЦА РОДЕНИ СО ФАКТОР НА РИЗИК“ ОД АВТОРИТЕ НАТАША ЧИЧЕВСКА-ЈОВАНОВА И ОЛИВЕРА РАШИЌ-ЦАНЕВСКА

Врз основа на член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXVI редовна седница одржана на 27.III 2013 година, донесе одлука за назначување Рецензентска комисија за учебникот „Рана интервенција на деца родени со фактор на ризик“, во состав: проф. д-р Горан Ајдински и проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ.

Со особена благодарност за укажаната доверба, како рецензент имам чест и задоволство до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот „Рана интервенција на деца родени со фактор на ризик“ во целост ја покрива наставната програма по предметот рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност за студентите на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет. Ракописот е оригинален, дидактички издржан и со јасен концепциски пристап во презентирањето на материјата, со добра обмислена и јасна композиција на речениците.

Содржински е конципиран во шест глави. Во рамките на секое поглавје структурирани се наслови и поднаслови кои ја имаат улогата на микроелаборација на основниот проблем, аспектиран како систем од повеќе поими и носечки категории.

Најголемиот акцент логично е даден на дефинирање на поимот за рана интервенција, посочувајќи го нејзиниот историски развој, фазите низ кои поминувала, па сè до современата поставеност. Неизбежен дел кој ја збогатува содржината на учебникот е обработката на ризик-факторите, водејќи се од Националната листа на ризик-фактори кај новородени деца во Р. Македонија, даден е детален приказ на 15 ризик-фактори, притоа објаснувајќи го начинот на нивното влијание, времето на дејствување и консеквенциите што ги предизвикуваат.

Еден поголем дел од материјата претставува и елаборацијата на специфичностите и карактеристиките на процесите на раст и развој, потенцирајќи ја разликата помеѓу овие два термина и истакнувајќи ги принципите на самиот раст и развој, на што се надоврзува следното поглавје со елаборирана комплексна проценка на гестациската старост на новороденчето. Во овој дел се објаснуваат неколку начини на проценка, користејќи различни

скали и показатели, посочувајќи го степенот на зрелост на новороденчето во согласност со добиените резултати од проценката, како и одликите за дадена зрелост.

Со оглед на недоволното познавање на фазите на моторниот развој кај децата и диференцирање на нормален од забавен развој, при конципирањето на материјалот, се појавува потреба од вметнување на еден дел, кој претставува водич за моторен развој на деца од раѓање, па сè до четвртата година. Ова поглавје ја надополнува содржината со детален и прецизен опис на сите последователни стадиуми во процесот на моторниот развој, во првата година даден месец по месец, а потоа продолжувајќи по години.

Знаејќи дека семејството претставува основна алка од синџирот на општеството, во последниот дел, не се изоставени ниту семејствата на децата родени со ризик-фактор, јасно претставувајќи ги проблемите со кои се соочуваат, семејната поставеност, структурата и односите во самото семејство.

Имајќи го предвид приложениот ракопис, неговата актуелност, како и цитираната литература, како рецензент немам забелешки или сугестии за дополнување или измена на предложениот ракопис за рецензија. Сите поглавја се добро осмислени, ја содржат суштината на проблемот и лесно се разбирливи.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Рана интервенција на деца родени со фактор на ризик“, поднесен од авторките Наташа Чичевска-Јованова и Оливера Рашиќ-Цаневска, вработени на Институтот за дефектологија, ќе пополни една голема празнина која се чувствуваше на нашите простори. Учебникот со својата структура, физиономија и намена е од големо значење за студентите кои се подготвуваат како идни дефектолози.

Чест и задоволство ми е да бидам рецезент на овој ракопис, кој целосно одговара на својата намена, и затоа сметам дека тој заслужува да биде позитивно рецензиран и предлагам да биде објавен на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”.

9.4.2013 година

Рецензент

Проф. д-р Горан Ајдински, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНИКОТ „РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ДЕЦА РОДЕНИ СО ФАКТОР НА РИЗИК“ ОД АВТОРИТЕ НАТАША ЧИЧЕВСКА-ЈОВАНОВА И ОЛИВЕРА РАШИЌ-ЦАНЕВСКА

Врз основа на член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXVI редовна седница одржана на 27.III 2013 година, донесе одлука за назначување Рецензентска комисија за учебникот „Рана интервенција на деца родени со фактор на ризик“, во состав: проф. д-р Горан Ајдински и проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ.

Со особена благодарност за укажаната доверба, како рецензент имам чест и задоволство до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Учебникот со наслов „Рана интервенција на деца родени со фактор на ризик“ е прво издание од ваков вид учебник, структуриран во шест заглавија (рана интервенција и тимови за рана интервенција, деца родени со фактор на ризик, раст и развој, проценка на гестациската старост на новороденчето, водич за следење на растот и развојот на детето од раѓање до 4 години и семејството и детето со пречки во развојот). Овој ракопис во целост ја покрива наставната програма по предметот рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност, кој е задолжителен предмет на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје, а е застапен со фонд на часови 3+3 и 6 ЕКТС-кредити. Литературата која е користена за изработката на овој учебник составена е од 200 библиографски единици на англиски, македонски јазик, како и од словенската група на јазици, претставувајќи дел од актуелните тематски соодветни ракописи произлезени од голем број научноистражувачки студии и проекти реализирани во голем број земји во светот.

На почетокот е даден предговор во кој се дадени мотивите кои ги поттикнале авторите за пишување на ваков текст. Истакната е потребата од ваков материјал за студентите на студиската програма по дефектологија. Но, прикажани се и дилемите што авторите ги имале при конципирањето на текстот, заради комплексноста на материјалот кој треба да е соодветен на предзнаењата со кои располагаат студентите.

Во првото поглавје авторките тргнуваат од дефинирањето на поимот „рана интервенција“, преку историскиот осврт, сè до современото поставување и третман на децата, посочувајќи три модели на системи за рана интервенција, и тоа: мултидисциплинарен, интердисциплинарен и трансдисциплинарен модел. На крајот на поглавјето претставени се и членовите на тимовите за рана интервенција, прецизно објаснувајќи ги карактеристиките и разликите на нивните работни задачи.

Второто поглавје се однесува на децата родени со фактор на ризик, каде што авторките ја детерминираат епидемиологијата, преваленцијата и инциденцијата на различните фактори на ризик и начинот на нивно дејствување, повикувајќи се на различни извори на сознанија. Во продолжение дадена е и **Националната листа на ризик-фактори кај новородените деца** во Р. Македонија, составена од 15 фактори на ризик.

Во третиот дел од учебникот, дефинирани се термините раст и развој, притоа објаснувајќи ги факторите кои влијаат на растот (генетски фактори, пол, сезонски и дневни варијации, расна припадност, исхрана, влијание на хормони, болест итн.) и влијанијата врз развојот (наследувањето, средината и активноста на поединецот), карактеристиките и законитостите во растот и развојот.

Четвртото поглавје ги обработува начините на проценка на гестациската старост на новороденчето, претходно посочувајќи дека терминот гестациска старост ја означува должината, односно временскиот период на интраутерин развој на плодот. Во ова поглавје е нагласена значајноста на проценката на гестациската старост, одвојувајќи ги невролошките знаци на незрелост од патолошките невролошки знаци, со цел преземање на соодветни постапки за превенција на адаптациони кризи, посебна терапија и нега.

Петтиот дел го претставува водичот за следење на раст и развој на децата, почнувајќи од моментот на раѓањето, па сè до четвртата година, давајќи приказ на физичкиот, когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој, како и развојот на говорот.

Во последното поглавје фокусот е ставен на семејството, семејните релации и функционирање, емоционалните проблеми со кои се соочуваат семејствата на децата со пречки во развојот и на стратегиите за постигнување на целосен и успешен живот на истите.

Самиот труд има нагласено едукативно значење. Авторите ја изнесуваат материјата концизно, стручно и разбирливо. Стилот на пишување е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои учебникот е наменет. Во учебникот се застапени голем број илустрации, табели и шеми што придонесуваат за подобар квалитет.

Имајќи го предвид приложениот ракопис, неговата актуелност, и цитираната литература, како рецензент немам забелешки или сугестии за дополнување или измена на предложениот ракопис за рецензија.

Заклучок и предлог

Според тоа, задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кој ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, успешно изучување на содржината. Овој ракопис го поддржувам и предлагам да биде отпечатен како учебник по предметот рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност од авторите Наташа Чичевска-Јованова и Оливера Рашиќ-Цаневска, пред сè за студентите од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

9.4.2013 година

Рецензент
Проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ПРЕИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО НАУЧНОТО ПОЛЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: ЕКОНОМСКИ НАУКИ, ОБЛАСТ: ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата 91. седница одржана на 28.3.2013 година, донесе Одлука (бр. 02-665/1 од 2.4.2013) за формирање Рецензентска комисија за преизбор на еден асистент-истражувач од научното подрачје економски науки, научна област: економски развој, во состав: д-р Верица Јанеска, редовен професор, д-р Силвана Мојсовска, редовен професор и д-р Дејан Пендев, научен советник.

На конкурсот објавен во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ од 27.2.2013 година, за преизбор на еден асистент-истражувач во областа економски развој, со валидна пријава и квалификации, согласно со општите услови предвидени со закон, како и посебните услови во Законот за научноистражувачката дејност, се пријави кандидатката м-р Елизабета Џамбаска, асистент-истражувач во Економскиот институт во Скопје. Покрај оваа кандидатка, на конкурсот се пријави и м-р Верица Атанасова Јовановска за која, врз основа на поднесената пријава и приложената документација, Комисијата утврди дека не го исполнува условот пропишан во конкурсот претходно да била избрана во звањето асистент-истражувач.

Врз основа на горенаведното, Комисијата пристапи кон разгледување само на пријавата и приложената документација на кандидатката м-р Елизабета Џамбаска и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Биографски податоци

Кандидатката м-р Елизабета Мијалчо Џамбаска е родена во Кочани на 1.2.1978 година. Основно и средно образование (средно економско училиште) завршила во Кочани со одличен успех. Во учебната 1997/1998 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје, отсек: општа економија, насока: финансии и банкарство. Студиите ги завршила во декември 2001 година, со просечна оценка 8,15, при што се здобила со звањето дипломиран економист.

На постдипломски студии се запишала во учебната 2002/2003 година на Економскиот институт во Скопје, насока: меѓународна економија. Предвидените испити ги положила заклучно со септември 2005 година со просечна оценка 9,43. На 9 февруари 2007 година успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов: *Факторскиот приод и моделирањето во теоријата на економскиот развој*, со што се стекнала со звањето магистер на економски науки.

Кандидатката м-р Елизабета Џамбаска на 30 јуни 2009 година ја пријавила докторската дисертација под наслов *Економските ефекти на фискалната политика* на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Пријавата е прифатена со усвојувањето на извештајот на Комисијата за утврдување на подобност на кандидатот и темата за изработка на докторската дисертација од страна на Научниот совет на Економскиот факултет во Скопје (Одлука бр. 02-2203/2 од 15.9.2009 година).

На Економскиот институт во Скопје м-р Елизабета Џамбаска е вработена од 1.9.2002 година, како помлад асистент-истражувач од областа теорија и политика на економскиот развој. За асистент-истражувач во истата област избрана е со усвојувањето на извештајот (објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 918, од 27 април 2007 година) на 45. седница на Советот на Економскиот институт во Скопје, одржана на 28.5.2007 година (Одлука бр. 02-779/1). Со усогласувањето на систематизацијата на Економскиот институт во Скопје во 2010 година, согласно со класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната Фраскатиева класификација, нејзиното звање е преименувано во асистент-истражувач во научно подрачје: *економски науки* и научна област: *економски развој*.

Од вработувањето на Економскиот институт во Скопје до денес, м-р Елизабета Џамбаска активно била вклучена во реализацијата на научноистражувачката програма на Економскиот институт, при што учествувала во изработката на проекти, студии и економски анализи, првенствено од областа на економскиот развој. Освен тоа, во текот на својот работен ангажман во Институтот таа учествувала и на научни собири, семинари и конференции во земјата.

Кандидатката, исто така, е вклучена во наставно-образовниот процес од втор циклус студии при Економскиот институт во Скопје. Со Одлука на Научниот совет (бр. 09-1413/1 од 16.10.2008 година), таа е распоредена како асистент на студиската програма по меѓународен менаџмент.

Во учебната 2005/2006 година вклучена е како асистент во наставно-образовниот процес во реализација на предметната програма вовед во економијата и економскиот систем на Република Македонија на Полициската академија во Скопје. Нејзиниот асистентски ангажман за истиот предмет и за предметот основи на економија го продолжува во учебната 2009/2010 година, но овојпат реализиран на Факултетот за безбедност во Скопје, при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.

М-р Елизабета Џамбаска солидно ги познава англискиот, српскиот и хрватскиот јазик.

II. Научноистражувачка активност

Кандидатката м-р Елизабета Џамбаска во својата научноистражувачка активност е ориентирана на проучување на проблемите поврзани со економскиот развој. Во периодот од изборот во звањето асистент-истражувач до денес има објавено научни трудови и статии во научни и во стручни списанија. Воедно учествувала во изработката на научноистражувачки проекти во рамките на програмата на Институтот, но и надвор од него.

а) Изработени и објавени трудови

- *Иновациите како детерминанта на економскиот растеж во моделите на преливен ефект (spillover models),* Зборник на трудови од научниот собир, „Претприемништво - иновации и конкурентност", Економски институт-Скопје, 2008 година, стр.167-174.
- *Ефектите на јавните расходи врз развојот на економијата,* Е-билтен Добро управување, Фондација Институт отворено општество - Македонија, шесто издание, Скопје, декември 2008 година.
- *Анализа на изворите на економски растеж во Република Македонија,* Економски развој, год. 10, бр.2/2008, Економски институт - Скопје, стр.101-113.
- *Ценовните варирања на енергијата - причини за нестабилност на економијата,* Економски развој, год. 10, бр.3/2008, Економски институт - Скопје, стр.151-168.
- *Фактори на економскиот развој,* Списание за теорија и практика, „Економија и бизнис", година XII, бр.131, Скопје, февруари 2009 година; стр.25.
- *Empirical analysis of the effects of public expenditures on the economic growth,* „Economic Development", Journal of the Institute of Economics – Skopje, Year 14, No. 2-3/2012, стр.98-111.

б) Учество во научноистражувачки проекти

- *Менаџментот со човечките ресурси и економскиот развој,* Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2007 година.
- *Научната дијаспора од Република Македонија,* Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2011- 2012 година.
- *Формирање на претприемничка лабораторија на Економски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,* Економски институт – Скопје, 2012 – 2013 година.

в) Учество на научни собири, конференции, обуки и семинари

- Научен собир: *„Претприемништво, иновации и конкурентност",* Економски институт - Скопје, Факултет за бизнис администрација - ЈИЕ Тетово, Агенција за промоција на претприемништвото во Република Македонија, Скопје, 25 Јануари 2008 година.
- "Info day - 5th June 2008 FP7 "People" Specific Programme Fellowship for all categories of Researchers, Ministry of Education and Science, Скопје, јуни 2008 година.
- Обука: *"Управување со проектен циклус",* Агенција за поддршка на претприемништвото, Скопје, 29-31 октомври 2008 и 3-5 ноември 2008 година.
- Меѓународен научен собир: *„Дваесет години самостојност на Република Македонија (1991-2011)",* МАНУ, Скопје, 24-25 ноември 2011.
- Меѓународна конференција: *„Регионалната трговска интеграција на земјите од Југоисточна Европа: придобивки и предизвици",* Економски

институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, и London School of Economics and Political Science, Скопје, декември 2011 година;
- Конференција: *„Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење – состојби и перспективи“*, Економски институт – Скопје, 30 мај 2012 година.

Приказ и оцена на поважните трудови поднесени за рецензија

1. Ценовните варирања на енергијата - причини за нестабилност на економијата, Економски развој, год. 10, бр.3/2008, Економски институт - Скопје, стр.151-168.

Во статијата се обработува актуелна проблематика која се однесува на промените на цените на енергијата како детерминанта за нестабилноста на економијата. Анализата, пред сè, се однесува на теортскиот модел на економска рамнотежа на новите кејнзијанци со кој се објаснуваат промените на агрегатната побарувачка и агрегатната понуда под влијание на промените на цените на енергијата, како и начинот на повторното воспоставување на економска рамнотежа. Моделот дава видување на промените во економијата на краток и на долг рок.

Кандидатката ја проширува анализата на конкретниот случај во Република Македонија за реперкусиите на ценовните варирања на енергијата за економскиот раст. Прегледот на состојбата во економијата се однесува на стапките на раст на реалниот БДП, стапките на вработеност и невработеност, како и структурното учество на секторите (земјоделство, индустрија и услужен сектор) во создавањето на БДП, вкупното производство на енергија и структурата на увозот на енергија во Република Македонија.

Анализата покажува дека економијата на Република Македонија, како сиромашна и силно енергетски увозно-зависна земја, во која не постојат сопствени извори на сурова нафта и природен гас и со енергетски интензивна индустрија, е под силно влијание на порастот на цените на енергенсите на светските берзи. Осетливи се сите процеси кои се поврзани со нафтени инпути, при што краен резултат е намалување на економскиот раст, вработеноста, финансиските перформанси, каматите, нивото на реалните плати и квалитетот на живеење. Затоа кандидатката го потенцира приоритетот кој треба да се даде на создавањето на услови за инвестиции во производството на енергија со зголемена експлоатација на евтини домашни извори на енергија и обновливи извори, пред сè во хидроенергија, стимулирање на увозот на енергетска опрема која функционира на соларна енергија, изградба на магистрални гасоводни енергетски врски и гасификација на населените места, како и стимулирање на инвестиции во други алтернативни извори на енергија. Освен тоа, таа сугерира да продолжат активностите за промоција и поддршка на реализацијата на проекти за штедење на енергија и зголемување на енергетската ефикасност на технологиите, опремата и градежните објекти.

2. Анализа на изворите на економски растеж во Република Македонија, Економски развој, Год 10, бр.2/2008, Економски институт - Скопје, стр.101-113.

Во овој труд се елаборира сметководството на економскиот раст и анализата на изворите на растот. Сметководството на економскиот раст претставува расчленување на растот на вкупното производство на изворите кои го предизвикуваат истиот, како зголемувањето на капиталот, порастот на работната сила и напредокот на технологијата. Секој од овие фактори има значајна улога во остварувањето на поголема стапка на економски раст. Сметководството на економскиот раст претставува прв корисен чекор кој покажува од каде потекнува растот. Меѓутоа, тоа не го објаснува однесувањето на работната сила, капиталот и продуктивноста.

Кандидатката во статијата го потенцира значењето на сметководството на економскиот раст за креаторите на економската политика при креирањето и спроведувањето на развојната политика. Всушност, обезбедува податоци за учеството на секој фактор на производство во реализираната стапка на економски раст.

Во трудот се презентирани резултатите од анализата на изворите на економскиот раст во Република Македонија за периодите 1993-1999 година, 1996-2002, 1998-2004 и 2000-2006 година. Притоа, кандидатката доаѓа до повеќе релевантни заклучоци, при што се констатира дека најголем придонес во просечната стапка на раст во сите анализирани периоди има резидуалот вкупна факторска продуктивност. Но, присуството на феноменот "jobless growth" иманентен за македонската економија, не е резултат на поголемата техничка опременост на трудот, туку произлегува најмногу од превработеноста во претранзициониот период. Така, придонесот на резидуалниот фактор во растот на БДП во Република Македонија се базира на екстензивноста на трудот (бројот на вработените), но не и на интензивните компоненти, како што се нивото на човечки капитал и истражување и развој. Врз основа на анализата на факторот труд и физичкиот капитал, кандидатката констатира поголем придонес на физичкиот капитал во однос на придонесот на трудот. Тоа сугерира мерките на развојната политика да се насочат кон стимулирање (поттикнување) на инвестиции во физички и човечки капитал, како и активности за истражување и развој.

3. Empirical analysis of the effects of public expenditures on the economic growth, „Economic Development", Journal of the Institute of Economics – Skopje, Year 14, No. 2-3/2012, стр.98-111.

Нивото на јавни расходи, посебно нивниот тренд на раст, како и влијанието на економскиот раст се предмет на анализа во оваа статија. Теоријата и голем број на емпириски студии го потврдуваат позитивниот ефект од порастот на јавните расходи врз економскиот раст, посебно нагласувјќи дека

интензитетот на влијание зависи од структурата и видот на јавните расходи. Емпириската анализа што ја користи кандидатката во ова истражување обработува податоци за јавните расходи во Република Македонија за периодот од 1997-2010 година. Влијанието на различните видови јавни расходи на економскиот раст се пресметува со повеќекратна линеарна регресија.

Презентираните резултати се однесуваат на утврдувањето на зависната променлива, реалниот БДП од независните променливи приватна потрошувачка, јавна потрошувачка, бруто инвестиции и трансфери. Во втората повеќекратна линерана регресија освен претходните независни променливи кандидатката во анализата ја вклучува и независната променлива капитални расходи. Добиените резултати покажуваат дека приватната потрошувачка позитивно влијае на економскиот раст, додека јавната потрошувачка, бруто-инвестициите и трансферите не бележат никакво влијание. Капиталните расходи како категорија на јавни расходи иако се значајни за поттикнување на економскиот раст, во анализата за Македонија не покажале значаен ефект. Оттаму, во сугестиите и препораките кандидатката го потенцира значењето на примената на мерки на политиката на јавни расходи со кои ќе се зголеми учеството на капиталните расходи во структурата на вкупните јавни расходи во Република Македонија.

III. Мислење и предлог на Комисијата

Врз основа на претходно изнесените информации за научната активност на кандидатката м-р Елизабета Џамбаска, Комисијата констатира дека во периодот од нејзиниот избор за асистент-истражувач до денес, таа продолжила активно да работи на истражувања од областа на економскиот развој. Тоа се потврдува и со пријавата на нејзината докторска дисертација на тема: *Економските ефекти на фискалната политика,* која третира исклучително актуелна и сложена проблематика.

Од приложените трудови, како и оценатa на некои од нив, може да се констатира дека кандидатката м-р Елизабета Џамбаска во изминатите години и понатаму ги проширувала и ги продлабочувала своите сознанија во областа на економскиот развој. Таа солидно ја владее научноистражувачката методологија, а своите сознанија, вештини и компетенции континуирано ги надградува преку посетување на обуки, семинири и работилници. За одбележување е и нејзината активност во наставно-образовниот процес од втор циклус на студии, при Економскиот институт во Скопје, каде што со својата посветена работа придонесува за благовремена реализација на образовните активности во рамките на студиската програма по меѓународен менаџмент.

Кандидатката м-р Елизабета Џамбаска се одликува со професионален однос и посветеност кон работните задачи и добиените задолженија, кои ги извршува квалитетно и навремено. Освен тоа, забележителна е нејзината способност за тимска работа, која е значајна претпоставка за успешна реализација на научноистражувачката програма на Институтот.

Имајќи го предвид изнесеното, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатката во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според конкурсот за преизбор во звањето асистент-истражувач. Оттаму, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да ја преизбере м-р Елизабета Џамбаска во звањето асистент-истражувач од научната област економски развој.

Скопје, 5.4.2013 година

Рецензентска комисија

1. **Д-р Верица Јанеска с. р.**
   редовен професор
2. **Д-р Силвана Мојсовска с. р.**
   редовен професор
3. **Д-р Дејан Пендев с. р.**
   научен советник

РЕФЕРАТ
ЗА ПРЕИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО НАУЧНОТО ПОЛЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: ЕКОНОМСКИ НАУКИ, ОБЛАСТ: МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Научниот совет бр. 02-666/1 од 2.4.2013 година на Економскиот институт во Скопје, донесена на седницата одржана на 28.3.2013 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за преизбор на еден асистент-истражувач во научното поле општествени науки, научно подрачје: економски науки, област: меѓународна економија на Економскиот институт во Скопје. Комисијата е во состав: д-р Силвана Мојсовска редовен професор, д-р Татјана Петковска-Мирчевска, редовен професор и д-р Биљана Ангелова, редовен професор.

На објавениот конкурс во весниците „Вечер" и „Коха" од 27.2.2013 година за преизбор на еден асистент-истражувач во горенаведената област, со валидна пријава и квалификации, согласно со општите услови предвидени со закон, како и посебните услови во Законот за научноистражувачката дејност, се пријави кандидатката м-р Искра Станчева-Гигов, асистент-истражувач во Економскиот институт во Скопје. Покрај оваа кандидатка, на конкурсот се пријави и м-р Верица Атанасова Јовановска за која Комисијата утврди, согласно со поднесената пријава и приложената документација, дека не го исполнува условот пропишан во конкурсот претходно да била избрана во звањето асистент-истражувач.

Врз основа на горенаведното, Комисијата пристапи кон разгледување само на пријавата и приложената документација на кандидатката м-р Искра Станчева-Гигов и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Искра Станчева-Гигов е родена на 24.10.1977 година во Скопје, каде што завршила основно и средно училиште со одличен успех. Во учебната 1996/97 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје, на отсекот деловна (бизнис) економија на насоката финансиско-сметководствен менаџмент. Студиите ги завршила во 2001 година, со просечна оценка 8,3, со што се здобила со звањето дипломиран економист.

Во учебната 2003/04 година се запишала на постдипломските студии при Економскиот институт во Скопје, на насоката меѓународна економија. Предвидените испити ги положила во април 2006 година со просечна оценка 9,14. Магистрирала на 27.10.2006 година на тема под наслов: ***Можности и проблеми на регионалната економска интеграција на земјите од Југоисточна Европа***, со што се здобила со академското звање магистер на економски науки. Во јули 2009 година во Економскиот институт во Скопје ја пријавила докторската дисертација под наслов: ***Влијанието на***

надворешната трговија врз економскиот раст во Република Македонија, која е во фаза на подготовка.

Од септември 2002 година е вработена во Економскиот институт во Скопје како помлад асистент-истражувач на проблематиката економски односи со странство (Одлука на Советот на Економскиот институт бр. 02-770/2 од 1.9.2002 година). Со стекнувањето на научниот степен магистер во 2007 година, кандидатката се здобила со звањето асистент-истражувач (Одлука на Советот на Економскиот институт бр. 02-320/1 од 27.2.2007 година). Со усогласувањето на систематизацијата на Економскиот институт во Скопје во 2010 година, согласно со класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната Фраскатиева класификација, нејзиното звање е преименувано во асистент-истражувач во научното подрачје економски науки и научната област меѓународна економија.

Од вработувањето до денес е активно вклучена во реализацијата на научноистражувачката програма на Економскиот институт и учествувала во изработката на повеќе проекти, студии и економски анализи, првенствено од областа на меѓународната економија. Освен тоа, кандидатката има учествувано на голем број научни собири, обуки, конференции, семинари и работилници. Во делот на наставно-образовната дејност, Искра Станчева-Гигов е ангажирана како асистент на постдипломските студии организирани во Економскиот институт во Скопје. Одлично го владее англискиот јазик, а се служи и со италијанскиот јазик.

Научноистражувачка активност

Кандидатката има објавено научни трудови и статии во научни и во стручни списанија, а дел од нив ги презентирала на домашни и на меѓународни конференции и семинари. Исто така, таа учествувала во изработката на научноистражувачки проекти во рамките на работната програма на Институтот, но и надвор од него.

а) Изработени и објавени трудови

- **Реферат:** Улогата на малите бизниси со потенцијал на раст во економијата на знаење, Скопје, 2013 година, во коавторство со д-р Дејан Пендев и д-р Васил Поповски (во фаза на објавување во Зборникот од одржаната конференција под наслов „Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење – состојби и перспективи“, Економски институт – Скопје, одржана во мај 2012 година).
- **Реферат:** Значењето на неценовните фактори на конкурентноста во унапредување на извозната понуда на РМ со ЦЕФТА, Скопје, 2013 година, во коавторство со д-р Татјана Петковска-Мирчевска, д-р Татјана Петковска и д-р Јасмина Мајсторовска (во фаза на објавување во Зборникот од одржаната меѓународна конференција „Регионалната трговска интеграција на земјите од Југоисточна Европа: придобивки и предизвици“, Економски институт – Скопје, одржана во декември 2011 година).
- **Статија:** "Улогата на странските директни инвестиции и начинот за нивно поттикнување", Економски развој, год. 11, бр. 1-2, Економски институт – Скопје, Скопје, 2009 година.

- **Статија:** "Зона на слободна трговија во регионот на Југоисточна Европа", Економски развој, год. 10, бр. 3, Економски институт – Скопје, Скопје, 2008 година.
- **Статија:** "Трговските односи на земјите од Југоисточна Европа", Списание: Економски развој, год. 10, бр. 1, Економски институт – Скопје, Скопје, 2008 година.
- **Дискусија на тема:** "Регионално интегрирање на пазарот, конкуренција и иновации" (објавено во зборник на трудови од научниот собир: Претприемништво – иновации и конкурентност), Економски институт - Скопје, Скопје, 2008 година.

б) Учество во научноистражувачки проекти

- **Проект:** Можности за унапредување на регионалните трговски интеграции на Република Македонија – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Економски институт – Скопје, 2010-2012 година.
- **Проект:** Научната дијаспора од Република Македонија – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Економски институт – Скопје, 2011-2012 година.
- **Проект:** Формирање на претприемничка лабораторија на Економски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Економски институт – Скопје, 2012-2013 година.

в) Учество на конференции, научни собири и работилници

- **Семинар:** „Финансиска писменост и управување со долгови", 21 и 22 август, ФООМ, ФЕЦ, Скопје, 2012 година.
- **Конференција:** „Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење – состојби и перспективи", Економски институт – Скопје, Скопје, 30 мај 2012 година.
- **Меѓународна конференција:** Регионалната трговска интеграција на земјите од Југоисточна Европа: придобивки и предизвици –Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Економски институт – Скопје и London School of Economics and Political Science, Скопје, декмври 2011 година.
- **Меѓународен научен собир:** „Дваесет години самостојност на Република Македонија (1991-2011)", МАНУ, 24-25 ноември 2011 година.
- **Семинар:** Инфо ден – FP7 "People" Specific Programme, Fellowships for all categories of Researchers, Министерство за образование и наука, Македонска академија на науки и уметности, 5 јуни, 2008 година, Скопје,.
- **Научен собир:** „Претприемништво, иновации и конкурентност", Економски институт - Скопје, Факултет за бизнис администрација - ЈИЕ Тетово, Агенција за промоција на претприемништвото во Република Македонија, Скопје, 25 јануари 2008 година.
- **Работилница:** "Индикатори во науката и технологијата во Југоисточна Европа", УНЕСКО, 27-31 Март, 2007 година, Скопје.

Приказ и оцена на поважните трудови поднесени за рецензија

1) *Трговските односи на земјите од Југоисточна Европа, Економски развој, год. 10, бр. 1, Економски институт – Скопје, Скопје; 2008 година, 95-116.*

Во овој труд се анализираат трендовите на меѓусебната трговска размена помеѓу земјите од Југоисточна Европа, како и трендовите на нивната размена со ЕУ. На самиот почеток, а во интерес на понатамошната анализа, кандидатката наведува некои поважни аспекти за поддржување на интрарегионалната трговија. Притоа, во трудот таа настојува да го воочи постојното ниво на економската интеграција на земјите од Југоисточна Европа и прави обид да утврди зошто економската соработка помеѓу овие земји треба активно да се поттикнува.

Во трудот, анализата на трендовите на трговијата на земјите од ЈИЕ води до заклучокот дека меѓусебната економска соработка на земјите од ЈИЕ е на релативно ниско ниво, иако тие се упатени една на друга, тие се повеќе поврзани со другите пазари отколку помеѓу себе. Се потенцира дека регионот Југоисточна Европа е пред сè географски поим, а не економски регион. Со тоа, во економски поглед регионот се повеќе заостанува зад развиената Европа. Фактот дека поттикнувањата за соработка доаѓаат надвор од регионот покажува, помеѓу другото, дека во земјите од ЈИЕ сеуште не постои соодветна свест и сознание за интересот од меѓузависноста и заемната поврзаност, па и за незаменливото значење на добрососедските односи, за што всушност и се изјаснуваат овие земји.

Кандидатката на крајот истакнува дека иако регионот Југоисточна Европа, не се квалификува како економски интегриран регион, тоа не значи дека трговската либерализација нема да биде од корист и нема да доведе до негова поголема интеграција во иднина. Таа заклучува дека независно од економскиот потенцијал за зголемување на трговијата во Југоисточна Европа, либерализацијата на трговијата може да има голем број позитивни ефекти, и политички и економски.

2) *Зона на слободна трговија во регионот на Југоисточна Европа", Економски развој, Год. 10, Бр. 3, Економски институт – Скопје, Скопје, 2008 година, 135-150.*

Во овој труд се елаборирани процесот на регионална трговска интеграција на земјите од Југоисточна Европа (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Србија и Црна Гора) и можните ефекти на зона на слободна трговија на овие земји. Во него е потенцирано дека со оглед на фактот дека економиите на овие земји се мали, со ниско ниво на економски развој, за нив е неопходно да дејствуваат заедно преку разни форми на регионално вмрежување и интеграција. Создавање на зона на слободна трговија на земјите од ЈИЕ се смета како можно решение за интензивирање на ЈИЕ - регионалната трговија. Склучувањето на ЦЕФТА 2006 претставува голем чекор напред во овој поглед.

Во трудот согледувајќи ги сите овие аспекти направен е обид да се даде одговор на прашањата колкава е важноста на регионалната трговија во ЈИЕ и дали воопшто постои потенцијал за зголемување на таа трговија?

Исто така, во трудот се истакнува дека ЦЕФТА 2006 се очекува да го олесни интензивирањето на регионалната трговија, за да се овозможи побрзо и поефикасно приспособување на економиите на земјите од ЈИЕ на конкуренција од другите пазари, да се стимулираат домашните и странските инвестиции и да

се придонесе кон градење на економии од обем во регионот. Затоа, кандидатката укажува дека ЦЕФТА 2006 може значително да ја промени економската перспектива на регионот, но реалните ефекти не може да се очекуваат без сериозни економски реструктурирања на земјите од ЈИЕ и нивната економска проекција во регионален контекст.

3) *Улогата на странските директни инвестиции и начинот за нивно поттикнување", Економски развој, год. 11, бр. 1-2, Економски институт – Скопје, Скопје, 2009 година, 117-136.*

Примарната цел на овој труд е да укаже на важноста на странските директни инвестиции и нивното влијание во модерната економија, како и да ги објасни можните начини за поттикнување на странските инвестиции. За таа цел во трудот се анализираат влијанието на СДИ врз развојот на земјата-примател и стратегиите за привлекување на СДИ. Во него се потенцира дека континуираниот процес на интеграција на светската економија довел до промени во ставовите на примачот во однос на странските директни инвестиции. На ваквите инвестиции, земјите во развој веќе не гледаат со сомневање и воздржаност, и контролата и ограничувањата за влез ги замениле со селективни владини политики кои се дизајнирани за да поттикнат прилив на СДИ. За да биде сликата целосна, во трудот, се прикажува и состојбата, односно приливот на СДИ и можноста за нивно поттикнување во Република Македонија.

Врз основа на добиените резултати од истражувањето, кандидатката констатира дека, сепак, сите земји не се подеднакво успешни, ниту пак ефектите или странските директни инвестиции во сите земји се еднакви. Успехот на избраната стратегија првенствено зависи од нивото на целокупниот општествен и економски развој на земјата. Притоа, се потенцира дека е потребно владата и домашните компании да бидат способни оптимално да ги искористат придобивките од странските директни инвестиции.

Мислење и предлог на Комисијата

Врз основа на претходно изнесеното за научната активност на кандидатката м-р Искра Станчева-Гигов, Комисијата констатира дека во периодот од нејзиниот избор за асистент-истражувач до денес, таа продолжила активно да работи на истражувања од областа на меѓународната економија. Тоа се потврдува и со пријавата на нејзината докторска дисертација под наслов: ***Влијанието на надворешната трговија врз економскиот раст во Република Македонија***, која обработува многу актуелна тема во која се третираат исклучително значајни и досега недоволно обработени аспекти од областа на меѓународната економија и економскиот развој во македонската научна мисла.

Комисијата утврди дека кандидатката м-р Искра Станчева-Гигов има објавено релевантни трудови и учествувано во научноистражувачки проекти во рамките на Економскиот институт или во соработка со други институции и организации. Впечатливо е нејзиното активно учество на научни собири и конференции од меѓународен и од национален карактер со самостојни или коавторски трудови, од кои јасно се гледа нејзиниот сериозен и конструктивен приод во работата. Анализата на поднесените трудови за рецензија, како и

севкупната научноистражувачка активност на кандидатката покажуваат дека се работи за амбициозен и исполнителен кандидат, кој ја има совладано научноистражувачката методологија и дава свој придонес од областа на меѓународната економија.

Врз основа на изнесеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт да ја преизбере м-р Искра Станчева-Гигов во звањето асистент-истражувач во областа меѓународна економија.

Скопје, 5.4.2013 година

Рецензентска комисија

1. **Д-р Силвана Мојсовска с.р.**
   редовен професор

2. **Д-р Татјана Петковска Мирчевска с.р.**
   редовен професор

3. **Д-р Биљана Ангелова с.р.**
   редовен професор

ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на УКИМ Факултет за драмски уметности во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Жаклина Петровска	„Режисерската поетика на Владо Цветановски“	проф.д-р Јелена Лужина
Анета Лешниковска	„Трансмедија - продукција на уметничко дело“	проф. Мартин Панчевски

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗНАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ФРАНЦУСКА И ФРАНКОФОНСКА КНИЖЕВНОСТ И ФРАНЦУСКА И ФРАНКОФОНСКА КУЛТУРА И ЦИВИЛИЗАЦИЈА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, донесена на триесет и четвртата редовна седница одржана на 6.2.2013 година, определена е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите: француска и франкофонска книжевност и француска и франкофонска култура и цивилизација, во состав: д-р Лилјана Тодорова, редовен професор, акад. д-р Луан Старова, редовен професор, д-р Илинка Митрева, редовен професор.

На конкурсот за избор (во сите наставно-научни звања) по предметите од горенаведената научна област, објавен во весникот „Дневник“ од 10.1.2013 година, се пријави д-р Снежана Петрова, вонреден професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Кон пријавата кандидатката достави: 1.биографија; 2.список на стручни и научни трудови; 3. Примерок од трудовите; 4. Сертификати; и потврди од учества на собири, научни конференции и обуки.

По разгледувањето на пријавата и другите приложени документи, Комисијата во горенаведениот состав до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Скопје го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Снежана Петрова е родена на 18.4.1967 г. во Париз, Франција. Основно училиште и гимназија завршила во родниот град. Студирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата за француски јазик и книжевност. Дипломирала на Катедрата за романски јазици и книжевности во 1991 г., со средна оцена 8,87.

Постдипломските студии од областа на француската книжевност и култура ги завршила на Нова Сорбона, Париз 3, Франција, во 1992 година по одбраната на трудот под наслов: *Existe-t-il un héros racinien?* (*Постои ли Расиновски херој?*). Докторската дисертација со наслов: *Les premières tragédies classiques françaises entre 1634 et 1640 et leurs sources* (*Првите француски класични трагедии помеѓу 1634 и 1640 година и нивните извори*) ја одбранила во 2000 година, по што се здобила со звањето доктор на филолошки науки. Нејзиниот работен однос на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” започнал од 16.9.2003 година во знањето доцент по предметитите *француска книжевност и француска цивилизација.* Врз основа на нејзината успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност во областа на наведените предмети, во февруари 2008 година била избрана за вонреден професор по француска и франкофонска книжевност и француска и франкофонска култура и цивилизација.

Д-р Снежана Петрова била раководител на Катедрата за преведување и толкување во учебните 2009/2010 и 2010/2011 г., и координатор за ЕКТС на истата Катедра во периодот 2006-2012 година.

Во 2007 година, од Министерството за надворешни работи на Франција доделено и е одликувањето „Академски палми на Р. Франција". Од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" добива „Плакета" на 24 мај 2007.

Активности на д-р Снежана Петрова по изборот во наставно- научното звање вонреден професор

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Наставната дејност што д-р Снежана Петрова ја изведува на Катедрата за романски јазици и книжевности, како и на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, ја опфаќа наставата на додипломски (прв циклус) и постдипломски студии (втор и трет циклус студии), како и на специјалистичките студии по конференциско толкување и мастерот ЛАСИ.

Додипломска настава:

Како вонреден професор, д-р С. Петрова во **учебната 2008/2009** година изведувала настава, со фонд 11 часа неделно во текот на зимскиот семестар и со 6 часа неделно во текот на летниот семестар, по следниве предмети:

1. *француска цивилизација 1, просветителство и предромантизам, француски класицизам, француски театар од XX век* (на Катедрата за романски јазици и книжевности) и **2.** *културолошки студии 1. семестар, културолошки студии 2. семестар, културолошки студии 5. семестар* (на Катедрата за преведување и толкување).

Во **учебната 2009/2010** година, со фонд: 11 часа неделно во текот на зимскиот семестар и со 8 часа неделно во текот на летниот семестар, по предметите: **1.** *просветителство и предромантизам, француска цивилиацција 1, француски театар од XIX и XX век* (на Катедрата за романски јазици и книжевности) и **2.** *културолошки студии (француски) 1. семестар, културолошки студии 2. семестар, културолошки студии 5. семестар, културолошки студии 6. семестар* (на Катедрата за преведување и толкување).

Во **учебната 2010/2011** г.: со 10 часа неделно во текот на зимскиот семестар и со 12 часа неделно во текот на летниот семестар по предметите: **1.** *француски роман од XX век, просветителство и предромантизам, француски класицизам, француски театар од 19 и 20 век* (на Катедрата за романски јазици и книжевности) и **2.** *културолошки студии (француски) 6. семестар, преведување од македонски на француски 3, преведување од македонски на француски 4* (на Катедрата за преведување и толкување).

Во текот на **учебната 2010/2011** година носител е на следниве предмети на Катедрата за ПИТ:

- конференции и практика во институции (француски и англиски);
- ИКТ- терминологија;
- меѓународни институции и организации/меѓународни институции и преведување.

Во **учебната 2011/2012 година:** со 10 часа неделно во текот на зимскиот семестар и со 8 часа неделно во летниот семестар, по предметите: **1.** *француско просветителство и предромантизам, француски роман 19 век, Француска цивилизација (од почетоците до Луј XIV)* (на Катедрата за романски јазици и книжевности) и **2.** *култура и цивилизација на француски јазик 1, преведување од македонски на француски 3, преведување од македонски на француски 4* (на Катедрата за преведување и толкување).

Во **учебната 2012/2013 година:** 12 часа неделно во текот на зимскиот семестар и 8 часа во текот на летниот семестар, по предметите: **1.** *француско просветителство и предромантизам, француски театар на 20 век, француска цивилизација (од почетоците до Луј XIV)* и *францускиот роман на 19 век* (на Катедрата за романски јазици и книжевности) и **2.** *култура и цивилизација на француски јазик 1, култура и цивилизација на француски јазик 3* (на Катедрата за преведување и толкување).

Настава од втор циклус студии:

Во рамките на вториот циклус студии, д-р Снежана Петрова е ангажирана во изведувањето на наставата на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", по предметите:

- *женските ликови во францускиот роман* - на насоката наука за книжевност (изборен предмет);
- *интеркултуралност во комуникацијата*, втор циклус, специјалистички студии мастер 2 ЛАСИ: јазици, бизнис и меѓународна трговија, интердисциплинарни студии оранизирани во соработка со Правниот факултет во Скопје и Универзитетот од Орлеан, Франција;
- во рамките на постдипломските специјалистички студии по конференциско толкување изведува менторска настава по предметот *француска цивилизација* (изборен), во учебната 2010/2011 година.

Настава од трет циклус студии

Во рамките на наставата од третиот циклус студии, д-р С. Петрова е задолжена со предметот *францускиот книжевен барок* – насока: Наука за книжевност.

Усовршување, учество на научни и стручни сминари, обуки, конференции, летни школи, работилници

Д-р С. Петрова континуирано работи на своето стручно усовршување и на проширување на знаењата во областа на филолошките науки, посебно во доменот на нејзината специјалност. За таа цел следела и учествувала во работата на значајни обуки, работилници, семинари, конференции одржани во земјата и во странство, меѓу кои, за посебно одбележување се:

- конференција на тема: *La place du français dans l'enjeu du multilinguisme européen* (во организација на Францускиот културен центар во Скопје, 28-29.2008); - работилница по конференциско толкување, со учество на педагошки асистент од Генерелниот директорат за толкување (Европска комисија, Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ, Скопје, 22-24.9.2008);
- меѓународен семинар на тема *Les dimensions culturelles dans l'enseignement des langues*, (во организација на AUF, Универзитетска агенција за Франкофонија и Дршавниот универзитет за економија и финансии во Санкт Петерс бург, 28-31.1.2009);

- обука: *Transfer 3.3: création et gestion d'une formation ouverte et à distance*, во организација на AUF и Универзитетот во Тирана, 21-25.9.2009); обука: *Methodologie de l'enseignement des littératures françaises et francophones pour les universités et pour les enseignants du secondaire* (Софија, 26-30.10.2009);
- семинар „*CEI Summer School": Toward the creative economy in the context of new skills and competences* (Банско,10-16.4.2010);
- обука за обучувачи по информатички технологии, Transfer 3.2:*Utilisation des technologies de l'informationet de la communication (TIC) pour l'apprentissage du français langue étrangère(FLE)* (Тирана,13-16.12.2010);
- регионална конференција: *L'ensignement du et en français en contexte universitaire en Europe centrale et orientale* (Букурешт, во организација на AUF, 4-5.3.2011);
- меѓународна конференција на по проектот: SEEPAL 2010-2013, South East European projet for the advancement of language studies: *Modernisation od literary and cultural Studies* (Универзитет во Бања Лука, Филолошки факултет, 17-19.3.2011);
- обука *Formation à la gestion des projets* – присуство како преставник на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј (Букурешт, во организација на AUF, 16-17.05.2011);
- обука: *Le traitement et l'utilisation des erreurs: pédagogie de l'erreur* (во организ. На Франкофонскиот регионален центар за централна и ориентална Европа (CREFECO) и Здружението на професори по француски јазик на Р.М. (Скопје,08-12.2012);
-обука за обучувачи во рамките на проектот OIF-FIPF: *Renforcement des capacités d'expertise des professeurs de français à travers la professionnalisation de leurs associations* (во организација на OIF, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески" и Здружението на професори по француски јазик на Р.Македонија, Скопје, 12-16.11.2012);
-меѓународна научна конференција: *Imprégnations linguistiques et culturelles par le biais de la traduction /interpretation* (во организација на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св.. Кирил и Методиј", Скопје, 26-27.9.2012).

По пат на ваква систематска работа на своето усовршување, кандидатката Петрова се стекнала со над десетина значајни сертификати, атестации и потврди од реномирани странски и домашни институции (универзитети, Регионалниот франкофонски центар за централна и источна Европа, Регионалната мрежа за книжевни компаративни студии, Здружението на професорите по француски јазик на РМакедонија и др.) Во рамките на AUF (Универзитетска агенција за франкофонија), од страна на Бирото за Централна и Источна Европа е одредена во **експерти** за евалуација на досиеја по проекти и соработувала, за периодот 2008-2010, во истражувачкиот проект „Horizons francophones: des Balkans au Caucase".При Здружението на професорите по француски јазик на РМ, од 2009 г. (и денес) е веб-администратор, уредувач на интернет-страницата на ова Здружение (www.ceco-fipf.eu и http://apfm-mkd.fipf.org). Во својство на предавач на вакви и слични обуки, д-р Петрова била и раководител на работилницата *Formation des enseignants de français par la démultiplication des formations organisées par le CREFECO* (22-26.08.2011), во рамките на соработката на ЗПФЈ на РМ со CREFECO и поддршка на Меѓународната организација на франкофонијата од Париз.

Во рамките на своите задолженија како вонреден професор, д-р С. Петрова била ментор на 15 дипломски трудови и член на 36 комисии за одбрана на дипломски трудови. Членувала во 10 комисии за комисиско полагање, од кои во три во својство на претседател. Била ангажирана со консултации за студентите на две катедри (Катедра за романски јазици и книжевности и Катедра за преведување и толкување), во просек со 100 студенти во семестар, а особено како координатор за ЕКТС на Катедрата за преведување и толкување.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ

Од изборот во звањето вонреден професор до денес, д-р С. Петрова работи на проширување на полето на интерес од научната област на својата специјалност - филолошките науки, посебно во доменот на книжевната наука.

Учество во научноистрачувачки проекти:
Во гореозначениот период, кандидатката д-р Петрова успешно се вклучува во работата на неколку научни проекти од меѓурегионален и од меѓународен карактер:

1. Истражувачки проект од AUF (Универзитетската агенција за Франкофонија) *Méthodoligies et pratiques en didactique du FLE* (MEPRID) FLE; N/Réf : CE/DG/617/2011, координиран од Универзитетот во Крајова и во партнерство со Универзитетот "Dunarea de Jos", Универзитетот "Stefan cel Mare", Универзитетот "Babes-Bolyai" во Клуж Напока, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Државниот универзитет за лингвистика "V. Brioussov" во Дребан (2012-2013).

2. Проектот SEEPAL, South East European project for the advancement of langage studies (2012-2013). Тема: *Modernisation od literary and cultural Studies.*

3. Истражувачки проект за изработка на трудот *Horizons francophones: des Balkans au Caucase* (2008-2010), во рамки на AUF и Бирото за Централна и Источна Европа.

Кандидатката д-р С. Петрова во моментов е вклучена, како координатор/педагошки референт, во работата на проектот за создавање Пункт за пристап на информации (PAI) кој е во тек на реализирање, а е во организација на AUF, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", УКИМ и Националната универзитетска библиотека во Скопје.

Научни и стручни трудови:
Д-р С. Петрова е автор и коавтор на 19 трудови (во периодот по изборот во звањето вонреден професор). Во кусиот преглед што следува е даден приказ на нејзините научни трудови и стручни прилози што се публикувани во Р. Македонија и во странство:

- во зборници на трудови на високообразовна институција:

1. "**Introduction à la culture littéraire française au XVIIe siècle**" (*Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје,2009,бр. 35 :285-291).

Во трудов се анализира еден значаен период од француското општество - XVII век- кога се создаваат фундаменталните услови за подем на француската култура и цувилизација. Основањето на Француската академија (1634), како официјална установа и активноста на граматичарите (Vaugelas), имаат значајна улога во оформувањето на францускиот јазик како средство за развој на културата, аднминистрацијата и литературата. Во трудот е ставен акцент на книжевниот правец класицизам со јасно дефинирани книжевни жанрови и со еминентни претставници во: комедијата, трагедијата, басната, сатирата, религиската елоквентност, епистоларниот стил, сè до појавата на критиката на Ла Бриер и Фенелон кои, со својот стил и нови содржини, го најавуваат 18 век. Трудот е интересен од аспект на согледување на француските цивилизациски и културни придобивки во овој значаен книжевен период.

2. **Jean Jacques Rousseau; l'homme de la modernité** (*Годишен зорник* на Филолошкиот факултет„Блаже Конески", Скопје 2010, бр.36 :403-411.

Овој труд претставува мала студија на политичкиот, моралниот и интелектуалниот пат на Жан-Жак Русо, „образложени во неговите најзначајни социолошки студии со големи литературни претензии како што се *Општествениот договор, Емил, За потеклото на нееднаквоста...*" Како филозоф - визионер, тој го навестува рационалистичкиот модернизам според кој информацијата и знаењето имаат одлучувачка улога во човековиот живот и во општеството.

3. **L'enfant au cours des siècles (une étude socio-littéraire**), *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Скопје, 2011, бр.37 :405-419.

Прилогов претставува осврт на присуството на детето во книжевното творештво низ вековите, од античко време, преку средновековието, ренесансата и следните векови, до прагот на XXI век. Книжевните истражувања одат паралелно со проучување на развојот на општествата и статусот на детето во различните социјални услови. Прегледот опфаќа и педагошки размислувања и социо-културни проучувања за детето како жртва на неправда или како сведок на отпор, вклучувајќи ја и еволуцијата на правата на детето низ вековите сè до современите општества.

4. **A propos des romantiques: reflexions historique, littéraire et sociologique**, *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет„Блаже Конески",2012, бр.38 : 381-391.

Врз основа на историски, книжевни и социолошки размислувања, авторката го објаснува книжевниот правец романтизам во Франција како вистинска борба за независност на креативниот дух. Следејќи компаративен пристап, авторката укажува истовремено на придонесот во таа смисла на современите книжевности од Англија и од Германија, имајќи ги предвид и нивните посебности што ги идентификуваат како различни. Во заклучната анализа, романтизмот се прикажува како книжевен период значаен за еволуцијата на француската книжевност, како и за слободната реализација на подоцнежните книжевни правци.

- во научно- стручно списание/периодично списание:

5. **L'enseignement de la littérature française dans le système éducatif en République de Macédoine** во *Didactique du FLE dans les pays slaves*, janvier vol.2, No2, édition SAUF,2011. www.sauf.sk/cadiflesslaves/html

Авторката го разгледува прашањето за трансформацијата на изучувањето на француската книжевност во едукативниот систем во Р. Македонија, посебно на универзитетот, како резултат на интензивирањето на книжевната комуникација и на културната и интеркултурната димензија на книжевното дело. Се укажува на потребата за меѓусебна зависност на изучување на францускиот јазик и на француската литература и на нивното заедничко функционирање при стекнувањето културни компетенции воопшто. Таквата еволутивна слика на изучување на француската книжевност авторот ја гледа и во отворањето кон други франкофонски земји што во РМ е присутно и поради историски и културни причини и традиции.

6. **Introduction de l'interculturalité dans l'enseignement du FLE et de la civilisation/culture françaises** во *Le Français à l'Université,* 17e année, No 4, 2012.

Во трудов се искажани согледувањата на авторот за потреба, при изучување на францускиот јазик како странски јазик, од изучување и на француската цивилизација/култура. Притоа се предвидува стекнувањето на интеркултурната формација да се базира на дијалог меѓу двете култури (македонската и француската) и на компаративни и современи размислувања за релациите со Другиот,. со цел да се одговори на актуелните потреби на младите кои живеат во средина на културна различност, на плурикултурни општества и глобализација.

- во зборници на соопштенија/реферати на конгреси, научни собири, конференции:

7. **Caractéristiques des protagonistes de tragédies au XVIIe siècle** во Актуалние вопроси филологии и методики преподаваниа иностраних јазиков, Государственнаја поларнаја академија, Санкт-Петербург, 2009 : 242-251.

Во трудов се проучуваат конфликтите, особено на психолошки план, како карактерни црти на протагонистите во француските трагедии од XVII век. Во анализата на трагичните ликови се откриваат контрадикторности при конфликтите кои произлегуваат од фактот што тие не се слободни при одлучувањето и што нивната трагика е последица на конфликти, најчесто *in extremis* (воени, љубовни) во рамки на една фамилија. Авторката д-р Петрова особено добро и исцрпно ги анализира особините како моќ, волја, но и суровост, лицемерие и освета, повикувајќи се на некои антички извори (Сенека Софокле...) и извлекувајќи успешни компарации меѓу античките римски и француските трагедии.

8.**The teaching od literature and culture studies at the faculty of philology "Blaze Koneski"** (коавтор со Славица Велева), во: Modernisation od literary and cultural Studies; Бања Лука, Меѓународна конференција на Универзитетот во Бања Лука, Филолошки факултет, по проектот SEEPAL, 2010-2013, South East European project for the advancement of language studies: 141-147.

Во анализата дадена од страна на С. Велева и С. Петрова, како коавтори на трудот, се посочуваат можностите што ги нуди *ECTS (European Credit Transfer System*) во однос на студиите по литература и култура на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје . Претставени се и можностите за избор на различни curricula (во наставата од прв и втор циклус студии) за стекнување повеќе компетенции и за вклучување во европските програми за мобилност.

9. **Place de la culture et civilisation françaises dans l'enseignement / apprentissage du FLE: le cas des départements de français et de traduction / interprétariat en Macédoine**, во: Зборник од меѓународниот симпозиум *Францускиот јазик, книжевност и култура во франкофонски контекст,* АУФ, Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески",Скопје –AUF, 2012 : 382-392.

Преку теоретски пристап кон дефиницијата на поимите „култура", „цивилизација", „интеркултура", авторката С. Петрова, врз основа на своите професионални искуства, ја проследува интеграцијата на наставата по култура и цивилизација во студиските програми на департманите за француски јазик и за превод и интерпретација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Се дава и преглед на културните елементи што се претставени во универзитетските учебници по француска цивилизација, како и во прирачниците на FLE, од интерес за оваа дисциплина.

10. **Reflexions sur les déplacements spatio-temporels dans les oeuvres de Chateaubriand,** Зборник на IV Меѓународен конгрес на Рвропската мрежа за компаративна книжевност Literary Dislocations/ Déplacements littéraires / Книжевни дислокации, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" и Институт за македонска литература, Скопје, Институт за македонска литература, 2012 : 502-509.

Во трудот се разгледува една референцијална содржина од книжевното дело на францускиот писател Шатобријан- патувањето и егзилот во Америка. Проследени се размислувања од аспект на просторно-временски дислокации на писателот и на нивните влијанија како основа на книжевната креативност. Авторката д-р С. Петрова дава еден модел на модерно/современо размислување за едно „романтично патување" кое се реализира на преодот од XVIII во XIX век кога, по првите револуции на Запад, бројни личности (повеќе од 150 илјади Французи), благородници и монархисти, меѓу кои има и многу истражувачи, писатели и уметници, ќе се најдат на патот на егзилот. Надвор од Франција, тие формираат една „France extérieure", според Шатобријан, со француски живеалишта на новиот континент, а оттаму ќе донесат нов дух, описи на егзотични предели и обичаи што ја навестуваат новата книжевна епоха.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

На стручно-апликативен план, д-р Снежана Петрова остварила доста активности од поширок интерес за струката, покажувајќи смисла за кооперативност со значајни институции, домашни и странски.

Д-р С. Петрова се јавува како автор на **ПОГОВОР** на преводот на делото *Бувар и Перкише* од Гистав Флобер, за македонското издание на проектот „Ѕвезди на светската книжевност", при Владата на Р. Македонија. Со оваа колекција приопштена на македонски јазик - „за македонската јавност стануваат достапни врвните остварувања од светската книжевна ризница" (делото е издадено во Скопје, издавачки центар Три, 2012, во превод на Маргарита Маленкова). Предговорот од д-р Петрова е во функција на претставување на овој роман на Флобер како филозофски расказ во кој се отсликува човековата судбина преку разоткривање на конкретната апсурдност и суетност на секое настојување за енциклопедиско знаење, особено ако тоа е метафизичкото знаење. Авторката на Поговорот ја искажува тешкотијата на модерниот човек да размислува самостојно

што го води кон оттуѓување по пат на јазикот на несигурните знаења. Проучувањата на Флобер одат овде и пошироко, така што на македонскиот читател успешно му се претставува опусот на овој значаен француски писател и неговата книжевна постапка во која наоѓаат соодветно место наклонетоста на писателот кон деталот, документацијата, дескриптивноста, медитацијата и, особено, уметничкиот израз по кој е познат како еден од најголемите писатели - стилисти.

Како наставник, д-р С. Петрова континуирано работела и на осовременувањето на наставната материја по предметите со кои е задолжена на двете катедри при Факултетот, но таа дејствува и пошироко, за усовршување на едукативниот систем во Р.Македонија. Таков е нејзиниот прилог: ***La langue et la littérature françaises dans le systhème éducatif en République de Macédoine: état des lieux et perspectives***, изнесен на Научниот собир, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ и Катедрата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (12-13 ноември 2010).

Во доменот на интеркултурните проникнувања од аспект на јазиците, значаен е прилогот на д-р Петрова, ***Les langues et les cultures dans la perspective interculturelle***, изнесен на меѓународната конференција „Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето“, одржана 26-27 септ. 2012, во организација на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и УКИМ, Скопје.

Д-р Снежана Петрова е долгогодишен член на Здружението на професорите по француски јазик на РМ, во чии рамки развива и учествува во бројни активности, посебно во одбележување на Деновите на франкофонијата во Р. Македонија: републички натпревари по писмен состав на француски јазик, олимпијади за познавање на францускиот јазик, комисии за натпревар за француска шансона, како и учество во промотивни активности на Факултетот, во организациони одбори на научни симпозиуми, организирање обуки, потпишување конвенции (помеѓу Филолошкиот факултет „Блаже Конески“,УКИМ-Скопје и AUF) и сл. Во текот на изминатиов петгодишен период, кандидатката учествувала и совесно ги извршувала задолженијата во својство на член на повеќе факултетски комисии, меѓу кои и на комисијата на Одборот на постдипломски студии од научната област книжевност.

Кандидатката ужива углед меѓу студентите за нејзиното самостојно организирање настава по дисциплините за кои е задолжена и за нејзиното досегашно работно искуство. Резултатите од нејзиното учество во научно-истражувачки проекти и научни собири, исто така се верифицирани и високо оценети од домашни странски компетентни лица со кои соработувала.

Во прилог на гореискажаното во извештајов, го даваме и образецот- **анекс 2** (кумулативно) од **Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:**

Професионални референци на кандидатот за избор во звање	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**90,684**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	46,7
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	25,5
Вкупно	162,884

ЗАКЛУЧНА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во активностите на кандидатката д-р Снежана Петрова и следењето на нејзиниот развој во областа на професионалната специјалност, кавалитетот на објавените научни и стручни трудови и учеството во научни проекти, Рецензентската комисија, при вреднувањето на целокупната работа на кандидатката, го оценува високо прогредирањето на нејзиниот професионален развој, во согласност со универзитетските критериуми. По тој пат, кандидатката навлегувала со трудољубивост, посветеност и задлабоченост во најактуелните тематски подрачја од областа и се изградила во сериозен наставник и научник кој ветува основани очекувања за нејзин натамошен придонес за наставните и научните дисциплини од областа на филолошките науки, поспецијално за книжевната наука.

Предлог

Како членови на Рецензенската комисија, ни причинува особено задоволство на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му предложиме да го усвои овој извештај и да ја избере д-р Снежана Петрова за наставник по предметите **француска и франкофонска книжевност и француска и франкофонска култура и цивилизација,** во наставно-научното звање **редовен професор.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Лилјана Тодорова, редовен професор, с.р.

Акад. д-р Луан Старова, редовен професор, с.р.

Д-р Илинка Митрева, редовен професор, с.р.

АНЕКС 2
ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Снежана Живко Петрова**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Филолошки факултет "Блаже Конески"**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **француска и франкофонска книжевност и француска и франкофонска култура и цивилизација**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Настава од прв циклус**	
	Француска цивилизација 1, на Катедрата за романски јазици и книжевности, зимски семестар 2008/2009 (2+1) (3x15x0,04=1,8)	1,8
	Просветителство и предромантизам, на Катедрата за романски јазици и книжевности, зимски семестар 2008/2009 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Француски театар на XX век, на Катедрата за романски јазици и книжевности, летен семестар 2008/2009 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Културолошки студии 1, на Катедрата за преведување и толкување, зимски семестар 2008/2009 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Културолошки студии 2, на Катедрата за преведување и толкување, летен семестар 2008/2009 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Културолошки студии 5, на Катедрата за преведување и толкување, зимски семестар 2008/2009 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Просветителство и предромантизам, на Катедрата за романски јазици и книжевности, зимски семестар 2009/2010 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Француска цивилиацција 1, на Катедрата за романски јазици и книжевности, зимски семестар 2009/2010 (2+1) (3x15x0,04=1,8)	1,8
	Културолошки студии (француски) 1, на Катедрата за преведување и толкување, зимски семестар 2009/2010 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Културолошки студии 5, на Катедрата за преведување и толкување, зимски семестар 2009/2010 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Француски театар на XIX и XX век, на Катедрата за романски јазици и книжевности, летен семестар 2009/2010 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Културолошки студии 2, на Катедрата за преведување и толкување, летен семестар 2009/2010 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Културолошки студии 6, на Катедрата за преведување и	1,2

	толкување, летен семестар 2009/2010 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	
	Француски роман на XX век, на Катедрата за романски јазици и книжевности, зимски семестар 2010/2011 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Просветителство и предромантизам, на Катедрата за романски јазици и книжевности, зимски семестар 2010/2011 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Француски класицизам, на Катедрата за романски јазици и книжевности, летен семестар 2010/2011 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Француски театар од 19 и 20 век, на Катедрата за романски јазици и книжевности, летен семестар 2010/2011 (2+2)	2,4
	Културолошки студии (француски) 6, на Катедрата за преведување и толкување, летен семестар 2010/2011 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Преведување од македонски на француски 4, на Катедрата за преведување и толкување, летен семестар 2010/2011 (0+2) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Преведување од македонски на француски 3, на Катедрата за преведување и толкување, зимски семестар 2010/2011 (0+2) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Француско просветителство и предромантизам, на Катедрата за романски јазици и книжевности, зимски семестар 2011/2012 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Француски роман 19 век, на Катедрата за романски јазици и книжевности, летен семестар 2011/2012 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Француска цивилизација (од почетоците до времето на Луј 14), на Катедрата за романски јазици и книжевности, летен семестар 2011/2012 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Култура и цивилизација на француски јазик 1, на Катедрата за преведување и толкување, зимски семестар 2011/2012 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Преведување од македонски на француски 3, на Катедрата за преведување и толкување, зимски семестар 2011/2012 (0+2) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Преведување од македонски на француски 4, на Катедрата за преведување и толкување, летен семестар 2011/2012 (0+2) (2x15x0,04=1,2)	1,2
	Француско просветителство и предромантизам, на Катедрата за романски јазици и книжевности, зимски семестар 2012/2013 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Култура и цивилизација на француски јазик 1, на Катедрата за преведување и толкување, зимски семестар 2012/2013 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Култура и цивилизација на француски јазик 3, на Катедрата за преведување и толкување, зимски семестар 2012/2013 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Француски роман на 19 век, на Катедрата за романски јазици и книжевности, летен семестар 2012/2013 (2+2) (4x15x0,04=2,4)	2,4
	Француски театар на 20 век, на Катедрата за романски	1,2

	јазици и книжевности, летен семестар 2012/2013 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	
	Француска цивилизација (од почетоците до времето на Луј 14), на Катедрата за романски јазици и книжевности, летен семестар 2012/2013 (2+0) (2x15x0,04=1,2)	1,2
2.	**Настава од втор циклус студии**	
	Постдипломски студии по јазици, бизнис и меѓународна трговија (организирани во соработка со Универзитетот во Орлеан, Франција)	
	Интеркултуралноста во комуникација (зимски семестар) 2008-2009 г. (10 часа), 2010/2011 г. (10 часа) (20x0,05=1)	1
	Постдипломски студии по наука за книжевноста	
	Подготовка на нов предмет на постдипломски студии (Женските ликови во францускиот роман)	1
	Женските ликови во францускиот роман (15 часа) 2011 г. (15x0,05=0,75)	0.75
3.	**Настава во летни школи и работилници (учесник)**	
	28- 29.10.2008 г., Скопје: Конференција на тема: *La place du français dans l'enjeu du multilinguisme européen,* во организација на Француски културен центар во Скопје	1
	22-24.09.2008 г., Скопје: Работилница по конференциско толкување, со педагошки асистент од генералниот директорат за толкување, Европска комисија, Филолошки факултет "Блаже Конески" , УКИМ, Скопје	1
	28-31.01.2009 г., Санкт Петербург (Русија): Меѓународен семинар на тема *Les dimensions culturelles dans l'enseignement des langues,* во организиција на AUF (франкофонска универзитетска агенција) и државниот Универзитет за економија и финансии во Санкт Петербург	1
	21-25.09.2009 г., Тирана (Албанија): обука Transfer 3.3 : *création et gestion d'une formation ouverte et à distance*, во организација на AUF (Франкофонска универзитетска агенција)	1
	26-30.10.2009 г., Софија (Бугарија) : обука *Méthodologie de l'enseignement des littératures françaises et francophones pour les universités et pour les enseignants du secondaire*	1
	10-16.04.2010 г., Банско (Бугарија): семинар "CEI Summer School" : *Toward the creative economy in the context of new skills and competences*	1
	29.09. 2010 г., Скопје: Тркалезна маса на тема: *Примената на печатените медиуми во високото образование,* во организација на Здружението на граѓани за културна соработка	1
	22-23.10.2010 г., Скопје: Семинар за универзитетска дидактика, на тема *Approche actionnelle*, во организација на Француската амбасада и Катедрата за романски јазици и книжевности, Филолошки факултет "Блаже Конески", УКИМ, Скопје	1
	18.11.2010 г., Скопје : работилница *Активно учење во големи студентски групи,* во организација на Американски совети во	1

	РМ и Македонско-американската алумни-асоцијација, на Економскиот факултет	
	13-16.12.2010 г., Тирана (Албанија): Обука за обучувачи по информатички технологии. Работилница Transfer 3.2, тема *Utilisation des technologies de l'information et de la communication (TIC) pour l'apprentissage du français langue étrangère (FLE).*	1
	4-5.3.2011 г., Букурешт (Романија): Регионална конференција на тема *L'enseignement du et en français en contexte universitaire, en Europe centrale et orientale*, во организиција на Универзитетската франкофонска агенција (AUF).	1
	21-25.3.2011 г. Софија (Бугарија): регионална обука *destinée aux enseignants universitaires de didactique FLE chargés de la formation initiale des futurs enseignants,* во организација на Регионалниот франкофонски центар за Централна и Источна Европа (CREFECO)	1
	16-17.5.2011 г., Букурешт (Романија): присуство како претставник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на обука *Formation à la gestion des projets,* во организација на Универзитеската франкофонска агенција (AUF).	1
	22-26.8.2011 г., Скопје: Дисеминација на обуките организирани од страна на CREFECO во 2010/2011 година, одржана на Филолошкиот факултет "Блаже Конески"	1
	09-11.1.2012 г., Сучеава (Романија): обука на тема: L'évaluation et l'autoévaluation – stratégies didactiques dans l'enseignement/apprentissage du FLE, во организација на Универзитетот Штефан цел Маре од Сучеава (Романија). Обуката е дел од проектот: "Méthodologies et pratiques innovantes dans la didactique du FLE" (MEPRID –FLE), координиран од Унизерзитетот во Крајова (Романија) и финансиран од AUF и универзитетите кои се во партнерство.	1
	23-27.1.2012 г., Скопје: Регионална Обука Трансфер 3.2: *План, развој и примена на онлајн часови*, организирана од страна на Универзитетската агенција за франкофонија (АУФ) и Универзитетот "Свети Кирил и Методиј", Филолошкиот факултет "Блаже Конески".	1
	4.2.2012 г., Скопје: дисеминацијата на обуката: *Ingénierie de la formation*, во СУГС Гимназија "Р.Ј.Корчагин"- Скопје	1
	3.3.2012 г., Скопје: дисеминацијата на обуката на тема: *Techniques d'enseignement à un public débutant LV2*, Филолошки факултет "Блаже Конески", УКИМ, Скопје	1
	1-5.10.2012 г., Скопје, интеррегионална обука за обучувачи по технологиите на информацијата. *Transfer 3.3 – Création et gestion d'un enseignement ouvert et distant*, во организација на Универзитетската агенција за франкофонија (АУФ) и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет "Блаже Конески".	1
	8-12.10.2012 г., Скопје, обука на тема: *Le traitement et l'utilisation des erreurs: pédagogie de l'erreur*, во организација на Франкофонскиот регионален центар за централна и	1

	ориентална Европа (CREFECO), Скопје.	
	12-16.11.2012 г., Скопје: обука на обучувачи во рамките на проектот OIF-FIPF: *Renforcement des capacités d'expertise des professeurs de français à travers la professionnalisation de leurs associations*, во организација на OIF, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Филолошкиот факултет "Блаже Конески" и Асоцијацијата за професори по француски јазик во Македонија	**1**
4.	**Настава во летни школи и работилници (раководител)**	
	Раководител на работилницата *formation des enseignants de français par la démultiplication des formations organisées par le CREFECO*, од 22 до 26 август 2011 г., Филолошки факултет "Блаже Конески"	**1,5**
5.	**Консултации со студенти**	
	За учебната 2008/2009 г. (51 x0,002) на Катедрата за романски јазици и книжевности и (56 x0,002) на Катедрата за преведување и толкување	**0,214**
	За учебната 2009/2010 г. (45 x0,002) на Катедрата за романски јазици и книжевности и (76 x0,002) на Катедрата за преведување и толкување	**0,242**
	За учебната 2010/2011 г. (80 x0,002) на Катедрата за романски јазици и книжевности и (22 x0,002) на Катедрата за преведување и толкување	**0,204**
	За учебната 2011/2012 г. (20 x0,002) на Катедрата за романски јазици и книжевности и (92 x0,002) на Катедрата за преведување и толкување	**0,224**
	За учебната 2012/2013 г. (23x0,002) на Катедрата за романски јазици и книжевности и (152x0,002) на Катедрата за преведување и толкување	**0,35**
6.	**Ментор на дипломска работа** (15x0,2)	**3**
7.	**Член на комисија за оценка или одбрана на дипломска работа** (36x0,1)	**3,6**
	Вкупно	**90,684**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во меѓународен научен проект**	
	Истражувачки проект од AUF *Méthodologies et pratiques innovantes en didactique du FLE* (MEPRID FLE); N /Réf: CE/DG/617/2011, координиран од Универзитетот во Крајова и во партнерство со Универзитетот "Dunarea de Jos", Универзитетот "Stefan cel Mare", Универзитетот "Babes-Bolyai" од Клуж Напока, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Државниот универзитетот за лингвистика "V. Brioussov" од Дребан (2012-2013)	5

	Проектот SEEPAL, 2010-2013, South East European project for the advancement of language studies : тема на конференцијата која се одржа на англиски: *Modernisation od literary and cultural Studies.*	5
	Истражувачки проект за изработка на делото: "Horizons francophones: des Balkans au Caucase" 2008-2010, AUF/CREFECO	5
2.	**Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција**	
	« Introduction à la culture littéraire française au XVIIe siècle », во: Годишниот зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" бр. 35, 2009, стр. 285-291.	2
	« Jean jacques Rousseau ; l'homme de la modernité », во: Годишниот зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" бр. 36, 2010, стр. 403-411	2
	« L'enfant au cours des siècles (une étude socio-littéraire)», во: Годишниот зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" бр. 37, 2011, стр. 405-419	2
	« A propos des romantiques : réflexions historique, littéraire et sociologique», во: Годишниот зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" бр. 38, 2012, стр. 381-391	2
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно-стручно списание**	
	« L'enseignement de la littérature française dans le système éducatif en république de Macédoine», во *Didactique du FLE dans les pays slaves*, janvier volume 2 , numéro 2, édition SAUF, 2011. www.sauf.sk/cadifleslaves/html.	4
	« Introduction de l'interculturalité dans l'enseignement du FLE et de la civilisation/culture françaises» во *Le français à l'Université* 17e année, numéro 4, 4то тромесечје 2012.	3
4.	**Трудови со оригинални научно/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	
	« Caractéristiques des protagonistes de tragédies au XVIIe siècle», во *Актуальные вопросы филологии и методики преподавания иностранных языков*, Государственная полярная академия, Санкт-Петербург, 2009, стр.242-251	**3**
	« The teaching od literature and culture studies at the faculty of philology 'Blazhe Koneski' » (коавтор со Славица Велева), во *Modernisation od literary and cultural Studies*; Бања Лука : Меѓународна конференција на Универзитетот од Бања Лука, Филолошки факултет, при проектот SEEPAL, 2010-2013, South East European project for the advancement of language	**2,7**

	studies , p. 141 -147	
	« Place de la culture et civilisation françaises dans l'enseignement/apprentissage du FLE : le cas des départements de français et de traduction/interprétariat en Macédoine », во зборник од меѓународниот симпозиум : *Францускиот јазик, книжевност и култура во франкофонски контекст*, AUF, Скопје, 2012, стр. 384-392	3
	« Réflexions sur les déplacements spatio-temporels dans les œuvres de Chateaubriand » зборник од IV меѓународен конгрес на Европската мрежа за компаративна книжевност, на тема: *Literary Dislocations / Déplacements littéraires/книжевни дислокации*, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" и Институт за македонска литература, Скопје, 2012, стр. 502-509.	3
5.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	
	Учество на симпозиум: *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи,* со реферат на тема " la langue et la littérature françaises dans le système éducatif en république de Macédoine : état des lieux et perspectives ", 12-13.11.2010 г.,Скопје, во организација на Катедрата за романски јазици и книжевности, Филолошки факултет "Блаже Конески", УКИМ, Скопје.	1
	Учество на меѓународна конференција: *Modernisation od literary and cultural Studies,* со реферат на тема: "The teaching od literature and culture studies at the faculty of philology « Blazhe Koneski »" ,17-19.03.2011 г., Бања Лука (Босна), Универзитет во Бања Лука, Филолошки факултет, при проектот SEEPAL, 2010-2013, South East European project for the advancement of language studies.	1
	Учество на IV меѓународен конгрес на Европската мрежа за компаративна книжевност *Literary Dislocations / Déplacements littéraires/книжевни дислокации,* со реферат на тема: "Réflexions sur les déplacements spatio-temporels dans les œuvres de Chateaubriand",1-3.9.2011 г., Скопје/Охрид, во организација на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и Институтот за македонска литература.	1
	Учество на меѓународниот симпозиум *Францускиот јазик, книжевност и култура во франкофонски контекст,* со реферат на тема: "Place de la culture et civilisation françaises dans l'enseignement/apprentissage du FLE : le cas des départements de français et de traduction/interprétariat en Macédoine", 12-13.12. 2011 г., Скопје, во организација	1

	Катедрата за романски јазици и книжевности, Филолошки факултет "Блаже Конески", УКИМ, Скопје и AUF.	
	Учество на меѓународна конференција: *Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето*, со реферат на тема: "les langues et les cultures dans la perspectives interculturelle", 26-27.9.2012 г., Скопје, во организација на Катедрата за преведување и толкување, Филолошки факултет "Блаже Конески", УКИМ, Скопје.	1
	Вкупно	**46,7**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Подглавје во книга**	
	Автор на поговор на преводот на делото *Бувар и Пекише* од Гистав Флобер, за македонско издание, издавачки центар ТРИ, 2012.	3
2.	**Експертски активности**	
	Назначена за *експерт за Универзитетската агенција за франкофонија*, за евалуација на предлог - проекти за 2012 година.	1
3.	**Учество во работата на комисии за државни натпревари**	
	Републички натпревар по писмен состав на француски јазик, одржан на 22.12.2010 г. на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, во организиција на Здружението на професорите по француски јазик на Република Македонија.	1
	Републички натпревар по диктат на француски јазик, одржан на 26.2.2011 г. на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, во организиција на Здружението на професорите по француски јазик на Република Македонија.	1
	Републички натпревар по француски јазик *Олимпијади 2012* одржан на 28.04.2012 г. на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, во организиција на Здружението на професорите по француски јазик на Република Македонија.	1
	Член на жири - комисија за Републичкиот натпревар за француска шансона, 2012	1
4.	**Учество во промотивни активности на Факултетот**	
	Учество во промотивните активности - Отворени денови 2010, на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.	0,5
	Учество во промотивните активности - Отворени денови 2011, на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.	0,5
	Учество во промотивни активности на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје - посета на средни училишта 2012,	0,5
	Учество во промотивните активности - Отворени денови 2012, на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје	0,5

Дејности од поширок интерес		
1.	**Раководител на внатрешна оранизациона единица**	
	Раководител на Катедрата за преведување и толкување- 2009/2010 и 2010/2011 година (од 15.9.2009 до 14.9.2011)	3
2.	**Координатор на студиска програма**	
	Координатор на студиска програма за ЕКТС на Катедрата за преведување и толкување од февруари 2006 до септември 2012 (односно 3 мандати)	3
3.	**Носител при изготвување и пријавување на образовен меѓународен проект**	
	Координатор/педагошки референт при обуката *Transfer 3.2 : Conception, développement et utilisation d'un cours en ligne,* Скопје, 23-27.01.2012 г., во организација на Катедрата за романски јазици и книжевности, Филолошки факултет "Блаже Конески", УКИМ - Скопје и AUF.	2
	Координатор/педагошки референт при обуката *Transfer 3.3 : Création et gestion d'un enseignement ouvert et distant,* Скопје, 01-05.10.2012 г., во организација на Катедрата за романски јазици и книжевности, Филолошки факултет "Блаже Конески", УКИМ - Скопје и AUF.	2
4.	**Член на факултетска комисија**	
	Член на Комисија за јавни набавки, 2008	0,5
	Член на Одбор на постдипломски студии од научната област книжевност - 2008/2009, 2009/2010; 20010/2011, 2011/2012; 2012/2013 (2,5 мандата)	1,5
	Член на Комисија за евалуација на студиски програми по француски јазик на Катедрата за преведување и толкување, 2009	0,5
	Член на Техничка комисија за пресметување на просекот и изготвување на ранг-листите на пријавните кандидати за упис во прва година во учебната 2008/2009 г. (претседател)	0,5
	Член на Комисија за јавни набавки, 2010	0,5
	Член на Комисија за попис на библиотечен фонд на Катедрата за преведување и толкување, 2010	0,5
	Член на Комисија за попис на библиотечен фонд на Катедрата за преведување и толкување, 2011	0,5
5.	**Член на оранизационен одбор на меѓународен научен стручен собир**	
	Член на Организационен одбор за Меѓународниот научен собир по повод 65 години од основањето на Катедрата за романски јазици и книжевности, 2011 г.	1

	Вкупно	**25,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**90,684**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**46,7**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**25,5**
Вкупно	**162,884**

Членови на Комисијата

1. Д-р Лилјана Тодорова, претседател, с.р.
2. Акад. Д-р Луан Старова, член, с.р.
3. Д-р Илинка Митрева, член, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ IV, АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ VI И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје бр. 08–6/23 од 7.3.2013 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на соработник – асистент од областа на архитектонското проектирање при Институтот за архитектонско проектирање во следниов состав:

1. д-р Анета Христова-Поповска, вонреден професор – претседател
2. д-р Иванка Кировска, редовен професор - член
3. м-р Наташа Милованчева, вонреден професор - член.

На распишаниот конкурс во дневните весници „Дневник“ и „Лајме“ од 20.2.2013 се пријави кандидатката м-р Мери Батакоја д.и.а., помлад асистент – истражувач на наведената област на Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Врз основа на увидот во целокупната документација за кандидатот, Комисијата го доставува до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци и образование

Мери Батакоја е родена 1982 година во Скопје, кадшто завршила основно образование и средно образование во гимназијата “Раде Јовчевски – Корчагин”. На Архитектонскиот факултет се запишала во учебната 2001/2002 година и дипломирала на 27.2.2008 година со среден успех од предметите 8,5, среден успех од предметите од областа архитектонско проектирање 9,13 и одбранета дипломска работа со наслов „Повеќенаменски објект на работ на град Скопје“, изработена под менторство на вонр. проф д-р Анета Христова-Поповска со особен успех, со што се здобила со звањето *дипломиран инженер - архитект*. Добитник е на наградата за најдобро изработена дипломска работа на Архитектонскиот факултет за учебната 2007/2008 година.

Во учебната 2009/2010 година ги запишала интердисциплинарните постдипломски студии – културолошки студии во книжевноста на Институтот за македонска литература при УКИМ во Скопје и ги завршила со среден успех од предметите 10. Магистерскиот труд со наслов „Културолошките процеси во третирањето на јавниот простор во Скопје по 1991 година“ изработен под менторство на проф. д-р Александар Прокопиев, го одбранила на 29.6.2012 година, со што се здобила со научното звање *магистер по културологија*.

Во учебната 2011/2012 година ги запишала докторските студии по архитектура и урбанизам, на студиската програма архитектура, на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Загреб, Хрватска, кадешто моментално ги завршува обврските од четвртиот семестар.

Работно искуство

Во периодот од 2007/2008 до 2009/2010 година, дипл.инж.арх. Мери Батакоја работела како надворешен соработник на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје, на предметите: проектирање општествени згради 1, проектирање општествени згради 2, теорија и архитектонско истражување и архитектонско студио 5 и 6. Исто така работела како надворешен соработник на студиите по архитектура на Американ колец во Скопје по предметот детал во архитектурата и на Академија Италијана по предметот пејзажно обликување – опремување на јавни отворени простори и уметничко обликување.

Во периодот од 1.2.2009 до 13.9.2010 година била вработена како проектант-соработник во архитектонското ателје „Лоу тек" во Скопје. Од 15.9.2010 година до денес е вработена како помлад асистент – истражувач во областа на архитектонското проектирање при Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 989/2010).

Наставно – образовна дејност

По изборот во звањето помлад асистент-истражувач, м-р Мери Батакоја учествувала во наставата по предметите: проектирање општествени згради 2 (од старата студиска програма), архитектонските студија V2, VI2, VII2 VIII2 и интегративното студио 2012/2013, со тема: „Градот и реката – архитектонски интервенции на дел од коритото на реката Драгор во Битола", раководено од вонр.проф. д-р Анета Христова-Поповска, сите по ЕКТС студиската програма.

Активно учествувала со консултации на студентите во изработката на семинарските трудови од предметот архитектонско проектирање 4, а во соработка со вонр.проф. д-р Анета Христова-Поповска во изработката на пакет материјали за предметот теорија на архитектурата. Редовно учествувала во изведувањето на подготвителната настава за кандидатите за студиите по архитектура во организација на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје во учебните 2010/2011 и 2011/2012 година.

Иницијатор е на билатералната научна и стручна соработка помеѓу Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје и Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Загреб и организатор е на заедничката работилница насловена „Think Place – Think Macedonia", одржана во мај 2012 година на Архитектонскиот факултет во Скопје.

На меѓународната стручна работилница „Revival of City Sqares in Balkan Cities", во Скопје, 2011 год., учествувала со предавањето „Културолошките аспекти на јавниот простор по примерот на нереализираниот музејски дистрикт во Скопје". Во соработка со вонр.проф. д-р Анета Христова-Поповска учествувала во стручното рецензирање на книгата „Земјена архитектура: од античка до модерна" од Вилијам Н. Морган, во издание на Ars Lamina, 2010 година.

Научноистражувачка дејност

Во магистерскиот труд под наслов *Културолошките процеси во третирањето на јавниот простор во Скопје по 1991 година*, изработен под менторство на проф. д-р Александар Прокопиев и одбранет на Институтот за македонска литература при УКИМ во Скопје, кандидатката Мери Батакоја го поставува проблемот на специфичната ресцентна архитектонска продукција во македонскиот главен град преку недостатокот на јасна теоретска-парадигматска рамка која би овозможила согледување на културолошките процеси кои го обликувале јавниот простор / јав-

ната култура на македонската метрополa преку дискурсот на историјата и меморијата. Преку анализа на современата европска метрополитенска продукција проследена низ теоретските проекти на Алдо Роси, Питер Ајзенман, Џон Хејдук и Бернар Чуми, изведен е суб-историографски и мемориски метадискурс на архитектурата на градот, кој е понатаму тестиран на четири конкретни примери од постѕидната реконструкција на Берлин *(Поуки од Берлин или како јавниот простор се справи со германската историја и меморија)*, а потоа е вратен во историскиот и културолошки *Биографски дијаграм на градот Скопје - од анот до мегаструктурата* во кој критички се согледани најновите архитектонски интервенции по 1991 година. Избраните сегменти од современата архитектонска теорија и историјата на градот Скопје се препрочитани, со поставени и реорганизирани во комуникациски систем кој го преиспитува инертно прифатеното гледиште за Скопје како постсоцијалистички град и отвора нови толкувачки перспективи преку аспектите на посттитоизмот и постколонијализмот.

Резултатите од магистерскиот труд досега се објавени во повеќе научни, стручни и популарни списанија:

- *Skopje – in Search of an Urgent Theoretical Stance,* Зборник трудови од Интернационален симпозиум со меѓународен уредувачки одбор: Proceedings/IV International Sympisium for Students of Doctoral Studies in the Fields of Engineering, Architecture and Environemntal Protection – PHIDAC 2012 (2012): 19-24;
- *Културотворење versus кривотворење – во потрага по изгубеното време, (Culture -making versus Culture- Faking – in Search of the Lost Time),* популарно списание за култура, уметност и општествени прашања „Културен живот", 3-4 (2012): 92-97;
- *Да се вратиме дома! Скопје како посттитоистички и постколонијален град („Let's Go Home! Skopje as Post-titoist and Post-colonial City"*), списание со меѓународен уредувачки одбор Спектар 58 (2011): 604-613;
- *Архитектурата на Скопје,* Културен водич за Скопје (2011), за потребите на меѓународниот проект „Мали глобални градови" („Little Global Cities" – Interest Berlin).

Резултатите од магистерскиот труд досега се презентирани на следниве меѓународни симпозиуми:

- „Македонски идентитет: литература, јазик, историја, култура" – меѓународен научен собир, реферат на ЈНУ, Скопје, 2011;
- International Sympisium for Students of Doctoral Studies in the Fields of Engineering, Architecture and Environemntal Protection – PHIDAC 2012 – реферат, Факултет за градежништво и архитектура, Универзитет во Ниш, Србија, септември 2012

Во рамките на докторските студии на Архитектонскиот факултет на Универзитетот во Загреб, м-р Мери Батакоја ги има завршено обврските од предметите од модулот Архитектонско истражување на современоста кај: проф. д-р В. Микиќ, проф. д-р А. Хомадовски и проф. д-р Т. Јукиќ и предметот *архитектонска теорија од 1960 до денес* кај проф. д-р К. Шерман од модулот архитектонска мисла.

Во рамките на вториот, третиот и четвртиот семестар ги одработила задолжителните работилници – истражувања низ проект и го пријавила истражувањето за докторската дисертација под работен наслов: *Следење на архитектонските поместувања од музејот на модерна до музејот на современа уметност („Museum of Modern Art/museum of Contemporary Art – Tracing the Architectural Shifts")*, во рамките на темата *Нови техники на живеење, нови типови на згради, нови параметри на проектирање,* под раководство на проф. д-р Д. Јурачиќ. Под негово менторство, со коменторство на проф. д-р Н. Филиповиќ, изработила и јавно ги одбранила елаборатите од трите работилници тематски поврзани во една целина посветена на музејот на уметноста на 20 век:

1. *„Exhibition experiments of the first avant-garde as dominant influences towards defining and emerging of Museum of Modern Art and further“* - трудот е избран како најдобар во класата и објавен во Годишникот на Архитектонскиот факултет во Загреб:
   - *„Postav izložbe Prve avangarde (kao dominantni utjecaji u definiciji i nastanku Muzeja suvremene umjetnosti i nakon toga“) („Exhibition designs of the First Avant-garde (as Dominant Influences towards Defining and Emerging of Museum of Modern Art and furthe“r)* Godišnjak Arhitektonskog fakulteta u Zagrebu 2011/2012 (Faculty of Architecture in Zagreb Yearbook) (2013): 279
2. *„Museums of modern art“: Formative theme of the layout pattern as a base for typological categorization of Museums/Galleries of Modern Art;*
3. *„Critical recapitulation – towards another kind of art museum (or what is so contemporary about museums of contemporary art?)“*

М-р Мери Батакоја учествува во истражувачкиот тим на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје во тековниот маѓународен научноистражувачки проект „Размислувај за место – размислувај за Македонија: архитектурата како фактор на културна одржливост на македонските градови“ (*„Think Place – Think Macedonia – Architecture as Factor of Cultural Sustainability of Macedonian Cities“*), во организација на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје и Архитектонскиот факултет на Универзитетот во Загреб, 2012/2013.

Стручно-уметничка и апликативна дејност

Во 2009 година, м-р Мери Батакоја работела како асистент на IMG (International Management Group) на тримесечниот проект за развој на сценарио за програмска ревитализација на Старата скопска чаршија на кое е базирана манифестацијата Rediscovery of the Route of Culture, во рамките на Скопско лето 2009. Исто така, во рамките на активностите на IMG работела како асистент на д-р Антонио Џамарусти при изработката на студијата: „Археолошки интервенции врз објекти од културно значење: покривачки системи за археолошките монументи“, презентирана на Конференцијата за менацирање и конзервирање на македонското културно наследство, во организација на IMG, Скопје, септември 2008.

Како надворешен соработник на Катедрата за проектирање на општествени згради на Архитектонскиот факултет во учебната 2008/2009 година учествувала во изработката на Мастер планот за реорганизација и преуредување на Музејот на Македонија, под раководство на вонр.проф. д-р Анета Христова-Поповска, во организација на IMG, Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје и Музејот на Македонија.

Автор е на проектот и на реализацијата на сценографијата за претставата „Околиска болница“, во режија на Јане Спасиќ, по текст на Христо Бојчев, изведена во Центарот за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово, мај 2012 година. Како проектант – соработник во проектантското ателје „Лоу тек“ во периодот од 2009 до 2010 година учествувала во изготвувањето на дваесет проекти, од кои најзначајни се :

- реконструкција и адаптација на Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија;
- доградба и надградба на блок „Д“ на Народна банка на Република Македонија;
- административна зграда на АД Осигурителна полиса;
- реконструкција на градски плоштад во Кавадарци (конкурсен проект, II награда);
- идејно архитектонско решение за партерно уредување на плоштад во нас. Влае (конкурсен проект, откуп).

Автор е на два реализирани проекта: ентериер и доградба на семејна куќа Зечевиќ, Тафталице, Скопје и ентериер на Културен центар ЦК, Скопје.

Заклучок

Врз основа на поднесените референци за постигнатите академски и професионални резултати и добиените признанија во земјава и во странство, како и врз основа на досегашната непосредна соработка на Архитектонскиот факултет, Комисијата го изразува своето уверување дека м-р Мери Батакоја со исклучителна успешност ги потврдила своите академски и стручни квалитети и со своето дејствување придонела за јакнење и афирмација на институцијата во која работи.

Академскиот курикулум на м-р Мери Батакоја сведочи за нејзината сестраност и широк интердисциплинарен опсег на интереси кои мошне транспарентно ги споделува при нејзините јавни и академски настапи. Зрелите и авторитетни ставови кои ги има изградено, и покрај нејзината млада возраст, ја прават посакуван соговорник и соработник и во најкомплексни архитектонски задачи.

Потврда за идното професионално напредување на кандидатката е нејзината посветеност на научната работа и бројните научни трудови кои ги изработила и презентирала во јавноста. Високиот кредибилитет кој го ужива на институциите на кои ги завршила постдипломските и тековно ги реализира докторските студии ја потврдува нејзината ерудиција, реторичност и особена луцидност при полемизирањето на архитектонската дисциплина.

Комисијата особено го нагласува посветениот соработнички ангажман на м-р Мери Батакоја во унапредувањето на предметната материја и осовременувањето на методите на наставата од областа на архитектонското проектирање и архитектонската теорија, како и педагошката предаденост со која ги пренесува сопствените продлабочени знаења на студентите, за што сведочат највисоките оцени за нејзината работа во сите спроведени евалуации.

Врз основа на изнесеното, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет, врз основа на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатката м-р Мери Батакоја да биде избрана во звањето асистент од областа на архитектонското проектирање, по предметите: архитектонско проектирање IV, архитектонско проектирање VI и архитектонско студио при Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија
Д-р Анета Христова-Поповска, вонреден професор – претседател, с.р.
Д-р Иванка Кировска, редовен професор - член, с.р.
М-р Наташа Милованчева, вонреден професор - член, с.р

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЛЕВЕЛ / ОПШТО ПОЛЕДЕЛСТВО СО АГРОЕКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Во врска со решението на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, бр. 02-296/2, донесено на 48. седница на Наставно-научниот совет одржана на 7.2.2013 година, со кое сме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на д-р Звонко Пацаноски во звањето **вонреден професор** во наставно-научната област **плевел / општо поледелство со агроекологија**, чест ни да го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс од Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Koha“ од 5.1.2013 година за избор на еден наставник во наставно-научната област **плевел / општо поледелство со агроекологија**, се пријави само кандидатот д-р Звонко Пацаноски, досегашен доцент во оваа наставно-научната област, за избор во звањето **вонреден професор** во наставно-научната област **плевел / општо поледелство со агроекологија**

1. Биографски податоци

Според податоците што и се доставени на увид на Комисијата, д-р Звонко Пацаноски е роден на 6.8.1973 година во Прилеп. Средното образование (медицинско) го завршил во Нови Сад (прва, втора и трета година) и во Битола (четврта година) со одличен успех. Во учебната 1993/94 година се запишал на Земјоделскиот факултет во Скопје, поледелска насока, а дипломирал на 3.2.1998 година со просечен успех 9,27 и со одбранета дипломска работа под наслов: „Плевели во пченка и мерки за нивно сузбивање“, изработена под менторство на проф. д-р Ташко Костов. По дипломирањето, извесно време работел како професионален војник во единицата за специјални намени „Волци“ при АРМ. Во учебната 1998/99 година се запишал на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет, на групата **хербологија**, каде што редовно ги полага испитите. На 1.10.1999 година се вработува како помлад асистент по предметот општо поледелство со агроекологија при Земјоделскиот факултет во Скопје. По изборот за помлад асистент, три месеци престојувал во ЗК „Пелагонија“ - Битола, каде што се стекнал со практично

искуство од областа на општото поледелство, неопходно за изведување на практичната настава по предметот на кој беше избран.

Магистерскиот труд под наслов: „Влијание на некои хербициди врз јачменот во зависност од фазите на пораст "изработен под менторство на проф. д-р Ташко Костов, успешно го одбрани на 18.4.2003, со просечен успех 9,86, со што се стекнал со звањето магистер на земјоделски науки. На 4.12.2003 година е избран во звањето асистент, а на 26.1.2007 година е преизбран во истото звање.

Од 28.4. до 14.7.2003 година престојувал на Универзитетот во Вагенинген-Холандија, каде што работел на област од семепроизводството и семеконтролата (Seed Sector Development). Во периодот од 15.8. до 28.8.2004 година учествувал на меѓународниот курс за обука организиран од International Centre for Agricultural Education (CIEA), под наслов Life-long Learning for the Rural Areas, одржан во Гранженова, Швајцарија, а од 7. до 17. септември истата година учествувал на семинарот организиран од Capacity Building International, Germany (InWent), насловен како „Adaption of Agricultural Quality Standards and Norms to EU Regulations. Implication for Plant Protection and Plant Health", одржан во Лајпциг и Минхен, Германија.

На 7.3.2008 година успешно ја одбранил својата докторска дисертација по наслов: „Влијанието на некои хербициди врз степенот и динамиката на заплевеленоста на луцерката ", изработена под менторство на проф. д-р Ташко Костов.

Во текот на академската 2008/2009 година специјализирал на Медитеранскиот агрономски институт (Mediterranean Agronomic Institute) во Бари, Р.Италија, од областа на одржливото земјоделство и руралниот развој (Advanced Specialized Course on Sustainable Agriculture) со одлична оценка (89,6). Во 2010 година одобрен и прифатен му е проектот „Proper herbicides use-basic precondition for sustainable agriculture development" од InWent во соработка со Германската влада, при што учествувал на програмата за обука „Young Professionals – Managing and Leading Regional Rural Governance", одржана од 17.3.-31.3 и 31.5-20.6.2010 година во Лајпциг и Штудгарт. Истата година станува учесник во меѓународниот проект „International Joint Master Degree in Plant Medicine", организиран и финансиран од ЕУ. Од 1.11 до 14.11.2010 учествувал на Првата меѓународна конференција за млади лидери од Југо-источна Европа (First International Conference for Young Leaders of South-East Europe), одржана во Тињан, Р.Хрватска. Во текот на 2011 и 2012 година, во рамките на проектот „International Joint Master Degree in Plant Medicine", како член на I-LW групата учествувал на наколку состаноци кои се одржуваат во Загреб, Драч и Белград, како и на неколку меѓународни симпозиуми и советувања одржани во Ниш, Белград, Златибор, Сараево, Теслич, Лахор и Пешавар. Од 7. 5 до 11.5. 2012 година учествувал на меѓународниот курс за обука „Weed Management and Control", одржан во Осиек, Р.Хрватска, а од 16. 7. до 20.7 истата година на меѓународниот курс за обука „Plant Protection Products (PPPs)", одржан во Атина, Р.Грција. Активно го зборува и редовно се користи со англискиот јазик, додека италијанскиот и францускиот јазик делумно ги зборува и ги користи.

2. Наставна дејност

По изборот за доцент, кандидатот д-р Звонко Пацаноски ја држи целокупната настава (вежби, колоквиуми, консултации, теренска настава и сл.) по матичните предмети: општо поледелство на 4 насоки, хербологија и специјална фитофармација (хербициди) на една насока, како и основи на растително производство на повеќе насоки. По наведените предмети држи настава и на дисперзираните студии во Струмица и во Прилеп.

Содржината на овие предмети, како и секоја друга наставно-научна дисциплина, подлежат на промени предизвикани од новите научни достигнувања и техничко-технолошките решенија значајни за унапредување на земјоделската наука и практика. Д-р Звонко Пацаноски успева редовно да ги следи таквите новитети. Покрај наставата од прв циклус (додипломски студии), кандидатот д-р Звонко Пацаноски држи настава и на втор циклус (постдипломски студии) по преметите виша хербологија, фитофармација со екотоксикологија, ГМО во заштитата на растенијата, прогноза и мониторинг на биолошки штетни агенси, методи на истражување во фитомедицината и агроекологија. Бил ментор или член на голем број диплоски работи и докторски дисертации јавно одбранети на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, односно на Агрономскиот факултет во Загреб, Р.Хрватска.

Педагошките квалитети му се на достојно универзитетско рамниште. Има јасен и образложен стил во излагањето на материјата што овозможува секое прашање од наставните содржини студентите лесно да го разберат и усвојат. Кон студентите има правичен и коректен однос.

3. Научно истражувачка и апликативна дејност

Научно истражувачката дејност на д-р Звонко Пацаноски се одвива во две главни насоки: истражување и решавање на проблемите од хербологијата (наука за плевелите), проблематика од агроекологијата и семенарството (истражувања поврзани со квалитетот на семенскиот материјал од земјоделските растенија).

Неговите истражувања во областа на хербологијата претежно се однесуваат на биолошките испитувања на нови хербициди (ново синтетизирани активни материи) и нивно воведување во производната практика, како и изнаоѓање решенија за хемиска борба против плевелите во одделни култури, посебно во поледелствово и градинарството. Во овие истражувања авторот не се задржува само на оценување на ефикасноста на одделни хербициди или нивни комбинации во сузбивањето на одделни плевелни видови, туку врши продлабочени научни анализи за влијанието на одделните мерки врз промените во плевелната вегетација, во промените на конкурентските односи помеѓу културата и плевелите, во евентуалните влијанија на остатоците од некои хербициди врз наредната култура, за фититоксичноста на некои хербициди врз културата, за влијаните на хербицидите врз приносот на одредената култура и сл. Д-р Звонко Пацаноски активно работи и во областа на испитувањето на квалитетните својства на семенскиот материјал од поледелски,

градинарски и украсни (декоративни) култури, со посебен осврт на заплевеленоста и детерминацијата на плевелните семиња во семенскиот материјал. Учествува и во детерминирањето на семиња од земјоделски култури пронајдени во археолошките локалитети во Р.Македонија од страна на археолози.

Учествувал на повеќе домашни и меѓународни советувања, симпозиуми, конгреси и сл. Во научно истражувачката работа покажува дека има креативен приод, како и способност за колективна работа, што за еден научен работник е многу значајно.

По изборот за доцент, сам или како коавтор, има објавено 23 научни и стручни трудови. 15 научни и стручни трудови се објавени во странски списанија на англиски јазик, од кои 11 во списанија со меѓународен уредувачки одбор и 1 во списание со импакт фактор. Исто така, во периодот од изборот во доцент до објавувањето на конкурсот за вонреден професор рецензирал 23 труда, претежно од странски списанија (таб. 1).

Таб. 1. Рецензирани трудови во периодот од изборот во доцент до објавувањето на конкурсот за вонреден професор

Бр.	Наслов на трудот	Списание	IF
1	Identification of Diesel-tolerant Rhizobacteria of Roughseed Bulrush (*Scirpus mucronatus* L.)	African Journal of Microbiology Research (AJMR)	0.564
2	Isolation and Characterization of *Rhodococcus* sp. BX2 Capable of Degrading Bensulfuron-methyl	African Journal of Microbiology Research (AJMR)	0.564
3	Economic Threshold Density of Multispecies Weeds in Direct Seeded Rice	Journal of Agricultural Science and Technology (JAST)	0.436
4	Effect of Herbicides Application on yield and Economic Performance of Rice in Lafiagi, Kwara State of Nigeria	Journal of Agricultural Science and Technology (JAST)	0.436
5	Effect of herbicide (pendimenthaline) on soil microbial population	International Research Journal of Biotechnology (IRJB)	
6	Genetic engineering, ecosystem change, and agriculture: an update	International Research Journal of Biotechnology (IRJB)	
7	Effects of three types of herbicide spray on grain yield and narrow leaf weeds farm rapeseed (*Brassica napus* L.)	International Research Journal of Plant Science (IRJPS)	
8	Reduction of using herbicides in citrus orchard	International Research Journal of Plant Science (IRJPS)	
9	Response of Spring Planted Cereals to Pyroxasulfone	International Research Journal of Plant Science (IRJPS)	
10	Floristic composition and	International Research Journal	

	Vegetation-soil relationships in Wadi Al-Argy of Taif region, Saudi Arabia	of Plant Science (IRJPS)	
11	Environmental factors affecting the germination and seedling emergence of *Carthamus oxyacantha* M. Bieb	Pakistan Journal of Weed Science Research (PJWSR)	
12	Evaluation of Some Seed Dormancy Breaking Methods on Germination of *Rhynchosia capitata*	Pakistan Journal of Weed Science Research (PJWSR)	
13	Weed control in white bean with herbicide-insecticide tankmixes	International Research Journal of Agricultural Science and Soil Science (Formerly, International Research Journal of Agricultural Science)	
14	Optimizing activity of herbicides at reduced rate on *Emex spinosa* (L.) campd. with adjuvants	Planta daninha	0.1693
15	Effects and selectivity of herbicide applied to chickpea (*Cicer arietinum* L.)	Journal of Plant Protection Sciences (JPPS)	
16	Haematological Profile of Rats Treated With Aqueous Extracts of Common Dandelion Leaf (*Taraxacum officinale* Weber) Against Carbon Tetrachloride (CCl_4) Toxicity	International Journal of Biochemistry and Biotechnology (IJBB)	
17	Estimation of Weed Infestation in Wheat Affected by Fertilization	Списание за заштита на растенијата на Република Македонија	
18	Влијание на некои хербициди врз приносот на јачменот во зависност од фазите на пораст	Списание за заштита на растенијата на Република Македонија	
19	Примена на чисти култури микроорганизми во деконтаминација на почвата од хербициди	Списание за заштита на растенијата на Република Македонија	
20	Влијанието на некои хербициди врз масата на зрна во класот кај некои сорти пченица во зависност од фенофазите на пораст	Списание за заштита на растенијата на Република Македонија	
21	Evaluation of Post-Emergence Herbicides for Weed Control in Maize (*Zea mays* L.) and their Influence on Maize Yield	Списание за заштита на растенијата на Република Македонија	
22	Distribution of Invasive Weeds on the Territory of AP Vojvodina	International Symposium on Current Trends in Plant Protection (25-28th September,	

		2012, Belgrade)	
23	Horizontal Seed Distribution in the Soil under Maize and Vine Grape Plantation	International Symposium on Current Trends in Plant Protection (25-28th September, 2012, Belgrade)	

Поради својата исклучителна активност, избран е за член на уредувачкиот одбор на списанието International Journal of Plant Physiology and Biochemistry и на списанието за Заштита на растенијата на Република Македонија, како и за член на редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Ваквата активност во научно истражувачката работа има голем придонес во афирмацијата на научната мисла од оваа област многу пошироко од македонскиот простор. Резултатите од тие истражувања нудат нови сознанија и конкретни решенија за унапредување на земјоделското производство.

Досега ги има објавено следнива научни и стручни трудови:

а) Трудови објавени до изборот за доцент

1. **Пацаноски Звонко**. 2003. Влијанието на некои хербициди врз јачменот во зависност од фазите на пораст. Магистерски труд, Земјоделски факултет, Скопје.
2. **Пацаноски Звонко**. 2003. Влијанието на некои понови хербициди врз јачменот во зависност од фазите на пораст. Годишен зборник за заштита на растенијата, Скопје, XIV, 159-174.
3. **Пацаноски Звонко**. 2003. Ефикасност на некои хербициди врз јачменот во зависност од фазите на пораст. Годишен зборник на Земјоделскиот факултет, Скопје, XLVIII, 111-127.
4. Зафировски Иван, Лозановски Ристо, **Пацаноски Звонко**. 2003. Отстранување на плевелите во шеќерна репка со понови хербициди и нивни комбинации во Пелагонија-Битола. Годишен зборник за заштита на растенијата, Скопје, XIV, 147-158.
5. Глаткова Гордана, Арсов Златко, **Пацаноски Звонко**. 2004. Влијание на хербицидите врз плевелите и тутунот во зависност од покривката и начинот на примена. Годишен зборник за заштита на растенијата, Скопје, XV, 119-129.
6. Костов Ташко, Заковски Маде, **Пацаноски Звонко**. 2004. Резултати од испитувањата на некои хербициди во пченица. Годишен зборник за заштита на растенијата, Скопје, XV, 141-152.
7. Костов Ташко, **Пацаноски Звонко**, Трајковски Тонислав, Глаткова Гордана. 2004. Резултати од испитувањата на некои понови хербициди во пченка. Годишен зборник за заштита на растенијата, Скопје XV, 131-139.

8. **Pacanoski Zvonko**. 2006. Herbicide-Resistant Crops, Advantages and Risks. Herbologia, VII, No. 1, 47-57.
9. Knezeveic Branislav, **Pacanoski Zvonko,** Babovic-Gorgevic Maja. 2006. Influence of Some Herbicides on Energy of Germination and Total Germination of Wheat Seed Variety Srbijanka. Book of the Symposium with International Participation-Improvement of Agricultural production in Kosovo and Metohia.
10. Knezeveic Branislav, **Pacanoski Zvonko**, Biberdzic Milan. 2006. Study About Efficiency of Some Wheat Herbicides on Kosovo. Book of the Symposium with International Participation-Improvement of Agricultural production in Kosovo and Metohia.
11. **Pacanoski Zvonko**, Glatkova Gordana, Arsov Zlatko. 2006. Herbicide Influence on Weeds and Tobacco Seedlings Depending on the Cover Material and Treatment. Herbologia, VII, No. 2, 41-49.
12. Kostov Tasko, **Pacanoski Zvonko**, Glatkova Gordana, Knezevic Branislav. 2006. Effect of Soil Applied Herbicides on Jimsonweed (*Datura stramonium* L.) and Maize (*Zea mays* L.) Depends on Sowing Depth. Pakistan Journal of Weed Science and Research, Vol.12, No. 3, 169-175.
13. Kostov Tasko and **Pacanoski Zvonko**. 2006. Postemergence Weed Control in Seeedling Alfalfa (*Medicago sativa* L.) with Imazamox, Pakistan Journal of Weed Science and Research, Vol. 12, No.4
14. **Zvonko Pacanoski**. 2007. Influence of Herbicides on Weeds and Yield Components of Barley Crop. Herbologia Vol. 8, No. (2):41-49.
15. **Zvonko Pacanoski**. 2007. Herbicide Use: Benefits for Society as A Whole- A Review, Pakistan Journal of Weed Science and Research, Vol. 13, No.1-2, 135-147.
16. Костов Ташко, **Пацаноски Звонко**, Трајковски Тонислав. 2007. Резултати од испитувањата на препаратот Pulsar-40 во млада луцерка. Заштита на растенијата, Скопје, XVIII, 93-96.
17. Костов Ташко, **Пацаноски Звонко**, Петков Тошо, Заковски Маде. 2007. Резултати од биолошките испитувања на препаратот Derby-175 во пченица. Заштита на растенијата, Скопје, XVIII, 97-100.
18. Костов Ташко, **Пацаноски Звонко**, Трајковски Тонислав. 2007. Ефикасност на некои понови хербициди во пченица во зависност од времето на употреба. Заштита на растенијата, Скопје, XVIII, 101-105.
19. Кнежевиќ, Б., **Пацаноски, З.**, Николиќ, К., Михајловски М., Бабовиќ-Ѓорѓевиќ, М., Савиќ, Н., Василевски Г.. 2007. Влијанието на некои хербициди врз масата на зрна по клас и вкупниот принос кај пченицата Србијанка. Заштита на растенијата, Скопје, XVIII, 106-108.
20. Кнежевиќ, Б., **Пацаноски, З.**, Николиќ, К., Михајловски М., Бабовиќ-Ѓорѓевиќ, М, Кнежевиќ, Ј., Продановиќ, М. 2007. Влијанието на некои хербициди врз биомасата кај некои сорти пченица во зависност од фенофазата на третирање. Заштита на растенијата, Скопје, XVIII, 109-113.

21. Кнежевиќ, Б., **Пацаноски, З.**, Николиќ, К., Михајловски М., Бабовиќ-Ѓорѓевиќ, М., Стојковиќ, С., Савиќ, Н. 2007. Влијанието на некои хербициди врз апсолутната и хектолитарската маса кај пченицата Србијанка. Заштита на растенијата, Скопје, XVIII, 114-116.
22. Кнежевиќ, Б., **Пацаноски, З.**, Николиќ, К., Михајловски М., Бабовиќ-Ѓорѓевиќ, М., Стојковиќ, С., Бошев, Д. 2007. Влијанието на некои хербициди врз бројот на клавчиња и зрна во класот на пченицата Србијанка. Заштита на растенијата, Скопје, XVIII, 117-119.
23. **Пацаноски Звонко**. 2008. Влијанието на некои хербициди врз степенот и динамиката на заплевеленоста на луцерката. Докторска дисертација, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје.

б) Трудови објавени по изборот за доцент

8.	Труд со оригинални научни резултати, објавен стручно/научно популарно списание: *„Примена на прислушни средства – странски искуства“* - Правник, ISSN 1409-5238 - Скопје, год.X, бр.110, јуни -2000 година стр.17-18.	4
9.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: *Примена на детектор за лага, „наркоанализа и медицински иднтервенции во Кралство Шведска*-Правник, ISSN 1409-5238-Скопје, год.X, бр.110, јуни, 2000 година стр.18.	4
10.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: *Видови на технички- прислушни средства кои се употребуваат во Велика Британија* - Правник, ISSN 1409-5238 - Скопје, год.X, број 110, јуни ,2000 год,. стр.17-18.	4

11.	На 12.1.2012 година активно учествувала на меѓународна научна конференција во Македонската академија на науките и уметностите за изработка на граѓански законик на тема „ Начелни прашања за кодифицирањето на македонското граѓанско право”.	1
	Вкупно	**50**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**25,5**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**50**
Вкупно	**75,5**

Членови на Комисијата:

Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.

Проф. д-р Тодор Чепреганов, с.р.

Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, с.р.

ПРЕГЛЕД

На прифатени теми за изработка на докторски дисертации на ЈНУ Институт за национална историја-Скопје

(седница на Научниот совет одржана на 7.3.2013 и 9.4.2013 година-промени на наслови)

Кандидат	Наслов	Комисија
м-р Исамедин Азизи	Односите меѓу Албанија и Кралството на СХС/Југославија 1918-1939	Проф. д-р Катерина Тодороска, Проф. д-р Надежда Цветковска Проф. д-р Музафер Бислими
м-р Љубен Пауновски	Уметничкиот одговор на егзистенцијалните парадокси-примери од историјата на современото македонско сликарство	Проф. д-р Коста Балабанов Проф. д-р Небојша Вилиќ Проф. д-р Љубица Јанчева
м-р Македонка Касалица	Историскиот аспекти на тероризмот и на неговото инкриминирање-случајот на Македонија	Проф. д-р Владо Поповски Проф. д-р Слободанка Тодороска-Ѓурчевска Проф. д-р Љубица Јанчева
м-р Маја Кикириткова	Исторсиските аспекти на женската градска облека од Македонија од крајот на 19 и почетокот на 20 век, во релација со западноевропската	Проф. д-р Донка Барџиева-Трајковска Проф. д-р Милан Бошкоски Доц. д-р Драгица Поповска

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ „КАТАЛОГ НА ЗЕМЈОТРЕСИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 1971–1980“ ОД Д-Р ЛАЗО ПЕКЕВСКИ И Д-Р ВЕРА ЧЕЈКОВСКА

Со одлука бр.07-491/4 од 8.4.2013 г. на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје, донесена на седницата одржана на 28.3.2013 г., а по предлог на Институтот за физика од седницата одржана на 14.3.2013 г., како рецензенти за оцена на горенаведениот ракопис избрани се:

1. д-р Драган Хаџиевски, ред. проф. на ПМФ – Скопје, во пензија;
2. д-р Владимир Михаилов, ред. проф на ИЗИИС – Скопје, во пензија.

Во тоа својство, по извршениот преглед и анализа на текстот на поднесениот ракопис, имам чест и задоволство до Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

За изборот за рецензент на овој ракопис сум информиран уште од денот на донесувањето на одлуката, односно од 28.3.2013 г., кога е одржана седницата на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје на којашто е извршен самиот овој избор. Веќе утредента ракописот ми беше доставен на увид од авторите. Инаку, исто така напоменувам дека, како поранешен долгогодишен раководител на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, каде што авторите на ракописот д-р Лазо Пекевски и д-р Вера Чејковска се распределени на работа, одржувам постојани стручни контакти со вработените во оваа институција. Така, запознаен сум со настанувањето на наведениот ракопис уште во текот на минатата, 2012 година.

Овде ја приложувам мојата стручна оцена на наведениот ракопис.

Ракописот е поделен на два главни дела: **Општ** и **Посебен дел**.

Општиот дел, на околу 40 страници, ги содржи разделите:

1. Вовед
2. Методологија
3. Карактеристики на *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.*
4. Сеизмичноста на територијата на република македонија во периодот 1971–1980 г. според резултатите од *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.*
5. Литература / References
6. Резиме / Abstract

Во **Посебениот дел** е поместен *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.* (даден и со англиски превод на насловот, *Cataloque of Earthquakes in the Republic of Macedonia 1971–1980*), на околу 370 страници.

Во Воведот на **Општиот дел** е даден најпрво историјатот на составувањето на каталози на земјотресите од територијата Република Македонија и целата географска област Македонија, почнувајќи од раните обиди на странски сеизмолози, сè до каталозите за периодите пред 1990 година и 1900-1974 г., изработени од потписникот на оваа рецензија, и до редовните годишни каталози на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје по 1974 г. Потоа се изложуваат во причините поради кои во сеизмологијата е вообичаено да се вршат реевалуации на постојните каталози на земјотреси. Се потенцира и неопходноста од квалитетни каталози во деталните сеизмолошки истражувања, какви што се одредувањата на параметрите на сеизмичноста, дефинициите на епицентралните подрачја и сеизмогените зони, определувањата на карактеристиките на ширењата на сеизмичките бранови и градбата и состојбата на материјалот на Земјината

внатрешност, анализите на сеизмичките извори (жаришта) во блиското и далечното поле на набљудување, утврдувањето на карактеристиките на почвата и нејзиното влијание на сеизмолошките набљудувања, проценките на сеизмичкиот хазард и ризик итн. Натаму, се потенцираат и основните цели за изработка на предложениот Каталог, кои се поттикнати од насобраните нови податоци за разгледуваните земјотреси, како и од потребата за уточнувања на локациите на земјотресите и заменување на разните типови на магнитуди за разгледуваните земјотреси во поранешните каталози со еден тип на магнитуда (што е неопходно во сеизмолошките истражувања, а особено во одредувањата на сеизмичкиот хазард и ризик).

Во вториот раздел на **Општиот дел,** изложена е детално методологијата на предложениот Каталог, со цитирања на сите извори на податоците и користените компјутерски програми на самите автори на предложениот Каталог и на други, светски познати автори.

Во третиот раздел на **Општиот дел,** дадени се карактеристиките на сите сеизмографи од сеизмолошките станици во Република Македонија од разгледуваниот период, како и сите формални карактеристики на предложениот Каталог.

Во четвртиот раздел на **Општиот дел**, на едно завидно ниво, извршена е сопствена анализа на резултатите од предложениот Каталог, кои се однесуваат на параметрите на сеизмичноста, дефинициите на епицентралните подрачја и сеизмогените зони, анализите на сеизмичките извори (жаришта) во блиското и далечното поле на набљудување. Овие анализи се проследени со споредби на резултатите од претходните истражувања.

Во петтиот раздел на **Општиот дел** е презентирана користената литература, а таа вклучува референци од домашни и странски автори кои се релевантни за квалитетна изработка на каталози на земјотреси.

Во шестиот раздел на **Општиот дел** е дадено резиме на македонски и англиски јазик, кое може да биде многу корисно како за домашните и странските сеизмолози, исто така и за сите други заинтересирани читатели.

Посебниот дел е самиот по себе исклучително впечатлив, со оглед на тоа што содржи податоци и локации за 722 земјотреса, при што е особено значајно дека тука се внесени и слаби земјотреси кои порано не биле никаде анализирани.

З А К Л У Ч О К

Сметам дека ракописот *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.* на авторите д-р Лазо Пекевски и д-р Вера Чејковска ги исполнува сите критериуми за реевалуација на каталози на земјотреси воспоставени во сеизмологијата, како и дека нуди нови сознанија за сеизмичноста и сеизмотектониката на територијата на Република Македонија во наведениот период и воопшто.

Согласно со тоа, му препорачувам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, ракописот да биде прифатен за печатење во засебна книга.

Скопје, 9.4.2013 г.

Рецензент

Д-р Драган Хаџиевски,
ред. проф на ПМФ – Скопје, во пензија, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ „КАТАЛОГ НА ЗЕМЈОТРЕСИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 1971–1980“ ОД Д-Р ЛАЗО ПЕКЕВСКИ И Д-Р ВЕРА ЧЕЈКОВСКА

Со одлука бр.07-491/4 од 8.4.2013 г. на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје, донесена на седницата од 28.3.2013 г., а по предлог на Институтот за физика од седницата од 14.3.2013 г., како рецензенти за оценка на горенаведениот ракопис избрани се:

1. д-р Драган Хаџиевски, ред. проф. на ПМФ – Скопје, во пензија;
2. д-р Владимир Михаилов, ред. проф на ИЗИИС – Скопје, во пензија.

Во тоа својство, по извршеното читање и анализа на поднесениот ракопис, имам задоволство и чест до Наставно-научниот совет на ПМФ – Скопје да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

За изборот за рецензент на овој ракопис сум информиран уште од денот на донесувањето на одлуката, односно од 28.3.2013 г., кога е одржана седницата на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје на којашто е извршен самиот овој избор. Веќе утредента ракописот ми беше доставен на увид од авторите.

Тука ја приложувам мојата стручна оцена на наведениот ракопис.

Ракописот *Каталог на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.* е поделен на два главни дела: **Општ** и **Посебен дел**.

На околу 40 страници, **Општиот дел** е поделен на главите:

1. Вовед
2. Методологија
3. Карактеристики на *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.*
4. Сеизмичноста на територијата на република македонија во периодот 1971–1980 г. според резултатите од *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.*
5. Литература / References
6. Резиме / Abstract

Посебениот дел на ракописот го презентира самиот *Каталог на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.* Овде е поместен и насловот во превод на англиски јазик.

Во введната глава, **Глава 1** од **Општиот дел,** пред сè, се презентира развојот на изработка на каталози на земјотресите од територијата Република Македонија и целата Македонија, почнувајќи од почетокот на 20 век, со трудовите на сеизмолози од Бугарија и Србија, па до каталозите за периодите пред 1990 година и 1900-1974 г., изработени од д-р Драган Хаџиевски, и до редовните Годишни каталози на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје по 1974 г. Натаму се изложуваат причините поради кои е вообичаено во сеизмологијата да има реевалуации на постојните каталози. Дадени се и целите на ваквите реевалуации, кои главно се состојат во создавање на пообемна и поуточнета база на податоци за други, подеталните сеизмолошки истражувања. Авторите потоа ги изнесуваат основните цели за изработка на предложениот Каталог: тие се иницирани од новодобиените податоци за земјотресите од Македонија за периодот 1971–1980 г., како и од неопходноста за прелоцирање на земјотресите и унифицирање на земјотресните магнитуди, нешто што е особено значајно за детерминирање на сеизмичкиот хазард и ризик.

Во **Глава 2** на **Општиот дел,** дадена е прецизно методологијата на новиот Каталог, со сите извори на податоците и користените компјутерски програми.

Во **Глава 3** на **Општиот дел,** во табели се прикажани карактеристиките на сите сеизмографи од сеизмолошките станици во Република Македонија од периодот 1971–1980 г., како и сите формалните одлики на новиот Каталог.

Во **Глава 4** на **Општиот дел**, направена е одлична сопствена анализа на резултатите од новиот Каталог. Овие резултати се однесуваат на дефинициите на епицентралните подрачја и сеизмогените зони, параметрите на сеизмичноста, како и поединечните земјотресни жаришта. Резулатите се корелирани со резултатите од други истражувања.

Во **Глава 5** на **Општиот дел** се дава користената литература, а таа вклучува релевантни референци од домашни и странски автори.

Во **Глава 7** на **Општиот дел** се резимира новиот Каталог на македонски и англиски јазик, што ценам е мошне добро за кои било читатели.

Посебниот дел, кој го прелистува самиот нов Каталог, со вкупно 722 земјотреса, остава впечаток на многу детална анализа. Значајно е и тоа што тука се анализирани и слаби земјотреси кои порано не биле вклучени во поранешните каталози.

З А К Л У Ч О К

Ценам дека ракописот *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.* на авторите д-р Лазо Пекевски и д-р Вера Чејковска ги исполнува сите мерила за реевалуација на каталози на земјотреси, особено со новите анализи на сеизмичноста и сеизмотектониката на територијата на Република Македонија во периодот 1971–1980 г.

Соодветно на ова, му предлагам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, ракописот да биде прифатен за печатење во книга.

Скопје, 9.4.2013 г.

Рецензент

Д-р Владимир Михаилов,
ред. проф на ИЗИИС – Скопје, во пензија, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ „*AN INTRODUCTION TO SEISMOLOGY*“ ОД Д-Р ВЕРА ЧЕЈКОВСКА, Д-Р ЛАЗО ПЕКЕВСКИ И Д-Р ДРАГАНА ЧЕРНИХ-АНАСТАСОВСКА

Со одлука бр. 07-491/3 од 8.4.2013 г. на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје, донесена на седницата одржана на 28.3.2013 година по предлог на Институтот за физика од седницата одржана на 14.3.2013 година, избран сум, покрај д-р Драган Хаџиевски, за рецензент за оцена на горенаведениот ракопис. Оваа одлука ја прифатив со посебно задоволство од повеќе причини. Јас бев долгогодишен професор на предметот *инженерска сеизмологија и сеизмички ризик,* кој се одржува во рамките на постипломските студии на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) во Скопје. Дел од предавањата сврзани со фундаменталната сеизмологија, под мое раководство ги одржуваа научните и стручни работници од Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, меѓу кои и тројцата автори на овој труд. Бидејќи наставата на постдипломските студии на ИЗИИС се изведува на англиски јазик, ракописот на овој труд е напишан на англиски.

По внимателното читање на текстот и прегледот на графичките прилози, слики и табели кои се составен дел на текстот на поднесениот ракопис, имам чест и задоволство до Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје да го приложам моето мислење и оценка на гореспоемнатиот ракопис со следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот на текстот кој е предмет на оваа рецензија се состои од 106 страници А4-формат, на кои се поместени воведната глава, 15 глави, листа на користената литература, содржина и 1 прилог.

Сеизмологијата е релативно млада дисциплина која се занимава со сите аспекти (услови за појава, појавување и дејствување на површината на Земјата и последиците од нив) на земјотресите. Ако се има предвид дека земјотресите како феномен се многу сложена и комплексна природна појава со многу меѓусебно поврзани чинители, тогаш може да се согледа и сериозноста со која треба да се пријде кон изучување на овој проблем. Од тие причини во воведната глава, со поднаслов „Главни предмети и дефиниции во сеизмологијата“, на еден многу јасен и разбирлив начин се изнесени основните научни дефиниции сврзани со земјотресите и предметите со кои се занимава сеизмологија. Прикажани се основните задачи на сеизмологијата, со можностите на нивно решение и глобален преглед на сите познати методи за моделирање на градбата и физичките својства на Земјата. Посебно е прикажан развојот на сеизмологијата од најстарите времиња до денес. На тој начин е овозможено полесно следење и решавање на повеќе проблеми од областа на сеизмологијата.

Во **Глава 1,** прикажани се структурните и физички услови во внатрешноста на Земјата, врз основа на кои се претпоставени најважните карактеристики на современите модели за градбата на Земјата. Главните параметри и класификацијата на земјотресите се дадени во **Глава 2.** Класификацијата е извршена и прикажана врз база на повеќе параметри на земјотресите, меѓу кои посебно се споменуваат: епицентралното и

хипоцентралното растојание, хипоцентралната длабочина, магнитудата, природата на настанување и др.

Сите овие параметри се дефинирани врз основа на податоците од сеизмолошката инструментација, која е прикажана доста детално во **Глава 3**. Таму се прикажани и илустрирани сеизмолошки инструменти од разни периоди, со што може да се следи и развојот на сеизмологијата до денес. Можеби описите на некои нови современи инструменти треба да се дополнат.

Во **Глава 4**, дадени се основните типови на сеизмичките бранови, нивната поделба, како и особините на нивното простирање во хетерогените и вискозни слоеви на Земјата. Заедно со ова, прикажани се и современите методи за проучување на овие проблеми.

Еден од најпогодните облици, кој е најприменуван во современите методи на сеизмолошките истражувања и нивната директна примена во инженерската сеизмологија, е спектралниот облик на сеизмичките поместувања, кој, меѓу другите методи, експлицитно е објаснет во **Глава 5**.

Во **Глава 6** се претставени резултатите од теоретските и инструменталните проучувања на осцилациите на Земјата како целина, упатувајќи на сознанието дека долготрајните долгопериодични осцилации на Земјата по многу силни земјотреси можат да придонесат до уривање и други непожелни ефекти.

Глава 7 се однесува на интерпретацијата на сеизмограмите. Дадени се сите детали кои се користат во секојдневната сеизмолошка практика. Прикажани се дури и алатките со кои директно од сеизмограмот може да се детектира разурнувачката моќ на одделни земјотреси, што е од посебно значење за стручњаците што се занимаваат со земјотресното инженерство.

Во **Глава 8** се дадени основните карактеристики на сизмичкиот шум, а во **Глава 9** – ефектите на земјотресот врз поместувањето на одделни почвени слоеви. Како заклучоци кои произлегуваат од анализата на овие проблеми може да се наведе неопходноста од понатамошна анализа на овие придружни појави во сеизмологијата.

Основните параметри на земјотресите како што се локацијата на хипоцентарот, ослободената енергија, магнитудата и редица други параметри главно се добиваат врз основа на инструменталните сеизмолошки податоци. Начините на кои тие се детерминираат се прикажани во **Глава 10**. Дискутирани се магнитудните скали, како и макросеизмичките скали, а претставени се и макросеизмичките методи за одредување на епицентарот на земјотресот. Посебен осврт е даден на Европската макросеизмичка скала од 1998 година, која е сега во употреба.

Во **Глава 11** е даден преглед на современите теории за тектонските активности на Земјината кора, со толкувања на постанокот на тектонските земјотреси. Дадени се основни дефиниции на сизмичкиот циклус како посебен тектонски циклус, како и теоретските проучувања на овој циклус преку механиката на ломење и теоријата на дислокации. Коментирана е и тектониката на плочи како една од најсовремените теории на глобалната тектонска активност. Приложените графички прилози многу добро го илустрираат овој проблем. На овој начин се стекнува целосен увид во најсовремените толкувања за постанокот на тектонските земјотреси.

Во **Глава 12** се дискутирани параметрите на сеизмичкиот извор кој се формира во внатрешноста на тектонските плочи, чиј најверојатен модел на извор е динамичкото раседување на нов или постоечки расед. Прикажани се основните равенки од теоријата на дислокации кои го опишуваат движењето на материјалот на Земјата, а кои се неопходни за двата најчесто употребувани параметра во сеизмологијата: механизам на жариште и тензор на сеизмички момент. Дадени се сите методи за отчитување на параметрите на раседување во геологијата и сеизмологијата.

Податоците за глобалната тектоника со полезни споредби во табеларен и графички облик, дадени се во **Глава 13**. Посебно ја потенцирам споредбата на фреквенциите на појавување и енергијата на тектонските земјотреси со магнитуда во одредени интервали.

Во **Глава 14** прикажани се тектонските карактеристики и сеизмичноста на дел од Балканскиот Полуостров (југозападниот дел), во кој се наоѓа и територијата на Македонија. Од нив може да се извлечат многу корисни сознанија за секојдневната инженерска практика, а посебно за анализата на сеизмичкиот хазард.

Можностите за долгорочна прогноза на појавата на земјотресите претставена преку познатиот Gutenberg-Richter-ов закон за фреквенција на земјотресите, но и со други геофизички методи, прикажани се во **Глава 15**. Излагањето на овие можности е доста полезно, со оглед на тоа што прогнозата на земјотресите е еден од клучните проблеми на сеизмологијата, екологијата, градежништвото и други сфери.

Во цитираната литература се наведени повеќе релевантни референци од автори од цел свет, при што многу референци се од последните години.

Во Прилогот се прикажани 10-те најсилни земјотреси случени во светот по 1900 година, како и список на голем број силни земјотреси случени пред 1900 година.

З А К Л У Ч О К

Овој ракопис во целост ја задоволува неговата намера, да послужи како наставно помагало од областа на сеизмологијата на студентите на постдипломските студии од областа на инженерската сеизмологија и земјотресното инженерство. Дури и многу повеќе, овој труд можат да го користат и оние кои од разни побуди се интересираат за сеизмологијата како научна дејност.

Ракописот е пишуван на англиски, на еден многу јасен и прифатлив стил дури и при објаснувањето на некои сложени процеси кои се предмет на сеизмологијата.

Илустрациите (графичките прилози и табели) кои се користат во овој труд се внимателно одбрани и во голема мера го надополнуваат самиот ракопис.

Со посебно задоволство сакам да му препорачам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го прифати овој труд и да го препорача за печатење како посебна книга. На крај, на авторите на овој труд сакам посебно да им честитам за вложениот труд, кој резултира во една прекрасна книга.

Скопје, 9.4.2013 г.

Рецензент

Д-р Владимир Михаилов,
ред. проф на ИЗИИС во Скопје, во пензија, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ „*AN INTRODUCTION TO SEISMOLOGY*“ ОД Д-Р ВЕРА ЧЕЈКОВСКА, Д-Р ЛАЗО ПЕКЕВСКИ, Д-Р ДРАГАНА ЧЕРНИХ-АНАСТАСОВСКА

Со одлука бр. 07-491/3 од 8.4.2013 г. на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје, донесена на седницата одржана на 28.3.2013 г. по предлог на Институтот за физикаод седницата одржана на 14.3.2013 г., како рецензенти за оценка на горенаведениот ракопис избрани се:

1. д-р Драган Хаџиевски, ред. проф. на ПМФ – Скопје, во пензија;
2. д-р Владимир Михаилов, ред. проф на ИЗИИС – Скопје, во пензија.

Во тоа својство, по извршениот преглед и анализа на текстот на поднесениот ракопис, имам чест и задоволство до Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

За изборот за рецензент на овој ракопис сум информиран уште од денот на донесувањето на одлуката, односно од 28.3.2013 г., кога е одржана седницата на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје на којашто е извршен самиот овој избор. Веќе утредента ракописот ми беше доставен на увид од авторите. Инаку, исто така напоменувам дека, како поранешен долгогодишен раководител на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, каде што авторите на ракописот, д-р Вера Чејковска, д-р Лазо Пекевски и д-р Драгана Черних-Анастасовска ги извршуваат своите работни задачи, постојано одржувам стручни контакти со вработените во оваа институција. Така, запознаен сум со настанувањето на наведениот ракопис уште во текот на минатата, 2012 година. Настанувањето на овој ракопис е поттикнато од одржувањето на предавања од областа на сеизмологијата од страна на стручните лица во Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје на меѓународните постдипломски студии од областа на земјотресното инженерство организирани од Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) од Скопје. Од овде е и идејата ракописот да се пишува на англиски јазик, бидејќи официјален јазик за наведените постдипломски студии е англискиот.

Овде ја приложувам мојата стручна оцена на наведениот ракопис.

Во белешката на авторите на овој ракопис, поместена во ракописот пред воведната глава, самите автори наведуваат дека главната намена на ракописот е да им ги обезбеди потребните знаења од областа на сеизмологијата на студентите на постдипломски студии од областа на земјотресното инженерство, но дека во исто време ракописот има воведувачки карактер за студентите по физика кои намераваат да се насочат кон сеизмологијата и физиката на внатрешност на Земјата, како и информативен карактер за читатели професионално определени во природните и техничките науки.

Ценам дека ракописот ги остварува сите наведени цели.

Ракописот се состои од воведна глава, петнаесет (15) глави, листа на користена литература и еден (1) прилог.

Во воведната глава, со поднаслов *Главни предмети и дефиниции во сеизмологија*, во еден одличен сублимен стил, изнесени се искуствените и научните дефиниции на земјотресот како природна појава, определена е

позиционираноста на сеизмогијата во денешната класификација на науките, изложен е развојот на сеизмологијата од антички времиња до денес, претставени се двата вида на научно толкување на земјотресот во сеизмологијата (ширење на механички бранови или принудни осцилации на Земјата како целина), прикажани се основните задачи на сеизмогијата – директните и обратните задачи за земјотресот и неговиот извор, заедно предусловите за нивно решавање, потенцирана е неопходноста за моделирања на градбата и физичката состојба на Земјата и сеизмичките извори што произлегува од поставката на основните задачи на сеизмогијата, како и сумарен преглед на сите најсовремени методи во овие моделирања.

Во Глава 1 се претставени сите најглавни карактеристики на современите модели на градбата, физичката состојба и физичките процеси на Земјата, според резулатите од сеизмолошките и другите истражувања.

Главните параметри на земјотресите и нивните класификации се дадени во Глава 2, а сеизмолошката инструментација од сите периоди на развојот на сеизмологијата, сè до денес, е претставена во Глава 3, со одлични илустрации.

Основните типови на сеизмички бранови (просторни и површински) и особините на нивното простирање во хетерогената и слабо вискозна Земја, заедно со најсовремените методи на проучување на овие проблеми, се прикажани во главите 4 и 5. Во Глава 5 се дава експлицитно и спектралниот облик на сеизмичките поместувања, како облик кој е најпоген за современите методи на сеизмолошките истражувања и нивната примена во инженерската сеизмологија и земјотресното инженерство.

Глава 6 концизно ги претставува резултатите од теоретските и инструменталните проучувања на осцилациите на Земјата како целина, упатувајќи на сознанието дека долготрајните долгопериодични осцилации на Земјата по многу силните земјотреси можат да придонесат до многу непожелни последици – уривања и сл.

Интерпретацијата на сеизмограмите, со сите најнеопходни детали во секојдневната сеизмолошка пракса, тука придружни со илустрации и основни формули, е дадена во Глава 7. Оваа интерпетација е изложена така што читателите кон кои е упатен ракописот можат дури и да се оспособат за секојдневна анализа на сеизмограмите. Наведени се дури и алатките со кои од сеизмограмот директно може да се препознае уривачката моќ на некој земјотрес, што е од особено значење за професионалците од земјотресното инженерство и пошироко.

Сеизмичкиот шум и ефектите на земјотресот врз поместувања на почвените слоеви се дадени во главите 8 и 9, соодветно. Изведените заклучоци се упатни за неопходните анализи на овие придружни појави во сеизмологијата, инженерската сеизмологија и земјотресното инженерство.

Одредувањата на главните параметри на земјотресите според инструменталните сеизмолошки податоци, а тоа се локацијата на хипоцентарот, земјотресната енергија и магнитудата според разни магнитудни скали, како и одредувањата на интензитетот на земјотресот според разни макросеизмички скали (со посебно претставување на најновата, Европската макросеизмичка скала од 1998 година) – се дадени во Глава 10. Овде се претставени и макросеизмичките методи (методи кои користат макросеизмички податоци) во одредувањето на локацијата на хипоцентарот на земјотресот.

Глава 11 е многу упатна за стекнување на увиди во најсовремените толкувања на постанокот на тектонските земјотреси. Се даваат основните изводи од дефинициите на сеизмичкиот циклус како посебен тектонски циклус, како и од теоретските проучувања на овој циклус со современата механика на ломење и теоријата на дислокации. Даден е и еден преглед на најсовремената теорија на глобалната тектонска активност – тектониката на плочи, со посебни

акценти на деловите на оваа теорија кои се однесуваат на тектонските земјотреси.

Глава 12 е посветена на тектонските земјотреси во внатрешноста на тектонските плочи (внатреплочни земјотреси), чиј најверојатен модел на извор е динамичкото раседување (динамичко релативно лизгање на крилата) на нов или постоен расед. Прелистани се главните параметри за ваквиот сеизмички извор. Дадени се оние равенки од теоријата на дислокација кои го опишуваат движењето на Земјиниот материјал што се неопходни за дефинирањето на двата најчесто наведенувани параметра на ваквиот сеизмички извор во секојдневната сеизмолошка практика: механизам на жариштето и тензор на сеизмичкиот момент. Опишани се сите параметри на разните видови рамни раседи и конвенционално прифатените правила за нивно отчитување во сеизмологијата и геологијата. Од особена корист се дадените споредби меѓу разните видови рамни раседи и на дијаграмите на механизам на жариштето.

Глава 13 ги претставува податоците за глобална неотектоника и набљудувана сеизмичност, со полезни споредби (во табели или графици) на фреквенциите на појавување и енергиите на тектонските земјотреси со магнитуди во одредени интервали.

Неотектониката и сеизмичноста на југозападниот дел на Балканот, вклучително со територијата на Република Македонија, е дадена во Глава 14. Од неа можат да се извлечат многу сознанија корисни за секојдневната работа на стручњаците од сеизмологијата, инженерската сеизмологија и земјотресното инженерство, особено во областа на сеизмичкиот хазард и ризик.

Можностите за долгорочна и краткорочна прогноза на тектонските земјотреси се претставени во Глава 15, на начин кој побудува интерес за натамошни истражувања во оваа насока.

За сите постапки на анализа во секојдвевната сеизмолошка практика, наведени се во светот најпознатите и најкористените компјутерски програми и софтвери.

Илустрациите преземени од други извори се внимателно одбрани, а даден е голем број на цртежи и илустрации од самите автори.

Во многу од главите на овој ракопис се цитирани и наведени резултати од сеизмолошките и тектонските истражувања во Република Македонија, што е уште еден полезен аспект на ракописот.

Во цитираната литература, наведени се околу 70 референци од автори од целиот свет, вклучувајќи ги и македонските, при што многу од овие референци се од последната деценија.

Во Прилогот на ракописот се дадени 10-те најсилни земјотреси во светот по 1900-тата година, како и подолг список на силните историски земјотреси во светот (земјотресите пред 1900 година).

З А К Л У Ч О К

Накратко кажано, овој ракопис, на релативно мал број страници (околу 100-тина страници во А4-формат) прикажува огромен број на сознанија од областа на сеизмологијата, опишувајќи притоа и завиден број на сеизмолошки алатки на начин што тие да можат веднаш да се усвојат за користење. Сето ова е искажано на англиски јазик, кој е истовремено професионално коректен и лесен за следење.

Со тоа, авторите на овој ракопис успеваат да дадат еден едноставен пристап до комплицираните научни проблеми и сознанија од сеизмологијата, пристап кој навистина може да ги обезбеди потребните знаења од областа на сеизмологијата на студентите на постдипломски студии од областа на земјотресното инженерство и на студентите по физика заинтересирани за специјализирање во областите на сеизмологијата и физиката на внатрешност на

Земјата, како и соодветно да ги информира читателите професионално определени во другите природни науки и техничките науки.

Согласно со наведеното, препорачувам ракописот да биде прифатен за печатење во засебна книга.

Уште би дополнил дека со евентуалниот превод на македонски јазик на таа новообјавена книга би се потполнила македонската терминологија од областа на сеизмологијата, а сеизмолозите во нашата Република би се стекнале со еден корисен прирачник на сопствен јазик.

Скопје, 9.4.2013 г.

Рецензент

Д-р Драган Хаџиевски,
ред. проф на ПМФ во Скопје во пензија, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАИЈА „МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ И НАДОВРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1991-2005)“ ОД М-Р ВАЛЕНТИНА КОСТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 36. редовна седница одржана на 27.3.2013 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на тема „Меѓународните односи и надворешната политика на Република Македонија (1991-2005)“, изработена од докторантката м-р Валентина Костовска. Во тоа својство, по направената проверка за плагијати, имаме чест на Наставно-научниот совет да му го доставиме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов „Меѓународните односи и надворешната политика на Република Македонија (1991-2005)“, изработена од докторантката м-р Валентина Костовска, опфаќа 321 страница текст компјутерска обработка и содржи вовед, седум глави со повеќе поглавја, заклучок, прилози и библиографија на користени извори и литература. Темата се однесува на најновата историја на Република Македонија во периодот од нејзиното осамостојување во 1991 година до 2005 година кога, условно се заокружува еден период од нејзината надворешна политика со добивањето кандидатски статус за членство во Европската унија. Притоа, анализата тргнува од состојбите во меѓународните односи, поспецијално на Балканот, од аспект на нивното влијание врз меѓународната положба на Република Македонија и врз правците и содржините на нејзината надворешна политика.

Во воведот на трудот докторантката ги посочува предметот и главните параметри на нејзиното истражување, односно ги дефинира предметот и применетите методи во научноистражувачката работа. Во функција кон потемелното навлегување врз одделни прашања од дефинираната тема, обработена е првата глава на трудот, под наслов „Меѓународните односи во Европа по падот на Берлинскиот ѕид“. Тука низ три подглави се обработуваат различни аспекти од создавањето на политичката карта на Европа ипричините за распадот на СФРЈ, со посебен акцент на улогата на меѓународниот фактор.

Тргнувајќи од историскиот чин на падот на комунистичките режими, крајот на Студената војна и создавањето на новата политичка карта на Европа, распадот на Југославија и факторите кои беа најтесно поврзани со тие политички промени и процеси, м-р Костовска мошне успешно нè воведува во содржините на втората глава - "Осамостојувањето на Република Македонија" кое всушност е поставено во корелација и контекст на сите наведени случувања. Притоа се проследени чекорите на осамостојувањето и прогласувањето на Република Македонија како самостојна и суверена држава, политичките промени како и економско-социјалните проблеми со кои се соочува државата во периодот 1991 – 2005 година. Посебна важност е дадена на најважните акти со кои се градеше сувереноста, при што како прв голем чекор е посочена Декларацијата за самостојност, сувереност и независност на Република Македонија донесена на 25 јануари 1991 година. Според докторантката, меѓународноправно опсервирана, Декларацијата била политички израз на несомнената волја на македонскиот народ да го практикува неоспорното, неотуѓивото и непотрошливото (трајно) право на самоопределување, како и правото на отцепување. Во овие рамки е проследена Одлуката за распишување референдум за независност и за сувереност на Република Македонија и спроведувањето на референдумот на *8 септември 1991 година*, чии резултати биле потврдени од Собранието на Република Македонија на седницата од 17 септември 1991 година. По анализата на овие клучни моменти од почетоците на историјата на независна Република Македонија, поопсежно се анализирани активностите на експертската влада и нејзините напори да се обезбеди мирен развој на државата наспроти вонредно сложената, воено-безбедносна ситуација во Југославија, повлекувањето на Југословенската армија од територијата на Република Македонија, активностите околу признавањето на Република Македонија и нејзино зачленување во повеќе меѓународни асоцијации како и во ООН.

Во целокупната активност на македонските влади неизбежно се проткаени проблемите од меѓународната положба на Република Македонија, особено грчкото противење кон уставното име на државата, економските и политичките притисоци од надвор кои резултирале во промена на знамето и промена на дел од уставот со потпишување на привремената спогодба. Во истиот период, проследено до 1997 година, Република Македонија има и лоши социо-економски услови, пад на индустриското производство, лоша приватизација, зголемување на невработеноста и пад на животниот стандард на граѓаните.

Тргнувајќи од конкретните историски услови и сложената меѓународна позиција на Република Македонија, во третата глава од трудот м-р Костовска го елаборира проблемот на институционалното организирање, целите и содржините на надворешната политика на Република Македонија. Покрај податоците околу конституирањето и функционирањето на Министерството за надворешни работи, собранските комисии, посебните тела и служби, се дава и приказ на македонската дипломатска активност. Тука се констатира фактот дека надворешната политика на Република Македонија, во основа, била насочена кон градење на конструктивни добрососедски односи со сите држави од непосредното и поширокото соседство - како на билатерален план, така и во рамките на

регионалните иницијативи и проекти. Истовремено, не се отстапувало од зацртаните стратешки цели – влез на Република Македонија во НАТО и Европската унија.

Во четвртата глава – „Надворешната политика и меѓународната положба на Република Македонија по осамостојувањето", докторантката се фокусирала на неколку клучни проблеми, меѓу кои во прв ред е проблемот на меѓународното признавање на Република Македонија. Всушност, чекорите кои Република Македонија ги презела на планот на постигнување на суверенота, пред сè, демократски спроведениот референдум на кој беше изразена волјата на граѓаните, а посебно со првиот устав на земјата втемелен врз европската граѓанска традиција водеа кон барање државата да добие меѓународно признавање. Затоа, со полно право претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, со писмото од 2 декември 1991 година упатено до сите шефови на држави и влади во светот бара признавање на независноста на Република Македонија. Понатаму, како важни во овој процес се наведени Декларацијата за дисолуција на Југославија на Европскиот совет на Европската заедница од 16 декември 1991 година; Декларација за меѓународно признавање донесена на 19 декември 1991 година од Собранието на Република Македонија, со која се прифаќа Декларацијата на ЕЗ и се поставува барањето за меѓународно признавање на Република Македонија. Истовремено, почнале активности за членство на Република Македонија во ООН, имајќи предвид дека тоа е Организација која ги обединува сите држави и ги координира сите активности преку кои би требало да се обезбедува мир и соработка во светот. Согласно со Одлуката на Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, на 30 јули 1992 година упати писмо до генералниот секретат на ОН, Бутрос Гали, во кое побара прием на Република Македонија во ООН. Напорите на Република Македонија и нејзината борба да биде меѓународно признат субјект на светската политичка сцена не биле залудни. Меѓу првите држави кои ја признале Република Македонија под нејзино уставно име е Република Бугарија, која тоа го сторила на 15 јануари 1992 година.

Сепак, меѓународното признавање на Република Македонија и релизирањето на нејзините надворешнополитички цели, за разлика од другите републики на поранешната СФРЈ, одеше многу потешко, при што дојдоа до израз историските хипотеки и сложените односи на Балканот, а пред сè проблемот со непризнавање на националните малцинства во одделни држави.

Така, во петтата глава на трудот, под наслов „Соседните држави и нивното влијание врз европските интеграции на Република Македонија", м-р Костовска низ посебни подглави ги проследува односите на нашата држава со Сојузна Република Југославија, со Република Албанија, Република Бугарија и Република Грција. Наведените држави, секоја на свој начин, искажале одредени резерви или несогласувања во однос на новата политичка карта на Балканот. Така, иако Бугарија, прва ја призна независноста на Република Македонија, таа го задржа некогашниот негаторски однос кон посебноста на македонскиот народ, јазик и историја.

Долго време односите помеѓу СР Југославија и Република Македонија не биле официјализирани на дипломатско ниво. Република Македонија воспоставила целосни дипломатски односи на ниво на амбасади со СР Југославија дури на 8 април 1996 година. Меѓутоа, и покрај се, долго време по осамостојувањето на Р.Македонија односите со СР Југославија биле прилично затегнати кое во прв ред беше заради необележаната и меѓународно непризната меѓудржавна граница. По многу средби и договарања конечно дојде до решение за утврдување на границата во февруари 2001 година.

Односите меѓу Република Македонија и Република Албанија биле во знакот на тешката транзиција на двете држави, но истовремено оптоварени со проблемот на незадоволството на Албанците како национално малцинство во рамките на македонската држава. Со користење на историски фалсификати се пласирале големодржавни аспирации. Докторантката прецизно разграничила неколку периоди во однос на развојот на македонско-албанските односи, при што за најделикатен го смета периодот 1998-2003, кога дојде и до нарушување на мирот во Македонија, предизвикан од наводната борба за човекови права на Албанците, која на крајот се сведе на етничко чистење на Македонците од северозападниот дел на Македонија и заврши со потпишувањето на Рамковиот договор во Охрид. Сепак, периодот по потпишувањето на Јадранската повелба е забележан со затоплување на односите меѓу двете соседни држави. Она што ги приближувало Скопје и Тирана биле заедничките евроатлантски интеграции.

Во анализата на меѓудржавните релации на Балканот, сепак, најсериозена пречка во воспоставувањето поинаква политичка клима е односот на соседна Грција која оптоварена со историски хипотеки и со проблемот на непризнавање на македонското малцинство во нејзините граници, сериозно го попречи патот на Република Макеонија кон ЕУ и НАТО. Во овој контекст, таа го наметна спорот со името, односно од меѓународната заедница бара ексклузивитет во користењето на името Македонија и промена на уставното име на нашата држава. Но, не е во прашање само името Република Македонија, туку се работи и за целокупниот македонски идентитет поврзан со јазикот, историјата, културата. Така, наведува докторантката, барањето на компромис за името ја усложнува меѓународната позиција на Република Македонија. Дури, и барањето на Република Македонија да биде призната под уставното име во ООН наишло на спротивставување на грчката дипоматија, која побарала промени во Уставот, знамето и името на државата. Така, во низа меѓународни организации, како и во ООН, Република Македонија била примена под привремената референца – Поранешна Југословенска Република Македонија. Покрај невидениот дипломатски притисок и пропаганда, Република Грција посегнувала и кон затворање на границата, воспоставување економска блокада, како и кон разни методи на специјална војна со цел да ја дестабилизира Република Македонија и да ја ослабне нејзината меѓународна позиција. Проследувајќи го целокупниот процес на притисок на Грција врз Македонија, како и реакциите на поширокото опкружување, докторантката заклучува дека во надворешната политика на Грција постоеле две тенденции на третманот на Република Македонија. Според едната тенденција,

која била нихилистичка, националистичка и претставувала реликт од времето на Студената војна, најдобрата опција за Грција би била доколку Република Македонија воопшто не постои како држава. Другата опција е преименување на Република Македонија, при што Грција нема никогаш да ја признае државата во чиј назив фигурира зборот Македонија.

Надворешниот притисок и историските хипотеки на Балканот, според м-р Костовска, имале повратно дејство и врз внатрешната ситуација и стабилност на Република Македонија како мултикултурно и мултиетничко општество. Притоа, аспектот на меѓуетничките односи и вооруженият конфликт во 2001 година, со целата негова комплексност – причини, повод, фактори и учесници се обработува во шестата глава на трудот која носи наслов „Внатрешната состојба на нестабилност во Република Македонија". Всушност, и покрај фактот што Македонија по мирен пат се раздружи од југословенската федерација, конфликтот во 2001 година ја покажал целата ранливост на Република Македонија и на целиот регион, кој и покрај започнатите евроатлански интеграции сè уште не излегол од кожурокот на „балканизацијата". Под притисок на меѓународната заедница бил потпишан Рамковен договор, по кој следува фазата на разоружување на припадниците на ОНА. Разорожувањето спроведено под покровителство на припадници на НАТО во соработка со Министерството за внатрешни работи на Република Македонија именувано како акција „Жетва", всушност повеќе имаше пропагандно-психолошки отколку реален ефект. За тоа зборува фактот дека Министерството за внатрешни работи и по „Жетвата" многукратно разоткрива бункери со големи количини современо оружје. Поради пречувствителноста на темата, докторантката заклучува дека македонските и албанските аналитичари мошне внимателно се занимавале со анализата на кризата од 2001 година, за која сепак постојат повеќе толкувања.

Во седмата глава на трудот „Република Македонија и меѓународните организации", во шест подглавја, докторантката поименично ги разработува различните аспекти на меѓународната соработка на Република Македонија со најзначајните меѓународни асоцијации – ООН, ОБСЕ, Советот на Европа, НАТО, Европската унија и други позначајни меѓународни организации во чие членство е примена во периодот 1991-2005 година. Во овие рамки, се наведува оценатa дека со својот конструктивен однос и активности во меѓународните организации и тела во кои членува, Република Македонија ја потврдува заложбата за зачувување на меѓународниот мир и безбедност. Истовремено, го реафирмира ставот за јакнење на мултилатерализмот како инструмент за промоција на мирот, демократијата, човековите права и економскиот развој.

Во заклучните сегмети се нагласува дека денес Република Македонија е призната, независна и самостојна држава којашто воспоставила дипломатски односи на амбасадорско ниво со повеќе земји од сите континенти, што претставува најширока основа за меѓународна соработка. Таа ја зацврснала својата независност и суверености го зајакнала процесот на остварување на клучните промени во демократскиот, правно-политичкиот и економскиот развој. Истовремено ја зацврстила позиција во меѓународните институции и

организации, а продолжила посветено да работи врз целосна реализација на нејзините евроатлантски аспирации.

На крајот од трудот се поместени 11 различни прилози и табели во кои се проследува хронологијата на повеќе процеси од внатрешнополитичкиот и надворешнополитичкиот аспект на развојот на Република Македонија, што претставува мошне значаен дел на еден историографски труд.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов „Меѓународните односи и надворешната политика на Република Македонија (1991-2005)", изработена од докторантката м-р Валентина Костовска, обработува повеќе аспекти и прашања околу насловната тема, кои композициски и содржински се добро подредени и прават една заокружена целина. Анализите, исказите и заклучоците се поткрепени со соодветна научно-документарна подлога. Притоа, докторантката покажала висок степен на примена на научната методологија, комбинирајќи го историско-компаративниот метод со методот на дедукција и индукција, методот на анализа и синтеза, методот на актуализација, дескриптивниот метод итн. Особено внимание е посветено на мултиперспективниот пристап преку користење на бројни извори, документи, искази, акти и литература од различна провениенција.

Докторската теза целосно обработува едно историографски необработено прашање од најновата историја на современата македонска држава и претставува значаен придонес кон македонската историографија. Научната втемеленост на изнесените факти и толкувања и издржаниот категоријален систем се поткрепени со јасен стил и јазик. Вака реализираниот приод несомнено претставува истражувачко-синтетизирачки креативен ангажман на докторантката Костовска.

Тргнувајќи од гореизнесените оцени и факти, имаме чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложиме да го усвои овој позитивен извештај и докторантката м-р Валентина Костовска да ја допушти на усна одбрана на докторската теза.

Скопје,

8.3.2013

Комисија

Проф. д-р Виолета Ачкоска, с.р.
Проф. д-р Маргарита Пешевска, с.р.
Проф. д-р Методија Манојловски, с.р.
Проф. д-р Никола Жежов, с.р.
Проф. д-р Далибор Јовановски, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИЗА НА ОРГАНИЗИРАНОСТА НА ГОВОРОТ И ЈАЗИКОТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ СО ЛЕСНА МЕНТАЛНА РЕТАРДАЦИЈА ВО ОДНОС НА НИВНИТЕ ВРСНИЦИ ОД РЕДОВНИТЕ УЧИЛИШТА“ ОД М-Р АНЕТА ХРИСТОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 23.1.2013 година, формирана е Комисија за оцена на докторската дисертација **„Анализа на организираноста на говорот и јазикот кај учениците со лесна ментална ретардација во однос на нивните врсници од редовните училишта“** на м-р Анета Христова, во состав:

1. проф. д-р Миле Вуковиќ
2. проф. д-р Зора Јачова
3. проф. д-р Горан Ајдински
4. проф. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ и
5. проф. д-р Наташа Чичевска Јованова.

По прегледот и анализата на ракописот на изработената докторска дисертација, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на м-р Анета Христова е напишана на 238 страници, вклучувајќи библиографија и прилози.

Ракописот на докторската дисертација се состои од пет дела: 1. Теоретски основи на истражувањето, 2. Методологија на истражувањето, 3. Резултати од истражувањето, 4. Дискусија и 5. Заклучоци.

Првиот дел, *Теоретски основи на истражувањето*, содржи три поглавја, и тоа: Интелектуална попреченост, Говор, јазик и комуникација и Релевантни емпириски истражувања.

Во поглавјето *Интелектуална попреченост*, прикажани се позначајни дефиниции, можни етиолошки чинители, класификација и преваленција на интелектуалната попреченост. Посебно се прикажани карактеристиките на лицата со лесна интелектуална попреченост, од говорен, когнитивен, емоционален и социјален аспект. Поглавјето *Говор, јазик и комуникација* содржи дефиниција на говорот, јазикот и комуникацијата, како и детален приказ на фазите на развој на говорните и јазичните функции. Поглавјето *Релевантни емпириски истражувања* е компонирано од прегледи на досегашни истражувања на

нарушувања во говорот и јазикот кај децата со типичен и атипичен развој. Кандидатката во ова поглавје има дадено преглед на најнови резултати од истражувања на говорот и јазикот кај децата со лесна интелектуална попреченост, кои, од една страна, ги осветлуваат специфичностите на говорните и јазичните способности, а од друга страна, отвораат низа прашања кои мотивираат на понатамошни истражувања во оваа област.

Во вториот дел, *Методологија на истражувањето,* формулирани се предметот на истражувањето, целта, задачите и хипотезите на истражувањето, потоа се опишани местото и времето на истражувањето, примерокот на истражувањето, испитуваните варијабли, методи, техники и инструменти на истражувањето.

Основни *цели на истражувањето* беа: а) да се утврди организираноста на говорот и јазикот кај децата со лесна интелектуална попреченост; б) да се утврдат облиците на нарушување на вербалната комуникација; в) поврзаност на говорно-јазичните способности со успехот по македонски јазик и општиот успех во училиштето.

Поаѓајќи од општата хипотеза дека децата со лесна интелектуална попреченост имаат ниско ниво на говорно-јазична организираност во споредба со децата со типичен развој, кандидатката постави неколку посебни хипотези од кои издвојуваме:

1. Се претпоставува дека постои статистички значајна поврзаност помеѓу успехот по македонски јазик и организираноста на говорот и јазикот, односно колку е успехот по македонски јазик подобар, толку и организираноста на говорот и јазикот е подобра.

2. Се претпоставува дека испитаниците кои постигнуваат подобри резултати на тестовите за говорни и јазични способности имаат подобар општ успех во училиштето.

3. Постои статистички значајна поврзаност помеѓу степенот на интелигенција и организираноста на говорот и јазикот; колку е повисок степенот на интелигенција, толку и организираноста на говорот и јазикот е подобра. За проверка на оваа хипотеза, експерименталната група е поделена во две подгрупи. Првата група ја сочинуваа испитаници со IQ на долна граница на лесна интелектуална попреченост, а другата испитаници со IQ на горна граница на лесна интелектуална попреченост.

4. Се очекува возраста на испитаниците да корелира со нивото на организираност на говорот и јазикот.

Примерокот на истражувањето го сочинуваа 200 ученици од основношколска возраст (III-V одд. - ученици со типичен развој од редовните

паралелки-деветгодишно образование, III одд.-ученици од посебните паралелки и училишта-деветгодишно образование, III и IV одд.-ученици од посебните паралелки и училишта-осумгодишно образование, кое соодветствува на IV и V одд. деветгодишно образование, поради подоцнежното започнување на деветгодишното образование во посебното школство). Примерокот е поделен во две групи: експериментална и контролна. *Експерименталната група* е формирана од 100 ученици со лесна интелектуална попреченост. Во рамките на експерименталната група, формирани се две подгрупи: а) ученици со лесна интелектуална попреченост - една подгрупа ученици со IQ на горна граница на лесна интелектуална попреченост и б) ученици со IQ на долна граница на лесна интелектуална попреченост. За определување на IQ е користен Гудинаф-тест за интелигенција. *Контролната група* ја сочинуваат 100 ученици со типичен развој од редовните основни училишта кај кои не се евидентирани никакви отстапувања, а која со првата група е изедначена според одделение, пол и број. За утврдување на нивото на организираност на говорот и јазикот истражувани се следниве варијабли: *фонемска свесност, артикулација и употреба на гласови, рецептивен говор, активен говор, семантичка развиеност, вербални асоцијации, способност за читање и правопис*. Во согласност со целите и варијаблите на истражувањето, користен е цел сет на добро одбрани мерни инструменти, т.е. тестови, кои се приспособени на македонскиот јазик.

Во статистичката обработка на податоците применети се методи на дескриптивна статистика и статистика на заклучување.

Централен и најзначаен дел на оваа докторска дисертација претставуваат поглавјата *Резултати од истражувањето* и *Дискусија*.

Резултатите се изложени по логички редослед, според хипотезите и варијаблите на истражувањето. Најнапред се прикажани резултатите од децата со лесна интелектуална попреченост, потоа резултатите од децата со типичен развој и на крајот напоредната анализа на добиените резултати. Резултатите се прикажани табеларно и графички, при што сите податоци во табелите и графиконите се придружени со коментар за постигнувањата на поединечните тестови и значајноста на разликите помеѓу испитаниците со лесна интелектуална попреченост и испитаниците со типичен развој. Исто така се коментирани резултатите на меѓусебна поврзаност на испитуваните варијабли на говорните и јазичните функции. Посебно е анализиран односот на испитуваните говорни и јазични функции и успехот по македонски јазик и општиот успех на учениците.

Во поглавјето *Дискусија,* кандидатката детално ги анализира и ги дискутира резултатите од своето истражување, ги доведува во врска со емпириски податоци од литературата и укажува на теоретското значење на добиените резултати. Евидентна е систематичноста и доследноста на кандидатката во интерпретацијата на резултатите.

Врз основа на резултатите од истражувањето, кои кандидатката аналитички и студиозно ги дискутира, изведени се *заклучоци,* од кои ги издвојуваме следниве:

1. Учениците со лесна интелектуална попреченост имаат пониско ниво на организираност на говорот и јазикот од нивните врсници со типичен развој од редовните училишта.

2. Постои поврзаност меѓу организираноста на говорот и јазикот и успехот по македонски јазик; учениците со подобри резултати на тестовите за говорни и јазични способности постигнуваат подобар успех по македонски јазик.

3. Постои поврзаност меѓу организираноста на говорот и јазикот и општиот успех на учениците; учениците со подобри резултати на тестовите за говорни и јазични способности имаат подобар општ успех во училиштето.

4. Постои поврзаност меѓу степенот на интелигенција и организираноста на говорот и јазикот, односно доколку степенот на интелигенција е повисок, толку и организираноста на говорот и јазикот е подобра. Учениците со повисок степен на интелигенција имаат поразвиени говорни и јазични способности од учениците со понизок степен на интелигенција.

5. Возраста на учениците директно корелира со нивото на организираност на говорот и јазикот, односно со порастот на возраста подобра е и организацијата на говорот.

6. На крај може да се заклучи дека сите хипотези од истражувањето се потврдени.

Литературата содржи 173 библиографски единици кои директно или индиректно ја допираат темата на оваа докторска дисертација. Кандидатката користела современи референци објавени на македонски, српски и англиски јазик.

На крајот од трудот приложени се тестови користени за испитување на зависните варијабли и собирање на податоци релевантни за ова истражување.

ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Врз основа на анализата на ракописот на докторската дисертација „**Анализа на организираноста на говорот и јазикот кај учениците со лесна ментална ретардација во однос на нивните врсници од редовните училишта**“ на м-р Анета Христова, сметаме дека оваа теза по својата содржина, оригиналност на резултатите, начинот на нивната презентација и интерпретација ги исполнува сите научни и стручни критериуми за една докторска дисертација. Кандидатот на оригинален начин ги претставил резултатите од своето истражување, кои инаку досега се малку обработувани во логопедијата.

Докторската дисертација „**Анализа на организираноста на говорот и јазикот кај учениците со лесна ментална ретардација во однос на нивните врсници од редовните училишта**“ на м-р Анета Христова претставува автентична емпириска студија од овој тип во областа на специјалната едукација и рехабилитација, чии резултати ќе ја збогатат, пред сè, логопедската теорија и практика.

Врз основа на сето изложено, Комисијата со задоволство му предложува на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да одобри јавна одбрана на докторската дисертација на м-р Анета Христова.

Во Белград,
25. 3. 2013 година

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Миле Вуковиќ, с.р.
2. Проф. д-р Зора Јачова, с.р.
3. Проф. д-р Горан Ајдински, с.р.
4. Проф. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ, с.р.
5. Проф. д-р Наташа Чичевска Јованова, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„МЕТОДИ И МОДЕЛИ НА ПОВЕЌЕКРИТЕРИУМСКО ОДЛУЧУВАЊЕ ВО МЕНАЏМЕНТОТ: ЕМПИРИСКА СТУДИЈА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ЕФИКАСНОСТА НА ОДРЕДЕНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**, ИЗРАБОТЕНА ОД **М-Р ВИОЛЕТА ЦВЕТКОСКА**, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука број 0202-919/2 од 5.4.2013 година, а врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), член 57 и 58 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.3.2013 година, именува Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **„Методи и модели на повеќекритериумско одлучување во менаџментот: емпириска студија за евалуација на ефикасноста на одредени организациони единици во Република Македонија“**, поднесена од кандидатката м-р Виолета Цветкоска.

По опстојното прегледување на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација на кандидатката м-р Виолета Цветкоска содржи вкупно 339 страници, од кои 15 страници се однесуваат на: апстракт, посвета, содржина, листа на слики, на табели и на кратенки, 14 страници се однесуваат на воведот, 194 страници се основен текст, 6 страници се однесуваат на заклучокот, 13 страници на литературата и 97 страници на прилози.

Образложената материја во докторската дисертација е структурирана во два дела (во првиот дел се обработени три глави, а во вториот дел две глави) со адекватен вовед и заклучок, според следниов редослед:

Вовед

Прв дел: Теоретско-методолошки разгледувања на повеќекритериумското одлучување

- **Глава 1** Науката за менаџмент во решавањето на проблеми на повеќе-критериумско одлучување
- **Глава 2** Метода аналитички хиерархиски процес (AHP)
- **Глава 3** Метода анализа на обвиени податоци (DEA)

Втор дел: Емпириска студија за евалуација на релативната ефикасност на филијалите на Комерцијална банка АД Скопје и за рангирање на нејзините експозитури

Глава 4 COOPER-овата рамка и *Window* DEA анализата за евалуација на релативната ефикасност на филијалите на Комерцијална банка АД Скопје

Глава 5 AHP модели за рангирање на експозитурите на Комерцијална банка АД Скопје

Заклучок
Литература
Прилози

Во **воведот**, кандидатката укажува дека е мошне значајно да се евалуира ефикасноста на организациските единици за да се добијат информации - кои од нив се карактеризираат како ефикасни во работењето, а на кои им се потребни одредени подобрувања за тие да можат да преминат на страната на ефикасните. Во таа насока, кандидатката се фокусира на можноста за примена на водечката непараметарска методологија за мерење на перформансите на организациските единици – анализа на обвиени податоци (*Data Envelopment Analysis* - DEA), како и на најпознатата и најчесто применуваната метода на повеќекритериумска анализа – аналитичкиот хиерархиски процес (*Analytic Hierarchy Process* - AHP) во една од водечките банки на територијата на Република Македонија – Комерцијална банка АД Скопје. Во овој воведен дел на докторската дисертација, кандидатката ги претставува подрачјето и предметот на истражување, а потоа ги дефинира и целите и потцелите на истражувањето, како и претпоставките кои сака да ги потврди преку спроведеното емпириско истражување во Банката. Понатаму, е даден преглед на литература на досегашните истражувања во кои водечката метода за мерење на релативната ефикасност на ентитетите - DEA се применува во банкарството, со посебен фокус на нејзината апликација во банкарски филијали во рамките на една банка. Исто така, потенцирани се и методите на истражувањето, и тоа: анализа и синтеза, генерализација и специјализација, метода на дескрипција, компаративна метода, метода на класификација, индуктивна и дедуктивна метода, метода на интервју, метода на анкета, статистички методи, *Window* DEA-анализата и повеќекритериумската метода AHP, така што нивната примена овозможила успешна реализација на трудот.

Во првиот дел од докторската дисертација се обработени главите: 1, 2 и 3.

Првата глава на трудот е посветена на моќната дисциплина наука за менаџмент (*Management Science* - MS) во решавањето на проблеми кои вклучуваат повеќе критериуми кои меѓу себе се конфликтни, а ваквите проблеми припаѓаат на релативно новото поле на оваа дисциплина – повеќекритериумското одлучување (*Multicriteria Decision Making* - MCDM). Во почетокот на оваа глава, кандидатката ја претставува синергијата меѓу дисциплината која користи научен пристап кон донесувањето на одлуки – квантитативната анализа, менаџментот и донесувањето на одлуки. Потоа го објаснува решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки со пристапот на науката за менаџмент/операционите истражувања, а исто така, дава општ осврт на различните методи на овој пристап. Во продолжение на главата, кандидатката опстојно го обработува повеќекритериумското одлучување со посебен фокус на повеќеатрибутивното одлучување (*Multiattribute Decision Making* - MADM), така што ја објаснува: трансформацијата на квалитативните вредности на атрибутите во квантитативни, векторската нормализација, линеаризацијата на атрибутите како и процентната трансформација. За решавање на проблемите на повеќеатрибутивното одлучување се развиени голем број на методи кои овозможуваат избор на најприфатливата алтернатива

или, пак, рангирање на алтернативите, а во рамките на оваа глава се презентирани и накратко се објаснети најпознатите и најчесто користените од нив, и тоа: методата на доминација, *maximin*, *maximax*, конјуктивната, дисјунктивната, лексикографската метода, методата ELECTRE и методата PROMETHEE, а посебно внимание е посветено на повеќекритериумската метода аналитички хиерархиски процес која детално е обработена во Глава 2. Кандидатката м-р Виолета Цветкоска укажува дека MCDM-методите можат да се применуваат за решавање на повеќекритериумски проблеми на одлучување кои припаѓаат на најразлични области, и тоа: образование, здравство, банкарство, земјоделство, производство, транспорт, спорт итн., а исто така, потенцира дека за тие се развиени моќни софтверски алатки кои овозможуваат нивна апликација во практиката. Потоа, се истакнува дека за решавање на сложени реални проблеми, како најчесто користени методи од страна на менаџерите се издвојуваат методите на повеќекритериумското одлучување, како и непараметарската метода DEA, а исто така е укажано дека постојат и бројни примери во кои се интегрирани MCDM-методите и DEA. Во таа насока, во вториот дел од дисертацијата кандидатката ги интегрира техниката *Window* DEA-анализа и методата AHP за да направи валидација на резултатите кои се необични. На крајот на главата се претставени и апликациите на повеќекритериумското одлучување во практиката.

Во **втората глава на трудот**, кандидатката опстојно ја обработува методата аналитички хиерархиски процес - AHP, така што прво се презентирани методолошките основи на AHP, а потоа посебно внимание е посветено и на математичките основи на методата. Во таа насока, се укажува дека при примена на методата AHP, проблемот на повеќекритериумско одлучување се декомпонира на: цел, критериуми (поткритериуми) и алтернативи со тоа што овие компоненти се претставуваат хиерархиски, и тоа целта се поставува на највисокото ниво, критериумите на првото, а алтернативите на второто ниво, а потоа е потребно доносителот на одлуки да ги спореди елементите на секое хиерархиско ниво во парови и преференциите да ги изрази со Saaty–евата скала на релативна важност која има 9 степени. Исто така, се потенцира дека може да се следи дали доносителот на одлуки е конзистентен во проценките. Кандидатката ги опишува и најпознатите софтверски алатки кои служат како поддршка на методата AHP, и тоа: *Expert Choice*, *Super Decisions* и *Decision Lens* кои воедно овозможуваат се поголема примена на оваа метода. Потоа, се укажува дека резултатите кои се добиваат со решавање на AHP-моделот се: тежинските коефициенти на критериумите и вкупните приоритети на алтернативите, така што врз основа на вкупните приоритети може да се изврши рангирање на алтернативите, а за да се испита осетливоста, односно стабилноста на конечните резултати на промената на влезните податоци, се спроведува сензитивна анализа. Во рамките на оваа глава се објаснети опциите на сензитивна анализа во програмската алатка *Expert Choice*. Во продолжение на главата се наведени предностите и ограничувањата на методата аналитички хиерахиски процес, и, исто така, е укажано дека оваа метода може да се применува во решавањето на широка лепеза на MCDM-проблеми, како на пример: планирање, оптимизирање, мерење на перформанси, поставување на приоритети, алокација на ресурси, предвидување на резултати, решавање на конфликти итн. Посебно внимание е посветено на примената на методата аналитички хиерархиски процес во операциѕкиот менаџмент, така што се опфатени следниве операциски теми: операциски стратегии, дизајн на процес и производ, планирање и

распоредување на ресурси, проектен менаџмент и менаџирање со синџирот на снабдување. Како надоградување на оваа метода е развиена методата аналитички мрежен процес (*Analytic Network Process* - ANP) која овозможува мрежно дефинирање на проблемот на одлучување и *feedback*-структура во моделот на одлучување. Во рамките на емпириското истражување кое е презентирано во вториот – апликативен дел на дисертацијата, како најсоодветна метода и за интеграција со техниката *Window* (прозорска) DEA-анализа за да се направи валидација на „необичните" резултати за релативната ефикасност на филијалите на Комерцијална банка АД Скопје кои се лоцирани низ Р. Македонија, како и за да се рангираат експозитурите на Банката кои се лоцирани во Скопје, кандидатката ја избира и ја аплицира методата АНР.

Во третата глава на трудот опстојно е обработена непараметарската, детерминистичка методологија анализа на обвиени податоци – DEA, која овозможува да се направи квалитетна анализа на ефикасноста на сложени и хомогени организациски единици кои во DEA-терминологијата се нарекуваат единици за кои се одлучува (*Decision Making Units* - DMUs). Кандидатката истакнува дека за да може да се конструира границата на ефикасност, неопходно е да се земат предвид податоците за користените ресурси, односно влезови и за резултатите кои се остварени, т.е. излезите на овие DMUs, така што оние единици кои ја формираат границата на ефикасност се карактеризираат како релативно ефикасни, а другите се релативно неефикасни. Исто така, таа потенцира дека информациите за изворите и за износите на неефикасност кои се добиваат со примена на методата DEA, можат значајно да им помогнат на менаџерите во донесувањето на одлуки со кои ќе се постигнат подобри резултати во работењето на DMUs. Понатаму, опстојно се обработени основните модели на методата DEA (*Charnes-Cooper-Rhodes* - CCR и *Banker-Charnes-Cooper* - BCC моделите) со влезна и со излезна ориентација, модифицираниот модел на Andersen и Petersen за мерење на суперефикасноста на DMUs, а посебно внимание е посветено и на техниката која овозможува да се зголеми бројот на DMUs, како и да се вклучи временска димензија во анализата – *Window* DEA-анализа, така што преку оваа техника може да се следи и стабилноста на резултатите, како и трендот на резултатите на релативната ефикасност на секоја од единиците во набљудуваниот примерок. Исто така, укажано е на комерцијалните и некомерцијалните софтверски пакети кои служат како поддршка на методата DEA, со посебен акцент на солидната софтверска алатка *Efficiency Measurement System* (EMS) која е користена во решавањето на моделите кои се конструирани во емпириското истражување. Во продолжение се истакнати предностите на оваа непараметарска метода, а укажано е и на нејзините ограничувања. Понатаму, потенцирано е дека во полето на оваа софистицирана метода на математичкото програмирање се објавени и повеќе од 4000 референци, така што најголемиот дел од нив се аплицирани во банкарството, образованието и здравството, и воедно се констатира дека примената на DEA во организациите се истакнува како мошне успешна. Исто така, се укажува дека оваа метода, освен за мерење на релативната ефикасност на непрофитните организации, често се аплицира и во профитните организации, така што и во првиот и во вториот случај целта е надзор и контрола на организациите. На крајот на главата е обработена COOPER-овата рамка како еден унифициран процес кој овозможува изведување на непараметарски проекти, а преку овој стандарден процес се олеснува соработката помеѓу истражувачите од една страна и заинтересираните страни, односно стеикхолдерите од друга страна. Во Р. Македонија за прв пат се

користи COOPER-овата рамка во емпириското истражување кое е обработено во вториот дел на дисертацијата.

Вториот дел од докторската дисертација (главите: 4 и 5) има носечки карактер затоа што во него е систематизирана и презентирана емпириската студија за евалуација на релативната ефикасност на филијалите на Комерцијална банка АД Скопје кои се лоцирани низ Р. Македонија и за рангирање на нејзините експозитури кои се лоцирани во Скопје.

Во рамките на првиот дел од емпириското истражување - **четвртата глава,** кандидатката ја користи COOPER-овата рамка за да изврши евалуација на релативната ефикасност на филијалите на Комерцијална банка АД Скопје. Притоа, посебно се потенцира дека оваа рамка треба да се користи за евалуација на релативната ефикасност на филијалите затоа што: претставува унифициран стандарден процес кој на истражувачот му овозможува да ги следи фазите, нивните подфази и чекорите од кои се состојат овие подфази и на тој начин да ја редуцира можноста од правење на евентуални грешки, односно да не испушти нешто значајно; овозможува постепено да се гради моделот и да се поврзе истражувачот со доносителите на одлуки; анализата на ефикасност е пореална, побрза и може да се повтори и рамката може да се модифицира според потребите на истражувањето. На почетокот на оваа глава е даден текот на истражувањето кое е реализирано во Комерцијална банка АД Скопје, а за да биде успешно емпириското истражување како од оперативна така и од имплементациска гледна точка, во него уште од самиот почеток е направен линк помеѓу кандидатката/истражувачот од една страна и менаџментот/корисниците на резултатите од друга страна. За да се евалуира релативната ефикасност на филијалите на Банката, користени се три пристапи, и тоа: производствен, посреднички и пристап на профитабилност, и за секој од нив се равиени DEA-модели. Затоа што предвид е земен период од 3 години (2008-2011), избрана е техниката *Window* DEA-анализа која се фокусира на промената на ефикасноста на единиците за кои се одлучува во текот на времето. За решавање на *Window* DEA-моделите користена е софтверската алатка *Efficiency Measurement System*. Добиените резултати се презентирани и интерпретирани во Банката, така што само за првиот *Window* DEA модел (VRS_RAD_OUT) на производствениот пристап за една филијала е утврдено дека се добиени резултати кои се необични за првата година од набљудуваниот период (2009 година), поточно резултатот кој е добиен покажува висока неефикасност на филијалата, а според перцепциите на испитаниците филијалата е ефикасна. Кандидатката м-р Виолета Цветкоска ја потенцира причината за неефикасноста на оваа филијала во моделот, т.е. дека станува збор за високата вредност на влезот материјални трошоци, особено во 2009 година. За валидација на „необичните" резултати е предложен пристап во кој се интегрирани *Window* DEA-анализата и методата AHP, но неефикасноста на оваа филијала повторно се потврдува. Резултатите од *Window* DEA-моделите на секој од пристапите се прикажани и интерпретирани со тоа што за филијалите кои се идентификувани како релативно неефикасни е укажано каква промена треба да се направи на влезовите, т.е. на излезите за тие да ја подобрат ефикасноста. Исто така, филијалите на Комерцијална банка АД Скопје се рангирани според моделот за мерење на суперефикасноста, а на крајот на главата кандидатката дава компаративна анализа на резултатите од *Window* DEA-моделите на трите користени пристапи. Најдобри резултати се постигнати со решавање на *Window* DEA-моделите на пристапот на профитабилност со

што воедно се потврдува и успешноста на работењето на филијалите на оваа банка.

Понатаму, идентификувани се најдобрите и најлошите филијали во релативна смисла во набљудуваниот временски период. Исто така, резултатите од емпириското истражување спроведено на филијалите на Банката се верифицирани од страна на менаџментот и потврдено е дека тие можат да бидат мошне корисни во подготвувањето на рационални одлуки за успешно работење на Банката во натамошниот период. Врз основа на тоа, кандидатката предлага развиените *Window* DEA-модели во рамките на секој од пристапите да продолжат се применуваат во Банката.

Во вториот дел од емпириското истражување – **петтата глава,** најпрво е објаснет текот на спроведеното истражување кое ги опфаќа експозитурите на Комерцијална банка АД Скопје кои се лоцирани во Скопје. Кандидатката има развиено АНР-модел за секоја група на експозитури (А, Б и В) за да се овозможи нивно рангирање во соодветната група во набљудуваниот период од четири години (2008-2011). Моделите се решени софтверски со користење на алатката *Super Decisions* и добиени се тежинските коефициенти на критериумите, вкупните приоритети на експозитурите и извршено е рангирање на експозитурите. Исто така, кандидатката дава компаративна анализа на добиените резултати за целиот набљудуван период и констатира дека во рангот на експозитурите на Банката не се забележуваат некои значителни промени. Дека ранг-листата на експозитурите е стабилна е потврдено и преку спроведената сензитивна анализа со користење на опцијата *Dynamic* од софтверот *Expert Choice*, со тоа што предвид се земени трите највисоко рангирани експозитури од секоја група за 2011 година. За да може да се идентификува која експозитура има највисок, а која најнизок ранг во групите во кои тие припаѓаат, а и за да може да се следи нивниот ранг во текот на времето, кандидатката м-р Виолета Цветкоска предлага развиените АНР-модели во докторската дисертација да продолжат да се користат во Комерцијална банка АД Скопје.

Во **заклучокот** се сумирани клучните констатации кои произлегуваат од секоја обработена глава во рамките на докторската дисертација.

II. ОПШТА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Во докторската дисертација под наслов: **„Методи и модели на повеќекритериумско одлучување во менаџментот: емпириска студија за евалуација на ефикасноста на одредени организациони единици во Република Македонија“**, кандидатката м-р Виолета Цветкоска истражува мошне значајна и актуелна проблематика која е во фокусот на интерес на менаџментот – евалуирање на релативната ефикасност на ентитетите. Акумулираното теоретско знаење во рамките на моќната дисциплина наука за менаџмент, која со широката лепеза на квантитативни методи им помага на менаџерите во донесувањето на рационални и оптимални одлуки во работењето, и повеќегодишното работење на кандидатката како асистент на оваа дисциплина, и овозможиле во истражувањето да се фокусира на две софистицирани методи, и тоа: аналитичкиот хиерархиски процес (АНР) и методата анализа на обвиени податоци (DEA).

Овие методи кандидатката ги применува во емпириското истражување спроведено во една од водечките банки на територијата на Република

Македонија – Комерцијална банка АД Скопје. Добиените резултати се презентирани и анализирани во дисертацијата.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Виолета Цветкоска како особено значајни квалитети и научни придонеси на трудот ги истакнува следниве: ***прво***, станува збор за прв труд во Република Македонија во кој се евалуира релативната ефикасност на банкарските филијали на Комерцијална банка АД Скопје во период од 3 години (2009-2011) и се врши рангирање на нејзините експозитури во временски период од 4 години (2008-2011) со користење на релевантни методи кои се признаени и прифатени во светот; ***второ***, за првпат во Република Македонија се користи COOPER – овата рамка која овозможува изведба на непараметарски проекти, така што во неа е имплементирана техниката *Window* (прозорска) DEA-анализа за да може да се следи промената на ефикасноста на секоја филијала во текот на времето; ***трето***, во конструирањето на моделите (лаборатории во кои може да се експериментира со идеи) е вложен мошне голем труд и истражувачки напор на кандидатката при изборот на променливите во моделите и во собирањето на податоците за потребите на истражувањето, така што е реализирана директна истражувачка активност на кандидатката во Комерцијална банка АД Скопје. Вредно е да се потенцира дека истражувањето во рамките на докторската дисертација според методолошкиот пристап е *комбинирано* (кандидатката применила метод на интервју, метод на анкета, има собрано и анализирано податоци кои се и текстуални и нумерички, ги има пресметано и анализирано мерките на централна тенденција: аритметичка средина, медијана и модус, како и статистичките показатели: фреквенција, процент и кумулативен процент за секој влез и излез на користените пристапи (производствен, посреднички и пристап на профитабилност) за евалуација на релативната ефикасност на филијалите на Банката и аплицирани се методите AHP и DEA); според изворот на податоци се работи за *примарно* истражување – податоците за првпат се собрани за потребите на истражувањето; според видот на податоци кои се обработени е *емпириско*; според опфатот е *микро*, а во однос на времето на кое тоа се однесува станува збор за *ex post*-истражување; ***четврто***, резултатите кои се добиени со користење на адекватни софтверски алатки кореспондираат со фактичката состојба и перцепциите на менаџментот, а во случајот кога се добиени необични резултати за една филијала според првиот модел на производствениот пристап, кандидатката применува оригинален пристап за нивна валидација во кој ги интегрира техниката *Window* DEA-анализа и методата AHP; ***петто***, добиените информации за изворите и за износите на релативната неефикасност се мошне вредни за менаџментот за да се подобри работењето на идентификуваните релативно неефикасни филијали; ***шесто***, спроведените опции на сензитивна анализа во рамките на софтверската алатка *Expert Choice* овозможиле да се испита осетливоста, односно стабилноста на конечните резултати на промената на влезните податоци; ***седмо***, посебно внимание кандидатката има посветено на анализирање и толкување на добиените резултати од развиените и аплицираните модели за да може менаџментот да ги користи во подготвувањето на одлуки за подобрување на работењето на оние деловни единици кои се релативно неефикасни.

Ограничување во спроведеното истражување во Банката претставува малата временска серија, но значајно е да се истакне дека е опфатен период во кој филијалите вршат исти финансиски активности за да се овозможи адекватна компаративна анализа.

Според прикажаното, Комисијата е убедена дека кандидатката м-р Виолета Цветкоска ги има реализирано во целост поставените цели и тезите на оваа докторска дисертација.

Во однос на начинот на кој е организиран материјалот во докторската дисертација може да се констатира дека кандидатката м-р Виолета Цветкоска правилно и логички ги има подредено концептуалните делови во рамките на трудот; содржината на трудот е презентирана на јасен академски стил кој е разбирлив за сите заинтересирани лица во оваа област, а техничката изработка на докторската дисертација е на мошне високо ниво.

Во реализацијата на трудот е користена обемна, современа и релевантна литература од областа, што придонесува за високиот квалитет на спроведеното истражување.

Проверката на докторската дисертација на тема под наслов: **„Методи и модели на повеќекритериумско одлучување во менаџментот: емпириска студија за евалуација на ефикасноста на одредени организациони единици во Република Македонија“**, изработена од кандидатката м-р Виолета Цветкоска, е иницирана од менторот проф. д-р Благородна Тодосиоска, **а резултатот од документот е: 3,1% (2458/79352 зборови)** совпаѓање во други документи, така што се работи за зборови од општ карактер, и врз основа на ова потврдуваме дека станува збор за оригинален и самостоен труд на кандидатката.

III. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените анализи и оцени за содржината, квалитетите и научните придонеси на трудот, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

1. да го прифати извештајот за содржината, оцената, заклучокот и предлогот на докторската дисертација на тема: **„Методи и модели на повеќекритериумско одлучување во менаџментот: емпириска студија за евалуација на ефикасноста на одредени организациони единици во Република Македонија“**, успешно изработена од кандидатката м-р Виолета Цветкоска;

2. да одобри ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 19.4. 2013 година

Членови на Комисијата за оцена и одбрана

1. Проф. д-р Благородна Тодосиоска с.р.
2. Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски с.р.
3. Проф. д-р Бобек Шуклев с.р.
4. Проф. д-р Љубомир Дракулевски с.р.
5. Проф. д-р Драге Јанев с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ОД ОБЛАСТА НА СЕИЗМОЛОГИЈАТА, НА СЕИЗМОЛОШКАТА ОПСЕРВАТОРИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-2482/4 од 11. 2.2013 година, донесена од Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје на седницата одржана на 31. 1.2013 година, избрани сме за рецензенти по пријавата на д-р Вера Чејковска, насловен доцент на Сеизмолошката опсерваторија при истиот Факултет, доставена по објавениот конкурс во весниците *Дневник* и *Коха* на 22.12.2012 година, за избор на еден виш научен соработник од областа на сеизмологијата, на Сеизмолошката опсерваторија при истиот Факултет.

На конкурсот за избор на еден виш научен соработник од областа на сеизмологија,та на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, објавен во весниците *Дневник* и *Коха* на 22.12.2012 година, се пријави само еден кандидат, д-р Вера Чејковска, насловен доцент на Сеизмолошката опсерваторија при истиот Факултет. По разгледувањето на целокупната документација приложена од кандидатката на самиот конкурс и на увид пред нас, во рамките на определениот рок, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Вера Чејковска е родена на 16.10.1954 година во Скопје. Основно училиште и гимназија завршила во Кавадарци, и двете како првенец на генерацијата. Во ноември 1979 година дипломирала применета физика на Факултетот за физика при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со одличен успех. Во декември 1990 година, на Геофизичкиот завод „Андрија Мохоровичиќ“ при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот во Загреб, Хрватска, со одличен успех ги завршила постдипломските студии од физика на внатрешноста на Земјата, бранејќи го магистерскиот труд *„Osnovne metode i modeli fizike žarišta tektonskog potresa. Metode određivanja mehanizma žarišta potresa-rasjeda“* (под менторство на академик Драгутин Скоко). Во текот на 1998 година, завршила тринеделна обука по активно раседување и палеосеизмологија при Европскиот центар за геодинамика и сеизмологија во Валферданж, Луксембург. Во јуни 2005 година се стекнала со титулата доктор на физички науки при Институтот за физика на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со одбраната на докторската дисертација *Примена на сеизмичкиот момент во истражувањето на земјотресните жаришта во Република Македонија* (под менторство на ред. проф. д-р Драган Хаџиевски), од областа на физиката на земјотресно жариште. Во текот на 2011 година остварила едномесечен научен престој во Западната служба за сеизмичка опасност при Министерството за кризни ситуации на Ерменија, Ереван, како и еднонеделен престој на семинар–работилница во Тбилиси за можностите за прогноза на земјотреси и за врските меѓу сеизмичноста и климатските промени, во организација на Институтот за геофизика "М. Нодиа" при Министерството за образование и наука на Грузија и Грузискиот државен универзитет "Иван Јавакишвили".

Кандидатката работи во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет (ПМФ) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од првото вработување, како приправник-помлад асистент, на 1.4.1980 година. При истиот Факултет, избрана е во звањето помлад асистент по сеизмологија во јануари 1982 година, преизбрана е во истото звање во февруари 1986 година, избрана е во звањето асистент по сеизмологија во септември 1991 година, преизбрана е во истото звање во март 1995 година и во октомври 1998 година, прераспоредена е на работи и работни задачи како виш стручен соработник во јуни 2002 година, па избрана е во звањето насловен доцент по група предмети од геофизика на Институтот за физика во јули 2008

година. Од септември 2011, кандидатката е раководител на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Кандидатката е член на Друштвото на физичарите на Македонија (била член и на Управниот одбор), на Здружението на сеизмолозите на Македонија и на Здружението на инженери по физика на Македонија. Била делегат во Заедницата за сезмологија на СФРЈ.

Наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката до пријавувањето на конкурсот за избор во звањето насловен доцент по група предмети од геофизика на Институтот за физика на 24.1.2008 година е анализирана и оценета во соодветните реферати за избори (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје: бр. 368 од 15.10.1981., стр. 35-36; бр. 464 од 10.11.1985., стр. 53-54; бр. 551 од 1.02.1991., стр. 35-38; бр. 629 од 13.12.1994., стр. 70-73; бр. 713 од 15.07.1998., стр. 96-100; бр. 943 од 2.06.2008., стр. 6-13).

Овде се анализира и оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката од пријавувањето на конкурсот за избор во насловен доцент по група предмети од геофизика на Институтот за физика при ПМФ во Скопје на 24.1.2008 година до денес – натаму во текстот: извештаен период. Составен дел на овој Извештај е и пополнетиот *Образец кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање* (Анекс 2) од *Универзитетскиот гласник* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 173, 1 август 2011, со соодветното бодирање според Анекс 1 на истиот број на *Универзитетскиот гласник.*

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Вера Чејковска во извештајниот период била вклучена во наставата на интернационалните студии од втор циклус по земјотресно инженерство при УКИМ–ИЗИИС – Скопје, во рамките на предметот інженерска сеизмологија (ЕЕ–103), одговорен наставник – вонр. проф. д-р Драги Дојчиновски, каде што одржала предавања од областа на сеизмологија во зимскиот семестар на учебната 2012/2013 година.

Ја раководела и учествувала во повремената настава по геофизика и сеизмологија што во Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје со децении наназад се изведува за студенти по физика и географија, како и за ученици од средните школи, во соработка со професорите по физика и географија на факултетите и училиштата.

При ПМФ во Скопје била член на комисија за оцена и одбрана на докторат од областа на сеизмологијата, како и член на комисија за одбрана на дипломска работа од истата област.

Во соработка со д-р Д. Черних–Анастасовска, изработила скрипта од областа на комплексната теорија на сеизмолошките инструменти, со примена на сеизмолошките инструменти во Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, која е приложена во Фондот на оваа институција.

Претходната и последната вклученост во предавањата по сеизмологија на интернационалните студии од втор циклус при УКИМ–ИЗИИС – Скопје, кои се изведуваат на англиски јазик, била поттик за создавањето на следниот ракопис на истиот јазик (**реден број 6 во Анексот 2/Наставно-образовна дејност**):

Čejkovska, V., Pekevski L. and D. Černih, *An Introduction to Seismology*, Скопје: Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Овој ракопис е сега во постапка на издавање, т.е. веќе е позитивно рецензиран од еминентните македонски сеизмолози д-р Драган Хаџиевски, ред. проф. на ПМФ – Скопје во пензија, и д-р Владимир Михаилов, ред. проф на ИЗИИС – Скопје, во пензија. Овде накратко го даваме своето мислење за истиот.

Ракописот е во обем од 106 страници А4–формат, а содржи воведна глава, 15 други глави, список на користена литература и еден прилог. Во овој, релативно мал обем, изнесени се голем број на проблеми и сознанија од областа на сеизмологијата, а предадени се и многу методи од анализата на основните параметри на земјотресите и нивните жаришта – на начин што тие да можат веднаш да се усвојат. Англискиот јазик во ракописот е едноставен за следење, но професионално коректен. Така овој ракопис

навистина ја остварува својата намена (наведена во воведната белешка на авторите), да им обезбеди лесен пристап до сложените научни проблеми и сознанија од сеизмологијата на студентите на постдипломски студии од областа на земјотресното инженерство, како и на студентите по физика заинтересирани за специјализирање во областите на сеизмологијата и физиката на внатрешност на Земјата и на читателите професионално определени во другите природни науки и техничките науки. Иако ракописот го вреднуваме формално како научно-популарна книга, тој всушност е еден концизен прирачник, учебно помагало и прегледен труд од областа на сеизмологијата.

Во извештајниот период кандидатката не изведувала настава на ПМФ – Скопје, поради тоа што на студиската програма применета физика – геофизика, I и II циклус, на Институтот за физика при Факултетот, каде што кандидатката е предвидена да изведува настава, немало пријавено студенти. И покрај тоа, во заклучокот на овој дел од извештајот, оценуваме дека кандидатката остварила значајни резултати во наставно-образовната дејност.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Вера Чејковска во извештајниот период го започнала (од април 2012 година) менторството на докторската дисертација на докторантката м-р Катерина Дрогрешка при ПМФ во Скопје.

Главниот научен интерес на кандидатката се физиката на земјотресно жариште, истражувањето на параметрите на сеизмичност, сеизмотектониката, макросеизмиката, прогнозата на земјотреси, но и други подобласти од сеизмологијата.

Во извештајниот период, кандидатката има забележителни резултати во наведените подобласти на сеизмологијата.

Значајно е нејзиното учество во меѓународниот научен проект *Complex Research of Earthquake's Forecasting Possibilities, Seismicity and Climate Change Correlations* (acronym – *BlackSeaHazNet*), FP7 MCA project PIRSES-GA-2009-246874, 2011-2012. Во овој проект, кој инаку е значаен и заради самата вклученост на институција од нашата Република (ПМФ во Скопје, односно Сеизмолошката опсерваторија при овој Факултет), кандидатката има остварено повеќе активности наведени на соодветни места во Анексот 2 кон овој Извештај.

Кандидатката во извештајниот период ја има објавено монографијата, реден број 3 во Анексот 2 / Научноистражувачка дејност (натаму А2/НИ):

Чејковска, В., 2011, *Воведување на Европската макросеизмчка скала – 1998 во макросеизмолошките истражувања на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје*. Скопје: Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет – Скопје (II, 81 стр.: илустр.; ISBN 978-9989-631-02-3).

Како што во предговорот истакнуваат рецензентите на оваа монографија, сеизмолозите д-р Драган Хаџиевски и д-р Лазо Пекевски, таа се базира на истоимениот ракопис на авторот, приложен во Фондот на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје во текот на 2001 година. Тој е објавен подоцна, со оглед на неговото потврдено значење како многу корисен прирачник во макросеизмичките истражувања, како и со оглед на тоа што изводите и резултатите презентирани во него се сè уште актуелни. Имено, Европската макросеизмичка скала од 1998 г. (EMS–1998) е сè уште најновата макросеизмичка скала што се препорачува за употреба од страна на Европската сеизмолошка комисија, па приоштувањето на оваа скала на македонски јазик, заедно со придружните анализи и препораки за употреба, е само по себе важно. На објавувањето претходи преработка на ракописот од 2001 година, па во новиот облик тој содржи многу споредбени анализи на разните макросеизмички скали, на квалитативните и егзактните претставувања на макросеизмичкиот интензитет, на макросеизмичките методи во одредувањето на земјотресните параметри, како и една своедна историја на макросеизмичките истражувања кај нас. Она што особено ја квалификува оваа монографија како научно истражување се два прашалника за осетени земјотреси изработени од авторот, соодветно за земјотреси со максимален интензитет $I_0 \leq$ VII EMS-1998 и $I_0 >$ VII EMS-1998. Изработката на вакви прашалници во

сеизмологијата се вреднува како научен труд од областа на макросеизмиката. Во конкретниот случај, прашалниците се базираат на анализа на резултатите од сопствените долгогодишни макросеизмички истражувања на авторот за територијата на Република Македонија, на анализи на истражувањата од доменот на земјотресното инженерство и инжерската сеизмологија кај нас, како и на анализи на психолошки истражувања за комуникативноста. Прашалниците се во официјална употреба од страна на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, најпрво во обликот од 2001 година, а сега во објавениот облик.

Во коавторство, кандидатката во извештајниот период ја има изработено монографијата (реден број 4 во А2/НИ):

Пекевски, Л. и **В. Чејковска**, *Каталог на земјотресите во Република Македонија 1971–1980.* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет – Скопје. (Во постапка на издавање; обем: 410 страници А4–формат.)

И овој ракопис сега е во постапка на издавање, т.е. веќе е позитивно рецензиран од познатите македонски сеизмолози д-р Драган Хаџиевски и д-р Владимир Михаилов. Овде, сепак, концизно ја даваме својата оцена за него.

Изработката на годишни каталози на земјотресите претставува детална анализа, која следува по прелимирната анализа што се дава во сеизмолошките билтени од секојдневната рутинска анализа. Реевалуациите на годишните каталози се една од основните задачи на сеизмологијата, бидејќи, со зголемување на степенот на комуникација меѓу сеизмолошките институции, се насобираат нови податоци за земјотресите, што можат да придонесат за уточнувања на локациите на земјотресите и за заменување на разните типови земјотресни магнитуди во поранешните каталози со еден тип на магнитуда (што е пожелно во сеизмолошките истражувања). Во таа смисла, годишните каталози и нивните реевалуации се основа за деталните сеизмолошки истражувања, какви што се одредувањата на параметрите на сеизмичноста, дефинициите на епицентралните подрачја и сеизмогените зони, определувањата на карактеристиките на ширењата на сеизмичките бранови и градбата и состојбата на материјалот на Земјината внатрешност, анализите на сеизмичките извори (жаришта) во блиското и далечното поле на набљудување, утврдувањето на карактеристиките на почвата и нејзиното влијание на сеизмолошките набљудувања, проценките на сеизмичкиот хазард и ризик итн. Сеедно, еден годишен каталог не е доволен за вакви истражувања, односно за нив се јавува неопходност од годишни каталози за подолг временски период.

Горенаведениот, подготвен за издавање Каталог ги задоволува сите критериуми за реаевалуација на претходните каталози за годините 1971–1980. Освен повеќекратно зголемиот број на земјотреси за разгледуваат период во однос на претходните каталози, како и новите методи применети за нивна локација, направена се и детални анализи на сите новодобиени параметри на земјотресите. Еден значаен заклучок од овие анализи е дека вкупната активирана површина на раседните структури во Република Македонија и пограничните подрачја рапидно се зголемува од средината на 1974 година до крајот на 1975 година, за потоа, од 1975 до 1980 година, да остане речиси постојана, иако во исто време најсилните земјотреси се во класата на многу слаби до средно слаби земјотреси (локални магнитуди M_L до околу 4,5). Овој заклучок, направен врз основа на анализа на кумулацијата на сеизмичките моменти M_0 на земјотресите, заедно со заклучокот дека во истиот период, од околу 1974 до 1980 година, предоминантните длабочини h на хипоцентрите на земјотресите се нижат во времето околу две дискретни вредности, 10 km и 15 km (заклучок добиен од анализата на хипоцентралните локации на земјотресите), упатува на многу значајниот заклучок дека најверојатно во рамките на горниот (гранитен) слој на Земјината кора под територијата на Република Македонија и пограничните подрачја (чија долна граница е востановена од порано на длабочина од околу 30 km) постојат два хоризонтални дисконтинуитети на градбата и физичката состојба на Земјата на наведените длабочини (10 km и 15 km). Ова може да биде основа за изработка на нови, повеќеслојни модели на Земјината кора под територијата на Република Македонија и пограничните подрачја, наместо досега најчесто применуваните двослојни модели (горен, гранитен слој, до спомнатата длабочина од 30 km, и долен, базалтен слој, до длабочина од 40 km).

Разгледуваниот ракопис, покрај наведеното, во воведната глава дава и многу корисен преглед на историјата на каталогизирање на земјотресите во Република Македонија, како и детално претставување на параметрите на сеизмолошката инструментација на сеизмолошката мрежа на Република Македонија во периодот 1971–1980 година. Резимето на македонски и англиски јазик го прави овој ракопис достапен и за читатели од сите професии.

Во коавторство, кандидатката во извештајниот период, објавила три научни труда, претставени како што следува (редни броеви 5, 6 и 7 во А2/НИ).

Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:

Čejkovska, V., Pekevski L., Černih, D., 2011, Source mechanism and size of the 24 April 2002 *ML* 5.2 Gnjilane (Kosovo) earthquake, *Прилози, Одд. мат. тех. науки,* МАНУ, XXXII, с. 45–66 / *Contributions, Sec. Math. Tech. Sci.,* MANU, XXXII, p. 45–66.

Умерениот гњилански (косовски) земјотрес од 24 април 2002 година, со локална магнитуда $M_L = 5,2$, најпрво е анализиран преку инверзија на амплитудниот спектар на поместувањето на сеизмичката бранова група $S_g - L_g$ и преку одредувањето на P – нодалните рамнини (нодални рамнини за лонгитудиналните поместувања). Добиените вредности на сеизмичкиот момент, аголната фреквенција на жаришниот амплитуден спектар на поместувањето и Бруновата еквивалентна кружна раседна површина за овој земјотрес добиени од првата анализа се, соодветно, $M_0 = 6,48 \cdot 10^{16}\,\mathrm{N \cdot m}$, $f_0 = 0,59\,\mathrm{Hz}$ и $\Sigma_{s,eq.} = 15,2\,\mathrm{km}^2$. Одредени се исто така и P – нодалните рамнини за четирите најсилни дополнителни земјотреси, како и распределбата на епицентрите на другите дополнителни земјотреси, а потоа применети во идентификацијата на вистинскиот жаришен механизам на главниот земјотрес, со една новопредложена метода. Оваа метода ги вклучува и вертикалните проекции врз Земјината површина на добиената Брунова еквивалентна кружна раседна површина $\Sigma_{s,eq.}$ за главниот земјотрес при двете негови P – нодални рамнини како можни раседни рамнини. Најдено е дека главниот земјотрес е настанат со нормално десно латерално раседување долж рамнина чија геометриска трага на Земјината површина има азимут од 238^0 и која е наклонета под агол од 22^0 кон правецот север-северозапад (NNW). Се утврдува дека ова раседување има предизвикано активирања на други раседи и пукнатини како жаришта на значаен број од дополнителните земјотреси. Се заклучува дека истото раседување се придружува на тектонски девијаторно напрегнатата раседна структура долж реката Биначка Морава, чија долина започнала да тоне значително кон крајот на горниот плиоцен и почетокот на квартерот. Освен овие научни резултати за конкретниот земјотрес, трудот во воведниот дел дава еден многу концизен приказ на теоретските толкувања на сеизмичкиот циклус како посебен тектонски процес со современата механика на ломење и теоријата на дислокации.

Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:

Čejkovska, V., Černih–Anastasovska, D., Pekevski L., 2011, A method of determining source surface and mechanism for moderate earthquakes from far-field seismic data, *Complex Research of Earthquake's Forecasting Possibilities, Seismicity and Climate Change Correlations*: *BlackSeaHazNet Methodological – Coordination Workshop, 2–5 May, 2011, Ohrid, Republic of Macedonia*/[coordinator Strachimir Mavrodiev], *BlackSeaHazNet Series*, Volume 1 (ISBN 978-9989-631-04-7), Skopje: Seismological Observatory at the Faculty of Natural Sciences and Mathematics (= Скопје: Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет), pp. 175–186.

Во овој труд, докрај е дефинирана сопствената методата на авторите за одредување на површината на динамичко раседување и еднозначниот механизам на ваквото раседување за умерените земјотреси преку сеизмичките набљудувања од далечното поле, заснована во претходната статија.

Најпрво теоретски се докажува соодветноста на Бруновиот дислокациски модел за жариштата на умерените подлабоки земјотреси. Имено, овој модел користи дислокација

со релативно лизгање кое има конечно време (динамичка дислокација) врз кружна површина $\Sigma_{s,\,eq.}$ со дислокација која се простира со бесконечна брзина, $v_L \to \infty$ (статичка површина на дислокација). $\Sigma_{s,\,eq.}$ е еквивалентна по големина на реалната дефинитивна површина Σ_s на раседувањето, а радиусот (R_B) на $\Sigma_{s,\,eq.}$ е апроксимација на апсолутната вредност на максималната линеарна димензија $\vec{L}_{max}$ на Σ_s. Од друга страна, за умерените земјотреси ефектот на конечна брзина v_L на ширењето на дислокација е занемарлив, и следствено насоченоста на сеизмичкото зрачење во далечното поле на набљудување не е изразена. За подлабоките, пак, земјотреси е природно да се претпостави дека дислокацијата има конечно време на пораст и дека се шири во сите насоки. Оттука следува соодветноста на Бруновиот дислокациски модел за жариштата на умерените подлабоки земјотреси.

Вредностите $\Sigma_{s,\,eq.} \equiv \Sigma_s$ и $R_B \equiv L_{max}$, како и сеизмичкиот момент M_0 и средната големина на дислокацијата на релативно лизгање долж Σ_s можат да се добијат од инверзијата на амплитудниот спектар на поместувањето во далечното поле на набљудување извршена со Бруновиот дислокациски модел. Но оваа инверзија не ја дава положбата на Σ_s и ориентациите на $\vec{L}_{max}$ и $\vec{a}_L$, т.е. не го разрешува еднозначно механизмот на раседувањето. Насоченоста на сеизмичкото зрачење во далечното поле на набљудување не може исто така да се употреби за одредувањето на ориентациите на $\vec{L}_{max}$ и $\vec{a}_L$ (т.е. на механизмот на раседувањето), бидејќи не е изразена. Авторите, за еднозначното одредување на положбата на Σ_s и ориентациите на $\vec{L}_{max}$ и $\vec{a}_L$ предлагаат метода која ги вклучува решенијата за P нодалните рамнини на главниот земјотрес и на најсилните последователни земјотреси, распределбата на епицентрите на другите последователни земјотреси, како и вертикалните проекции врз Земјината површина на добиената $\Sigma_{s,\,eq.}$ за главниот земјотрес при двете негови P – нодални рамнини како можни раседни рамнини. Оваа метода ги избегнува комплицираните алгоритми за еднозначно одредување на механизмот на раседувањето за умерен подлабок земјотрес од двата можни механизми добиени со соодветното решение за P – нодалните рамнини. Методата може да биде полезна и во постсеизмичкото разгледување на евентуално претходно набљудуваните геофизички предвесници за умерен подлабок земјотрес. Нејзината примена сепак зависи од појавите на силни последователни земјотреси блиски во времето до главниот земјотрес а предизвикани од динамички раседувања со различна ориентација во однос на она за главниот земјотрес.

Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:

Čejkovska, V., Pekevski, L. & D. Černih, 2010, The 24 May 2009 *ML* 5.1 Valandovo – Nov Dojran sequence: implications for seismic hazard and risk assessment, *14th European Conferenrence on Earthquake Engineering Proceedings*, Skopje: European Association for Earthquake Engineering (EAEE), Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), CD ROM ISBN 978-608-65185-1-6, 8 pp.

Трудот ја анализира серијата земјотреси во подрачјето меѓу Валандово и Нов Дојран, започната на 23.5.2009 година со низа слаби земјотреси, со главен земјотрес случен наредниот ден, на 24.5.2009 година, со умерена локална магнитуда $M_L = 5{,}1$ и максимален интензитет I_{max} = VII EMS-1998, а која продолжува интензивно до крајот на јуни 2009, со околу 2000 регистрирани земјотреси. Во трудот се даваат локациите на хипоцентрите на 1658 земјотреси, кои вклучуваат хипоцентрални длабочини од 3,6 km до 41,7 km и локални магнитуди од 0 до 5,1. Натаму се прави анализа на миграцијата на епицентрите на земјотресите од серијата, засебно за секој од првите 4 дена од серијата, а се анализира и целата распределба на епицентрите на земјотресите за 39 дена од почетокот. Се анализираат и макросеизмичките податоци за главниот земјотрес. Се заклучува дека серијата земјотреси се случила во југоисточниот дел на *Валандовското епицентрално подрачје*, како резултат на ненадејно нагло интензивирање на релативните тонења на *Фуркиниот планински блок* (јужно крило на источниот дел на *Валандовскиот расед*) и на *Плавушкиот планински блок* (северно крило на источниот

дел на *Валандовскиот расед*). Се потенцира исклучителноста на оваа серија во однос на претходните сеизмотектонски податоци за југоисточниот дел на *Валандовското епицентрално подрачје*, според кои овде порано не се случувале земјотреси со локални магнитуди $M_L \geq 4$ и максимални интензитети I_{max} = VII EMS-1998. Оваа исклучителност се зема како аргумент за неопходноста од посебни студии на сеизмичкиот хазард и ризик во овој наведениот дел на *Валандовското епицентрално подрачје*.

Кандидатката во извештајниот период учествувала со усно презентирани трудови на меѓународни научни собири (редни броеви од 8 до 12 во А2/НИ), претставени како што следува.

Čejkovska, V., Pekevski, L. and D. Černih, 2008, Source dimensions for the Gnjilane earthquake of April 24, 2002, 10:51 UTC, *ML* = 5.2 (SKO), as inferred from spectral analysis and aftershocks' and macroseismic data, 7th Conference of the Society of Physicists of Macedonia, Ohrid, Macedonia, September 18–21, 2008.

Со амплитудна спектрална анализа на запис на земјотресот, одреден е сеизмичкиот момент M_0 на земјотресот. Со дополнителна примена на Бруновиот дислокациски модел, одреден е радиусот (R_B) и големината на еквивалентната кружна површина на раседувањето ($\Sigma_{s,eq.}$). Големината на оваа површина се споредува со правоаголни површини на раседување со разни димензии, од коишто се одбира најверојатната, со оглед на податоците за распределбата на локациите на хипоцентрите на придружните земјотреси.

Černih, D. and **Čejkovska, V.**, 2008, Frequency independent quality factor distribution in Vardar zone after displacement amplitude spectral analysis of coda waves, 7th Conference of the Society of Physicists of Republic of Macedonia, Ohrid, Macedonia, September 18 –21, 2008.

Во овој труд, одредени се фреквентно независните фактори на квалитет (Q) на средината за одредени правци сеизмолошка станица – епицентрално подрачје во Вардарската сеизмогена зона на територијата на Република Македонија. Во анализата се вклучени две сеизмолошки станици, Скопје (SKO) и Валандово (VAY), и 12 епицентрални подрачја од спомната сеизмогена зона. Воочена е зависност на факторот на квалитет на средината Q од правците сеизмолошка станица – епицентрално подрачје (азимутална зависност на Q).

Čejkovska, V., Pekevski, L. and D. Černih, 2010, Source studies of the 24 May 2009 *ML* 5.1 Valandovo – Nov Dojran sequence, 8th Conference of the Society of Physicists of Republic of Macedonia, 2010, September 23rd to 25th, Skopje, Macedonia.

Трудот е посветен на анализа на жариштата на земјотресите од серијата земјотреси меѓу Валандово и Нов Дојран (југоисточен дел на *Валандовското епицентрално подрачје*) во мај–јуни 2009 година, со главен земјотрес случен на 24.05.2009 година, со умерена локална магнитуда $M_L = 5{,}1$ и максимален интензитет I_{max} = VII EMS-1998. Добиени се решенијата за P – нодалните рамнини за главниот земјотрес и за 11 придружни земјотреси со локални магнитуди M_L меѓу 3,2 и 3,8, од кои 7 се последователни земјотреси. Во споредба со претходните сеизмотектонски податоци, од решението за P – нодалните рамнини за главниот земјотрес, еднозначно е издвоена положбата на рамнината долж којашто се случило динамичкото раседување што го предизвикало овој земјотрес. Така е утврдено дека овој земјотрес настанал со динамичко нормално десно-латерално раседување долж рамнина чија геометриска трага врз Земјината површина се протега приближно долж правецот исток-запад (азимут 118° ESE) и која е наклонета кон југ-југозапад (SSW) под агол од 87°. Положбата на оваа рамнина, која може да се придружи на источниот дел на *Валандовскиот расед*, потврдена е во трудот и со ориентациите на главните оски на изосеистите со интензитети VII и VI EMS-1998. Самото раседување соодветствува на релативно спуштање на *Фуркиниот планински блок* (јужно крило на источниот дел на *Валандовскиот расед*) во однос на *Плавушкиот планински блок* (северно крило на источниот дел на *Валандовскиот расед*). Ориентациите на решенијата за P – нодалните рамнини за 7-те последователни земјотреси со локални магнитуди M_L меѓу 3,2 и 3,8 укажуваат дека дефинитивната површина на динамичко раседување за главниот земјотрес е оцртана со хипоцентрите на

сите последователни земјотреси случени во првите 12 часа од почетокот на главниот земјотрес, и дека има максимални линеарни димнзии од редот на неколку километри. Расејувањето на хипоцентрите на многу послабите последователни земјотреси од сите разгледани 1658 земјотреси на серијата низ југоисточниот дел на валандовскиот регион значи дека пост-сеизмичкото ослободување од напрегања вклучило аквивации на различно ориентирани и димензионирани пукнатини и раседи. Ова, пак, според заклучокот на авторите, значи дека фазата на акумулација на напрегања и деформации пред земјотресот се одвивала во голема област.

Čejkovska, V., Černih–Anastasovska, D., Pekevski L., 2011, A method of determination the source surface and mechanism for moderate earthquakes from far-field seismic data, *BlackSeaHazNet* Project, FP7 MCA PIRSES-GA-2009-246874, Methodological - Coordination Workshop, Ohrid, Macedonia, May 2 – 5, 2011.

Во трудот накратко се изнесува сопствената методата на авторите за одредување на површината на динамичко раседување и еднозначниот механизам на ваквото раседување за умерените земјотреси преку сеизмичките набљудувања од далечното поле, заснована и развиена во погореоценететите трудови, со **редни броеви 5 и 6 во А2/НИ**. Потоа се докажува успешноста на методата на примерот на гњиланскиот (косовскиот) земјотрес од 24 април 2002 година, со локална магнитуда $M_L = 5,2$, и тоа со макросеизмичките ефекти на земјотресот, прикажани на фотографии од епицентралното подрачје, земени од самите автори: пукнатините на градбите и почвата се во насоки кои одлично се сложуваат со механизмот на земјотресното раседување одреден од инструменталните податоци по методата на авторите.

Chernih-Anastasovska, D., **Čejkovska, V.**, Pekevski, L., 2012, Some improvements in seismic monitoring in Republic of Macedonia since 2005, ORFEUS Observatory coordination Workshop: Seismic Networks and Acceleration Networks, 12-14, Istanbul, Turkey. (http://www.koeri.boun.edu.tr/orfeus2012/.)

Прикажана е сеизмолошката мрежа на територијата на Република Македонија, што ја управува Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, со сите подобрувања во опремувањето на постојаните станици до 1994 година, SKO (во Скопје), VAY (во Валандово) и OHR (во Охрид), и на потоа инсталираните постојани станици, BIA (во Битола), STIP (во Штип) и KRUS (во Крушево). Потенцирано е дека зголемувањето на бројот на постојаните станици, приклучувањето во мрежата на овие станици на други, привремени станици, отворени по апликативни проекти на Опсерваторијата во последната деценија (сеизмички мониторинзи на браните „Козјак", „Св. Петка" и „Лисиче"), како и опремата по станиците, составена од современи електромагнетни (краткопериодични и широкопојасни) сеизмометри кои работат со 16-битни или 24-битни дигитални запишувачи, овозможуваат регистрација и на најслаби земјотреси, со долна граница на локалната магнитуда M_L еднаква на нула, како што следува од досегашните набљудувања. Се истакнува и дека телеметриската поврзаност на сите станици од територијата на Република Македонија со станиците од регионот, востоставена во 2005 година, дозволува лоцирање на хипоцентрите на ваквите слаби земјотреси, како што следува од секојдневните анализи во Опсерваторијата. Се подвлекуваат очекувањата дека големиот број на лоцирани слаби земјотреси ќе овозможи детализирање на истражувањата на сеизмичките и сеизмотектонските услови (откривања на нови раседни структури и епицентрални подрачја), како и создавање на обемни датотеки за истражување на градбата на Земјината кора под територијата на Република Македонија и на ширењето на сеизмичките бранови низ неа.

Кандидатката во извештајниот период објавила апстракти во зборници на меѓународни научни конференции (редни броеви од 13 до 16 во А2/НИ):

- **Čejkovska, V.**, Pekevski, L. and D. Černih, 2008, Source dimensions for the Gnjilane earthquake of April 24, 2002, 10:51 UTC, *ML* = 5.2 (SKO), as inferred from spectral analysis and aftershocks' and macroseismic data, *7th Conference of the Society of Physicists of Macedonia, Ohrid, Macedonia, September 18–21, 2008 – Book of Abstracts,* Skopje: Society of Physicists of Macedonia, p. 56.
- Černih, D. and **Čejkovska, V.**, 2008, Frequency independent quality factor distribution in Vardar zone after displacement amplitude spectral analysis of coda waves, *7th Conference of the Society of Physicists of Republic of Macedonia, Ohrid, Macedonia, September 18–21,*

2008 – Book of Abstracts, Skopje: Society of Physicists of Macedonia, p. 20.

- **Čejkovska, V.**, Pekevski, L. & D. Černih, 2010, The 24 May 2009 *ML* 5.1 Valandovo – Nov Dojran sequence: implications for seismic hazard and risk assessment, *Abstract Book / Fourteenth European Conferenrence on Earthquake Engineering, Ohrid, Republic of Macedonia, 30 August–03 September 2010,* Skopje: European Association for Earthquake Engineering (EAEE), Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), p. 40.
- **Čejkovska, V.**, Pekevski, L. and D. Černih, 2010, Source studies of the 24 May 2009 ML 5.1 Valandovo – Nov Dojran sequence, 8th Conference of the Society of Physicists of Republic of Macedonia, 2010, 23–25 September, Skopje, Macedonia – Book of Abstracts, Skopje: Society of Physicists of Republic of Macedonia, p. 22–23.

Овие апстракти се однесуваат на трудовите под редни броеви од 8, 9, 7 и 10 од А2/НИ, претставени погоре.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во извештајниот период, кандидатката остварила обемна стручно-апликативна дејност, врзана со секојдневните стручни работни обврски во Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, апликативните проекти на Опсерваторијата, промоцијата на оваа институција и популаризирањето на сеизмологијата и низа други активности. Оваа дејност е претставена на соодветни места во **Анексот 2/Стручно-апликативна дејност (А2/СА)**.

Така, во извештајниот период, кандидатката во коавторство напишала поглавје од научно-популарна книга посветено на сеизмологијата (**реден број 1 во А2/СА**), учествувала во подготовката на програми и избор на литература за предмети од студиската програма применета физика – геофизика, I и II циклус, при Институтот за физика при ПМФ во Скопје, заради реакредитација на студиската програма (**реден број 2 во А2/СА**), била одговорен одговорен проектант во 10 студии за макросеизмички дејства на земјотресите од територијата на Република Македонија (**редни броеви 3–12 во А2/СА**), била учесник во 8 други студии на Опсерваторијата (**редни броеви 13–20 во А2/СА**), учествувала во изработка и презентација на интересното сценарио за урушување на стенски маси со одредена големина во акумулацијата на браната „Козјак" (**реден број 21 во А2/СА**), лекторирала зборник на трудови на англиски јазик (**реден број 22 во А2/СА**), учествувала во отворањето на две нови сеизмолошки станици (**редни броеви 23–24 во А2/СА**), учествувала во изработката на 6 микросеизмички каталози на земјотресите од територијата на Република Македонија (**редни броеви 25–30 во А2/СА**), анализирала сеизмограми и учествувала во размената на сеизмолошки податоци и изработка на *Прелиминарниот сеизмолошки билтен* (**реден број 31 во А2/СА**), учествувала во собирањето и прелиминарната анализа на макросеизмички податоци и во теренско собирање на макросеизмички податоци (**редни броеви 32 и 33 во А2/СА**) и вршела низа други дејности, како членување во организационен одбор на меѓународен научен собир, два студиски престоја во странство, изготвување и пријавување на научен национален проект (носител), раководење со Опсерваторијата од 15.9.2011 година наваму, членувања во комисии за избор во звање (**редни броеви 1–7 во А2/СА/Дејности од поширок интерес**).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од гореизнесеното се гледа дека во извештајниот период (од пријавувањето на конкурсот за избор во звањето насловен доцент по група предмети од геофизика на Институтот за физика на 24.1.2008 година до денес, кандидатката д-р Вера Чејковска постигнала видни резултати во својата научноистражувачка дејност, која вклучува изработка на две значајни научни монографии (соодветно како автор и коавтор), објавување на 3 научни труда (во коавторство) во реномирани списанија и изданија (од кои во два труда е развиена една нова сеизмолошка метода), изработка на 5 труда (во коавторство) што се усно презентирани на научни собири, објавување на 4 апстракти за трудови, како и менторство на докторска дисертација, што сè заедно е бодирано со

39,4 поени според Критериумите за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, дадени во Анексот 1 на *Универзитетскиот гласник* на овој Универзитет бр. 173, 1 август 2011. Со ова е надминат минималниот број на поени за научноистражувачка дејност за избор во научно звање (35 поени) според член 1, Табела 4 на *Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје*, објавен во наведениот број на *Универзитетскиот гласник*.

Стручно-апликативната дејност на кандидатката во извештајниот период е преобемна, вклучувајќи 33 единици, односно 40 единици заедно со дејностите од поширок интерес, што е бодирано со **72,1 поен** според горенаведените Критериуми, а со што е далеку надминат минималниот број на поени за стручно-апликативната дејност предвиден за избор во научно звање (5 поени) според горенаведениот Правилник.

Иако, наставно-образовната дејност не е предвидена за избор во научно звање, во извештајниот период кандидатката остварила резултати и во оваа дејност. Овде од особено значење е монографијата – научно–полуларна книга, односно прирачник/учебно помалагало/прегледен труд што ги вклучува сите области на сеизмологијата, изработена во коавторство, на англиски јазик. Вкупната наставно-образовна дејност на кандидатката е бодирана со **7,9 поени**, и цениме дека во еден дел таа треба да се приклучи кон научноистражувачката, а во друг дел – кон стручно-апликативната дејност.

Освен вкупното бодирање на дејностите на кандидатката во извештајниот период со **119,4 поени**, со што речиси за 50 % е надминат предвидениот мининум според горенаведените критериуми за избор во научно звање (80 поени), ја земаме предвид и особената посветеност на кандидатката на својата професија, која се огледа во нејзиното несебично залагање за одржување и просперитет на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, како и во постојаното продлабочување на нејзината соработка и размената на стекнатите знаења со своите колеги во Опсерваторијата и на целиот ПМФ во Скопје, но и со стручњаци од други институции во земјата и во странство.

Со оглед на изложеното, имаме чест да му препорачаме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја избере д-р Вера Чејковска во звањето виш научен соработник од областа на сеизмологијата, на Сеизмолошката опсерваторија при истиот Факултетот.

Скопје, 17.4.2013 година

Рецензентска комисија

Д-р Лазо Пекевски,
научен советник на ПМФ во Скопје (во пензија), с.р.

Д-р Благоја Вељаноски,
редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Ненад Новковски,
редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ*

Кандидат: **Вера Мишо Чејковска**

Институција: **Природно-математички факултет (ПМФ) – Скопје, Сеизмолошка опсерваторија**

Научна област: **сеизмологија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на настава:** 3 + 3 часа предавања од областа сеизмологија во зимскиот семестар на учебната 2012/2013 година на интернационалните студии од втор циклус при УКИМ–ИЗИИС – Скопје, во рамките на предметот инженерска сеизмологија (ЕЕ–103), одговорен наставник – вонр. проф. д-р Драги Дојчиновски. **(3 x 2 x 0,05 поени.)**	0,3
2	**Настава во школи и работилници:** раководител на одржување на повремена настава од геофизика и сеизмологија во Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје за студенти по физика и географија, како и за ученици од средните школи (во соработка со школските професори по физика и географија).	1,5
3	**Член на комисија за оцена и одбрана на докторат:** докторант Драгана Черних-Анастасовска, 2009 година, ПМФ – Скопје. **(2 x 0,5 поени.)**	1
4	**Член на комисија за одбрана на дипломска работа:** дипломец Дарко Цветановски, 2012 година, ПМФ – Скопје.	0,1
5	**Пакет материјали за одреден предмет:** **Чејковска, В.** и Д. Черних–Анастасовска, 2012, *Комплексна теорија на сеизмолошките инструменти со примери од Сеизмолошката опсерваторија во Скопје* (скрипта), Скопје: Фонд на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ – Скопје.	1
6	**Научно–популарна книга – коавтор:** **Čejkovska, V.**, Pekevski L. and D. Černih, *An Introduction to Seismology*, Скопје: Сеизмолошка опсерваторија при Природно -математичкиот факултет – Скопје. (Во постапка на издавање; обем: 106 страници А4–формат.)	4
	Вкупно	**7,9**

* Пресметувањето на поените за дејностите и поединечните трудови е според *Критериумите за избор во звања* дадени во Анекс 1 на *Универзитетскиот гласник* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 173, 1 август 2011.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Ментор на докторска дисертација** (докторант м-р Катерина Дрогрешка, ПМФ – Скопје, од април 2012 година наваму).	3
2	**Учесник во меѓународен научен проект:** *Complex Research of Earthquake's Forecasting Possibilities, Seismicity and Climate Change Correlations* (acronym – *BlackSeaHazNet*), FP7 MCA project PIRSES-GA-2009-246874, 2011-2012. (http://stardust.inrne.bas.bg/BlackSeaHazNet/index.html)	5
3–4	**Монографии:** • **Чејковска, В.**, 2011, *Воведување на Европската макросеизмчка скала – 1998 во макросеизмолошките истражувања на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет –Скопје. (II, 81 стр.: илустр.; ISBN 978-9989-631-02-3.) **(8 поени.)** • Пекевски, Л. и **В. Чејковска**, *Каталог на земјотресите во Република Македонија 1971–1980.* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет – Скопје. (Во постапка на издавање; обем: 410 страници А4–формат.) **(8 поени x 90 % = 7,2 поена.)**	15,2
5	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/ стручно списание:** **Čejkovska, V.**, Pekevski L., Černih, D., 2011, Source mechanism and size of the 24 April 2002 *ML* 5.2 Gnjilane (Kosovo) earthquake, *Прилози, Одд. мат. тех. науки,* МАНУ, XXXII, с. 45–66 / *Contributions, Sec. Math. Tech. Sci.,* MANU, XXXII, p. 45–66. **(4 поени x 80 % = 3,2 поена.)**	3,2
6	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** **Čejkovska, V.**, Černih–Anastasovska, D., Pekevski L., 2011, A method of determining source surface and mechanism for moderate earthquakes from far-field seismic data, *Complex Research of Earthquake's Forecasting Possibilities, Seismicity and Climate Change Correlations: BlackSeaHazNet Methodological – Coordination Workshop, 2–5 May, 2011, Ohrid, Republic of Macedonia*/[coordinator Strachimir Mavrodiev], *BlackSeaHazNet Series*, Volume 1 (ISBN 978-9989-631-04-7), Skopje: Seismological Observatory at the Faculty of Natural Sciences and Mathematics (= Скопје: Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет), pp. 175–186. **(2 поени x 80 % = 1,6 поена.)**	1,6
7	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со**	2,4

	меѓународен уредувачки одбор: **Čejkovska, V.**, Pekevski, L. & D. Černih, 2010, The 24 May 2009 *ML* 5.1 Valandovo – Nov Dojran sequence: implications for seismic hazard and risk assessment, *14th European Conferenrence on Earthquake Engineering Proceedings*, Skopje: European Association for Earthquake Engineering (EAEE), Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), CD ROM ISBN 978-608-65185-1-6, 8 pp. **(3 поени x 80 % = 2,4 поена.)**	
8–12	**Учества на научни/стручни собири со реферат – орална презентација:** • **Čejkovska, V.**, Pekevski, L. and D. Černih, 2008, Source dimensions for the Gnjilane earthquake of April 24, 2002, 10:51 UTC, *ML* = 5.2 (SKO), as inferred from spectral analysis and aftershocks' and macroseismic data, 7th Conference of the Society of Physicists of Macedonia, Ohrid, Macedonia, September 18–21, 2008. **(1 поен.)** • Černih, D. and **Čejkovska, V.**, 2008, Frequency independent quality factor distribution in Vardar zone after displacement amplitude spectral analysis of coda waves, 7th Conference of the Society of Physicists of Republic of Macedonia, Ohrid, Macedonia, September 18 –21, 2008. **(1 поен.)** • **Čejkovska, V.**, Pekevski, L. and D. Černih, 2010, Source studies of the 24 May 2009 *ML* 5.1 Valandovo – Nov Dojran sequence, 8th Conference of the Society of Physicists of Republic of Macedonia, 2010, September 23rd to 25th, Skopje, Macedonia. **(1 поен.)** • **Čejkovska, V.**, Černih–Anastasovska, D., Pekevski L., 2011, A method of determination the source surface and mechanism for moderate earthquakes from far-field seismic data, *BlackSeaHazNet* Project, FP7 MCA PIRSES-GA-2009-246874, Methodological - Coordination Workshop, Ohrid, Macedonia, May 2 – 5, 2011. **(1 поен.)** • Chernih-Anastasovska, D., **Čejkovska, V.**, Pekevski, L., 2012, Some improvements in seismic monitoring in Republic of Macedonia since 2005, ORFEUS Observatory coordination Workshop: Seismic Networks and Acceleration Networks, 12-14, Istanbul, Turkey. (http://www.koeri.boun.edu.tr/orfeus2012/.) **(1 поен.)**	5
13–16	**Апстракти објавени во зборници на конференции – меѓународни:** • **Čejkovska, V.**, Pekevski, L. and D. Černih, 2008, Source dimensions for the Gnjilane earthquake of April 24, 2002, 10:51 UTC, *ML* = 5.2 (SKO), as inferred from spectral analysis and aftershocks' and macroseismic data, *7th Conference of the Society of Physicists of Macedonia, Ohrid, Macedonia, September 18–21, 2008 – Book of Abstracts,* Skopje: Society of Physicists of Macedonia, p. 56. **(1 поен.)** • Černih, D. and **Čejkovska, V.**, 2008, Frequency independent quality factor distribution in Vardar zone after displacement amplitude spectral analysis of coda waves, *7th Conference of the Society of Physicists of Republic of Macedonia, Ohrid, Macedonia, September 18–21, 2008 – Book of Abstracts,* Skopje: Society of	4

	Physicists of Macedonia, p. 20. **(1 поен.)** • **Čejkovska, V.**, Pekevski, L. & D. Černih, 2010, The 24 May 2009 *ML* 5.1 Valandovo – Nov Dojran sequence: implications for seismic hazard and risk assessment, *Abstract Book / Fourteenth European Conferenrence on Earthquake Engineering, Ohrid, Republic of Macedonia, 30 August–03 September 2010,* Skopje: European Association for Earthquake Engineering (EAEE), Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), p. 40. **(1 поен.)** • **Čejkovska, V.**, Pekevski, L. and D. Černih, 2010, Source studies of the 24 May 2009 ML 5.1 Valandovo – Nov Dojran sequence, 8th Conference of the Society of Physicists of Republic of Macedonia, 2010, 23–25 September, Skopje, Macedonia – Book of Abstracts, Skopje: Society of Physicists of Republic of Macedonia, p. 22–23. **(1 поен.)**	
	Вкупно	**39,4**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Поглавје во книга** **– коавтор:** **Чејковска, В.**, Черних–Анастасовска, Д., Дрогрешка, К., Земјотресот – природен експеримент, 2012, *Експериментот во физиката* / уредник: Стојан Манолев, Скопје: Друштво на физичарите на Република Македонија, Школа "Млади физичари", книга XXXVII, стр.62–79. (ISBN 978-608-4711-00-1).	2
2	**Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма** : подготовка на програми и избор на литература во текот на 2012 година за предмети од студиската програма применета физика – геофизика, I и II циклус, при Институтот за физика при ПМФ во Скопје, заради реакредитација на студиската програма.	1
3-12	**Студии** **– одговорен проектант: В. Чејковска** *Макросеизмички дејства (годишни макросеизмички каталози) на земјотресите од територијата на Република Македонија за годините 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010,* Скопје: Фонд на Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. **(10 x 2 поени.)**	20
13–20	**Студии** **– учесник:** • Пекевски, Л., **Чејковска, В.**, Черних–Анастасовска, Д., Петрова, К. и Ј. Раневска, 2008, *Сеизмички мониторинг на брана "Козјак". Извештај за следење на сеизмичката активност во 2006 година,* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". **(1 поен.)** • Пекевски, Л., **Чејковска, В.** и Д. Черних–Анастасовска, 2008, *Сеизмички мониторинг на брана "Козјак". Извештај за*	8

	следење на сеизмичката активност во 2007 година, Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". **(1 поен.)** • Пекевски, Л., Черних, Д., Јордановски, Љ. и **В. Чејковска**, 2008, *Сеизмички мониторинг на брана "Козјак". Извештај за следење на сеизмичката активност во јануари, февруари и март 2008 година,* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". **(1 поен.)** • Пекевски, Л., Черних, Д., Јордановски, Љ. и **В. Чејковска**, 2008, *Сеизмички мониторинг на брана "Козјак". Извештај за следење на сеизмичката активност во април, мај и јуни 2008 година,* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". **(1 поен.)** • Пекевски, Л., Черних Д., Јордановски, Љ. и **В Чејковска**, 2009, *Сеизмички мониторинг на брана "Козјак". Извештај за следење на сеизмичката активност во 2008 година,* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". **(1 поен.)** • **Чејковска, В.**, Черних, Д., Пекевски, Л., Тунтев, А., Џуровска, Ј. и Љ. Јордановски, 2009, *Серијата земјотреси во подрачјата на Валандово и Дојран во периодот мај – јуни 2009 година.* (Извештај од Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ – Скопје до Владата на Република Македонија, со слики, прилози, преглед за Опсерваторија, како и со пополнети официјални формулари со барања за подобрување на состојбата.) **(1 поен.)** • **Чејковска, В.**, Черних, Д., и З. Тодоров (2009): *Параметри на електромагнетските сеизмометри SS-1 и WR-1 и на 16-битните SSR дигатални запишувачи во Сеизмолошката опсерваторија во Скопје за периодот 2001 – 2005 година.* Скопје: Фонд на Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. **(1 поен.)** • Пекевски, Л., **Чејковска, В.**, Черних–Анастасовска, Д., Дрогрешка, К. и Ј. Најдовска, 2012, *Следење на сеизмичка активност–индуцирана сеизмичност на браните "Козјак"* и *"Света Петка". Извештај за следење на сеизмичката активност од 2009 до 2011 година,* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". **(1 поен.)**	
21	**Учество во промотивни активности на факултетот / институтот:** **Чејковска, В.** и Д. Черних, 2008, *Бранови кои настануваат со урушување на стенски маси во акумулација на вода – сценарио за вежба за акумулацијата на брана Козјак*; текст и орална презентација во Републичкиот центар за управување со кризи, Скопје, 2008.	0,5
22	**Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик – книга–зборник на трудови, на англиски јазик:** *Complex Research of Earthquake's Forecasting Possibilities,*	1

	Seismicity and Climate Change Correlations: *BlackSeaHazNet Methodological – Coordination Workshop, 2–5 May, 2011, Ohrid, Republic of Macedonia* / [coordinator Strachimir Mavrodiev], *BlackSeaHazNet Series*, Volume 1 (ISBN 978-9989-631-04-7), Skopje: Seismological Observatory at the Faculty of Natural Sciences and Mathematics (= Скопје: Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет). – 268 стр.	
23–24	**Отворање на нови сеизмолошки станици:** • учество во отворањето на нова постојана сеизмолошка станица во околината на Штип, на планината Плачковица, од страна на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, пролет 2012. **(6 поени x 60 % = 3,6 поена.)** • учество во отворањето на нова привремена сеизмолошка станица на 19.12.2012 година на браната „Кнежево"ЈП ХС „Злетовица" – Пробиштип, во рамките на апликативен проект на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ – Скопје за сеизмичко набљудување на истата брана. **(6 поени x 60 % = 3,6 поена.)**	7,2
25-30	**Годишни микросеизмички каталози на земјотресите од територијата на Република Македонија *за годините 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006***, Скопје: Фонд на Сеизмолошка опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. **(6 x 2 поени.)**	12
31	**Анализа на сеизмограми, размена на сеизмолошки податоци и изработка на *Прелиминарен сеизмолошки билтен*:** почнувајќи од 24.01.2008 година до 21.12.2012 година, **400 дена x 0,03 поени/ден.**	12
32	**Собирање и прелиминарна анализа на макросеизмички податоци: 5 години x 0,3 поени**	1,5
33	**Теренско собирање на макросеизмички податоци:** за земјотресот во Валандово на 24 мај 2009 година со Рихтерова магнитуда 5,1 .	0,5
Дејности од поширок интерес		
1	**Член на организационен одбор на меѓународен научен собир:** *Complex Research of Earthquake's Forecasting Possibilities, Seismicity and Climate Change Correlations (BlackSeaHazNet)*, Project FP7 MCA PIRSES-GA-2009-246874, Methodological – Coordination Workshop, Ohrid, Macedonia, May 2–5, 2011.	1
2	**Студиски престој во странство до 3 месеци:** *Complex Research of Earthquake's Forecasting Possibilities, Seismicity and Climate Change Correlations (BlackSeaHazNet)*, Project FP7 MCA PIRSES-GA-2009-246874, Seminar–Workshop, 13-16 September 2011, Tbilisi, Georgia.	0,5
3	**Студиски престој во странство до 3 месеци:** Студиски престој од 17.09.2011 годона до 17.10.2011 година во Западната служба за сеизмичка опасност при Министерството за кризни ситуации на Ерменија, Ереван (Western Survey for Seismic Protection SNCO, Ministry of Emergency Situations, Yerevan, Armenia), во рамките на меѓународниот проект *Complex Research*	0,5

	of Earthquake's Forecasting Possibilities, Seismicity and Climate Change Correlations (BlackSeaHazNet, Project FP7 MCA PIRSES-GA-2009-246874).	
4	**Изготвување и пријавување на научен национален проект** **– носител:** *Изучување на параметрите на сеизмичност на територијата на Република Македонија*, научен проект на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, пријавен, преку ПМФ – Скопје, на Конкурсот за доделување на средства за финансирање на научноистржувачки проекти за 2012 година, распишан од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" на 20.6.2012 година.	1
5	**Раководител на внатрешна организациона единица:** – раководител на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје од 15.9.2011 година.	3
6	**Член на комисија за избор во звање:** избор на д-р Драгана Черних-Анастасовска во звањето научен соработник, 2010 година.	0,2
7	**Член на комисија за избор во звање:** избор на м-р Катерина Дрогрешка и м-р Јасмина Најдовска во звањето асистент, ноември 2012 година.	0,2
	Вкупно	**72,1**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**7,9**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**39,4**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**-**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**72,1**
Вкупно	**119,4**

Скопје, 17. 4.2013 година

Членови на Комисијата

1. Д-р Лазо Пекевски, научен советник на ПМФ во Скопје (во пензија), с.р.

2. Д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Ненад Новковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОДЕЛИРАЊЕ НА ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТА НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р АНА ЗДРАВКОВСКА – ИЛИЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Со решение на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, бр. 02-364/10 од 7.3.2013 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација од м-р Ана Здравковска-Илиевска со наслов „Моделирање на односите со јавноста на туризмот во Република Македонија“, во состав: проф. д-р Весна Шопар – ментор, проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Никола Панов, проф. д-р Јорде Јакимовски и вонр. проф. д-р Томе Груевски. По разгледувањето на приложениот текст на дисертацијата и усогласувањето на мислењата, Комисијата има чест и задоволство да го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Приказ на содржината на трудот

Докторската дисертација од кандидатката м-р Ана Здравковска - Илиевска содржи 252 страници основен текст, изготвен на персонален сметач, 33 табели и графички прикази, 9 страници заклучоци и 36 страници библиографија, кои заедно сочинуваат една целина.

Структурно, дисертацијата е поделена во пет глави и заклучни согледувања. Фокусот на истражувањето е ставен на влијанието на односите со јавноста врз македонскиот туризам и потребата од развивање применлив модел на односи со јавноста на македонскиот туризам, во функција на остварување на подобри резултати во вкупното туристичко стопанство, како важна гранка за економијата на државата.

Во **првата глава со наслов „Основни определувања“,** кандидатката ги разработува базичните елементи на истражувањето, со определување на основните категории и со утврдување на методите на истражување. Притоа, ја објаснува важноста од пошироко поставување, истражување и елаборирање на стратегискиот пристап во планирањето на развојот на македонскиот туризам, од една, и потребата од моделирање на стратегиското управување на односите со јавноста на македонскиот туризам, од друга страна, со цел туризмот да стане еден од главните генератори на профит со што значително ќе влијае на економската состојба на државата. М-р Ана Здравковска – Илиевска тргнува од тезата дека моделирањето на односите со јавноста, конципирано и реализирано според најсовремената практика на односите со јавноста во туризмот, а приспособено на состојбите и тенденциите на туристичкото стопанство во Република Македонија, ќе овозможи туризмот во земјата да стане вистински продуктивна и профитабилна културна и општествено полезна дејност. Притоа, клучни за креирање и развивање на посебен модел на односите со јавноста се односите со медиумите, маркетиншкиот публицитет, управувањето со теми, лобирањето, управувањето со кризи, односите со внатрешната јавност, создавањето и развивањето идентитет и имиџ на туризмот.

Во **втората глава со наслов „Односи со јавноста“,** кандидатката ги разработува целите, функциите и формите на односи со јавноста и нивната примена во туристичкото стопанство и во туризмот во Република Македонија, имајќи ги предвид белезите на туризмот кои произлегуваат од природата на дејноста, природните услови, соодветните туристички капацитети, културата и традицијата. Во оваа глава се констатира значењето и улогата на односите со јавноста во развиените општествени системи, моменталната улога на односите со јавноста во Македонија и нивното значење во менаџерската структура на комапаниите. Посебен акцент е ставен на функциите и формите на односите со јавноста, дистинкцијата меѓу маркетингот и односите со јавноста и соодветното позиционирање на односите со јавноста во стратегискиот менаџмент. М-р Ана Здравковска-Илиевска нагласува дека односите со јавноста претставуваат важен, ако не и примарен дел за градење, развивање и одржување на имиџот на една земја како „атрактивна“ туристичка дестинација, играјќи клучна улога во промоцијата и афирмацијата на туризмот и туристичките дестинации на една земја. Темелот на нивното успешно управување го сочинуваат доброто планирање и сообразување на комуникациските цели и активности со деловните цели на организацијата заради остварување на проектираните резултати. Станува збор за осмислен и планиран процес

на активности заради изградба на идентитет, имиџ и углед на организацијата, услугата или производот. Посебно се разработени моделите на односи со јавноста, со издвојување на двонасочниот симетричен модел како најсоодветен за односите со јавноста во туризмот и туристичкото стопанство, како и применливоста на формите и функциите на односите со јавноста во практиката.

Третата глава од докторската дисертација со наслов „Туризмот во Република Македонија“ е фокусирана на определување на туризмот, неговите карактеристики, функции, фактори, видови и облици, како и состојбите и развојните трендови во туризмот во Република Македонија во последните десетина години, од аспект на карактеристиките на туристичкиот промет, сместувачките капацитети, сообраќајната инфраструктура, постојните видови туризам и организациската поставеност на туристичкото стопанство во земјата со посебен осврт на Националната стратегија за развој на туризмот во Република Македонија. Особено внимание е посветено на структурните белези на туризмот во Македонија, неговата сложеност и разгранетост, како и на анализа на природните и културно-историските особености на туристичките региони во земјата. М-р Ана Здравковска – Илиевска посебно укажува на значењето на туризмот како стопанска гранка и неговата улога во вкупниот економски развој на земјата, но и на неискористените туристички можности во вкупната туристичка понуда. Во таа насока, односите со јавноста имаат посебно место и значење бидејќи ги содржат сите активности и механизми за создавање вистинска слика за одредени туристички вредности. Пазарот има витална улога за успешноста на развиените односи со јавноста во туризмот и токму затоа неопходно е да се изгради стратегија на комуницирање со целната јавност, во функција на обезбедување комплементарна и комплетна туристичка понуда за да може туристичкиот потрошувач комплексно да ја доживее понудата како квалитет, со физичките, културните и социјалните аспект на опкружувањето.

Четвртата глава со наслов „Односите со јавноста на македонскиот туризам“ претставува детална разработка на одделните видови туризам кои реално постојат во Република Македонија или можат да се развијат, со компаративно согледување за тоа кои форми на односите со јавноста најмногу соодветствуваат за нив. Притоа, м-р Ана Здравковска – Илиевска нагласува дека специфичностите на односите со јавноста во туристичкото стопанство се темелат врз специфичностите

на туристичкиот производ. Во тој контекст, карактеристиките на односите со јавноста на одделните видови туризам зависат од нивните специфики и карактеристики, но нужно опфаќаат дефинирање на проблемот, планирање, организација и контрола, како претпоставка за одредување на целите, политиката, стратегијата, програмата и плановите за активности. На тој начин, промовирањето на една дестинација на туристичкиот пазар значи остварување на економските, и пошироко на општествените интереси. Но, во практиката на односите со јавноста на туризмот, најголемо внимание се посветува на односите со медиумите, а се занемаруваат градењето на имиџот, промотивните материјали со целокупната туристичка понуда на земјата, лобирањето, односите со потенцијалните посетители, платеното огласување и друго. Посебен план или стратегија за односи со јавноста која ќе се базира на дефиниран и искреиран туристички производ и на јасно дефинирана слика што претставува Република Македонија не предвидува ниту Националната стратегија за развој на туризмот на Република Македонија 2009 – 2013. Притоа, според кандидатката, токму фактот што основната визија на Националната стратегија е да изгради имиџ на препознатлива европска дестинација, ја наметнува потребата од стратегиско планирање, осмислување и практикување на односи со јавноста на македонскиот туризам. Неспорно е дека Македонија изобилува со квалитетни атрактивно – мотивациски фактори и може да се спореди со повеќето европски земји, но сепак и натаму е непозната дестинација на светската туристичка мапа.

Во **петтиот дел** од докторската дисертација со **наслов „Структура и белези на развиен модел за односи со јавноста на македонскиот туризам“**, суштински се разработува расправата за можностите за моделирање на односите со јавноста на македонскиот туризам. Притоа, м-р Ана Здравковска-Илиевска особено води сметка за тоа кои форми на односи со јавноста можат да дадат најдобри резултати, но и за објективните услови и околности со кои располага македонскиот туризам. Пристапот нуди своевиден микс од стратегиски и тактички основи за односите со јавноста на македонскиот туризам - теоретски модел кој кореспондира со практиката и можната активност за негово спроведување. Имено, специфичните карактеристики на туристичкиот пазар наметнуваат и примена на специфичен модел на односи со јавноста во туризмот, односно развиена стратегија која се базира на изградена квалитетна туристичка понуда и бројни активности. Во таа насока, како клучни за градење на моделот на односи со јавноста, кандидатката детектира неколку премиси: идентификација и валоризација на туристичкиот производ на Македонија, институционална

поставеност и организација на туризмот, двонасочен симетричен модел на односите со јавноста, идентификација на стратегиските елементи на моделот на управување на односите со јавноста, стратегиско управување со односите со јавноста на македонскиот туризам, имплементирање на стратегиски и потстратегиски документи и промени во туризмот како детерминанта за промени во односите со јавноста.

Според кандидатката, моделирањето на односите со јавноста на македонскиот туризам опфаќа три клучни аспекти: прво, соодветна институционална и организациска поставеност на вкупното туристичко стопанство во земјата преку формирање на посебно министерство за туризам и угостителство, или министерство за култура и туризам, второ, примената на двонасочен симетричен модел на комуницирање во односите со јавноста кој се темели на принципот на спогодување, компромис, заемно разбирање, урамнетежен ефект, и трето, изготвување на стратегиски документи осмислени како конзистентни стретегии за развој на македонскиот туризам. На тој начин, моделирањето на односите со јавноста е платформа за градење на развиен модел на стратегиско управување на односите со јавноста на македонскиот туризам.

Во **заклучните согледувања**, м-р Ана Здравковска-Илиевска научната експликација и елаборација на проблемот ја заокружува со нагласување дека туристичкото стопанство својата препознатливост и конкурентност на пазарот најавтентично може да ја презентира преку користење на развиените форми, функции и техники на односите со јавноста. Денес за остварување на посакуваните резултати на полето на туризмот, односно за претставување на Македонија како „посакувана“ туристичка дестинација не е доволно сето природно, културно, историско, богатство што го поседува, па ниту унапредувањето на квалитетот на понудата во туристичките места, региони и простори и на целокупната рецептивно-туристичко угостителска понуда, доколку отсуствува соодветна промоција. Тоа претпоставува системски пристап кој опфаќа поголем број различни инструменти, меѓусебно усогласени и координирани во единствен систем на интегрирани комуникации. Односно, стратегиско планирање, осмислување и практикување односи со јавноста на македонскиот туризам затоа што процесот на создавање имиџ на една туристичка дестинација е незамислив без постоење стратегиски осмислени и имплементирани односи со јавноста.

Оцена на докторкста дисертација

Докторската дисертација под наслов „Моделирање на односите со јавноста на туризмот во Република Македонија“, од м-р Ана Здравковска - Илиевска, претставува самостоен, систематски научен труд на мошне актуелно прашање од интердисциплинарен каратер, од областа на односите со јавноста и туризмот.

Теоретски и методолошки, дисертацијата е во согласност со научните стандарди и ги следи критериумите определени за изработка на докторски тези, со соодветна елаборација на сите битни прашања за улогата, значењето и влијанието на односите со јавноста на развојот на македонскиот туризам и на туристичкото стопанство. Следејќи ги теоретските сознанија, дисертацијата нуди стратегиска рамка на управување на односите со јавноста на македонскиот туризам, како и стратегиска рамка за уредување на постојните состојби во македонското туристичко стопанство, со што има несомнено научно, но и неспорно апликативно значење.

Заклучок

Со оглед на значењето на истражуваното прашање, неговата актуелност, општествените импликации, како и начинот на обработка и применетите методолошки стандарди, Комисијата со посебно задоволство му предлага на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија,

1. Проф. д-р Весна Шопар с.р.
2. Проф. д-р Емилија Симоска с.р.
3. Проф. д-р Никола Панов с.р.
4. Проф. д-р Јорде Јакимовски с.р.
5. Вонр. проф. д-р Томе Груевски с.р.

ИСПРАВКА НА НАСЛОВОТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Ред. бр.	*Име на кандидатот*	*Наслов на темата*	*Ментор*
1.	Филип Чичевалиев	"Клучни фактори за успешност на спојување и присоединување на компании"	д-р Биљана Ангелова

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЗНАЧЕЊАТА И ИМЕНСКАТА ФУНКЦИЈА НА ГЛАГОЛСКАТА ПРИДАВКА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК" ОД М-Р ФАНИ СТЕФАНОВСКА-РИСТЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата триесет и четврта редовна седница одржана на 6.2.2013 година, нè избра за Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Људмил Спасов, д-р Снежана Велковска, научен советник, проф. д-р Анета Дучевска, проф. д-р Катерина Велјановска и проф. д-р Искра Пановска-Димкова, за оцена на докторската дисертација „Значењата и именската функција на глаголската придавка во македонскиот јазик" од м-р Фани Стефановска-Ристеска, асистент-истражувач, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје.

Заблагодарувајќи се на честа, Рецензентската комисија го разгледа трудот и го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

0. Докторската дисертација „Значењата и именската функција на глаголската придавка во македонскиот јазик" содржи 220 страници и се состои од пет дела, покрај воведот и регистарот на користена литература и ексцерпирани текстови.

1. Глаголската придавка како општа партиципска форма во македонскиот јазик, образувана од пасивниот партицип на претеритот ги задржала контекстите на употреба што пасивниот партицип на претеритот, ги имал во старословенскиот јазик, односно таа се јавува како атрибут и во состав со именскиот прирок. Појавата на глаголската придавка во атрибутска служба ја доближува до категоријата придавки, а преминувањето на глаголските придавки во групата на обичните придавки се олеснува тогаш кога тие добиваат извесно преносно значење, со кое се оддалечуваат од глаголот од кој се изведени. Приближување на глаголската придавка до категоријата имиња се забележува и кога таа во една од своите употреби се супстантивизира, односно сама конструира именска група, при што може да дојде и до полна супстантивизација и преминување на глаголската придавка во категоријата на именките. Од друга страна, под влијание на несловенските балкански јазици, во македонскиот јазик се јавува употребата на глаголската придавка во состав на сум-конструкциите и има-конструкциите, во кои таа се сведува до прост знак на глаголско дејство, односно доаѓа до граматикализација на глаголската придавка.

Контекстите на употреба на глаголската придавка во македонскиот јазик биле тема на лингвистички истажувања од страна на повеќе автори. Најчесто проучувана е употребата на глаголската придавка во рамките на има-конструкциите и сум-конструкциите, која била предмет на истражување на поголем број автори (Б. Конески, З. Голомб, П. Хр. Илиевски, Б. Корубин, Р. Паноска, В. Пјанка, Р. Усикова, В. Фридман, С. Велковска, В. Фидлер, В. Георгиев, Ј. Пенчев, Б. Хавранек, Л. Минова-Ѓуркова, С. Маслов и др.), додека од друга страна, именската функција на глаголската придавка во македонскиот јазик која била проучувана од различни аспекти и во различни контексти од страна на авторите Б. Конески

(1987), Б. Корубин (1986), Љ. Спасов (1981), Ж. Цветковски (1988), Љ. Стефановски (1985), З. Тополињска (2007) и др. се помалубројни и сè уште недоволно и целосно истражени.

2. При анализата се опфатени две рамништа, синтаксичко и лексичко, односно од една страна е проследена именската функција на глаголската придавка, односно нејзината употреба во функција на атрибут и во функција на супстантив, т.е. именка, а од друга страна процесот и степенот на нејзина адјективизација и лексикализација, односно преминот на глаголската придавка во групата на вистински придавки и значењата што таа ги развила, што е особено важно од лексичко – семантички и лексикографски аспект.

Тргнувајќи од основната карактеристика на глаголската придавка, наследена од партиципите, односно од нејзината способност да остварува двојна врска, од една страна со субјектот, односно именката која ја определува и со која конгруира, а од друга страна и со предикатот во реченицата, м-р Фани Стефановска-Ристеска ја изделува: а) глаголската придавка како именска определба, односно определба која остварува еднонасочна врска со именката со која конгруира, односно глаголската придавка во функција на *атрибут* и *апозитивен атрибут;* б) глаголската придавка како именска и предикатска определба, т.е. определба која остварува двојна синтаксичка врска и со именката со која конгруира и со предикатот - глаголската придавка во функција на *апозитив* и *предикативен атрибут*.

3. Во првиот дел, *Глаголската придавка во современиот македонски јазик,* преку претставување на старословенските партицински форми и нивниот развој во македонскиот јазик, се изделува глаголската придавка, како општа партицинска форма, а потоа преку глаголските категории *преодност, вид* и *залог* да ги претставиме најсуштествените промени во нејзиниот развој: а) можноста за изведување на глаголски придавки не само од преодни и повратни глаголи, туку и од непреодни глаголи, со што глаголската придавка го губи основното обележје на пасивна придавка и се преобразува во општа партицинна форма; б) резултативноста како основна нејзина карактеристика која доминира во сите начини на нејзина употреба, која може да се смета како една од причините што признаците на преодност и непреодност отишле на втор план и станало можно образувањето на глаголски придавки и од преодни и од непреодни, пред сè свршени глаголи.

Вториот дел, *Именската функција на глаголската придавка,* започнува со преглед на термините што се користат во лингвистичката литература за именување на именската функција, кои укажуваат на голема терминолошка неусогласеност, која произлегува пред сè од различните аспекти на проучување, односно од тоа кои критериуми се земаат како релевантни при проучувањето на одделните именски функции. Во овој дел, преку синтаксичка анализа на ниво на именска група и на ниво на реченица, е претставена: 1. глаголската придавка во функција на атрибут; 2. глаголската придавка во функција на апозитивен атрибут; 3. глаголската придавка во функција на апозитив; 4. глаголската придавка во функција на предикативен атрибут; 5. глаголската придавка во функција на супстантив.

3.1. Како именска определба, глаголската придавка најчесто се јавува во функција на атрибут. Во таа функција таа доаѓа преку копулативниот предикат во кој се јавува како негово лексичко јадро со кое се квалификува, односно идентификува референтот, во зависност од тоа дали глаголската придавка во функција на атрибут е определена или неопределена. Појавата на глаголската

придавката во предикатска функција отвора можност преку трансформација таа да се преобликува во атрибут и тоа во (неутрална) препозитивна позиција во однос на именката, така што се остварува негова директна квалификативна врска со именскиот референт. Атрибутот претставува кондензатор на квалификативна предикација која има експлицитен (лексикализиран) субјект, односно именски референт кој го квалификува и преку кој се воведува во синтаксичката структура.

Глаголската придавка во функција на атрибут најчесто е изведена од преодни, а поретко од непреодни глаголи и повратни или заемно-повратни глаголи.

Во однос на функцијата што ја има во реченицата, глаголската придавка со именката која ја определува може да врши повеќе функции, и тоа: функција на субјект, функција на директен објект и функција на предлошки објект.

Глаголската придавка мошне често се среќава како модификатор на именска група зависна од име која не може да биде разбиена. Овие зависни именски групи функционираат како постмодификатор на конститутивниот член на именската група. Значи во овие случаи имаме номинална низа образувана од глаголска придавка како модификатор, конститутивен член и постмодификатор. Зависните именски групи во функција на постмодификатор можат да изразуваат различни (падежни) односи, но во примерите најприсутни се оние што изразуваат однос на припадност (посесивен генитив), пр.: *Улицата е пуста и само ветрот ја мете од испаѓаните лисја* на багремите. *Некаде во август кога искривената глава* на Симета *излезе од зелениката...неочекувано за него го прекинавме молкот...* Глаголската придавка честопати се јавува и со семантичко-синтаксички дополнувања. Во зависност од семантиката на глаголот од којшто е изведена и глаголската придавка може исто како и глаголот да отвора место за аргументи, односно да влече друга именска група. Станува збор за зависни именски групи кои во јазиците со падежен систем се јавуваат со косите падежи, најчесто генитив, инструментал и локатив, а во македонскиот јазик поради аналитичкиот начин на изразување на падежните односи се врзуваат со помош на предлози.

3.2. Глаголската придавка се јавува во функција на вистинска именска определба, која не остварува врска со предикатот и во случаите кога атрибутот е интонациски и позиционо изделен во однос на именскиот референт, односно кога тој стои надвор од номиналната низа. Тогаш станува збор за апозитивен атрибут кој на површинската структура се однесува како кондензатор на релативна реченица, која претставува производ на секундарна трансформација остварена преку идентичните субјекти.

Глаголските придавки кои се јавуваат во функција на апозитивен атрибут најчесто се изведени од непреодни глаголи, а поретко од преодни и повратни глаголи. Глаголските придавки кои се јавуваат во функција на апозитивен атрибут, речиси секогаш се јавуваат со синтаксичко - сематичко дополнување. Во однос на линеаризацијата, апозитивниот атрибут секогаш се јавува во директна постпозиција, односно глаголската придавка сама или придружена со контекст се јавува во директна постпозиција на една подолга сложена реченица, на пр.: *Луѓето, свикнати да измислуваат молитви, да се сожалуваат или да бараат сожалување, и не го слушале.* Или, пак, како надоврзување, при што се добива реченица со полуреченички карактер, на пр.: *...се гледаа редиците столбови на високиот храм на Јупитер, вжештени и црвени како вжарен јаглен.*

3.3. Апозитивот, исто како и предикативниот атрибут, претставува кондензатор, односно семантичка структура чија примарна, максимално експлицитна формализација би била реченицата, а која е кондензирана по пат на претворање на финитната во инфинитна глаголска форма. Глаголските придавки

во функција на апозитив најчесто се изведени од преодни глаголи, а поретко се среќаваат глаголски придавки изведени од непреодни глаголи. Во функција на апозитив, глаголската придавка најчесто се јавува со именска група која го искажува агенсот, односно вршителот на дејството или, пак, предизвикувачот на дејството, односно состојбата (*Охрабрен* од полицајците, *сопственикот се поприбра...),* како и со дополнувања за место или начин: *Улогорени* на чистинките околу дворот на училиштето, *Германците беа распнале шатор...* Во функција на апозитив, глаголската придавка најчесто се јавува со синтаксичко-семантички дополнувања, а многу поретко самостојно. Таа честопати се јавува и како дел на една проширена реченица, на пр.: *Истурени напред, зад ридиштата, од десната старана на градот, позициите на Мечкин Камен ги контролираа речиси сите поважни пристапи...*, или пак на цела реченица *Задоволен од тоа што на еден туѓ собир ги слуша само своите спокојни зборови, К. се осмели дури и да му ја земе на истражниот судија тетратката...* Глаголската придавка, употребена како апозитив, претставува кондензатор на зависносложени реченици и може да изразува каузално, темпорално, концесивно значење, да укажува на условот потребен за извршување на дејството или на начинот на кој се врши дејството.

4. Предикативниот атрибут, на површинскиот план на реченицата, остварува двонасочна врска, со предикатот од една страна и со именскиот аргумент од друга. За кондензацијата која на површинската структура се остварува како предикативен атрибут се потребни две предикации со кореферентни субјекти, кои се во координиран однос, од кои втората мора да биде со копулативен предикат и анафорски субјект.

Предикативниот атрибут, исто како и апозитивниот атрибут и апозитивот, се јавува исклучиво во неопределена придавска форма. Глаголската придавка во функција на предикативен атрибут може да се појави како модификатор на експлицитно изразен лексикализиран референт со којшто конгуира, но именскиот референт што го модифицира може да биде предаден и со анафорска заменка. Предикативниот атрибут може да придружува именски групи со претходно идентификувани референти, референцијално определени со помош на членски морфеми, лични имиња, анафорска заменка, броеви. Најчесто глаголската придавка во функција на предикативен атрибут се јавува како модификатор на именски референт кој не е експлицитно изразен во површинската реченична структура, бидејќи во предикатот е веќе содржана информацијата за лицето, т.е. за референтот со којшто конгруира, на пр.: *пееја загледани во скалите, загледани негде преку скалите и преку морето.* Предикативниот атрибут во сите наведени примери може да се парафразира со кординирана реченица со сврзникот **и притоа**: *К. си* седеше *во својата канцеларија капнат уморен, иако уште беше многу рано.* → К. си седеше во својата канцеларија и притоа беше капнат уморен.

Во заклучокот се претставени сличностите и разликите кои се јавуваат меѓу различните видови атрибут: а) атрибутот и апозитивниот атибут се јавуваат како определби на именската синтагма, а апозитивот и предикативниот атрибут остваруваат двојна врска и со именката и со предикатот, односно се јавуваат како именска и предикатска определба; б) сите видови атрибут претставуваат кондензатори, односно семантичка структура чија примарна, максимално експлицитна формализација би била реченицата, а која е кондензирана по пат на претворање на финитната во инфинитна глаголска форма. Атрибутот се јавува како кондензатор на квалификативна реченица, апозитивниот атрибут како кондензатор на односна предикација, апозитивот претставува кондензатор на различни типови зависни реченици, а предикативниот атрибут е кондензатор на

независни реченици; в) атрибутот, апозитивниот атрибут, апозитивот и предикативниот атрибут се јавуваат со експлицитен именски референт кој што го квалификуваат, но за разлика од атрибутот кој се јавува само со лексикализиран именски референт, кај апозитивниот атрибут, апозитивот и предикативниот атрибут тој може да биде изразен и со анафорска заменка; г) кај апозитивот и предикативниот атрибут, именскиот референт може и да не се појави на површината на текстот, бидејќи во предикатот е веќе содржана информацијата за лицето, т.е. за референтот со кој конгруира; д) атрибутот се јавува и во определена и во неопределена форма, т.е. освен квалификациска, може да има и идентификациска функција. Апозитивниот атрибут, апозитивот и предикативниот атрибут, за разлика од атрибутот, секогаш се јавуваат во неопределена форма; ѓ) апозитивот и предикативниот атрибут секогаш придружуваат само именски синтагми со конститутивен член маркиран по определеност; е) за разлика од атрибутот, апозитивниот атрибут и апозитивот секогаш стојат надвор од именската група.

5. При употребата на глаголската придавка во функција на супстантив, можат да се изделат три фази на супстантивизација: 1) целосна супстантивизација, кога глаголската придавка не може да се јави во функција на придавка (на пр.: *Од кога немам сукано видено во мојата куќа!*); 2) делумна супстантивизација, кога глаголската придавка може да се јави и во функција на придавка и во функција на именка (*Ако е за право, во почетокот воопшто не знаевме што зборуваат вљубените*); 3) оказиона супстантивизација, кога глаголската придавка може да се употреби спорадично и во функција на именка во реченицата (на пр.: *Вообразените никогаш не слушаат ништо освен фалби*). Глаголската придавка, употребена во функција на супстантив, може да именува лица, конкретни поими или апстрактни поими: а) во случаите кога имаме целосна супстантивизација, именките најчесто се однесуваат на конкретен предмет (на пр. *печено, сукано, готвено, предено*) или на апстрактен поим (пр. *минато, речено, пишано*) и секогаш се јавуваат во формата за среден род и само еднинска форма; б) супстантивизираните глаголски придавки кај кои се јавува делумна супстантивизација секогаш означуваат лица (на пр.: *убиен, осуден, ранет* и др.). Употребени како именки тие можат да се јават во сите три рода и да образуваат множински форми; в) во случаите кога имаме оказиона супстантивизација, глаголската придавка употребена во функција на супстантив може да именува и лица (на пр. *прогонетиот, прашаниот, претепаните* и др.), конкретни поими (на пр. *изгорено, земеното, потрошеното, заграденото* и др.) и апстрактни поими (на пр. *замисленото, реченото*).

6. Во третиот дел, *Адјективизација на глаголската придавка во македонскиот јазик,* е претставен процесот на осамостојување на глаголските придавки на семантичко рамниште, кој е поврзан од една страна со лексичкосемантичката класа на глаголот и видот на глаголот од кој е деривирана глаголската придавка, а од друга страна со: а) преносната употреба на глаголската придавка и б) лексикализацијата, односно раскинувањето на значенската врска со мотивирачкиот глагол, кога глаголските придавки добиваат ново, самостојно значење, односно преминуваат во групата на вистински придавки. Процесот на адјективизација е поврзан со самата природа на глаголската придавка која во својата семантичка структура содржи глаголска и придавска компонента, односно глаголската придавка јавувајќи се како дериват на глаголот ја наследува семантичката структура на мотивирачкиот глагол, а јавувајќи се како синтаксичка и семантичка определба на именки во рамки на минимални лексички синтагми, во

зависност од контекстот, добива квалификативна семантичка содржина, што ја приближува до групата на описните придавки.

Одделните значења што ги развива глаголската придавка можат да бидат поврзани со основното значење на мотивирачкиот глагол преку категоријалната лексичка сема – архисема (на пр.: *вжарен* 'што е многу топол') или да бидат меѓусебно поврзани преку признаците што се јавуваат како диференцијални или потенцијални семи кај основното значење на мотивирачкиот глагол (пр.: *вжарен* 'што е заруменет, вцрвен'; 'што е сјаен'). Глаголските придавки, како деривати на глаголот, најчесто се јавуваат со преносно значење присутно и во семантичката содржина на мотивирачкиот глагол, бидејќи семантичките компоненти и семантичките процеси кои ја градат повеќезначноста на една лексема честопати се јавуваат и во семантичкото значење на нејзините деривати. Преносните значења глаголската придавка ги рaвива по пат на различни типови метафоричка асоцијација, на пр.: *затапен нож - затапен човек* ('што е умствено ограничен, што слабо, тешко сфаќа; глупав'); *запален оган - запалена публика* ('што е воодушевен, заинтересиран за нешто');, *вжештена печка – вжештена атмосфера* ('што е напнат, непријателски') итн. Лексикализација на глаголските придавки настанува кога тие почнуваат да се оддалечуваат од семантичката содржина на мотивирачкиот глагол и развиваат ново, сопствено значење. Сепак, тоа не мора да значи дека при тоа доаѓа до целосно раскинување на врската со зборообразувачката основа на мотивирачкиот глагол. Нови значења можат да бидат добиени по пат на метонимија, како на пример кај глаголските придавки изведени од глаголи кои означуваат емоција, душевна состојба (*налутен поглед*; *натажено лице*; *загрижен глас*; *восхитени очи* итн.) или по пат на синегдоха во случаите кога глаголската придавка се јавува како детерминатор со именки кои именуваат човечко тело или дел од човечкото тело, означувајќи физичка состојба на лицето, на пр.: *изморени нозе, папасано тело* итн. Новото значење може да биде добиено и од зборообразувачката основа на глаголи со слична или блиска семантичка содржина со мотивирачкиот глагол од кој е деривирана глаголската придавка. Така, на пример, значењето на глаголската придавка *вроден* 'што постои од раѓање, наследен, генетски' (*вродена мана, вроден нагон*) го поврзуваме со значењето на глаголот *роди.* Честопати глаголската придавка своето ново значење го добива само во случаите кога се јавува како определба на именка со која образува затврдната синтагма. Овие затврднати изрази именуваат посебен вид производ, односно тие означуваат особина по која предметот му припаѓа на определен вид: *биено сирење, везени пиперки, димена сланина, сушена риба, греано вино, дувано стакло, ковани пари, игран филм* др.

6.1. Преминувајќи во групата на вистински придавки, глаголските придавки добиваат значење на описни придавки, кои според основниот семантички признак можат да се класифицираат во неколку лексичко-семантички групи: 1. глаголски придавки кои означуваат трајна особина или ново својство на предметот; 2. глаголски придавки кои означуваат душевна состојба, емоција или расположение; 3. Глаголски придавки кои означуваат психичка и/ или психо-физичка состојба; 4. глаголски придавки кои означуваат особина или изглед кај човекот; 5. глаголски придавки кои означуваат карактерни и морални особини кај човекот; 6. глаголски придавки кои укажуваат на промена на хемиска, физичка или агрегатна состојба; 7. глаголски придавки кои укажуваат на промена на положбата, на состојбата, на целото тело; 8. глаголски придавки кои означуваат боја; 9. глаголски придавки кои укажуваат на својствата што се воспремаат како вкус; 10. глаголски придавки кои укажуваат на интензитет, на висок или низок степен на изразност на особината.

7. Четвртиот дел, *Речник,* претставува лексикографска обработка на околу 1000 глаголски придавки кои преминале во групата на вистински придавки по пат на полна адјективизација, односно глаголските придавки кои развиле преносно значење или, пак, ново, самостојно значење во однос на мотивирачкиот глагол. Резултатите од лексикографската обработка на глаголската придавка ни потврдија дека глаголските придавки како и повеќето лексеми можат да имаат две и повеќе значења, т.е да имаат повеќезначна семантичка структура што зборува за многузначноста на лексемата или полисемија.

8. Во петтиот дел, *Заклучок,* се сумирани резултатите и согледувањата добиени од синтаксичката и семантичката анализа на глаголската придавка, односно во него се претставени од една страна сличностите и разликите кои се јавуваат меѓу различните видови атрибут, како и различните степени на супстантивизација на глаголската придавка во рамки на именската функција на глаголската придавка, и од друга страна, начините на кои глаголската придавка го развила своето преносно значење, појавата на раскинување на врската со мотивирачиот глагол и развојот на ново значење претставени преку процесот на адјективизацијата и лексикализација на глаголската придавка.

ЗАКЛУЧОК:

Докторската дисертација на м-р Фани Стефановска-Ристеска под наслов: „Значењата и именската функција на глаголската придавка во македонскиот јазик", претставува еден мошне важен дел од истражувањата посветени на испитувањето на глаголската придавка и на начините на нејзиното функционирање во македонскиот јазик, како и на контекстите на нејзината употреба во различните стилови на македонскиот текст. Оваа дисертација е одлично изработен труд со цврсти методолошки основи и во таа смисла нуди нови теоретски и практични сознанија за предметот на нејзиното истражување. Таа претставува важен дел на граматичката и лексикографската обработка на глаголската придавка во македонскиот јазик.

Затоа, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да ја усвои нашата рецензија и да ја допушти кандидатката на усна одбрана на нејзината докторска дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Људмил Спасов, ред. проф., с.р.

2. Д-р Снежана Велковска, научен советник, с.р.

3. Д-р Анета Дучевска, вонр. проф, с.р.

4. Д-р Катерина Велјановска, ред. проф., с.р.

5. Д-р Искра Пановска-Димкова, вонр. проф., с.р.

Скопје, 4 април 2013 г.

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИС ЗА УЧЕБНИКОТ „ПРЕТКЛИНИЧКА КАРИОЛОГИЈА“ ОД АВТОРОТ ПОПОВСКА ЛИДИЈА

Со одлука на седницата на Наставно- научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје одржана на 31.1.2013 година, избран бев за рецензент на учебникот „Претклиничка кариологија“ од авторот Лидија Поповска. Откако детално го прочитав доставениот ракопис, до Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје со нескриено задоволство го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за учебникот „Претклиничка кариологија“ од авторот Лидија Поповска е наменет за студентите од студиската програма по дентална медицина, за предмет кој се слуша во III година, односно во V семестар. Понуденият ракопис е добро осмислен, со систематски и детално разработени теми кои во целост ја покриваат и опфаќаат теоретската наставна содржина на додипломската настава на студентите по дентална медицина. Споменатиот учебник истовремено може да послужи и како дополнителна литература за студентите запишани на студиската програма за стручни стоматолошки сестри и забни техничари при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Исто така, учебникот може да биде од полза и за студентите од II циклус, како и за студентите- специјализанти од поедини области.

Продлабочената анализа на ракописот укажува на фактот дека со учебникот ќе бидат покриени сите предвидени наставни содржини согласно со планот за теоретска настава по предметот претклиничка кариологија, односно тој е целосно приспособен и во корелација со наставната програма. Предметот од првиот циклус студии се слуша во V семестар на студиската програма по дентална медицина. Фондот на часови за предметот изнесува вкупно 75 часа (30 +45), со 5,5 кредити според ЕКТС.

Учебникот без никаква дилема може да го користат и студентите на студиската програма за стручни забни техничари по предметот реконструктивни стоматолошки процедури“ (III семестар), со вкупен фонд на часови од 30 часа (15+15) и 3 ЕКТС-кредити, како и од студиската програма за стручни стоматолошки сестри по предметот дентална патологија, кој се слуша во III семестар -вкупен фонд на часови од 45 часа (15+30) и 5 ЕКТС-кредити.

Ракописот што е предмет на анализа на оваа рецензија, всушност, е прво издание, и во него нема ревидирани сегменти од претходен учебник. Студентите што се школуваа по старата програма за доктори по стоматологија, го користеа учебникот „Кариологија“ од проф. д-р Љупка Матовска, издаден во 2001 година, но фондот на часови според актуелната студиска програма е двојно поголем во однос на претходната, па голем дел од предвидените методски единици многу малку или воопшто не се опфатени.

Учебникот е напишан на 181 страница, пишуван е со нормален проред во А4-формат, а во функција на појаснување на основното градиво се и 130 илустрации и шематски прикази. Материјата е содржана во 5 поглавја, презентирани по стандарден и логичен редослед. Секоја наставна единица е прегледно и јасно изложена на едноставен начин и јазик, збогатена со шеми и

слики, со што наставната содржина презентирана на уште попластичен начин, станува лесно разбирлива и попримечива за студентите. Содржината на учебникот е поделена во пет поглавја.

По воведот, во првото поглавје се прикажани во детали карактеристиките на здравите тврди забни ткива.

Во второто поглавје, главниот акцент е ставен на етиопатогенезата на кариесот и неговите класификации, но и на патохистолошките промени во забните ткива под влијание на напредувањето на кариозниот процес.

Третото поглавје нуди опис на стоматолошкото работно место и неопходните инструменти и апарати за реализирање на стоматолошката практика.

Во четвртото поглавје, на разбирлив и систематичен начин се прикажани поделбите и современиот тераписки пристап во справувањето со кариесот. Сепак, најтемелно се обработени и анализирани начините на изработка на препарациите според класичните блекови принципи. Иако современата реставративна стоматологија е карактеристична по појавата на новите атхезивни материјали, така што препарацијата на кавитетите е приспособена спрема нив, неопходно е одлично познавање на овие стари принципи , за да може да се направи критичко прифаќање на новите пристапи и начини на работа. Во тој контекст, за успешна терапија, освен мануелните способности е потребно и одлично познавање на особините на реставративните материјали.

Петтото поглавје е насловено како реставрација на забите, иако всушност се однесува најмногу на најновите сознанија, поделбите и особеностите на реставративните материјали, а само донекаде е опишан начинот на кој тие се применуваат.

Приложениот ракопис е добро осмислен, и во него систематски и детално се разработени теми кои се комплементарни и во целосна согласност со постојната програма за теоретска настава по предметот претклиничка кариологија Од сето погоре кажано произлегува дека ракописот наполно ја исполнува задачата за која е предвиден, па според тоа општа педагошка оцена е дека овој ракопис е наполно соодветен за успешна едукација на студентите и треба да биде категоризиран во учебник по предметот претклиничка кариологија.

Пишувањето на ракопис од ваков обем и опфат бара не само огромно знаење и професионално искуство на високо ново, туку и своевидна посебна инспирација. Авторот на ракописот со својот мошне внимателен, аналитичен и издржан приод, наполно успеал во својот потфат, подарувајќи им на студентите на Стоматолошкиот факултет, вредна, и содржински богата книга, која дефинитивно одлично ќе се користи како учебник за студентите, но ќе претставува и интересно четиво за завршените стоматолози од општа практика, кои сакаат јасен и разбирлив преглед на обработената материја.

По читањето на ракописот се наметнува констатацијата дека материјалот е одлично структуриран, опфатот на теми е респектабилен и тие се успешно вкомпонирани во логична низа, со вешти и рационално поврзани премини меѓу поглавјата. Текстот е напишан со убав стил на мошне јасен и разбирлив јазик, а квалитет повеќе претставуваат и богатите илустрации кои придонесуваат за полесно совладување на градивото. Во оваа смисла посебно треба да се истакне умешноста на авторот постепено да ги воведе студентите во материјата, без притоа да се предивика кај нив одбојност или нејзиното неразбирање, независно што во ниту еден момент не е извршена симплификација на темите што се обработени.

Следствено на сето погорекажано го предлагам следниов

ЗАКЛУЧОК

Чест и задоволство е да се биде рецензент на ракопис кој по обемот и содржината во целост одговара на програмата на Стоматолошкиот факултет, а кој истовремено го краси и го одликува современ приод во разработка на методските единици, неопходни за успешно изучување на содржината на предметот претклиничка кариологија. Врз основа на изнесеното, предлагам трудот да биде објавен и отпечатен на Стоматолошкиот факултет, при Универзитетот „Св Кирил и Методиј"во Скопје, како учебник во неговиот изворен облик.

Рецензент

Доц. д-р Александар Митиќ, д-р сци. с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПРЕТКЛИНИЧКА КАРИОЛОГИЈА“

ОД АВТОРОТ ПОПОВСКА ЛИДИЈА

Со одлука на седницата на Наставно- научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје одржана на 31.01.2013 година, определена сум за рецензент на учебникот „Претклиничка кариологија“ од авторот Лидија Поповска. Откако внимателно го прочитав ракописот од наведениот автор, на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје со задоволство му го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Учебникот „Претклиничка кариологија“ од авторот Лидија Поповска првенствено е наменет да биде основна литература за студентите од студиската програма по дентална медицина, иако може да послужи и за студентите од студиските програми за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри.

Со учебникот ќе бидат покриени сите предвидени наставни содржини според планот за теоретска настава по предметот претклиничка кариологија, што се слуша во V семестар на студиската програма по дентална медицина. Фондот на часови за предметот претклиничка кариологија изнесува вкупно 75 часа (30 +45), а бројот на ЕКТС- кредити изнесува 5,5.

Учебникот може да го користат и студентите на студиската програма за стручни забни техничари по предметот реконструктивни стоматолошки процедури (III семестар), со вкупен фонд на часови од 30 часа (15+15) и 3 ЕКТС-кредити, како и од студиската програма за стручни стоматолошки сестри по предметот дентална патологија кој се слуша во III семестар -вкупен фонд на часови од 45 часа (15+30) и 5 ЕКТС- кредити.

Содржината на учебникот во целост одговара со наставната програма за даденият предмет од првиот циклус студии за студентите по дентална медицина, но може да послужи и како дополнителна литература за студентите на високите стручни школи (стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри).

Ова е прво издание и нема ревидирани сегменти од претходен учебник. Студентите кои студираа по старата програма (доктори по стоматологија) го користеа учебникот „Кариологија“, од проф.д-р Љупка Матовска, издаден во 2001, кој ги задоволувал потребите на старата студиска програма, а не ги покрива сите предвидени методски единици според новата наставна програма за доктори по дентална медицина.

Учебникот се состои од 181 страници и 130 илустрации и шематски прикази, пишуван е со единечен проред во А4- формат. Градивото е распоредено во 5 поглавја, по логичен распоред кој е разбирлив за студентите. Секоја наставна единица е прегледно и јасно изложена, збогатена со шеми и слики со што наставната содржина станува разбирлива за студентите.

Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот или квалитетот на содржината, начинот и уредувањето на текстот, како и потреба од дополнување или исклучување на определен текст.

Содржината на учебникот е следна:
Поглавје 1. *Тврди забни ткива*

Емајл (supstantia adamantina), Дентин (Supstantia eburnea), Цемент (Substantia ossea)

Поглавје 2. *Забен кариес*

Дефиниција - Етиологија на забниот кариес- Класификации на кариозните лезии - Морфологија и патохистологија на кариозниот процес

Поглавје 3. *Стоматолошка ординација*

Работно место -Инструменти и насадни инструменти -Борери

Поглавје 4. *Препарација на кариозни лезии*

Блековите принципи -Изработка (препарација) на кавитетите (по Блек) - Критика на Блековите принципи и правила -Класификација и начин на работа по Маунт

Поглавје 5. *Материјали за реставрација на забите*

Материјали за заштита на дентинска рана - Средства за привремено затворање на кавитети -Амалгами -Композитни материјали -Дентални атхезиви -Глас-јономер цементи (стаклено јономерни цементи) -Инлеи и онлеи

Методските единици се напишани на осмислен начин и секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за теоретска настава по предметот. Стилот на пишување е разбирлив и лесен за разбирање на студентите за кои е наменет, па според тоа општа педагошка оцена е дека овој ракопис наполно соодејствува за едукација на студентите и треба да биде категоризиран во учебник по предметот преклиничка кариологија.

Врз основа на изнесеното го предложувам следниов

ЗАКЛУЧОК

Задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник кои ќе им овозможи на студентите успешно изучување на содржината на предметот претклиничка кариологија. Врз основа на тоа, сметам дека овој учебник заслужува да биде позитивно рецензиран и да биде објавен на Стоматолошкиот факултет, при Универзитетот „Св Кирил и Методиј"во Скопје.

Рецензент

Доц. д-р Соња Апостолска с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПРЕТКЛИНИЧКА КАРИОЛОГИЈА“ од авторот ЛИДИЈА ПОПОВСКА

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр. 35/08 и 103/08), член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошки факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а по разгледувањето на Барањето за одобрување на учебник од авторот насл. доц. д-р Лидија Поповска, Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата 3. редовна седница одржана на ден 31.I.2013г., донесе одлука да бидам рецензент на приложениот ракопис “Претклиничка кариологија”, наменет за учебник за студентите од прв циклус на додипломска настава на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

По извршениот преглед на ракописот, јас доц. д-р Ивона Ковачевска го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Општи податоци за ракописот

Ракописот „Претклиничка кариологија” од насл. доц. д-р Лидија Поповска е конципиран и пишуван според наставниот план и програма на предметот претклиничка кариологија кој се изучува на студиите од првиот циклус -додипломска настава на Стоматолошкиот факултет, во петтиот семестар.

Ракописот кој ми е доставен претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да се здобијат со сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма.

Податоци за обемот на ракописот

Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на учебник по предметот претклиничка кариологија е претставен во текст од вкупно 181 страница и 130 илустрации. Трудот е пишуван во А4- формат со нормален проред, употребен е фонт Ariel и со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за остварување на издавачката дејност на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Краток опис на содржината

Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Материјата е распределена во пет поглавја. Во првото поглавје детално се даваат анатомо - морфолошките карактеристики на здравите тврди забни ткива. Посебен осврт е даден на хистолошките особености на тврдите забни супстанции, со што на студентите им се олеснува разбирањето на патолошките промени кои настануваат во нив, превенцијата на заболувањата, но и начинот на кои се постигнува успешна терапија.

Во второто поглавје насловено како „Забен кариес“ се опишани современите концепти и ставови за етиопатогенетскиот механизам на кариозниот процес, минерализацијата и спротивно на неа,

деминерализацијата, како и базичните и дополнителни фактори кои го промовираат кариесот. Детално се опишани сите класификации на кариозните лезии, по што следува и објаснување на патохистолошките промени на забните ткива кои настануваат под влијание и како резултат на напредувањето на кариозниот процес.

Во третото поглавје авторот се фокусира на стоматолошката амбуланта, односно просторната поставеност на работното место и неопходната апаратура за реализација на секојдневната стоматолошка практика. Овде авторот дава хронолошки преглед на основните и помошни рачни и машински инструменти, препораки за нивното употребување, апликацијата и, секако, нивното правилно одржување.

Во четвртото поглавје, авторката ги презентира поделбите и современите тераписки процедури при третманот на кариесот. На максимално пристапен и детален начин овде се прикажани начините на изработка на препарациите на кариозните дефекти, како тераписка постапка на кариозниот процес, во релација со класичните принципи по Блек. Иако современите реставративни материјали што се употребуваат за надоместување на изгубените забни ткива и површини во многу аспекти не конвенираат со класичните блекови препарациони техники одличното познавање и совладувањето на овие стари принципи е неопходно, со цел да може да се направи критичко прифаќање на новите пристапи и начин на работа.

За успешна терапија, освен мануелните способности, потребно е и одлично познавање на особините на реставративните материјали. Па затоа последното, петтото поглавје ги опфаќа последните сознанија, поделбата и особините на реставративните материјали и базично е опишан начинот на кои тие се применуваат.

Ракописот ја постигнал и својата главна цел - да се воведат студентите во проблематиката на реставративната стоматологија, но воедно и да ги стекнат неопходните познавања пред првиот контакт со пациентите во клиничката практика.

Ракописот на д-р Лидија Поповска претставува рационално структуриран сублимиран материјал на една поширока тема, која на студентите на многу едноставен начин им ги претставува основните знаења од оваа многу значајна област од стоматологијата, но исто така и спецификите кои се однесуваат на кариесот како заболување, неговите последици, како и современите можности за терапија и реставрација на променетите забни структури.

Цитирана е литература од светското и балканското подрачје.

Врз основа на гореизнесеното, го предложувам следниов

З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебник „Претклиничка кариологија", од авторот д-р Лидија Поповска, опфаќа поглавја кои се однесуваат на заболувањата и реставрацијата на тврдите забни ткива, целосни адаптирани според наставната материја предвидена во програмата за предметот претклиничка кариологија за студентите на првиот циклус студии на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Според моја професионална и лична проценка, авторот успеал на сумарен и прецизен начин да ја презентира

материјата што е предмет на изучување, да ја конципира содржината и да ја оствари целта на ракописот како учебник. Со издавањето на овој ракопис, ќе им се даде можност и привилегија на студентите да ги изучуваат современите концепти за заболувањата на тврдите забни ткива, како и тераписките постапки при третманот на кариозниот процес.

Како рецензент имам чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ракописот „Претклиничка кариологија" од насл. доц. д-р Лидија Поповска да биде издаден како учебник.

РЕЦЕНЗЕНТ

Доц. д-р Ивона Ковачевска, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РЕТРОСПЕКТИВНА СТУДИЈА СО ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЕПИДЕМИОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ РИЗИК-ФАКТОРИ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО РАСЦЕП СО ПРОСПЕКТИВЕН ТЕК (1996-2010) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

ОД КАНДИДАТКАТА Д-Р РАДМИЛА ДИМОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет на својата VI редовна седница одржана 03.04.2013 година, а по предлог на Научниот одбор, во согласност со Законот за високото образование на РМ, за оцена на докторскиот труд на д-р Радмила Димовска под наслов „Ретроспективна студија со валоризација на епидемиолошките карактеристики и потенцијалните ризик-фактори кај пациентите со расцеп со проспективен тек (1996-2010) во Република Македонија" определи Рецензентска комисија во следниов состав:

1. проф. д-р Даница Поповиќ-Моневска
2. проф. д-р Снежана Иљовска
3. проф. д-р Розалинда Исјановска
4. проф. д-р Марија Зужелова
5. проф. д-р Славе Наумовски

По разгледувањето на доставениот материјал, Рецензентската комисија на Наставно – научниот совет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација „Ретроспективна студија со валоризација на епидемиолошките карактеристики и потенцијалните ризик-фактори кај пациентите со расцеп со проспективен тек (1996-2010) во Република Македонија" изработена од кандидатката д-р Радмила Димовска, е презентирана на 165 страници кои содржат вкупно 32 фотографии, 14 табели и 20 графикони, цитирани 203 референци од странски и домашни автори од понови години и кратка содржина на македонски и англиски јазик.

Обработениот материјал е поделен во следни 8 поглавја: вовед, литературен преглед, цел на истражувањето, материјал и методи на работа, резултати од истражувањето, дискусија, заклучоци и литература.

Во поглавјето ВОВЕД е ставен акцент на комплексноста на расцепите кои претставуваат релативно чести краниофацијални аномалии. Авторката го опишува механизмот на настанувањето на расцепите, што во основа е начинот на ембрионалното оформување на орофацијалниот комплекс. Растот и

развојот на човекот започнуваат со оплодување на овулумот од страна на сперматозоидот, т.е. со фертилизацијата. "Кодот" на животот на единката се воспоставува во моментот кога хаплоидниот број на хромозоми од секоја гамета се соединуваат во диплоидни на зиготата. Според Грахам, интраутериниот развој се дели на четири периоди:

1. ран ембрионален период (од фертилизацијата до 21. ден)
2. среден ембрионален период (од 21.- до 35. ден)
3. доцен ембрионален период (од 35.- до 60. ден)
4. фетален период (од 60. дена до 9 месеци).

Авторката смета дека од посебен интерес се средниот, доцниот и феталниот период, и дека расцепите можат да се појават на примарниот палатум, секундарниот палатум или заедно, како и во сите можни комбинации. Расцепите можат да бидат комплетни или некомплетни, унилатерални или билатерални. Расцепот на палатумот може да се појави и како изолиран феномен. Расцепите често се составен дел на конгенитална аномалија или на некој синдром.

Во второто поглавје ЛИТЕРАТУРЕН ПРЕГЛЕД, авторот се задржува на цитирање на податоци од странската и домашната литература за проблемот на расцепите. Епидемиологијата на орофацијалните расцепи била опширно проучувана во текот на последните неколку декади. Би било тешко да се синтетизира севкупната литература која се однесува на епидемиолошките истражувања во голем број земји во целиот свет. Најголемиот дел од истражувањата, во основа, вклучуваат групи кои се разликуваат по ризикот од појавата на орофацијалните расцепи. Но она што треба задолжително да се нагласи во најголемиот дел од студиите во објавените варијации на застапеноста вклучуваат и расцепи кои се придружени со малформации и синдроми кои имаат различен епидемиолошки развиток со развитокот на расцепите без придружни малформации. Авторката цитира богата литература од поново време која се однесува на епидемиолошките податоци од повеќе земји во светот.

Во поглавјето ЦЕЛ НА ТРУДОТ, респектирајќи ги наодите од литературата и поттикната од расположливите ресурси во Република Македонија на оваа тема, во оваа докторска дисертација авторката си поставила за цел добивање релевантни податоци за:

- преваленцата и инциденцата на расцепите на устата и непцето во Република Македонија;
- детерминирање на ризик-фактори во етиопатогенезата на расцепите на устата и непцето;
- предлог- протоколи.

Поглавјето МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД НА РАБОТА го прикажува материјалот и методолошкиот пристап за реализација на зацртаните цели. Податоците за расцепите на устата и непцето во Република Македонија се добиени мануелно со пребарување на базата на податоци на Државниот завод за статистика на Република Македонија, Институтот за јавно здравје на Република Македонија и ЈЗУ Центар за јавно здравје -Скопје. Нотирани се податоците кои се однесуваат за бројот на новородените со расцепи на усната и непцето во Република

Македонија(според ДЗС), бројот на заболените се класифицирани по дијагноза, пол и место на раѓање. Податоците се прибирани по препораките на WHO (Working Group. Global registry and database on craniofacial anomalies) кои се користат и применуваат за овој вид истражувања. Собирањето и нотирањето на податоците за преваленцата и инциденцата, како и другите податоци за расцепите на устата и непцето се направени во соработка со Катедрата за епидемиологија при Медицинскиот факултет во Скопје во текот на 2011/2012 година. Статистичка обработка на податоците е направена со помош на користење на следниве статистички методи: одредување на коефициент на односи, пропорции и стапки и тестот на разлики. Од епидемиолошките показатели користени се стапките на инциденцата и преваленцата со единствена цел-остварување на целите на трудот.

Во поглавјето РЕЗУЛТАТИ, на готовата студија, добиените податоци се систематизирани во период од 15 години. Резултатите од студијата укажуваат дека вкупниот број на пациенти (МКБХ-Q35,Q36,Q37) кои се регистрирани во текот на 1996-2010 изнесувал 289, во просек 19,3±4,1, минимум 12, а максимум 26 пациенти. Во текот на испитуваниот период регистрирани се 61,2 пациенти од машкиот пол, а 38,8% од женскиот пол. Процентуалната разлика била статистички сигнификантна за p=0,0000. Стапката на преваленца на расцепи во испитуваниот период изнесува 79,27 на 100.000 новороденчиња (возраст од 0 до 12 месеци), што приближно е едно на 1000 новороденчиња.

Во поглавјето ДИСКУСИЈА, врз основа на добиените резултати од опсежните истражувања, авторката смета дека она што задолжително треба да се нагласи е дека во клиничката практика и епидемиолошките испитувања, од голема важност е да се направи разлика помеѓу синдромските, повеќекратните и изолираните форми на орофацијални расцепи. Клинички, оваа разлика е важна за да може да се постави прогноза, да се утврди ризикот од повторна појава и да се евалуираат опциите за преднатална дијагноза. Во епидемиолошките студии оваа разлика помага за дефинирање на релативно хомогени подгрупи на случаи. Понатаму, авторката нагласува дека кај расцепите е задолжително потребен мултидисциплинарен тим составен од: гинеколог-спец. за ултрасонографија, микропедијатар, сестра специјализирана за нега на доенчиња со расцеп, максилофацијаленхирург, ортодонт, оториноларинголог, фонологопед, детски стоматолог, психолог, социјален работник, протетичар, при што треба да се овозможи комплетна анатомо-морфолошка и функционална рехабилитација на детето со расцеп до развој во здрава личност.

Во поглавјето ЗАКЛУЧОК се сумираат резултатите од направеното епидемиолошко испитување, кое претставува прв сеопфатен и пионерски труд од областа на епидемиолошките карактеристики и потенцијалните ризик фактори кај пациентите со расцеп на усна и/или непце во Република Македонија. Користејќи ги сите достапни епидемиолошки и клинички ресурси констатирани се бројни релевантни и вредни податоци кои во натамошното движење на епидемиолошкиот и клиничкиот материјал ќе бидат солидна база за нивно компарирање, елаборирање, информирање и евалуирање. Од особено значење, кое произлегува од ретроспективната студија, е препораката за неопходно оформување на професионален тим за расцепи и негова институционализација во рамките на јавното здравство и формирање државен

центар кој ќе се придржува до светските доктринарни медицински ставови и протоколи за лекување на пациенти со конгенитални аномалии-расцепи на усна и /или непце.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација под наслов „Ретроспективна студија со валоризација на епидемиолошките карактеристики и потенцијалните ризик-фактори кај пациентите со расцеп со проспективен тек (1996-2010) во Република Македонија" од кандидатката д-р Радмила Димовска, е даден оригинален научен придонес во областа на ортодонцијата и максилофацијалната хирургија. Изнесена е обемна анализа во ова исклучително значајно научно подрачје.

Се опфатната анализа на пациентите со расцепи ја прави темата актуелна, пристапот е соодветно планиран и реализиран. Направена е комплексна анализа на секој поединечен параметар и нивното меѓусебно влијание за секоја година поодделно. Студијата е богато илустрирана со слики, табели и графикони од кои јасно се гледа солидно направената статистичка анализа. Она што трудот го прави комплетен е хронологијата на предлог-третманот на расцепите.

Од претходно изложените резултати, произлезени од современите дијагностички методи, од кои еден дел користела и авторката, а при тоа стриктно држејќи се до поставените цели, добиени се прецизни одговори на сите поставени дилеми од кои може да се заклучи дека кандидатката д-р Радмила Димовска покажува длабоко познавање на проблематиката која е третирана во докторската дисертација, што резултира со нејзин научен придонес.

Врз основа на изложената анализа, Комисијата има чест да му предожи на Наставно-научниот совет да го прифати извештајот и на кандидатката д-р Радмила Димовска да и одобри јавна одбрана на докторската дисертацијата под наслов:

„Ретроспективна студија со валоризација на епидемиолошките карактеристики и потенцијалните ризик-фактори кај пациентите со расцеп со проспективен тек (1996-2010) во Република Македонија"

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. проф. д-р Даница Поповиќ- Моневска с. р.
2. проф. д-р Снежана Иљовска с. р.
3. проф. д-р Розалинда Исјановска с. р.
4. проф. д-р Марија Зужелова с. р.
5. проф. д-р Славе Наумовски с. р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„ПРОГНОСТИЧКИ МОДЕЛ ЗА ЛЕКУВАЊЕ АВТОЛОГНА ТРАНСПЛАНТАЦИЈА НА МАТИЧНИ ХЕМАТОПОЕТСКИ КЛЕТКИ НА БОЛНИ СО МАЛИГНИ ХЕМАТОЛОШКИ ЗАБОЛУВАЊА"** ОД Д-Р АЛЕКСАНДРА ПИВКОВА ВЕЛЈАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35-2008, 103-2008, 26-2009, 83-2009, 99-2009, 115-10, 17-11 и 51-11) и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 121-09 и 188-2011), Наставно - научниот совет, на својата XVI редовна седница одржана на 11.4. 2013 година, а по предлог на Научниот одбор донесе одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на д-р Александра Пивкова Велјановска со наслов „Прогностички модел за лекување со автологна трансплантација на матични хематопоетски клетки на болни со малигни хематолошки заболувања", во состав: проф. д-р Лидија Чевреска, проф. д-р Оливер Каранфилски и проф.д-р Миленка Благоевска. По деталната анализа на поднесената докторска дисертација, Комисијата го поднесува следниов

Извештај

Поднесениот докторски труд се состои од следниве делови: вовед, цели, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и литература.

Во **воведот** од докторската дисертација се изнесени научните сознанија за прогностичкото одредување на посттрансплантацискиот исход на малигните хематолошки заболувања преку конструирање на мултифакториелни модели на условена веројатност како сигнификантни предиктори на преживувањето и исходот од основното заболување. Во обидот да се креираат нови прогностички модели, кои преку стратегија за проценување на ризик ќе бидат апликативни за индивидуален пристап на лекување за трансплантираните болни со малигни хематолошки заболувања, дефинирани се главните фактори на ризик при трансплантационите процедури кои имаат влијание на исходот на лекувањето. Тоа се фактори кои се базираат на стадиумот на основното заболување, возраст на болниот, временски интервал од иницијалната дијагноза до реализирање на трансплантационата процедура и изворот на матични клетки. Овие фактои на ризик се кумулативни и може да бидат модифицирани со додавање на други фактори кои се директно или индиректно врзани за трансплантационата процедура, фактори врзани за стратегијата на мобилизација и колекција на матични хематопоетски клетки (МХК), фактори врзани за квалитетот на автологниот графт и фактори врзани за болниот (коморбидитети, функционален статус, перформанс статус итн). Секој од овие фактори поединечно не ја генерира квантификационата проценка на посттрансплантациски ризик,

но при градењето на алгоритамот за лекување со трансплантација за одредена дијагностичко сродна група, постоењето на мултифакториелен синергизам претставува основа за пред и по трансплантациска проценка на ризикот од интервенцијата. Даден е детален приказ на процедурата криопрезервација на МХК, мобилизација и колекција на МХК, како и факторите кои влијаат на обезбедување на оптималниот број на клетки за безбедна автологна трансплантација, како и приказ на коморбидните состојби кај болните кои се лекуваат со високо дозна хемотерапија и автологна трансплантација со новите системи и скали на бодирање.

Целите на докторската дисертација се јасно дефинирани. Прва цел е одредување на факторите кои влијаат на успешноста на мобилизационите стратегии за периферни матични клетки (ПМК), во колекција на оптимален број на ЦД34+ клетки на килограм телесна тежина на болниот. Потоа е дефинирана втората точка во цели на докторската дисертација со евалуација на квалитетот на графтовите со криопрезервирани ПМК споредбено со графтовите од свежа коскена срцевина. Се одредија и факторите на коморбидитет кои влијаат на исходот од аволошната трансплантација на матични хематопоетски клетки (АТХМК) преку клиничка апликација на коморбидните индекси ХЦТ-ЦИ, ПАМ, перформанс статус на болниот, индексот на Чарлстон, како независни предиктори и се изврши нивна корелација со факторите на предтрансплантациска проценка на различните дијагностички сродни групи кои се лекуваат со автологна трансплантација. Истовремено, зацртана е целта да се развие и валидира прогностички модел за лекување со автологна трансплантација кој ќе ги соедини сите анализирани фактори од претходните цели и ќе создаде валиден алгоритам за стратификација на ризикот за морталитет и ран релапс на основното малигно хематолошко заболување од 1 до 3 години по интервенцијата.

Во **материјал и методи** е презентиран детален опис на сите процедури кои биле користени за изработка на докорската дисертација. Таа е дизајнирана како ретроспективно-проспективна студија во која се анализирани 169 болни од Универзитетската клиника за хематологија кои се лекувани со АТХМК. Периодот на следење на болните е 24 месеци. Студијата е селективна со јасно дефинирани вклучувачки и исклучувачки критетиуми. Болните кои се лекуваат со АТХМК се поделени во три дијагностички групи: болни со акутни леукемии, болни со малигни лимфоми и болни со мултипен миелом кои се лекуаат со АТХМК. Трите групи на болни се поделени на две подгрупи според стратегијата за мобилизација и колекција на ПМК: група на болни мобилизирани со монотерапија и Г-КСФ и група на болни мобилизирани со комбинација на Г-КСФ и хемотерапија. Дефинирани се потенцијалните фактори (деографски, лабораториски и клинички) кои се асоцирани со повисок ризик за морталитет по трансплантацијата. Предтрансплантацискиот ризик се одреди според дефинирани системи за бодирање на ПАМ индекс, ризикот за коморбидитети се одреди според ХЦТ-ЦИ индексот. Процедурите на криопрезервација на ПМК, одредување на бројот на монојадрени клетки и ЦД34+ клетки во графтовите со периферна крв и коскена срцевина се реализирани на Универзитетската клиника за хематологија. Аферезата на автологни

ПМК се извршуваше на Институтот за трансфузиона медицина во Скопје.

Резултатите во докторската дисертација се добиени со статистички анализи и проценки и се јасно и концизно презентирани табеларно и со графикони. Анализата на успешноста на мобилизационата стратегија кај одделните дијагностички групи на болни покажа статистичка сигнификантност на параметрите поголем број на аплазија и ден на афереза, помала вредност на леукоцити во периферната крв пред почеток со мобилизација, повисок процен на лимфомоноцити во периферна крв на денот на афереза и пред почеток со мобилизација, поголем број на денови на хоспитализација во групата на болни мобилизирани со хемотерапија+ Г-КСФ во однос на групата на болни мобилизирани со монотерапија со Г-КСФ. криопрезервираните ПМК како извор покажаа дека се ефективен извор на ХМК при трансплантационите процедури со пократок период на трилиниско хематопоетско опоравување од ХМК колектирани од свежа коскена срцевина. Криопрезервираните ПМК како извор покажаа поголема статистичка сигнификантност како нумеричка вредност на колектирани ЦД34+ клетки/кг м МХК/кг од графтовите со свежа коскена срцевина. АТХМК со криопрезервирани ПМК покажа статистички сигнификантно помала потреба од хоспитализација, помала фрекфенција на микробиолошки изолати во периодот на аплазија, помала потреба од парентерален антибиотик и антимикотик и статистички помала потреба од трансфузии со еритроцити. Фактори кои имаат статистичи сигнификантно влијание на целосното преживување на болните по АТХМК се периодот од поставување на дијагноза до трансплантација, индексот на претрансплантациски коморбидитети, Карнофски индексот и бројот на аплицирани МНК/кг. Фактори кои имаат статистичка сигнификантност и влијаат на нерелапсниот морталитет како и морталитетот врзан за интервенцијата се: телесната тежина на болните, перформанс статусот, индексот за претрансплантациски коморбидитет и бројот на денови на хоспитализација.

Во **дискусијата** на докторската дисертација е презентиран ревијален приказ на актуелностите во трансплантологијата за хематолошките малигни заболувања на европско ниво и во САД. Извршена е компарација на добиените резултати од докторскиот труд со светските. Независните предиктори на целосното преживување на болните како и нерелапсниот морталитет како дел од предвидениот прогностички модел претставуваат моќно оружје во стратификацијата на ризик на болните со малигни хематолошки заболувања. Интегрирањето на клиничките претрансплантациски варијабли како што се коморбидните индекси и перформанс статусот кои беа независни предиктори на прежививањето, како и додавање на дополнителните лабораториски варијабли кои се однесуваат на бројот на аплицирани ХМК, мобилизационата стратегија и тајмингот за реализација на интервенцијата би можело да бидат идна стратегија за подобра селекција на болните и подобро предвидување на очекуваниот посттрансплантациски тек по АТХМК.

Од докторската дисертација се изведени 15 **заклучоци**. Може да се заклучи дека болните мобилизирани со хемомобилизација имаат подобро 5 - годишно преживување од болните мобилизирани со монотерапија со Г-КСФ. Нема статистичка сигнификантност во

дијагностичките подгрупи во однос на целосното преживување за мобилизација со ДХАП+ Г-КСФ наспроти Г-КСФ како самостоен мобилизер, но присутна е статистичка сигнификантност подобро 5 - годишно преживување кај болните мобилизирани со циклофосфамид +Г-КСФ и полошо преживување за болните мобилизирани со ВП-16+Г-КСФ наспроти самостојниот мобилизер Г-КСФ. Бројот на аплицирани МНК/кг немаше статистичко влијание на преживувањето на болните иако во поедините дијагностички групи како што се болните со мултипен миелом, бројот на 3,0x10(8)/кг МНК покажа дека е одговорен за подобро преживување на болните. Пациентите со ниски вредности за коморбидниот индекс имаа подобро 5 - годишно преживување, за разлика од болните со среден и висок ризик на коморбидни состојби. Истовремено и болните кои се помалку оптоварени со коморбидитети покажаа понизок ризик за морталитет врзан за трансплантацијата како и нерелапсен морталитет 1 и 3 години по интервенцијата.

Литературата која е користена за изработка на дисертацијата е современа и е цитирана во 119 референци.

Врз основа на извршената рецензија на докторската дисертација, Комисијата го донесе следниов

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација со наслов „Прогностички модел за лекување со автологна трансплантација на матични хематопоетски клетки на болни со малигни хематолошки заволувања“ претставува актуелен труд од трансплантационата медицина со кој јасно се дефинираа факторите кои имаат импликација на раниот и доцниот посттрансплантациски период за болните со малигни хематолошки заболувања кои се лекуваат со автологна трансплантација. Со овој докторски труд се поставени основите за градење на инда стратегија за подобра селекција на болните и подобро предвидување на очекуваниот посттрансплантациски тек по АТХМК.

Имајќи го предвид горенаведеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет да ја продолжи процедурата за одбрана на овој докторски труд.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Лидија Чевреска, с.р

Проф. д-р Оливер Каранфилски, с.р

Проф. д-р Миленка Благоевска, с.р

До: Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје,

За: Катедрата за психијатрија и медицинска психологија-Рецензентска комисија за избор во наставнички и соработнички звања

Предмет: Приговор од ас.д-р.сци. Кадри Хацихамза по рефератот за избор во наставнички и соработнички звања објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1051 од 1.4.2013 год.

Врз основа на член 51 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го поднесувам следниов

ПРИГОВОР

од ас.д-р.сци. Кадри Хацихамза, Универзитетска клиника за психијатрија, Скопје.

Во Билтенот на УКИМ бр.1051 од 1.4.2013 објавен е рефератот на Рецензентската комисија за избор во наставнички и соработнички звања формирана на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија.

Сметам дека во текот на работата, Рецензентската комисија направила неколку превиди кои битно влијаеле на финалното рангирање на кандидатите:

1. Пресметувањето на поените во делот на наставно-образовната дејност не е точно затоа што не се вклучени поените од консултациите со студентите во рамките на здравствената клиничка дејност. Сметам дека и калкулацијата на поените од вежбите со студентите (Медицински и Стоматолошки факултет) не е коректна, т.е. оди на моја штета.

2. Член 31, став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје зборува за „постапност во напредувањето": по мое разбирање, тоа значи дека кандидатот за повисоко научно или наставно звање треба да биде промовиран од пониско звање (во случајот: од асистент). Сметам дека овој момент не е земен предвид од рецензентите бидејќи, во моментот на почнување на процедурата, две кандидатки го имаа изгубено статусот на асистент, т.е. во тој момент не беа асистенти. Сметам дека одлуката на Рецензентската комисија да им даде предност на овие кандидатки ме оштетува мене како кандидат.

3. Три кандидати (од кои еден е избран во наставничко звање) доаѓаат од ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје" од Скопје. Комисијата не го зеде предвид фактот дека Психијатриската болница „Скопје" во моментот на започнувањето на процедурата го немаше статусот на наставна база на Медицинскиот факултет во Скопје. По моите сознанија, во моментот на решавањето по конкурсот само два кандидата (ас.д-р.сци. Славица Арсова и јас) бевме вработени на Медицинскиот факултет во Скопје, т.е. имавме потпишани договори за работа со Медицинскиот факултет. Неземањето предвид на овие факти при рангирањето од страна на Рецензентската комисија претставува превид (но и прекршување на член 6, став 1, како и член 7, ставови 2,3 и 4 од Законот за работните односи) кој оди на моја штета.

Се надевам дека Рецензентската комисија ќе ги земе предвид горенаведените податоци и дека ќе се произнесе позитивно по овој приговор.

Скопје, 9.4.2013 год.

Со почит,

_____,

ас.д-р.сци.Кадри Хацихамза с.р

До
- Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје
- Декан
- Наставно-научниот совет

ОДГОВОР НА ПРИГОВОРОТ

поднесен од кандидатот ас. д-р сци. Кадри Хацихамза на 9.4.2013 година, за избор на два доцента и два научни соработника по предметот психијатрија со медицинска психологија

Рецензентската комисија, на 18.4.2013 година, детално го разгледа приговорот поднесен од ас. д-р сци. Кадри Хацихамза и го констатира следново:

Приговорот се отфрла како неоснован

Во однос на првата точка од приговорот за начинот на бодирањето, Рецензентската комисија констатира дека бодирањето е проверено и коректно, а избраните кандидати ги исполнуваат сите критериуми за избор во наставно-научното звање доцент и научното звање научен соработник согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
Комисијата при пресметувањето на поените во делот на наставно-образовната дејност имаше униформни критериуми за сите кандидати и ја зема предвид целокупната активност на кандидатите на Катедрата за психијатрија.

Во однос на втората точка од приговорот за постапност во изборот, изборот на кандидатите во наставно-научното звање доцент и научното звање научен соработник е извршен согласно со член 31 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во однос на третата точка од приговорот дека еден кандидат кој доаѓа од ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ во Скопје е избран во наставно-научно звање-доцент, а ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ во Скопје во моментот на

започнувањето на процедурата нема статус на наставна база на Медицинскиот факултет во Скопје, согласно со член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесен на 27.10.2011 година, ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје" во Скопје е наставна база на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
При изборот на кандидатите во наставно-научно и научно звање, Рецензентската комисија не направила дискриминација по кој било основ, односно почитувани се членовите 6 и 7 од Законот за работните односи.

Согласно со горенаведеното, Рецензентската комисија останува на веќе изнесениот став во рефератот за избор на два доцента и два научни соработника, објавен во Билтенот на УКИМ број 1051 од 1.4.2013 година, и го отфрла приговорот како неоснован. Рецензентската комисија потенцира дека рефератот е донесен објективно и согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Весна Пејоска Геразова с.р
2. Проф. д-р Антони Новотни с.р
3. Проф. д-р Марија Ралева с.р
4. Проф. д-р Викторија Вујовиќ с.р
5. Проф. д-р Бранислав Стефановски с.р

До: Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје,

За: Катедрата за психијатрија и медицинска психологија-Рецензентска комисија за избор во наставнички и соработнички звања

Предмет: Приговор од ас.д-р.сци. Кадри Хацихамза по рефератот за избор во наставнички и соработнички звања објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1051 од 1.4.2013 год.

Врз основа на член 51 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го поднесувам следниов

ПРИГОВОР

од ас.д-р.сци. Кадри Хацихамза, Универзитетска клиника за психијатрија, Скопје.

Во Билтенот на УКИМ бр.1051 од 1.4.2013 објавен е рефератот на Рецензентската комисија за избор во наставнички и соработнички звања формирана на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија.

Сметам дека во текот на работата, Рецензентската комисија направила неколку превиди кои битно влијаеле на финалното рангирање на кандидатите:

1. Пресметувањето на поените во делот на наставно-образовната дејност не е точно затоа што не се вклучени поените од консултациите со студентите во рамките на здравствената клиничка дејност. Сметам дека и калкулацијата на поените од вежбите со студентите (Медицински и Стоматолошки факултет) не е коректна, т.е. оди на моја штета.

2. Член 31, став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје зборува за „постапност во напредувањето": по мое разбирање, тоа значи дека кандидатот за повисоко научно или наставно звање треба да биде промовиран од пониско звање (во случајот: од асистент). Сметам дека овој момент не е земен предвид од рецензентите бидејќи, во моментот на почнување на процедурата, две кандидатки го имаа изгубено статусот на асистент, т.е. во тој момент не беа асистенти. Сметам дека одлуката на Рецензентската комисија да им даде предност на овие кандидатки ме оштетува мене како кандидат.

3. Три кандидати (од кои еден е избран во наставничко звање) доаѓаат од ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје" од Скопје. Комисијата не го зеде предвид фактот дека Психијатриската болница „Скопје" во моментот на започнувањето на процедурата го немаше статусот на наставна база на Медицинскиот факултет во Скопје. По моите сознанија, во моментот на решавањето по конкурсот само два кандидата (ас.д-р.сци. Славица Арсова и јас) бевме вработени на Медицинскиот факултет во Скопје, т.е. имавме потпишани договори за работа со Медицинскиот факултет. Неземањето предвид на овие факти при рангирањето од страна на Рецензентската комисија претставува превид (но и прекршување на член 6, став 1, како и член 7, ставови 2,3 и 4 од Законот за работните односи) кој оди на моја штета.

Се надевам дека Рецензентската комисија ќе ги земе предвид горенаведените податоци и дека ќе се произнесе позитивно по овој приговор.

Скопје, 9.4.2013 год.

Со почит,

_____,

ас.д-р.сци.Кадри Хацихамза с.р

До
- Медицинскиот факултет при
  Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје
- Декан
- Наставно-научниот совет

ОДГОВОР НА ПРИГОВОРОТ

поднесен од кандидатот ас. д-р сци. Кадри Хацихамза на 9.4.2013 година, за избор на два доцента и два научни соработника по предметот психијатрија со медицинска психологија

Рецензентската комисија, на 18.4.2013 година, детално го разгледа приговорот поднесен од ас. д-р сци. Кадри Хацихамза и го констатира следново:

Приговорот се отфрла како неоснован

Во однос на првата точка од приговорот за начинот на бодирањето, Рецензентската комисија констатира дека бодирањето е проверено и коректно, а избраните кандидати ги исполнуваат сите критериуми за избор во наставно-научното звање доцент и научното звање научен соработник согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
Комисијата при пресметувањето на поените во делот на наставно-образовната дејност имаше униформни критериуми за сите кандидати и ја зема предвид целокупната активност на кандидатите на Катедрата за психијатрија.

Во однос на втората точка од приговорот за постапност во изборот, изборот на кандидатите во наставно-научното звање доцент и научното звање научен соработник е извршен согласно со член 31 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во однос на третата точка од приговорот дека еден кандидат кој доаѓа од ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ во Скопје е избран во наставно-научно звање-доцент, а ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ во Скопје во моментот на

започнувањето на процедурата нема статус на наставна база на Медицинскиот факултет во Скопје, согласно со член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесен на 27.10.2011 година, ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје" во Скопје е наставна база на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
При изборот на кандидатите во наставно-научно и научно звање, Рецензентската комисија не направила дискриминација по кој било основ, односно почитувани се членовите 6 и 7 од Законот за работните односи.

Согласно со горенаведеното, Рецензентската комисија останува на веќе изнесениот став во рефератот за избор на два доцента и два научни соработника, објавен во Билтенот на УКИМ број 1051 од 1.4.2013 година, и го отфрла приговорот како неоснован. Рецензентската комисија потенцира дека рефератот е донесен објективно и согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Весна Пејоска Геразова с.р
2. Проф. д-р Антони Новотни с.р
3. Проф. д-р Марија Ралева с.р
4. Проф. д-р Викторија Вујовиќ с.р
5. Проф. д-р Бранислав Стефановски с.р

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДЕЛАТА „ALL THAT DANCE“ ОП. 39 ОД ДИМИТРИЈЕ БУЖАРОВСКИ, СОНАТА ЗА ПИЈАНО (1926) ОД БЕЛА БАРТОК, СОНАТА ЗА ПИЈАНО 1.10.1905 ОД ЛЕОШ ЈАНАЧЕК, СОНАТА ЗА ПИЈАНО ОП. 1 ОД АЛБАН БЕРГ И КОНЦЕРТОТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 3 ОД БЕЛА БАРТОК И ТЕОРИСКИОТ ТРУД „ПИЈАНИСТИЧКО-ИНТЕРПРЕТАЦИСКИТЕ АСПЕКТИ НА КОНЦЕРТОТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 3 ОД БЕЛА БАРТОК“ ОД М-Р ЕМИЛИЈА ПОТЕВСКА

Почестени од одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, кој донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Стела Слејанска, проф. м-р Тодор Светиев, вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска, проф. д-р Димитрије Бужаровски и вонр. проф. д-р Ганка Цветанова за оцена на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата „All That Dance“ оп. 39 од Димитрије Бужаровски, Соната за пијано (1926) од Бела Барток, Соната за пијано 1.10.1905 од Леош Јаначек, Соната за пијано оп. 1 од Албан Берг и Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток и теориските труд „Пијанистичко-интерпретациските аспекти на Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток“ од м-р Емилија Потевска, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација од областа на музичката интерпретација од м-р Емилија Потевска се состоеше од изведбата на три интерпретациски дела: прв дел – „All That Dance“ оп. 39 од Димитрије Бужаровски, втор дел – Соната за пијано (1926) од Бела Барток, Соната за пијано 1.10.1905 од Леош Јаначек и Соната за пијано оп. 1 од Албан Берг и трет дел – Концерт за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток, како и изработката на теориските труд „Пијанистичко-интерпретациските аспекти на Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток“.

Првиот интерпретациски дел од докторската дисертација од м-р Емилија Потевска со изведбата на делото „All That Dance“ оп. 39 од Димитрије Бужаровски се одржа во Концертната сала на Факултетот за музичка уметност во Скопје на 3 ноември 2009 година со почеток во 19 часот. Со оглед на тоа што делото е напишано за две пијана, во изведбата учествуваше и м-р Татјана Џорлева.

Кандидатката покажа извонредна пијанистичка умешност во изведбата на ова дело, кое по својата техничка и интерпретациска сложеност не само што одговара, туку и го надминува нивото на задачите за одбрана на докторска дисертација од областа на интерпретацијата. Делото кое се состои од пет свити (Ренесанса, Барок, Класицизам –Рондо, Романтизам – Валцер и Дваесетти век) и кое е замислено како стилски варијации, пред изведувачот поставува една палета од најразновидни пијанистички техники. Во стилистичка смисла изведувачот е поставен пред комплексната задача да одговори и да ги диференцира различните стилови кои ја чинат сржта на западноевропската музичка култура. Имајќи предвид дека делото е напишано за две пијана, пред изведувачите е поставен и предизвикот на камерно музицирање. Кандидатката м-р Емилија Потевска успешно одговори на поставената задача, вбројувајќи се во ретките пијанисти кои во целина го извеле ова дело.

Вториот интерпретациски дел од докторската дисертација од м-р Емилија Потевска се состоеше од изведбата на делата: Соната за пијано (1926) од Бела Барток, Соната за пијано 1.10.1905 од Леош Јаначек и Соната за пијано оп. 1 од Албан Берг, и се одржа во Концертната сала на Факултетот за музичка уметност во Скопје на 21 јуни 2011 година со почеток во 11 часот.

Кандидатката м-р Потевска покажа високо професионална, естетска и технички ангажирана изведба на трите избрани сонати за овој дел од нејзината дисертација, од кои двете сонати (Берг и Јаначек) на овој настап ја доживеаја својата македонска праизведба. Таа покажа силен интелект при градењето на архитектониката на делата, мошне успешно се справи со стилската разновидност на делата (кои се создадени во нео-стиловите на 20 век и експресионизмот), демонстрираше суверено владеење со пијанистичките техники и креираше оригинална интерпретација во уметничка, односно естетска смисла. Таа во целост одговори на комплексната задача која ја постави избраната програма и ги исполни музичко-уметничките стандарди за одбрана на самостојниот рецитални дел од докторската дисертација од областа на пијанистичката интерпретација.

Третиот интерпретациски дел од докторската дисертација од м-р Емилија Потевска со изведбата на Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток се одржа во Концертната сала на Факултетот за музичка уметност во Скопје на 1 март 2013 година со почеток во 13 часот. Како пијано-соработник се претстави м-р Ангеле Михајловски. И за овој дел од докторската дисертација Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Емилија Потевска покажа високо професионално, техничко, уметничко и естетско ниво и во целост ги задоволи критериумите потребни за одбрана на овој дел на докторската програма.

Поднесениот теориски труд „Пијанистичко-интерпретациските аспекти на Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток“ од кандидатката м-р Емилија Потевска содржи вкупно 141 страница во кои се вклучени: апстракт, список на табели, список на шематски прикази, список на слики, список на примери, вовед, преглед на литература, метод, резултати, заклучок и библиографија.

Списокот на табели содржи 29 табели, списокот на шематски прикази 3 шематски прикази, списокот на слики 19 слики и списокот на примери 51 пример. Списокот на слики се однесува на графичките прикази на добиените резултати од статистичката обработка.

Библиографскиот дел содржи 51 библиографска единица, од кои најголемиот дел се книги, односно обемни теориски трудови цитирани во дисертацијата.

Структурата на трудот го има стандардниот модел со воведен дел во кој е обработен предметот на трудот, преглед на литература, метод, резултати и заклучок.

Прегледот на литературата е разграничен во повеќе целини:

– литература за животот и творештвото на Бела Барток (основна литература, влијанија, историско-биографски податоци);

– литература за пијанистичкото творештво на Бела Барток (Барток како пијано педагог);

– литература за трите концерти за пијано и оркестар од Бела Барток;

– Концерт за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток (општи податоци, структура и хармонска анализа).

Овој дел од трудот е поткрепен со клучни трудови кои се однесуваат на животот и творештвото на овој истакнат композитор од светската музичка литература, со што кандидатката м-р Емилија Потевска покажува дека го има сооведниот увид во потребната литература за предметот кој го истражува.

Предметот на трудот содржи два главни сегмента: пијанистичко-интерпретациски аспекти и Концерт за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток.

Пијанистичко-интерпретациските аспекти понатаму се третирани како: *пијанистичка техника* во значењето и класификацијата на пијанистичките техники според книгата *Рационални принципи на пијанистичката техника* од Алфред Корто и *интерпретацијата* еднаква на интерпретациските планови на музичкото дело – динамика, темпо и артикулација на кои е додаден и ритмичкиот план како комплементарен на артикулацијата.

При градењето на претпоставките и дефиницијата на проблемот, односно истражувачките прашања, кандидатката м-р Емилија Потевска ги има предвид заклучоците од досегашните истражувања кои сметаат дека во повеќето свои композиции Барток го третира пијаното првенствено како перкусионистички инструмент. Во основата на трудот е појдовната претпоставка дека добивањето на перкусионистички третман подразбира одредена пијанистичка техника, одреден ритам и одредена артикулација, динамика и темпо.

Соодветно кандидатката м-р Потевска формулира две хипотези:
X1 Перкусионистичкиот третман на пијаното е доминантна карактеристика на Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток и
X2 Перкусионистичкиот третман на пијаното во Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток е постигнат преку изборот на соодветна пијанистичка техника и нејзиниот третман во ритмичкиот план и интерпретациските планови: артикулација, динамика и темпо.

Од нив таа натаму изведува шест нулти хипотези:
X_o1 Перкусионистичкиот третман на пијаното не е доминантна карактеристика на Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток,
X_o2a Перкусионистичкиот третман на пијаното во Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток не е постигнат преку изборот на соодветна пијанистичка техника,
X_o2b Перкусионистичкиот третман на пијаното во Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток не е постигнат преку ритмичкиот план (метар и нотни вредности),
X_o2c Перкусионистичкиот третман на пијаното во Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток не е постигнат преку изборот на артикулација,
X_o2d Перкусионистичкиот третман на пијаното во Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток не е постигнат преку изборот на динамика,
X_o2e Перкусионистичкиот третман на пијаното во Концертот за пијано и оркестар бр. 3 од Бела Барток не е постигнат преку изборот на темпо.

Трудот доминантно се користи со квантитативен методолошки пристап, иако инсајдерската позиција на истражувачот кој воедно е и изведувач на ова дело, овозможил квалитативни постапки, при што добиените сознанија натаму се квантифицирани и подложени на соодветните статистички анализи. Во оваа смисла, кандидатката врз искуствена основа прави примерок од 129 фрагменти кои се движат во должина од 1 до 34 такта и кои заедно содржат 713 такта.

Клучната зависна варијабла *перкусионистички третман на пијаното* ја развива со одредување на поени за нивото на застапеноста на перкусионистичкиот третман, при што 1 поен означува мало ниво на перкусионизам, а 5 поени високо ниво на перкусионизам, односно ги содржи сите одлики кои се однесуваат на пијанистичките техники и карактеристиките на ритмичкиот и интерпретациските планови.

Анализата е направена во софтверот Статвју (StatView 5.0.1), при што се користени следниве техники: фреквентни дистрибуции, контингентни табели, елементи на дескриптивна статистика (средна вредност, стандардна девијација, модус, медијана, минимум и максимум) и АНОВА со Бонферони-Данов post hoc тест.

Бројните табели и графички прикази, кои најнапред тргнуваат од резултатите на ниво на целото дело и потоа се дадени со дистрибуции, контингентни табели и дескриптивна статистика според ставовите на делото, овозможуваат да се утврди дека на ниво на целиот концерт се јавуваат 83 фрагменти (64,34%) во кои се јавува перкусионистички третман на пијаното.

Бројот на тактови во овие фрагменти е 522, односно 73.21% од вкупниот број анализирани тактови. Просечниот број тактови со перкусионистички третман на пијаното е 6,29, а стандардната девијација е 5,58. Преку овие дистрибуции кандидатката ја одбива првата нулта хипотеза.

Останатите пет нулти хипотези исто така се одбиени преку резултатите од употребата на АНОВА и Бонферони-Дановиот post hoc тест, сите на ниво на $p < .05$, со што во целост се прифатени истражувачките хипотези.

Целокупните статистички анализи се поткрепени со бројни примери и коментари, кои упатуваат на познавањето на суштината на проблемот.

Во целина може да се констатира дека теориските дел не само што е комплементарен на интерпретацискиот дел од оваа дисертација, туку ги одразува современите пристапи кон интерпретацијата, во овој случај пијанистичката интерпретација, кои во голема мера се служат со бројните алатки што ги овозможува современата информатичка технологија и посебно софтверите за статистичка анализа.

Имајќи ги предвид сите изнесени заклучоци, најнапред за интерпретацискиот дел, а исто така и за поднесениот теориски труд, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Емилија Потевска не само што во целост ги исполнила, туку и ги надминала интерпретациските барања за докторска дисертација од музичката интерпретација и до Рецензентската комисијата поднела теориски труд, кој со изборот на предметот, обработката, коментарите и донесените заклучоци претставува исчекор во теориските пристап кон проблемите на интерпретацијата во македонската музикологија. Затоа Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје да ја одобри и да ја закаже одбраната на последниот теориски дел од докторската дисертација на м-р Емилија Потевска.

Рецензентска комисија;

Проф. м-р Стела Слејанска с.р.

Проф. м-р Тодор Светиев с.р.

Вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска с.р.

Проф. д-р Димитрије Бужаровски с.р.

Вонр. проф. д-р Ганка Цветанова с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА„ ОД М-Р СНЕЖАНА ХРИСТОВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-нау~ниоот совет број 0202-964/1 од 5.4.2013 година, определени сме за членови на КомисијаТа за оценка и одбрана на докторската дисертација поднесена од кандидатката м-р Снежана Христова под наслов „Локалната самоуправа и локалниот економски развој во Р. Македонија„.

По проучувањето на текстот на докторската дисертација, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј
I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација под наслов „Локалната самоуправа и локалниот економски развој во Република Македонија“, изработена од кандидатката м-р Снежана Христова, претставува научен труд презентиран на 431 страница – 376 страници основен текст, 20 страници користена литература, 32 табели, 49 слики и прилози од спроведениот Анкетен прашалник на 34 страници. Основниот текст, покрај воведот и заклучните согледувања е систематизиран во четири глави според следниов редослед:

Предмет, цели и значење на истражувањето

ПРВА ГЛАВА: Суштински атрибути на локалниот економски развој – теоретско-методолошки пристап,

ВТОРА ГЛАВА: Политики на локален економски развој во Р. Македонија,

ТРЕТА ГЛАВА: Состојби и перформанси во локалниот економски развој во Р. Македонија – емпириско истражување,

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

БИБЛИОГРАФИЈА

ПРИЛОЗИ

Во **предметот, целите и значењето на истражувањето,** најнапред се презентираат новите односи на промени коишто се иницирани од мегатрендот на глобализацијата, а се јавуваат како политики и практики во развојот на локалните средини (општини, градови, области, региони). Локалните сампуправи, како важни сегменти на општествено-политичките системи, се повеќе се афирмираат како носители на економски иницијативи и развој со цел да прераснат во самоодржливи ентитети кои ќе го преземат поголемиот дел од одговорноста за унапредување на благосостојбата и на квалитетот на животот на граѓаните во рамките на нивните заедници. Во продолжение, кандидатката прецизно ги дефинира целите на истражувањето и ги поставува прашањата на кои го фокусира истражувачкиот опус во докторскиот труд.

Во комплементарноста со предметот и целите на истражувањето, кандидатката ги антиципира научните очекувања од трудот. Докторската дисертација е структурирана во четири дела кои меѓусебно се надополнуваат и градат логичен и конзистентен научноистражувачки опус.

Првата глава (**Суштински атрибути на локалниот економски развој - теоретско методолошки пристап**) најпрвин ги анализира различните дефиниции за ЛЕР, оние со потесен и оние со поширок опфат, кои доаѓаат од познати автори од областа и од меѓународни организации (Групата на Светската банка, OECD и сл.), понатаму потеклото и еволуцијата на ЛЕР, современите тенденции на ЛЕР, и врз таа основа ги синтетизира суштинските атрибути на локалниот економски развој. Во овој дел на трудот се дава и краток приказ на позначајните теории за локалниот економски развој - теоријата на локацијата, теоријата за економска основа, теориите на новата економска географија, кластеринг-теоријата. Анализата во првата глава на трудот завршува со синтетизирање на компонентите и придобивките од доброто стратегиско планирање на ЛЕР за локалните власти и пошироко за деловната заедница, како и презентирање на неколку практични случаи на општини кои се однесуваат на повеќе различни стратегиски прашања со кои тие успеале да имплицираат

одредени постигнувања во испорачувањето на економскиот развој во локалната економија. препораките и упатствата на дадените методологии за организирањето на самиот процес.

Во втората глава (**Политики на ЛЕР во РМ**) се елаборирани карактеристиките на локалниот економски развој во Република Македонија. Исто така, дефинирана е основната рамка за водење на политиката на ЛЕР, како и основните правни и законски документи за неговата реализација. Успешното имплементирање на стратегиите и на политиките на ЛЕР е во непосредна зависност од потребата за пошироко сфаќање на концептот за ЛЕР, преку поставувањето на врските помеѓу процесот на децентрализацијата, реформите во локалната самоуправа и ЛЕР, обезбедувањето потребна поддршка од страна на релевантните институции во земјата, како и согледувањето на финансиските капацитети на општините во Република Македонија. Оттаму, правните и институционалните аспекти на локалната самоуправа, и особено во доменот на фискалната децентрализација (обезбедувањето потребна поддршка од страна на релевантните институции во земјата, како и согледувањето на финансиските капацитети на општините во Република Македонија), во оваа глава се детално анализирани, со користење обемна литература од областа, со компарирање на регулативата и на институционалната рамка со поразвиените земји и во земјите од регионот. Најпосле, се обрнува внимание на значењето на меѓуопштинската соработка за поттикнувањето на ЛЕР, и даден е краток осврт на реперкусиите кои донесувањето и имплементирањето на Законот за рамномерен регионален развој ги носи во самото спроведување на надлежноста.

Во третата глава (**Стратешкото планирање на ЛЕР во Република Македонија**), првенствено е направена ПЕСТ-анализа, односно истражено е влијанието кое политичките, социјалните, економските и технолошките фактори во земјата и планските региони го имаат врз насоките на развојот на локалната економија. Анализата на локалната економија завршува со идентификување на клучните ресурси и потенцијали за економскиот развој на општините, што во суштина претставува основа за да се подготвуваат стратешките планови. Понатаму, во главата се сублимирани резултатите од истражувањето на постигнувањата на шеснаесет општини од нашата земја во однос на процесот на

подготовката на стратешките планови за ЛЕР, за да може да се согледаат карактеристиките и спецификите во однос на нивната методологија на подготовка, како и да се оцени нивниот квалитет преку согледување на најзначајните позитивни и негативни аспекти. Во елаборирањето на процесот на унапредувањето на конкурентноста воопшто и особено во општините во Република Македонија, од мноштвото стратешки цели и клучни приоритети, акцентот е ставен врз неколку цели, и тоа: привлекувањето на инвестициите, поддршката на МСП и порастот на претприемаштвото, создавањето поволно деловно опкружување и развојот на инфраструктурата. Понатаму, како многу логично продолжение на веќе поставените рамки во кои се одвива стратегиското планирање на ЛЕР во локалната самоуправа на РМ следува анализата на конкретните мерки и инструменти за поддршка на ЛЕР. Во таа смисла се анализираат повеќе форми на институционална поддршка на ЛЕР, меѓу кои бизнис-инкубаторите, јавно-приватните партнерства, деловните зони, кластерите, прекуграничните мрежи на соработка и сл. Во прилог на сето тоа се анализираат и методите за мобилизирање финансиски средства преку општинските обврзници и моделот на ЈПП.

Четвртата глава (**Оцена на состојбите и перформансите во локалниот економски развој во Република Македонија**) е фокусирана на апликативно истражување на предметот на анализата. Следува скенирање и анализа на состојбите и на перформансите во областа на локалниот економски развој во Република Македонија, како и на капацитетите на единиците на локалната самоуправа како клучен двигател на ЛЕР, во периодот 2010-2011 година. Проценатa е направена преку неколку теми: статусот на спроведување на пренесените надлежности, со посебен акцент врз ЛЕР, финансиските капацитети на ЕЛС, особено во контекстот на мобилизирањето финансиски средства за ЛЕР, степенот на подготвување и реализација на стратегиските планови за ЛЕР, стратегиите на ЛЕР; утврдување развојни и структурни приоритети; инструменти за промовирање и за унапредување на ЛЕР; поддршка на развојот на МСП и на претприемаштвото на локално ниво; учество во воспоставување меѓуопштинска соработка (МОС) и промовирање партнерство.

Во заклучокот се презентирани клучните наоди и заклучоци од теоретското и апликативното истражување на докторската дисертација. При завршното оценување се сублимираат согледувањата на резултатите од анализата на индикаторите за следење на состојбите во ЛЕР и на капацитетите на ЕЛС во РМ во нејзиниот досегашен развој и се идентификуваат факторите што најмногу придонеле за досегашните состојби во овој домен. Воедно, се сумирани и препораките за креирање можности за ЛЕР во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија во иднина и во поглед на унапредувањето и подобрувањето на економскиот развој на локално ниво.

II. ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Локалната самоуправа и локалниот економски развој во Република Македонија“, изработена од кандидатката м-р Снежана Христова, констатира дека се работи за научен труд кој низ единство на теоретската нормативна и апликативна димензија доаѓа до валидни заклучоци релевантни за идниот локален еконмски развој на Р. Македонија.

Научно-методолошката конзистетност на истражувањето е нагласена карактеристика на докторската дисертација. Таа се манифестира во сите аспекти на научното истражување. Изборот на предметот и целите на истражувањето е направен со сензибилитет за актуелност и дефицитарност на експлицираната проблематика во македонската научна јавност.

Глобализацијата го иницира трендот на локализацијата и афирмацијата на локалниот економски развој. Процесите што се анимираат во локалните заедници значат одговор на реалноста и силната тенденција за транснационализација и централизација на капиталот од една страна, и маргинализацијата и асимилацијата на локалните средини од друга страна. За да не бидат избришани од глобалната екононмска карта, локалното ниво се ангажира на нови политики и практики кои треба да ги зајакнат економиите на локалните ентитети. Токму затоа локалниот економски развој се најде во фокусот на научноистражувачките опсервации преку

барање на решенија кои ќе бидат компатибилни во современата клима на глобалното окружување. Во тој контекст може да се каже дека кандидатката се зафатила со мошне актуелен современ и недоволно истражен проблем во современата наука. Посебно значаен аспект е што тежиштето на трудот е на ЛЕР во Република Македонија како една од клучните пренесени единици на локалната самоуправа во процесот на децентрализацијата. Повеќе од една деценија од активна децентрализација на ингеренциите на ЛЕР е доволен период да се анализираат состојбите поврзани со ЛЕР кај нас и особено улогата на локалната самоуправа, која со примена на адекватни ЛЕР-политики и стратегии треба да биде катализатор на развојните процеси во општината. ЛЕР, поради својата комплексност и мултидимензионалност, покрај основната детерминираност од (не)поволните локални услови, т.е. ресурси (природни потенцијали, географска местоположба, базична работна сила), како и од правната и институционална рамка, определува порастот и развојот на општината да зависи од моќта и од способноста на локалните власти за примена на интегрални пристапи во процесот на спроведување и имплементација на соодветни политики, стратегии и инструментите. Посебно внимание во трудот им се посветува на аспектите на јакнење на капацитетите за финансиска самодоволност и независен развој на општините, за стратегиско планирање и на компетентноста и стручноста на административниот кадар, кои се основни императиви за подршка и постигнување економски развој преку активирање на потенцијалните услови во организациските структури за пресретнување на локалните потреби. Кандидатката тргнувајќи од фактот дека постојните предности и потенцијали во општините кај нас од недоволно искористени својата креативна и конструктивна енергија ја насочува кон кристализацијата на мерките и на инструменти на локалната економска политика кои ќе значат надоградување на компаративни предности во насока на конкурентните предизвици на национално и глобално ниво како метод на зголемувањето и благосостојбата на заедницата, а со тоа и поголем афирмација на значењето на ЛЕР.

Во крајна оцена на квалитетите на трудот ги резимираме следниве поенти:

1. Трудот има солидна теоретска, нормативно-аналитичка и емпириска база втемелена на стандаризирана методологија; во одредени сегменти се применети

ПЕСТ – анализата и современиот менаџмент. Посебен квалитет на трудот му дава направеното емпириско истражување во форма на прашалник кое се спроведе во 44 општини (52,4%). Така, истрашувачката компонента во дисертацијата дава соодветен импут во идентификацијата на клучните детерминирачки фактори преку кои се влијае врз ефикасноста на ЛЕР.

2. Трудот дава оригинална аналиа на современиот аспект на локалниот развој во Р. Македонија, со што се пополнува празен простор во овој научноистражувачки сегмент. Така, македонската научна и поширока јавност добива „производ„ од систематизирани знаења, наоди, анализи кои даваат можност за целосен увид на состојбите во доменот на локалниот економски развој на Р. Македонија.

3. Во трудот успешно се селекционирани акутните проблеми од доменот на локалниот економски развој кои се невралигични пунктови и од чие решавање зависи понатамошното консолидирање на практиката и стратегии на локалниот економски развој. Во рамките на дисертацијата се понудени решенија како да се надминат „тесните грла“ и да се подобрат политиките и стратегиите поврзани со ЛЕР. Во рамките на трудот, маркантна е позицијата на кандидатката да изнесува сопствени аналитичко-критички ставови кога се во прашање одредени теоретски или практични дилеми.

4. Трудот е логично структуриран. Деловите се надоврзуваат еден по друг и чинат конзистентна целина што всушност е резултат на способност на кандидтката систематично и логично да ги согледува проблемите и во тој контекст успешно да одговори на амбиционо поставените задачи на почетокот на трудот.

5. При изработката на трудот е консултирана значајна библиографска литература, претежно од странски автори, како и голем број документи од интернет-изори и публикации поврзани со истражуваната проблематика. Како основен извор на податоци се искористени расположливите статистички податоци од Државниот завод за статистика, Министерството за локална самоуправа, Агенцијата за вработување, но и од самите изворни податоци на општините, правни прописи, службени гласници на стратегиски планови на ЕЛС, статии, како и од повеќе публикации на релевантни домашни и странски институции (ОБСЕ, УНДП,

УСИД, Центарот за еконмска анализа, Фондот за отворено општество, УРЦМ ЗЕЛС) кои ја проучуваат оваа проблематика.

Комисијата е убедена дека докторската дисертација на кандидатката Снежана Христова претставува солидно структурирано истражување кое теоретски е фундирано, емпириски документирано, користи современа методолошки постапки и се потпира на широка научна литература. Докторската дисертација има посебна актуелност во македонската научна јавност поради фактот што по долг период го пополнува вакуумот во истражувањето на локалниот економски развој во Република Македонија и го фокусира вниманието на актуелна проблематика кој е во процес на динамични промени. Токму затоа предлозите и сугестии можат да помогнат за водење на политики на макро и на микониво. Комисијата е убедена дека кандидатката ги реализирала поставените цели и задачи предвидени со тезите и пријавата на докторската дисертација.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

- *прво,* да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема: „Локалната самоуправа и локалниот економски развој во Република Македонија“, поднесена од кандидатката Снежана Христова;

- *второ,* да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, април 2013 год.

Членови на Комисиајта

1. Проф.д-р Наталија Николовска, с.р.
2. Проф.д-р Пеце Недановски, с.р.
3. Проф.д-р Живко Атанасовски, с.р.
4. Проф.д-р Златка Поповска,с.р.
5. Проф.д-р Олга Теменугова-Градишка, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Советот на ИНИ бр. 02-175/1 од 25.3. 2013 година, по објавениот конкурс на 9.1.2013 година во дневните весници „Вечер" и „Коха", рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Панов и проф. д-р Ирена Стефоска го предлага следниов извештај за избор во звање асистент-истражувач на кандидатот м-р Весна Младеновска.

1. Податоци за кандидатката

Кандидатката м-р Весна Младеновска е родена на 31.3. 1984 г. во Скопје. Дипломирала со одличен на Филозофскиот факултет, Институт за историја, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Магистрирала, исто така, на Институтот за историја при Филозофскиот факултет, на тема *Василиј I Македонецот - живот и дело.*

Од 2003-2007 година била организатор на курсот по англиски јазик во училиштето за странски јазици „Интервиза". Го владее англискиот јазик и има основни познавања од рускиот јазик.

2.Оцена на научната работа

Кандидатот м-р Младеновска одбранила магистерски труд од областа на средновековната византиска историја. Темата којашто ја обработувала претставува значаен научноистражувачки труд за македонската историографија. Освен со политичката историја и просопографија, кандидатката истражува проблеми поврзани со средновековната црковна

историја на Македонија и Византија. Познавањето на англискиот, основното познавање на рускиот јазик, како и одредени познавања од латинскиот јазик овозможуваат користење на средновековните извори и на стручната литература од историјата на Византија.

Досега објавила една статија во научното списание „Историја", „Павликијанството и неговото ширење во Македонија", „Историја", 2008. Во Гласникот на ИНИ од 2008 година објавила приказ на монографијата: Станковиќ Влада, *Цариградски патријарси и цареви македонске династије*, Београд 2003.

3.Предлог

Според член 37. од Законот за научноистражувачка дејност, кандидатката м-р Весна Младеновска ги исполнува условите за избор во звањето асистент-истражувач.

Скопје,

11. 4. 2013

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Анета Шукарова с.р.

Проф. д-р Митко Панов с.р.

Проф. д-р Ирена Стефоска с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Советот на ИНИ бр. 02-175/1 од 25.3. 2013 година, по објавениот конкурс на 9.1.2013 година во дневните весници „Вечер" и „Коха", рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Панов и проф. д-р Ирена Стефоска го предлага следниов извештај за избор во звање асистент-истражувач на кандидатот м-р Стефан Пановски.

1. Податоци за кандидатот

Роден е на 17 август 1983 во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. Во 2002 се запишал на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје, каде што во 2007 дипломирал на темата *Причините за римското издигнување според Полибиј*. Студиите ги завршил со просечен успех 9,64.

По дипломирањето се запишал на постдипломските студии по историја на античка Македонија на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. На 7 ноември 2011 г., пред Комисијата во состав: проф. д-р Наде Проева (ментор), проф. д-р Петар Делев и академик Витомир Митевски го одбранил магистерскиот труд со наслов *Поморската политика на Антигонидите 277-221 г. ст.е.*, со што се стекнал со научен степен магистер на историски науки. Истата година се запишал на докторски студии на Институтот за историја, при што му е одобрена изработка на докторска дисертација под наслов *Филип V и македонскиот експанзионизам.*

Наставно и научноистражувачко искуство

а) како демонстратор

Од 2005/6 до 2008/9 по предметот историја на стариот Рим, во летниот семестар од учебната 2008/9 по предметот историја на античките Македонци

323 ст.е - 313 н.е; во зимскиот семестар од учебната 2010/11 и по предметот религија и култура на античките Македонци; во летниот семестар од истата учебна година и по предметите историја на хеленистичките монархии и историја на Римската Империја; следната учебна година по предметот историја на Римската Империја.

Во 2009 и 2010 на определено време (двапати по шест месеци) бил ангажиран како помлад соработник во Институтот за национална историја. Во 2012 год., како член на одборот учествувал во основањето на *Haemus* - центар за научно истражување и промоција на културата при што е и рецензент на истоименото списание во Одделот за антика.

2.Оцена на научната работа

Кандидатот м-р Стефан Пановски има референтна и обемна библиографија од областа на античката историја, филозофија и реторика. Исклучителното познавање на класичните јазици, старогрчкиот и латинскиот, му овозможува исчитување и анализа на писмените и на материјалните антички извори. Магистерскиот труд со наслов *Поморската политика на Антигонидите 277-221 г. ст.е.* претставува особен придонес во македонската историографија и пошироко за еден период од антиката кој досега не бил многу застапен во научните истражувања. Пријавената докторска дисертација на тема *Филип V и македонскиот експанзионизам* е продолжение на научното истражување започнато со магистерскиот труд. Со одбрана на дисертацијата и нејзино објавување, македонската историска наука ќе се здобие со значаен труд кој ќе ги афирмира историските проблеми за овој многу важен период од историјата на Античка Македонија.

Од приложената библиографија се гледа и дека кандидатот Пановски преведува и објавува преводи на македонски јазик на дела од антиката. Со одличното познавање на светските јазици, кандидатот истражува современа референтна литература и објавува статии во меѓународни списанија. Исто така, кандидатот објавил бројни прикази на стручната литература во еминентни списанија. Според досегашното искуство стекнато во работа со

студентите при Филозофскиот факултет во Скопје, потоа како истражувач во Институтот за национална историја и еден од основачите на Центарот за научно истражување и промоција на културата *Haemus* сметаме дека м-р Стефан Пановски е оспособен за научно-истражувачка работа.

БИБЛИОГРАФИЈА ПО ВИДОВИ

Магистерски труд:

Поморската политика на Антигонидите 277-221 г. ст.е., 2011.

Статии:

1. „Бесмртноста на душата кај Платон (i-ii)", *Systasis* 6-7 (2005).
2. „Кикерон, Помпеј и Македонија", *Гласник на ИНИ* 49.1-2 (2005), 113-139. (со В. Саракински).
3. „Бесмртноста на душата кај Платон (iii)", *Systasis* 8-9 (2006).
4. „Римските народни собранија", *Историја* 44.1-2 (2008), 5-22.
5. „По трагите на една „епифанија"; Мотивот на Пан и политичката пропаганда на Антигон Гоната", *Патримониум.мк* 7-8 (2010), 43-55. (со В. Саракински).
6. „Memnon, the strategist", *MHR* 2 (2011), 7-27. (со В. Саракински).
7. „Смртта на Деметриј и римската пропаганда", *Гласник на ИНИ* 55.1-2 (2011), 39-51.
8. „The Invisible Fleet: Antigonid naval operations in the Khremonidean war", *Haemus* 1 (2012), 71-99.

Прикази на стручна литература:

1. М. Мирковић, *Римска држава у доба принципата и домината (27. пре Хр. – 337. н.е.) – од Августа до Константина*, *Историја* 42.1-2 (2006), 209-213.
2. F. Papazoglu, *Iz istorije antičkog Balkana*, *Živa Antika* 60.1-2 (2010), 164-171.

3. С. Лома, *Клаудије Гал и Северови нови сенатори.* Истраживања из епиграфике, просопографије и римске политичке историје деведесетих година II века, *Živa Antika* 61.1-2 (2011), 160-163.
4. W. M. Murray, *The Age of Titans. The Rise and Fall of the great Hellenistic Navies* (во подготовка).

Преводи од класични јазици:

1. „Res gestae Divi Augusti", *Историја* 43.1-2 (2007), 87-115.
2. Аристотел, *Атинската политеја* (во подготовка).

3.Предлог

Кандидатот м-р Стефан Пановски е докторанд од областа на античката историја. Досега има публикувано повеќе статии и прикази во еминентни национални и меѓународни научни списанија. Освен тоа, кандидатот се профилира и како преведувач од класичните јазици на капитални дела од антиката и е член на Одборот на научното здружение *Хаемус*. Врз основа на постигнатите резултати и пројавената исклучителна способност за научноистражувачка и образовна активност, Рецензентската комисија предлага, кандидатот м-р Стефан Пановски да биде избран во звањето асистент-истражувач.

Скопје,

11. 4. 2013

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Анета Шукарова с.р.

Проф. д-р Митко Панов с.р.

Проф. д-р Ирена Стефоска с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ - ДОЦЕНТ
НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

На својата седница одржана на 17.4.2013, Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и поличко-правни истражувања, по објавениот конкурс во дневните весници „Вечер" и „Лајм" на 12.1. 2013 година, формираше Комисија за избор во наставно-научни звања во областите политички партии и јавно мислење и социјални мрежи. На јавен конкурс, единствена пријавена беше кандидатката д-р Бојана Наумовска. По прегледаната документација, Комисијата во состав: проф. д-р Емилија Симовска, проф. д-р Петар Атанасов и вонр.проф. д-р Ганка Цветанова го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Кандидатката д-р Бојана Наумовска е родена во Скопје, Република Македонија, во 1983 година, каде што завршила основно, средно и високо образование. Дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, отсек: политички науки во 2005 година. На постдипломските студии по политички науки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања ги положила сите испити со просечна оценка 9, 8 и во 2008 магистрирала на тема „Политичка анализа на процесот на воведување религиско образование во основните училишта во Република Македонија", со што се стекнала со научниот степен магистер на политички науки. Во октомври 2011 година, на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања успешно го одбранила докторскиот труд на тема „Влијанието на изборните модели врз малите политички партии во Република Македонија" и се стекна со степенот доктор на политички науки.

Д-р Бојана Наумовска од 2006 година работи во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Од 2008 година е ангажирана како асистент на студиските програми комуникации и социологија-менаџмент на општествени промени. Во 2011 година, д-р Бојана Наумовска избрана е во соработничко звање. Во моментов таа работи како асистент на студиските програми: комуникации, нови медиуми и социјални мрежи и културата во ерата на кибернетиката. Кандидатката учествува во постдипломската настава преку држење на вежби по предметите: методологија на општествени истражувања, односи со јавност и јавно мислење.

Наставно-образовна дејност

Во досегашното работење, кандидатката Бојана Наумовска учествувала во реализацијата на повеќе школи и работилници:

- NATO Advanced Research Workshop (NATO Science for peace and Institute for Economic Strategies and International Relations – OHRID)
- *Political Youth Dialogue-leadership* (Institute for Economic Strategies and International Relations – OHRID);
- *Political Youth Dialogue- multiparty project workshop* (Institute for Economic Strategies and International Relations – OHRID);

- Обука за регрутирање, мотивирање и задржување на волонтери (Младински иницијативи);
- циклус работилници за волонтерски менаџмент наменети за организации кои работат со волонтери (Младински иницијативи);
- летни школи за млади волонтери и волонтерски акции (Младински иницијативи);
- планирање и реализација на младински волонтерски акции (Младински иницијативи);
- работилници за волонтерството, како поддршка на мировните процеси (Младински иницијативи);
- работилници за ненасилна разработка на конфликти (Младински иницијативи);

Учество во проекти

Во досегашното работење, кандидатката Бојана Наумовска учествувала во неколку научноистражувачки и апликативни проекти:

- Реални и виртуелни идентитети (УКИМ);
- Невработеност, ризици и реакции (МОН);
- Political Youth Dialogue-leadership (Institute for Economic Strategies and International Relations – OHRID);
- Political Youth Dialogue- multiparty project workshop (Institute for Economic Strategies and International Relations – OHRID);
- Towards a political ecology of air: Atmosphere as a place-making agent.
- Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор-компаративна анализа 2001 – 2005 – 2011 (поднесен до МОН);
- Ранливост од сексуална злоупотреба на децата Роми" (поднесен до МОН);
- "Social media and the political behaviour of the young generation" (Американска Амбасада, Скопје);
- „Културни индустрии" (Холандска амбасада, Скопје);
- „Независноста на медиумите во Македонија-случај А1"(Американска амбасада, Скопје);
- "The cooperation of the state institutions in fighting corruption in Macedonian society" (Американска амбасада, Скопје).
- "Redefining Nationhood in Macedonia, Serbia, and Kosovo" (Швајцарска агенција за развој и соработка администрирана од University of Freiburg);
- "Contesting hybrid political systems: clientelism, nepotism, and politicisation in Macedonia, Serbia, and Kosovo" (Швајцарска агенција за развој и соработка администрирана од University of Freiburg);
- "Specifics of the Political Steering of Market Economy in Macedonia and Slovenia: A Comparative Analysis".

Објавени трудови:

Кандидатката ги објавила следниве научноистражувачки трудови:

- Религиското образование во земјите од Европската унија и во Македонија на патот кон неа" конференција на тема: „Република Македонија на патот кон Европа-состојби и перспективи", 2007;

- „Невладиниот сектор во процесот на воведувањето на веронауката“, научен собир на тема: „Социо-културни аспекти на евроинтеграцијата“, 2008;
- „Small parties as a result of different cultures (case study Germany, Croatia, Macedonia)“, конференција на тема „Култура и музика“, 2011;
- 'Ethnic' political parties versus multicultural paradigm, коавторски труд, виртуелна конференција ARSA-2012;
- "Activities of the radical right-winged parties in direction of threatening the European security", конференција Security and Euroatlantic Perspectives of the Balkans, 2012;
- „The Identity of the small political parties in the Republic of Macedonia“ конференција Music, Culture and Identity, 2012;
- „The influence of political parties oriented towards fortifying or pacifying of multiethnic conflicts (case study Skopje Citadel 13.02 2011)" коафторски труд за меѓународната научна конференција „Безбедноста на постконфликтниот (Западен) Балкан, транзицијата и предизвиците на Република Македонија“, 2011;
- „Дали малите политички партии се во криза?“, меѓународна конференција „Лицата на кризата“, Европски универзитет Република Македонија, Скопје, 2012;
- „Некои размислувања за заштитата на животната средина како безбедносна дилема“, коавторски труд за конференцијата „Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот“, 2012;
- „Изборните системи во Р.Македонија и малите политички партии во нив“, објавен во Годишникот за 2007 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања;
- „Ставовите на политичките партии за воведувањето на Религиското образование“, објавен во Годишникот за 2008 на ИСППИ;
- „Малите партии според изборното законодавство во Република Македонија“, објавен во Годишникот за 2009 на ИСППИ.

Учество на научни собири

Кандидатката има учествувано на следниве научни собири:

- Религиското образование во земјите од Европската унија и во Македонија на патот кон неа“, конференција на тема „Република Македонија на патот кон Европа-состојби и перспективи“;
- „Невладиниот сектор во процесот на воведувањето на веронауката“, научен собир на тема: „Социо-културни аспекти на евроинтеграцијата“;
- „Small parties as a result of different cultures (case study Germany, Croatia, Macedonia)“, конференција на тема „Култура и музика“;
- „The influence of political parties oriented towards fortifying or pacifying of multiethnic conflicts (case study Skopje Citadel 13.02 2011)" меѓународна научна конференција „Безбедноста на постконфликтниот (Западен) Балкан, транзицијата и предизвиците на Република Македонија“;
- „Дали малите политички партии се во криза?“; меѓународна конференција „Лицата на кризата“, Европски универзитет Република Македонија; Скопје, 2012;
- „Некои размислувања за заштитата на животната средина како безбедносна дилема“, меѓународна научна конференција „Реформите на

безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот";
- „The Identity of the small political parties in the Republic of Macedonia" конференција Music, Culture and Identity;
- "Activities of the radical right-winged parties in direction of threatening the European security", конференција „Security and Euroatlantic Perspectives of the Balkans";
- "Multicultural policies and the role of ethnic political parties: Cases of Macedonia, Bulgaria and Romania", Конференција „20 years Macedonian independence, economic, political and policy developments";
- "Identity and ideological placement of the small political parties in the R.Macedonia", конференција „Identity in the Era of Globalization and Europeanization".

ЗАКЛУЧОК

Кандидатката д-р Бојана Наумовска целосно ги исполнува условите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Таа е учесник во бројни проекти и активно е вклучена во наставниот процес на постдипломските студии во Институтот. Со учество на повеќе научни собири и обуки, д-р Бојана Наумовска покажува перманентна аспирација за научно и стручно усовршување. Од тие причини, Рецензентската комисија донесе позитивна одлука и му прелага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања да ја избере д-р Бојана Наумовска во наставно-научно звање - доцент во научните области политички партии и јавно мислење и социјални мрежи.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Емилија Симоска с.р.
2. Проф. д-р Петар Атанасов с.р.
3. Вонр. проф. д-р Ганка Цветанова с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Бојана Зоран Наумовска**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Институт за социолошки и политичко-правни истражувања**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: политички партии и јавно мислење и социјални мрежи

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Настава во школи и работилници: - NATO Advanced Research Workshop (NATO Science for peace and Institute for Economic Strategies and International Relations – OHRID) - *Political Youth Dialogue-leadership* (Institute for Economic Strategies and International Relations – OHRID); - *Political Youth Dialogue- multiparty project workshop* (Institute for Economic Strategies and International Relations – OHRID); - Обука за регрутирање, мотивирање и задржување на волонтери (Младински иницијативи) ; - циклус работилници за волонтерски менаџмент наменети за организации кои работат со волонтери (Младински иницијативи); - летни школи за млади волонтери и волонтерски акции (Младински иницијативи); - планирање и реализација на младински волонтерски акции (Младински иницијативи); - работилници за волонтерството, како поддршка на мировните процеси (Младински иницијативи); - работилници за ненасилна разработка на конфликти (Младински иницијативи);	9
2.	Одржување на вежби: - методологија на општествени истражувања - односи со јавност - јавно мислење	2,4
3.	Подготовка на нов предмет: Предавања - јавно мислење и социјални мрежи Вежби: - методологија на комуниколошки истражувања (програма: нови медиуми и социјални мрежи 4+1); - методологија на комуниколошки истражувања	

	(програма: нови медиуми и социјални мрежи 3+2); - методологија на истражувања од областа на културата во ерата на кибернетиката (програма: културата во ерата на кибернетиката 4+1); - методологија на истражувања од областа на културата во ерата на кибернетиката (програма: културата во ерата на кибернетиката 3+2); - односи со јавноста преку новите медиуми (програма: нови медиуми и социјални мрежи 4+1); - односи со јавноста преку новите медиуми (програма: нови медиуми и социјални мрежи 3+2); - јавно мислење и социјални мрежи (програма: нови медиуми и социјални мрежи 3+2); - демократијата и новите медиуми (програма: нови медиуми и социјални мрежи 4+1); - демократијата и новите медиуми (програма: нови медиуми и социјални мрежи 3+2).	5,5
4.	Консултации со студенти: Насока: комуникации, од 2006/07 до 2012/13; Насока: социологија-менаџмент на општествени промени, од 2006/07 до 2011/12; Насока: нови медиуми и социјални мрежи, 20012/13 Насока: културата во ерата на кибернетиката, 2012/13	3,2
5.	Пакет материјали за одреден предмет - јавно мислење и социјални мрежи	1
	Вкупно	21,1

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Учесник во национален научен проект: - Реални и виртуелни идентитети (УКИМ); - Невработеност, ризици и реакции (МОН); - Political Youth Dialogue-leadership (Institute for Economic Strategies and International Relations – OHRID); - Political Youth Dialogue- multiparty project workshop (Institute for Economic Strategies and International Relations – OHRID).	12
2.	Учесник во меѓународен научен проект: - Towards a political ecology of air: Atmosphere as a place-making agent.	5
3.	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир: -**Религиското образование во земјите од Европската унија и во Македонија на патот кон неа**“ конференција на тема „Република Македонија на патот кон Европа-состојби и перспективи“, 2007; - **„Невладиниот сектор во процесот на воведувањето на Веронауката“**, научен собир на тема: „Социо-културни аспекти на евроинтеграцијата“, 2008; - **„Small parties as a result of different cultures**	6

	(case study Germany, Croatia, Macedonia)“, конференција на тема „Култура и музика“, 2011;	
4.	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки: - **’Ethnic’ political parties versus multicultural paradigm,** коавторски труд, виртуелна конференција ARSA-2012; - **“Activities of the radical right-winged parties in direction of threatening the European security”,** конференција Security and Euroatlantic Perspectives of the Balkans, 2012; - **„The Identity of the small political parties in the Republic of Macedonia“** конференција Music, Culture and Identity, 2012; - **„The influence of political parties oriented towards fortifying or pacifying of multiethnic conflicts (case study Skopje Citadel 13.02 2011)**” коавторски труд за меѓународната научна конференција „Безбедноста на постконфликтниот (Западен) Балкан, транзицијата и предизвиците на Република Македонија“, 2011; - **„Дали малите политички партии се во криза?“**; меѓународна конференција „Лицата на кризата“, Европски универзитет Република Македонија; Скопје, 2012; - **„Некои размислувања за заштитата на животната средина како безбедносна дилема“**, коавторски труд за конференцијата „Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот“, 2012.	16,7
5.	Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција: - **„Изборните системи во РМакедонија и малите политички партии во нив“**, објавен во Годишникот за 2007 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања; - **„Ставовите на политичките партии за воведувањето на Религиското образование“**, објавен во Годишникот за 2008 на ИСППИ; - **„Малите партии според изборното законодавство во Република Македонија“**, објавен во Годишникот за 2009 на ИСППИ;	6
6.	Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): **-Религиското образование во земјите од Европската унија и во Македонија на патот кон неа“**, конференција на тема „Република Македонија на патот кон Европа-состојби и перспективи“; **- „Невладиниот сектор во процесот на воведувањето на веронауката“**, научен собир на тема: „Социо-културни аспекти на евроинтеграцијата“; - **„Small parties as a result of different cultures (case study Germany, Croatia, Macedonia)“,** конференција на тема „Култура и музика“; - **„The influence of political parties oriented towards fortifying or pacifying of multiethnic conflicts (case study Skopje Citadel, 13.02 2011)**”, меѓународна	10

	научна конференција „Безбедноста на постконфликтниот (Западен) Балкан, транзицијата и предизвиците на Република Македонија“; - **„Дали малите политички партии се во криза?“**; меѓународна конференција „Лицата на кризата“, Европски универзитет Република Македонија; Скопје, 2012; - **„Некои размислувања за заштитата на животната средина како безбедносна дилема“,** меѓународна научна конференција „Реформите на безбедносниот сектор во република македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот“ - **„The Identity of the small political parties in the Republic of Macedonia“** конференција „Music, Culture and Identity“; - **“Activities of the radical right-winged parties in direction of threatening the European security”,** конференција „Security and Euroatlantic Perspectives of the Balkans“; - **“Multicultural policies and the role of ethnic political parties: Cases of Macedonia, Bulgaria and Romania”,** конференција „20 years Macedonian independence, economic, political and policy developments“; - **“Identity and ideological placement of the small political parties in the R.Macedonia”,** конференција „Identity in the Era of Globalization and Europeanization“.	
7.	Апстракт објавен во зборник на конференција - **“Multicultural policies and the role of ethnic political parties: Cases of Macedonia, Bulgaria and Romania”,** конференција „20 years Macedonian independence, economic, political and policy developments“.	1
	Вкупно	56,7

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот: - организирање на одбележувањето по повод 45-годишнината од постоењето на Институтот; - организирање на трибина на тема „Нови медиуми, социјални мрежи и демократија“.	1
Дејности од поширок интерес		
1.	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (како соработник): - Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор -компаративна анализа 2001 – 2005 – 2011 (поднесен до МОН); - Ранливост од сексуална злоупотреба на децата Роми“ (поднесен до МОН); - “Social media and the political behaviour of the young generation” (Американска амбасада, Скопје); - „Културни индустрии“ (Холандска амбасада, Скопје);	3

	- „Независноста на медиумите во Македонија-случај А1“(Американска амбасада, Скопје); - “The cooperation of the state institutions in fighting corruption in Macedonian society” (Американска амбасада, Скопје).	
2.	Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект (како соработник): - "Redefining Nationhood in Macedonia, Serbia, and Kosovo" (Швајцарска агенција за развој и соработка администрирана од University of Freiburg); - "Contesting hybrid political systems: clientelism, nepotism, and politicisation in Macedonia, Serbia, and Kosovo" (Швајцарска агенција за развој и соработка администрирана од University of Freiburg); - “Specifics of the Political Steering of Market Economy in Macedonia and Slovenia: A Comparative Analysis “	3
	Вкупно	7

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	21,1
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	56,7
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	7
Вкупно	84,8

Членови на Комисијата

1. Проф.д-р Емилија Симоска, претседател с.р.
2. Проф. д-р Петар Атанасов, член с.р.
3. Вонр. проф. д-р Ганка Цветанова, член с.р.

До Медицински факултет -Скопје

-Рецензентска комисија
-Декан
-Продекани
-Наставно-научен совет

ПРИГОВОР

од виш научен соработник др.сци. Нико Беќаровски, член на Катедрата за интерна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје

Предмет на приговорот: Реферат објавен во Билтенот бр.1052 од 15.4.2013 година на Универзитот ,,Св. Кирил и Методиј,, за избор на еден кандидат во сите звања по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, во согласност со конкурсот објавен во ,,Утрински весник,, на 24.11.2012 година.

Во објавениот реферат, се нотираат голем број на пропусти кои во целост ја менуваат бодовната и општата слика за трите пријавени кандидати. Искрено се надевам дека овие пропусти се резултат на исклучително краткиот период, во кој работеше почитуваната Рецензентска комсија, која беше избрана на седница на ННС на **11.4.2013** година, а целосно лекториранот реферат излезе само по **три дена во Билтенот од 15.4.2013 година.**

1. Во делот за наставно –образовната дејност, одржување на вежби по интерна медицина, се нотира нелогичност преточена во бодовите. Кандидатот Андон Чибишев, иако бил асистент **само 18 семестри, има добиени 28,35 бодови, Лидија Петковска со 30 семестри 40,50**, а **Нико Беќаровски за 42 семестра асистентски стаж, 46,35.** Според овие релевантни податоци бројот на бодови би требало да биде 28.35 за Андон Чибишев, 42,67 за Лидија Петковска и **76,10** за Нико Беќаровски. Само врз основа на оваа алинеа, кандидатите Лидија Петковска и Нико Беќаровски се оштетени за 2,17, односно дури за **29,65** во мојот случај.

2. Во делот за наставно образовна дејност, ментор и едукатор за здравствена едукација, кандидатот Андон Чибишев **има добиено 14,40 бодови, иако оваа дејност е воведена неколку години по неговото разрешување за асистент, со што е невозможно тој да ја практикувал.** Напоменувам дека кај Лидија Петковска која е две години подоцна разрешена, коректно не е наведена ваква активност.

3. Во делот Наставно- образовна дејност, вежби со студенти на стаж, **не ми се евалуирани 24 бода** иако како научен соработник и виш научен соработник, таа дејност континуирано сум ја изведувал, за што е приложен соодветен доказ.

4. Во сегментот Научно -истражувачка работа, во списокот на моите објавени трудови не се наведени трудовите: **Компликации кај зависник по интравенска злоупотрба на хероин** Н.Симоновска, Ц.Божиновска, Н.Ивановски, **Н.Беќаровски**, ММП. бр.5-6, 2006, 217-220, со кој ми се скратени **2,4 бода** и трудот SEIZURES AFTER USE AND ABUSE OF TRAMADOL. Bekjarovski N, Chaparoska D, Radulovikj-Bekjarovska S; Macedonian Academy of Sciences and Arts; Contribution, Sec Bio Med Sci MASA XXXIII I. p.313-318 (2012) (PUB MED) , со кој ми се одземени **4,60** бода.

5. Во истиот дел кај кандидатот Андон Чибишев се направени бројни пропусти. Првите две наведени монографии воопшто не се монографии, туку јавно одбранетиот труд и докторската дисертација на кандидатот. За споредба, магистерскиот труд и докторската дисертација на колешката Лидија Петковска воопшто не се наведени, со што се прави уште една дискриминација. Наведената монографија под реден број 3 воопшто не е монографија, туку упатство за користење на лекот во сопственост на Министерството за здравство. Четвртата наведена монографија, не може да биде по ниеден основ инкорпорирана во монографии. Само врз основа на оваа алинеја, кандидатот Андон Чибишев има добиено **28 бода кои не му следуваат**.

6. Наведената активност, носител на меѓународен проект, не соодвествува со фактичката, бидејќи студијата е стручен, а не научен проект, а кандидатот е учесник, а не носитиел на проектот , со што треба да биде бодуван **со 2 бода, односно 4 бода** помалку.

7. Во сегментот на објавени трудови со оригинални научни резултати, во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор, трудовите под реден број 17, 19, 20, 21, 22, 23, се неправилно класифицирани, бидејќи во периодот на објавување списанието Physioacta не ги исполнувало

критериумите (кое е индексиранио во 2010 година)и наместо доделените 21,60, треба да има 14.40 односно 7,**20** бодови помалку.

8. Во сегментот што се однесува за учество на научно-стручен собир со реферат (меѓународно учество), неправилно се вметнати дури 22 реферата, каде што кандидатот Андон Чибишев воопшто не е автор и не може да биде бодуван. Со ова кандидатот неправилно стекнал нови **26,40 бода**. На четири од поднесените реферати наместо два бода, колку што максимално следуваат се дадени три бода, со што истиот кандидат дополнително се здобил со уште **4 нерегуларни** бода.

9. Во делот Стручно-апликативна дејност во моето бодување се: испуштени неколку сегменти. Не се бодирани трите авторски книги, иако трите се доставени со целосна содржина до Рецензентската комсија со што сум **оштетен за 24 бода**, како и автор на поглавје во „Медицина базирана на докази", со што ми се скратени **дополнителни 2 (два) бода**. Во сегментот награда за научни постигнувања од струкова организација не ми се бодувани благодарницата и плакетата, односно **6 бода**, кои кај другите два кандидати се внесени.

10. Во делот Стручно апликативна дејност, кај кандидадот Андон Чибишев под точка два, воведување нова метода, неправилно се **внесени 4 бода**, бидејќи воведувањето на бупренорфинска супституција воопшто не преставува нова метода, туку алтернативен пристап во третманот на хероинските зависници, кој стана можен по регистрација на лекот во Македонија, а се применува од сите лекари на Клиниката и многу пошироко.

11. Доделените **21 бод** за одржани предавања во основните училишта воопшто не се одржани од именуваниот кандидат, туку од медицинските сестри, помладите специјалисти и специјализанти на Клиниката за токсикологија.

Со сите погоре изнесени пропусти во бодувањето, конечниот збир на бодови би бил сосема поинаков, односно кандидатот **Нико Беќаровски би имал 400,68 бода, кандидадот Андон Чибишев 330,92 бода, а Лидија Петковска 231.68 бода.**

Покрај тоа, Рецензентската комсија воопшто го нема земено предвид фактот дека јас ја имам одбрането мојата дисертација **пет, односно шест** години пред двата други кандидати, дека единствен имам континуиран академски стаж поминувајќи ги сите предвидени инстанци **(помлад асистент, асистент, научен соработник, виш научен соработник).**

Предложениот кандидат **има просек 6,70,** со што не ги исполнува критериумите дури ни да запише докторски студии, а уште помалку да биде наставник. Останатите два кандидата имаат просек **над 9,30.**

Предложениот кандидат нема **ниту ден стручно-научно усовршување** во некој странски центар, ниту учество на конгрес, симпозиум или конференција надвор од границите на Републиката, поради **не познавање на ниту еден светски јазик.**

Искрено се надевам дека бројните направени пропусти се исклучително резултат на екстремно лимитираното време во која Комсијата работеше во овој состав и на недоволното познавање на кандидатите од мнозинството членови на Комисијата.

Со должна почит,

Скопје, 22.4.2013

ПОДНОСИТЕЛ

Виш научен сор. д-р. сци Нико Беќаровски с.р.

До Наставно-научниот совет при Медицинскиот факултет во Скопје

ПРЕДМЕТ: одговор на приговор

Одговор на приговорот поднесен од в. н. сор. д-р Нико Беќаровски заведен под број 02-2053/2 од 22.4.2013 година во врска со заклучокот на рефератот за избор на наставник во сите звања по предметот интерна медицина објавен во Билтенот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј"во Скопје, број 1052 од 15. 4.2013 година.
Рецензетската комисија во состав : проф. д-р Лидија Добрковиќ, проф. д-р Цветанка Божиновска , проф. д-р Бисерка Ќаева , проф. д-р Татјана Миленковиќ , проф. д-р Јордан Чаловски го поднесуваат следниот одговор на приговорот:
При разгледувањето на приложената документација на кандидатите пријавени на конкурсот за избор на еден наставник во сите звања согласно со објавениот конкурс во дневниот весник „ Утрински весник" од 24.11.2012 година, Рецензентската комисија се раководеше единствено според Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно –стручни и соработнички звања на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" усвоен од Универзитетскиот сенат на 35. седница одржана на 23.0.6.2011 година и објавен во Универзитетски гласник бр. 173 од 1 август 2011 година.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на приговорот, констатира дека тој е неоснован по сите наводи и затоа останува на својот став образложен во заклучокот на рефератот.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ПО ПРИГОВОРОТ:

1. **ВО ДЕЛОТ НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)**

- При бодување на кандидатите во делот Наставно-образовна дејност , Комисијата за рецензија строго се придржуваше кон правилата и препораките за бодување на кандидатите за избор во звања пропишани во Правилникот за избор во звања на УКИМ. Без исклучок се бодувани сите активности за кои во досиејата на кандидатите имаше доставено соодветни документи издадени од надлежни институции така што коментарот и сугестиите за начинот на бодување на подносителот на приговорот не го прифаќаме .
- Делот каде што подносителот на приговорот наведува дека не му се евалуирани 24 бода за активности со студенти не го прифаќаме од причина што ако се погледне неговиот реферат објавен во Билтенот ќе се

види дека таа активност му е бодувана под број 5 во табелата точно со толку бодови како што тој тврди.

2. ВО ДЕЛОТ НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во врска со коментарот во точката 4 од приговорот дека не му се наведени трудови истакнуваме дека сите приложени научни трудови се бодувани според препораките во Правилникот за избор на УКИМ а трудот,, **Seizures after use and abuse of Tramadol, Bekjarovski N, Chaparoska D, Radulovikj- Bekjarovska S, , Contributions, 2012, XXXIII, 313-318,** кој е наведен дека не е бодуван и дека кандидатот заради тоа е оштетен коректно е наведен и бодуван во табелата под број 8 и веројатно подносителот на приговорот направил превид и приговара за активност која му е бодувана.

Точка 5.

Правилникот за бодување за избор во звања на УКИМ е изменет на 35-тата седница на Универзитетскиот сенат одржана на 23.6.2011 и според него не се бодуваат активности како што се одбранет докторат и одбранет магистериум, со што некои кандидати се доведуваат во нерамноправна положба бидејќи сите кандидати немаат одбранет магистериум.

Рецензентската комисија овие трудови ги бодуваше како монографии кај сите кандидати бидејќи се работи за заокружени стручно-научни целини кои јавно се презентирани, се печатат и се наоѓаат на увид во библиотеките на УКИМ.

По точка 6.

За проектот „Chimical risk menegement in Macedonia 2007-2010 “, кандидатот Андон Чибишев има приложено неколку документи според кои Комисијата заклучи дека со неговата имплементација се добиваат научните сознанија со кои секојдневно се пополнува многу важната Национална база на податоци за труења во Република Македонија.

За носителството на проектот, кандидатот Андон Чибишев има приложено документ од Шведската агенција за хемикалии потпишан од г-ѓа Lilian Tornqvist – Aviser International Affairs и документ бр. 15-2269/7 од 16.3.2009 година издаден од Бирото за лекови и потпишан од директорот мр. Илчо Захариев.

По точка 7 и 8 .

По коментарите во овие две точки Комисијата нема да коментира бидејќи сите трудови и презентации од конгреси се идентично бодувани кај сите кандидати и тоа врз основа на копии на приложени стручно-научни трудови и презентации за кои е уредно приложен сертификат за учество на конгресот од првиот автор на трудот.

3. ВО ДЕЛОТ СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

-Под точка 10.

За наведените активности Комисијата во досието на подносителот на приговорот не најде ниту еден документ дека се работи за стручни книги кои се рецензирани од независни рецензенти . За активноста учество во проектот на Министерството за здравство „ Медицина базирана на докази", во досието на кандидатот нема документ со што активноста ќе се докаже.

Под точка 11.

Методата за детоксикација со бупренорфин е за првпат воведена во Република Македонија во 2009 година, а за тоа дека др Андон Чибишев ја вовел оваа метода има официјален документ потпишан од г-дин Владимир Индов, директор за продажба и маркетинг во АД Алкалоид – Скопје.

Под точка 4.

За оваа активност во досието на кандидатот Андон Чибишев постои документ број 0302-127/1 од 7.3 .2012 година кој е потпишан од Директорот на Агенцијата за млади и спорт м-р Лазар Поповски, со кој се потврдува дека кандидатот др Андон Чибишев е организатор на предавањата , а воедно и предавач . Кој се учествувал во предавањата Комисијата не навлегува.

На крајот на приговорот, подносителот на приговорот надвор од своите надлежности прави обид да го оценува кандидатот Андон Чибишев што е крајно некоректно бидејќи тоа го прави Рецензентска комисија со решение од Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет. При бодувањето и оценувањето на кандидатите се валоризираат само активности кои се пропишани во Правилникот за избор во звања на УКИМ.

Кандидатот др Андон Чибишев има најмногу бодови според Правилникот за избор во звања на УКИМ. Напоменуваме дека се работи за прв избор и притоа се бодувани сите досега верифицирани

активности во текот на 20-годишната активност на кандидатот.
Нагласуваме дека кандидатот Др Андон Чибишев има публицирано 31 труд (ин екстензо), од кои во 18 трудови е прв автор . Поголем број од трудовите се објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор и можат да се видат на популарни медицински интернет страници, (**Pub Med Medline**).
Стручни трудови на кандидатот Андон Чибишев се цитирани во неколку учебници од областа на медицината објавени во светот и бројни трудови објавени во бројни странски научни списанија од кои неколку имаат фактор на влијание.
Покрај тоа, кандидатот бил член на комисии за изработка на закони и подзаконски акти, национални стратегии, стручни извештаи и бројни експертски комисии формирани од Министерството за здравство и други државни институции.

Нагласуваме дека за сите активности што се бодувани кај сите кандидати доставени се веродостојни документи издадени од надлежни државни институции на Република Македонија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Лидија Добрковиќ, с.р.
   _____
2. Проф. д-р Цветанка Божиновска, с.р.
   _____
3. Проф. д-р Бисерка Ќаева, с.р.
   _____
4. Проф. д-р Татјана Миленковиќ, с.р
   _____
5. Проф. д-р Јордан Чаловски, с.р.
   _____

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „БАЛКАНОТ ВО ПОЛИТИКАТА НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ВО ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ" ОД М-Р ТЕОН ЦИНГО, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Комисијата за оценување на докторскиот труд „Балканот во политиката на Велика Британија во периодот помеѓу двете светски војни", именувана со Одлука на Научниот совет на Институтот за национална историја од 10-163/2 од 16.4.2013 година, во состав: проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Надежда Цветковска, проф. д-р Васил Јотевски, проф д-р Горѓи Чакарјаневски и проф. д-р Наташа Котлар Трајкова по разгледувањето на предадениот труд од кандидатот м-р Теон Цинго, има чест на Научниот совет при Институтот за национална историја да му го достави следниов

ИЗВЕШТАЈ

Во македонската историографија досега не постои труд кој се однесува на политиката на Велика Британија кон балканските држави во периодот меѓу двете светски војни. Она што им е достапно на македонските историчари, досега, се преведени трудови од странска провениенција и се однесуваат пред се на историјата на Балканот видена од страна на историографи од балканските држави. Во македонската историографија се чуствува отсуството на комплексен труд кој ја опфаќа историјата на сите балкански држави. Од тие причини м-р Теон Цинго се зафати со една навистина, од историографски аспект, обемна тема која бараше од своја страна познавање на јазик, историјата на балканските држави, историјата на дипломатијата и историјата на Обединетото Кралство. Исто така беше потребна и консултација на обемна библиографија која се однесува на насловената тема. Резултат од истражувањата и толкувањата на историските појави и процеси на насловената тема е докторски труд од 554 страници и со 1813 фусноти.

Докторскиот труд на кандидатот м-р Теон Цинго под наслов „Балканот во политиката на Велика Британија во периодот помеѓу двете светски војни" е

структуриран во предговор, вовед, четири глави со поголем број подглави, Заклучок и библиографија.

Во предговорот кандидатот ги дава мотивите кои биле одлучувачки да се нафати со обработката на насловената тема. И самиот свесен за комплексноста на темата, која во својата основа треба да ја следи политиката на Велика Британија кон шесте балкански држави, ќе истакне дека до денес „...ниту еден научен работник од Македонија подетално не го обработил односот на британската политика кон балканските држави..." во целина. Неговата основна поставена цел била да ги застапи „сите шест балкански држави, како и македонското прашање во фокусот на британската политика". Несомнено тоа било и мотив повеќе да го даде својот максимум во работата на докторската дисертација.

Во воведниот дел кандидатот дава краток осврт на приликите на Балканскиот Полуостров во првите две декади на XX век. Посебно, и методолошки сосема коректно, се осврнува на основните принципи на политиката на Велика Британија кон Балканот во периодот меѓу двете светски војни. Во тој контекст се осврнува на различните политички концепции и интересите на големите сили кон Балканот кој преставувал плодна почва за јакнењето на нивното влијание. А на Балканот, како што потенцира кандидатот, секогаш постоеле држави кои се чувствувале обесправени било во однос на границите или малцинските права, што секогаш водело кон формирање на сојузи насочени едни против други, а како што заклучува: „колку балканските народи се оддалечувале едни од други, толку повеќе станувале непривлечни за големите сили". Преку поврзувањето на тие компоненти кандидатот м-р Џинго во воведот ги поставува основите на неговото истражување и постапките кои ќе следат во научниот труд.

Првата глава е насловена „Велика Британија, балканските држави и мировните договори по Првата светска војна (1918 – 1923)", и е составена од осум подглави во кои се следи текот на Париската мировна конференција, спротиставените интереси на големите сили, улогата на делегацијата на Велика Британија на самата конференција, формирањето на новите држави, нејзиниот став кон Грција, Кралството СХС, Турција, Бугарија, Романија, Албанија и посебно ставот на Велика Британија кон македонското прашање на Париската мировна конференција и нејзината улога во верификацијата на одредбите од Букурешкиот мировен договор. Она што посебно треба да се нагласи е направената анализа на, пред сè, необјавена архивска документација што му дава можност на кандидатот м-р Џинго да излезе со свои заклучоци во однос на улогата и

влијанието на британската политика во создавањето на версајскиот систем на договори.

„Велика Британија и македонското прашање во периодот 1920-1941 година" е насловот на втората глава која е поделена во две подглави кои временски го врамуваат периодот од завршувањето на Париската мировна конференција до елиминацијата на Внатрешната македонска револуционерна организација во 1934 година. Во оваа глава, посебно, кандидатот се осврнува на прашањето на македонскиот национален идентитет во политиката на Велика Британија во периодот од 1934 до 1941 година. Детално се обработени: односот помеѓу Грција, Бугарија и Кралството на СХС/Југославија и Велика Британија по однос на македонското прашање, контактите помеѓу различни воено-политички групи од Македонија со истакнати британски јавни и политички дејци, но и стравот од зачестените контакти помеѓу претставниците на Советскиот Сојуз и Македонците. Кандидатот ги анализира и двата извештаја на Британското министерство за надворешни работи кои се однесуваат на македонското прашање и кои претставувале база на британската политика кон македонскиот национален идентитет. Несомнено разликите што се појавиле во ставовите на официјалните лица во Британското министерство за надворешни работи и ставовите на британските дипломатски преставници кои имале контакт на теренот со населението во Македонија, ќе заклучи кандидатот, биле доволна причина британската политика постепено да го менува својот однос во врска со македонскиот идентитет.

Концепциите на сојузниците од Првата светска војна за уредување на Европа по Париската мировна конференција, кандидатот и разгледува во третата глава насловена „Политиката на Велика Британија кон балканските држави во периодот 1920 - 1934 година". Оваа глава има пет подглави во кои се анализираат: обидите за формирање на нови сојузништва, последиците од Светската економска криза, политиката на Велика Британија кон државите од Балканот, нејзината реакција во однос на евентуалното ширење на болшевизмот, а подоцна и ширењето на нацизмот, улогата на Британија во процесот на создавање на Балканската антанта, како и односот на големите сили кон балканските држави по атентатот во Марсеј во 1934 година. Исто така м-р Цинго прави посебен осврт на улогата на британските дипломатски претставници во надминувањето на разликите помеѓу балканските држави и обидите за нивно вклучување во меѓусебен сојуз.

Четвртата глава е насловена „Балканските држави помеѓу чеканот и наковалната (британско-германскиот судир на интереси на Балканот) во периодот 1934

- 1941 година", што во основа претставува сублимат на сите процеси и односи помеѓу балканските држави и Велика Британија. Во оваа глава се наведени сите успеси и неуспеси на британската политика, кои довеле до пристапувањето на дел од балканските држави кон Тројниот пакт. Во периодот 1939 - 1941 година, основата на британската надворешна политика кон Балканот, според кандидатот, претставува идејата за создавање на Балкански пакт кој, според замислата, на почетокот требало да има неутрален, а подоцна требало да добие воен карактер со цел спротивставување на германскиот експанзионизам. Во тој контекст, кандидатот ги презентира интересите на Велика Британија и Германија на Балканскиот Полуостров со посебен осврт на причините за нивниот меѓусебен судир. Кандидатот ги анализира економските, политичките, пропагандните и воените сфери на дејствување на двете спротиставени сили врз политичките одлуки на владите и владетелите на балканските држави.

М-р Теон Џинго користи лесно разбирлив стил, методолошки беспрекорно компониран со користење на скоро сите научноистражувачки методи: компарација, анализа, нарација и актуелизација. Сите тие елементи се составен дел на една комплексна целина која е поткрепена со богата библиографија и опширен изворен архивски материјал.

Заради сето горе наведено, ни претставува особена чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за национална историја да ја започне постапката за организираање на јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот Теон Џинго под наслов „Балканот во политиката на Велика Британија во периодот помеѓу двете светски војни".

Комисја

Проф. д-р Тодор Чепреганов, с.р.

Проф. д-р Надежда Цветковска, с.р.

Проф. д-р Васил Јотевски, с.р.

Проф д-р Горѓи Чакарјаневски с.р.

Проф. д-р Наташа Котлар Трајкова с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА СИСТЕМАТИКА И ФИЛОГЕНИЈА НА БЕЗРБЕТНИЦИ И ОРГАНСКА ЕВОЛУЦИЈА, НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука (бр.07-612/3 од 26.4.2013 година) на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 25.4.2013 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа систематика и филогенија на безрбетници и органска еволуција, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На конкурсот објавен во јавните гласила „Дневник“ и „Коха“ од 28.3.2013 година се пријави само еден кандидат, д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ, асистент на Институтот за биологија при ПМФ во Скопје.

Рецензентската комисијата во состав: д-р Стое Смиљков, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Дана Прелиќ, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Трајче Стафилов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, има чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ е родена на 14.XII 1972 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. Во академската 1991/1992 се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група биологија, наставна насока. Дипломската работа под наслов „Сапробен систем“ ја одбранила во јули 1996 година. Во текот на студиите била активен член во Друштвото на студенти - биолози.

По дипломирањето, во учебната 1997/1998 година кандидатката Славевска-Стаменковиќ се запишала на постдипломски студии на Природно математичкиот-факултет во Скопје, група биологија, еколошко-таксономската насока. Постдипломските студии ги завршила со среден успех 10,00. На 15.III 2007 година, со јавната одбрана на магистерскиот труд под наслов “Биоценолошка анализа на макрозообентосот од акумулационото езеро Мантово и вливот од реката Крива Лакавица ”, се здобила со академски степен - магистер на биолошки науки.

Докторската дисертација под наслов „Макроинвертебратите од реката Брегалница - структура на заедниците и проценка на еколошкиот статус на екосистемот“ ја одбранила на 15.II 2013 година и се стекнала со звањето доктор на биолошки науки.

Од септември 1997 до октомври 2001 година д-р Славевска-Стаменковиќ работела како професор по билогија во проектот „Пекснас“ кој се реализираше во ДСУ „Р. Ј. Корчагин“ во Скопје.

Во учебната 2000/2001 година, како волонтер, д-р Славевска-Стаменковиќ била активно вклучена во изведувањето на практичната настава по предметот инвертебрата кај проф. д-р Стое Смиљков. На 1.XI 2001 година е избрана за помлад асистент на Зоолошкиот завод при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Врз основа на извештајот од Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 946 од 15.VII 2008 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во звањето асистент е избрана на 25.IX 2008 година. Реизбрана е во истото звање (Билтен бр. 1026 од 1.III 2012) на 29.III 2012 година.

Член е на Македонското еколошко друштво, како и ментор на потсекцијата „Макрозообентос" во рамките на Истражувачкото друштво на студенти - биолози (ИДСБ).

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

Кандидатката Славевска-Стаменковиќ од периодот на нејзиното вработување (1.XI 2001), па до реизборот во звањето асистент (29.III 2012) ја изведувала практичната настава по предметите: безрбетници (наставна насока), инвертебрата 1 (наставна насока), инвертебрата 2 (наставна насока), инвертебрата (наставна насока), зоологија на безрбетните животни (еколошка насока), инвертебрата (еколошка насока), систематика на животни I и II (двопредметни студии по биологија-хемија), систематика на животни (двопредметни студии по биологија-хемија), типологија на животни I и II (биохемиско-физиолошка насока), типологија на животни (биохемиско-физиолошка насока), типологија на животни (насока молекуларна биологија), ентомологија (еколошка насока), органска еволуција (наставна и биохемиско-физиолошка насока), `рбетници (наставна насока) и биологија со хумана генетика (за студентите од Стоматолошкиот факултет).

По реизборот во звањето асистент, кандидатката била активно вклучена во подготовките и во изведувањето на практичната настава по следниве предмети: инвертебрата 1 (2+3) во летен семестар, наставна насока; инвертебрата 2 (2+3) во зимски семестар, наставна насока; инвертебрата (4+6) во летен семестар, наставна насока; инвертебрата (4+4) во зимски семестар, еколошка насока; инвертебрата (4+6) во летен семестар, еколошка насока; типологија на животни (4+4) во зимски семестар, биохемиско-физиолошка насока; типологија на животни (3+3) во зимски семестар, насока: молекуларна биологија и систематика на животни (4+4) во зимски семестар, двопредметни студии биологија-хемија.

Д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ покажува одговорен однос кон наставните обврски, извршувајќи ги педантно и секогаш на време. Особено се заложува за осовременување на практичната настава и подигање на квалитетот на истата. Се истакнува со коректен и непосреден однос кон колегите и студентите.

Во текот на своето работење активно се вклучува во изработката на лабораторискиот дел на повеќе дипломски работи, пренесувајќи го своето теоретско и практично искуство од областа на хидробиологијата и макроинвертебратите. Како предавач била ангажирана во популаризација на студиите на Институтот за биологија во средните училишта.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ

Научноистражувачката активност на Славевска-Стаменковиќ се одвива во доменот на две биолошки дисциплини: фаунистички диверзитет и хидробиологија. Во последно време, следејќи ги европските стандарди, својот научен интерес го насочува

на примена на макроинвертебратите во евалуација на квалитетот на водната средина. Со оглед на тоа што во Република Македонија не постои ефикасен систем за процена на еколошкиот статус на речните екосистеми, научниот пристап на кандидатката има значаен придонес во процесот на имплементација на макроинвертебратите како задолжителна компонента во мониторинг - студии.

Список и анализа на објавени трудови

До повторниот избор во звањето асистент, д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ објавила 10 труда кои се рецензирани во Билтен бр. 916 од 2.IV 2007, Билтен бр. 946 од 15.VII 2008 и Билтен бр. 1026 од 1.III 2012. По повторниот избор во звањето асистент, кандидатката приложила шест нови научни труда, од кои еден е објавен во списание со фактор на влијание.

11. Kostov, V., Rebok, K., **Slavevska-Stamenković, V.** & Ristovska, M. (2010): Fish fauna of the River Bregalnica (Republic of Macedonia). http://www.balwois.com/balwois /administration/full_paper/ffp-1704.pdf.

Во трудот се презентирани резултатите добиени од фаунистичките истражувања на рибната фауна по течението на реката Брегалница (лева притока на Вардар) на 18 мерни места, во периодот 2007-2009. Резултатите од истражувањата покажаа присуство на 21 вид на риби, кои припаѓаат на 7 фамилии. Cyprinidae претставува квантитативно доминантна фамилија во истражуваниот екосистем, што е резултат на високата застапеност на *Barbus balcanicus*. Особено внимание во трудот е посветено на следење на промените во структурата на рибната заедница по должина на лонгитудиналниот градиент и анализа на факторите кои ги предизвикале овие промени. Силна редукција на бројот на видови и густината на нивните популации е забележана на мерните места по градовите Берово, Делчево, Кочани и Штип што се должи на негативното влијание на комуналните, индустриските и отпадните води од свињарските фарми, како и по браната Калимаци што е предизвикано од силната хидроморфолошка промена на речното корито. Како препорака, авторите ја истакнуваат потребата од идни ихиолошки истражувања на реката Брегалница и нејзините притоки, во правец на вклучување на оваа биолошка компонента во идни мониторинг студии.

12. M. Ristovska, M., Kostov, V., Prelic, D., **Slavevska-Stamenković, V.** & Arsovska, J. (2011): Fish community structure and water quality assessment of Babuna River: Journal of International Environmental Application & Science, 6(4): 508–517.

Во фокусот на вниманието на авторите на овој труд е анализа на составот и структурата на рибната фауна од реката Бабуна (десна притока на Вардар) и последователно процена на еколошкиот статус на екосистемот. Причина повеќе за избор на Бабуна е фактот што оваа река е еден од можните ареали на распространување на *Zingel balcanicus*, вретенарот. Во периодот август-септември 2010 година, спроведени се истражувања на 7 мерни места по должина на реката. Констатирано е присуство на 17 видови риби од 4 фамилии. Трудот ја дискутира лонгитудиналната дистрибуција на рибната фауна и возрасната структура на доминантните видови, како значаен параметар за репродуктивната состојба на популациите. Биолошката проценка врз основа на EFI - индексот покажа дека истражуваниот екосистем повеќе или помалку се одликува со добар еколошки статус, иако на одредени локалитети се забележани знаци на интензивна еутрофикација. Авторите на трудот ја истакнуваат

потребата од идна адаптација на овој индекс за просторот на Р. Македонија, што подразбира дополнување на индикаторските листи дадени во базата на FAME - софтверот со индикаторски вредности за видовите познати како локални ендемити. Присуството на *Z. balcanicus* не е потврдено. Според IUCN - црвената листа, статусот на загрозеност на овој вид е неопределен (Data Deficient-DD), па така, резултатите од истражувањата имаат значаен придонес во идно расветлување на состојбата со популациите на вретенарот во Р. Македонија.

13. Kostov, V., Ristovska, M., **Slavevska-Stamenković, V.**, Miljanović, B. & Paunović, M. (2011): Setting up a system for ecological status assessment based on fish fauna - The Pčinja River - case study. Animal Science, 1 (2): 369–376.

За подрачје на свој научен интерес авторите го избираат речниот екосистем Пчиња. Истражувања се спроведени во месеците јуни, август и септември 2009 година на 8 мерни места, поставени од изворишниот регион (Р. Србија) сè до вливот во Вардар (Р. Македонија). Рибната населба ја сочинуваат 16 видови риби, од кои 13 се автохтони, а 3 се интродуцирани. Врз основа на доминантноста на ципринидните риби (94,89%), Пчиња припаѓа на групата на ципринидни води. Со помош на CA (*Correspondence Analysis* - кореспондентна анализа) извршено е групирање на локалитетите по сличност по однос на составот на рибната фауна. Вредностите на EFI - индексот (0,52-0,61) укажуваат на добар еколошки статус на Пчиња од Т1 до Т5. Согласно со препораките на авторите, мерното место Т6 (влив на Кумановка во Пчиња) е исклучено од пресметката на EFI - индексот. Како резултат на негативното влијание на Кумановка, еколошкиот статус на Т7 се влошува (прифатлив). Врз основа на вредностите на индексот (0,42) констатиран е добар кон прифатлив статус на вливот на Пчиња во Вардар (Т8). Во прилог на оваа констатација е појавата на умерено сензитивните жители (*A. bipunctatus* и *S. vardarensis*) на потамонскиот регион.

14. **Slavevska-Stamenković, V.**, Paunović, M., Miljanović, B., Kostov, V., Ristovska, M. & Miteva, D. (2011): Water Quality Assessment Based on the Macroinvertebrate Fauna - the Pcinja River Case Study. Water Research and Management, 1 (2): 63-69.

Авторите на трудот следејќи ги препораките на Рамковната директива за води (Water Framework Directive, 2000) во рамките на истражувањата на речниот екосистем Пчиња ги вклучуваат и макроинвертебратите. За колекционирање и обработка на материјалот применети се актуелни европски стандарди (EN 28265:1994, EN 27828:1994, EN 9391:1995). Биолошката проценка е извршена со примена на индексот на богатство со EPT - фамилии и BMWP и ASPT - индексите, а со помош на ASTERICS верзија 3.3 софтверот. Релативно високи вредности (7-14 фамилии) на EPT - фамилиите се забележани од изворишниот регион, па сè до мерното место Т7 (Искрин Мост). Овој генерален тренд е значајно нарушен на вливот на Кумановка во Пчиња (Т6), каде што се регистрирани најниски вредности на EPT - индексот (2 фамилии). Главни членови на бентосната заедница се Hirudinea, Isopoda, Chironomidae и Oligochaeta, групи познати по својата висока толерантност на загадување. Мерното место Т8 се карактеризира со ниски вредности на EPT (3 фамилии), што укажува на промената на типот на водотекот, како и на присуство на умерено оптоварување. Врз основа на вредностите на BMWP и ASPT - индексите е утврден релативно добар еколошки статус од Т1 до Т5. Ниските вредности (38 и 3,45) на овие индекси јасно укажуваат на неповолни услови на Т6 (слаб статус). Мерните места Т7 и Т8 се карактеризираат со умерен, односно прифатлив кон умерен еколошки статус. Следејќи го искуството на земјите од ЕУ,

авторите препорачуваат изработка на нови индикаторски листи соодветни за примена во Р. Македонија, како и модификација на оригиналните верзии на BMWP и ASPT - индексите.

15. Smiljkov, S., **Slavevska-Stamenković, V.**, Shoreva, I., Aleksovski, A. & Jovanovska, I. (2012): Water Quality Characteristics of Mladost Reservoir, Central Part of the Republic of Macedonia. http: // ocs.balwois.com/index.php? Conference = BALWOIS&schedConf = BW2012&page = paper&op = view&path[] = 1045&path[] =437.

Во трудот под реден број 15 извршена е проценка на квалитетот на водата од акумулацијата „Младост", врз основа на анализа на бројни физичко-хемиски параметри. Колекционирање на примероци на вода е извршено на 4 локалитети во периодот од март 2009 до декември 2010 година. За анализа на физичко-хемиските карактеристики на водата се применети стандардни методи (APHA, 1992), а резултатите се интерпретирани согласно со националните стандарди („Уредбата за класификација на води" и „Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води" од „Службен весник на Р. Македонија" 18/99). Авторите на трудот констатирале вредности на pH (8,7), според кои акумулацијата е класифицирана во групата на алкални езера. Резултатите од истражувањето покажаа дека најголем дел од анализираните параметри се во границите на I и II класа. Повремено, состојба со квалитетот на водата се влошува. Регистрирани се вредности на BPK-биохемиска потрошувачка на кислород (8,9 mg/L O_2) и вкупен фосфор (0,09 mg/L) во рамките на IV и V класа, што укажува на присутство на огромни количини на органска материја во акумулацијата „Младост", како и на интензивни процеси на нејзина деградација.

16. **Slavevska-Stamenković, V.**, Paunović, M., Smiljkov, S., Stafilov, T., Prelić, D., Ristovska, M., Gačić, Z. & Atanacković, A. (2012): Dynamic of the Mantovo Reservoir (Republic of Macedonia): 2003-2004 case study. Biologia, 67(6): 1129-1142.

Во овој труд авторите ги дискутираат просторните и временските промени на лимнолошките карактеристики, со цел да се добијат подетални информации за процесите кои се одвиваат во акумулацијата Мантово. Спротивно од други акумулации, изразен лонгитудинален градиент за суспендирани органски материи и нутритиенти (нитрати, нитрити, вкупен фосфор) во водата не е забележан. И покрај тоа, процесите на термичка стратификација имаат силно влијание врз метаболизмот и структурата на езерскиот екосистем. Забележани се сигнификантни вертикални и лонгитудинални разлики во концентрацијата на O_2, CO_2, pH и тешки метали. Авторите на трудот посветиле значајно внимание на анализа на степенот на поврзаност (корелација) помеѓу доминантните видови на макроинвертебрати и факторите на средината. Со помош на методот на ординација CCA (*Canonical Correspondence Analysis* - канониска кореспондентна анализа), утврдени се параметрите кои ја условиле дистрибуцијата на макроинвертебратите. Температурата, концентрацијата на растворен кислород и манган во водата се главни фактори кои ја контролираат просторната дистрибуција на *Limnodrilus hoffmeisteri* и *Chironomus* gr. *plumosus*. Спротивно, *Chaoborus crystallinus* се јавува со значително висока застапеност (97,21%) во најдлабокиот дел на езерото кој се одликува со ниски концентрации на O_2, а високи на Mn. *Cladotanytarsus* gr. *mancus* го населува поплиткиот дел (литорал и сублиторал) од акумулацијата кој се карактеризира со поволни кислородни услови, но и со присуство на повисоки вредности на нитрати. Ниту еден од факторите вклучени во CCA не ја објаснуваат дистрибуцијата на

Procladius sp. Авторите претпоставуваат дека комбинација на фактори кои не се вклучени во анализата, ја регулираат дистрибуцијата на *Procladius* sp. во акумулацијата Мантово.

Соопштенија на научни собири

До реизборот во звањето асистент, д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ презентирала 14 соопштенија (Билтен бр. 916 од 2.IV 2007, Билтен бр. 946 од 15.VII 2008 и Билтен бр. 1026 од 1.3.2012). По повторниот избор во звањето асистент, кандидатката приложува 13 нови соопштенија од учество на меѓународни научни собири (дадени во Образецот кон извештајот за избор во звање).

Работилници

- „Подршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност", 19.II 2013, Скопје.
- „Ранливост на одредени сектори од климатските промени и можности за адаптација", 21.II 2013, Скопје.

Проекти

Во периодот по повторниот избор во звањето асистент, кандидатката била активно вклучена во реализација на 1 научен и 2 апликативни проекта, како и во изработка на 3 физибилити - студии и студии за оцена на влијанието врз животната средина, насочени кон валоризација на биолошката разновидност и утврдување на степенот на загрозеност на водните и копнените станишта во Република Македонија. Во извештајниот период учествувала во подготовка на 22 национални стратегии (национални документи) од областа на рибарството (дадени во Образецот кон извештајот за избор во звање).

- Osogovo Mountains in Balcan Green Belt (2008-2010). Macedonian Ecological Society with financial support of Frankfurt Zoological Society (FZS).
- Development of Prespa Lake Watershed Management Plan (2009-2011). UNDP.
- Assessment and Evaluation of Biodiversity, Surveillance/Monitoring Plan and Mitigation/Restoration Measures for Biodiversity Conservation in the vicinity of the Titan Cement Plant Area with Focus on the Lakes in the Marl Quarry (2010). Usje Cement Plant, Skopje.
- Genetic and morphological characterization of the trout's from the genus Salmo in Republic of Macedonia (2011-2012). University of "SS. Cyril and Methodius" in Skopje.
- Студија за оцена на влијанието врз животната средина и социјални аспекти од изградба и работа на хидроелектраната „Бошков мост" (2011). Електрани на Македонија (ЕЛЕМ).
- Студија за оцена на влијанието врз животната средина од брана и акумулација „Речани" со придружни објекти (дел од хидросистемот "Оризарска Река") (2011). Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на досегашната активност на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во мислењето дека д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ во својата досегашна работа покажала забележителни резултати, како во наставно-образовната така и во научноистражувачката работа. Во извештајниот период, кандидатката сериозно и совесно ги извршува сите поставени задачи и постојано се ангажира за понатамошно стручно и научно усовршување. Сето ова укажува дека таа се развива во добар стручен, педагошки и научен работник, а со тоа ги исполнува сите основни предуслови за нејзин понатамошен успешен развој во наставната и во научната област со која се занимава.

Имајќи го предвид изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, кандидатката д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ да биде избрана во наставно-научното звање **доцент** по група предмети од областа систематика и филогенија на безрбетници и органска еволуција, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Д-р Стое Смиљков, редовен професор на
Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Дана Прелиќ, редовен професор на
Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Трајче Стафилов, редовен професор на
Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Валентина Славевска Стаменковиќ**

Институција: **Институт за биологија, Природно-математички факултет - Скопје**

Научна област: **биологија / таксономија и екологија на макроинвертебрати / хидробиологија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Настава во школи и работилници (учесник)**	
	1.1. Training course in BRODGAR - Statistic programme organized by UNESCO in Sofia, Bulgaria. June 2007 - Certificate.	1
	1.2. Regional Technical Workshops on the Transboundary frisheries Management and fish Biodiversity Conservation Issues in the Prespa Lakes Basin (May Struga) 2009.	1
	1.3. Координативен експертски состанок за проектот „Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас", 26-27.5.2009, Осогово, Кочани.	1
	1.4. 5th MCWG Meeting on Priority Transboundary Habitats and Species in the Prespa Lakes basin, 14th December 2010, Bitola.	1
	1.5. Подршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност, 19.2.2013, Скопје.	1
	1.6. Ранливост на одредени сектори од климатските промени и можности за адаптација", 21.2.2013, Скопје.	1
2.	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд), прв циклус студии**	
2.1	2001/2002	
	Инвертебрата (наставна насока, III семестар, 3+3)	1,35
	Инвертебрата (наставна насока, IV семестар, 3+3)	1,35
	Типологија на животни (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 3+3)	4,05
	Систематика на животни (двопредметни студии биологија-хемија, III семестар, 3+3)	1,35
	Вертебрата (наставна насока, V семестар, 3+3)	1,35
	Органска еволуција (наставна насока, VIII семестар, 2+2)	0,9
	Органска еволуција (биохемиско-физиолошка насока, VIII семестар, 2+2)	1,8
2.2	2002/2003	
	Биологија (студенти од Стоматолошкиот факултет, I семестар, 3+3) (120 студенти)	4,05
	Инвертебрата (наставна насока, III семестар, 3+3)	1,35
	Инвертебрата (наставна насока, IV семестар, 3+3)	1,35
	Зоологија на безрбетни животни (еколошка насока, III семестар, 3+3)	1,35
	Зоологија на безрбетни животни (еколошка насока, IV семестар, 3+3)	1,35
	Типологија на животни I (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 2+2)	2,7
	Систематика на животни (двопредметни студии биологија-хемија, III семестар, 3+3)	1,35
	Органска еволуција (наставна насока, VII семестар, 2+1)	0,9
2.3	2003/2004	
	Биологија со хумана генетика (студенти од Стоматолошкиот факултет, I семестар, 2+2)	2,7
	Инвертебрата (наставна насока, III семестар, 3+3)	1,35
	Инвертебрата (наставна насока, IV семестар, 3+3)	1,35
	Зоологија на безрбетни животни (еколошка насока, III семестар, 3+3)	1,35

	Зоологија на безрбетни животни (еколошка насока, IV семестар, 3+3)	1,35
	Типологија на животни I (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 2+2)	2,7
	Систематика на животни (двопредметни студии биологија-хемија, III семестар, 3+3)	1,35
	Органска еволуција (наставна насока, VII семестар, 2+1)	0,45
2.4	2004/2005	
	Биологија (студенти од Стоматолошкиот факултет, I семестар, 3+3)	4,05
	Инвертебрата (наставна насока, III семестар, 3+3)	1,35
	Инвертебрата (наставна насока, IV семестар, 3+3)	1,35
	Зоологија на безрбетни животни (еколошка насока, III семестар, 3+3)	1,35
	Зоологија на безрбетни животни (еколошка насока, IV семестар, 3+3)	1,35
	Типологија на животни I (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 2+2)	2,7
	Систематика на животни (двопредметни студии биологија-хемија, III семестар, 3+3)	1,35
	Органска еволуција (наставна насока, VII семестар, 2+1)	0,45
2.5	2006/2007	
	Безрбетници (наставна насока, IV семестар, 6+6)	2,7
	Зоологија на безрбетни животни (еколошка насока, III семестар, 6+6)	2,7
	Типологија на животни I (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 2+2)	2,7
	Систематика на животни (двопредметни студии биологија-хемија, IV семестар, 5+6)	1,35
	Органска еволуција (наставна насока, VIII семестар, 4+1)	0,45
2.6	2007/2008	
	Безрбетници (наставна насока, IV семестар, 6+6)	2,7
	Зоологија на безрбетни животни (еколошка насока, III семестар, 6+6)	2,7
	Типологија на животни I (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 2+2)	2,7
	Систематика на животни (двопредметни студии биологија-хемија, IV семестар, 5+6)	2,7
	Органска еволуција (наставна насока, VIII семестар, 4+1)	0,45
2.7	2008/2009	
	Безрбетници (наставна насока, IV семестар, 6+6)	2,7
	Зоологија на безрбетни животни (еколошка насока, III семестар, 6+6)	2,7
	Типологија на животни I (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 2+2)	2,7
	Типологија на животни II (биохемиско-физиолошка насока, IV семестар, 2+2)	2,7
	Систематика на животни (двопредметни студии биологија-хемија, IV семестар, 5+6)	1,35
2.8	2009/10	
	Инвертебрата 1 (наставна насока, II семестар, 2+3)	1,35
	Инвертебрата (еколошка насока, III семестар, 4+4)	1,8
	Типологија на животни (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 4+4)	2,7
	Типологија на животни (молекуларна насока, III семестар, 3+3)	0,67
	Систематика на животни (двопредметни студии биологија-хемија, III семестар, 4+4)	0,9
2.9	2011/12	
	Инвертебрата 1 (наставна насока, II семестар, 2+3)	1,35
	Инвертебрата 2 (наставна насока, III семестар, 2+3)	1,35
	Инвертебрата (еколошка насока, III семестар, 4+4)	1,8
	Ентомологија (еколошка насока, III семестар, 2+2)	0,9
	Типологија на животни (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 4+4)	1,8
	Типологија на животни (молекуларна насока, III семестар, 3+3)	0,67
	Систематика на животни (двопредметни студии биологија-хемија, III семестар, 4+4)	0,9
2.10	2012/13	
	Инвертебрата 2 (наставна насока, III семестар, 2+3)	1,35
	Инвертебрата (еколошка насока, III семестар, 4+4)	1,8
	Типологија на животни (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 4+4)	1,8
	Типологија на животни (молекуларна насока, III семестар, 3+3)	0,67
	Инвертебрата (наставна насока, II семестар, 4+6)	2,7
	Инвертебрата (еколошка насока, II семестар, 4+6)	2,7
	Систематика на животни (двопредметни студии биологија-хемија, III семестар, 4+4)	0,9

3.	**Подготовка на нов предмет (вежби)** 2011/2012: Ентомологија (наставна и еколошка насока, 2+2)	0,5
4.	**Консултации со студенти** 2001/2002 - 208; 2002/2003 - 211; 2003/2004 - 198; 2004/2005 - 204; 2006/2007 - 129; 2007/2008 - 122; 2008/2009 - 153; 2009/2010 - 130; 2011/2012 - 95; 2012/2013 - 84, Вкупно: **1534**	3,07
5.	**Интерна скрипта од вежби** Практикум по ентомологија за наставна и еколошка насока	3
	Вкупно	**127,08**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект** 1.1. „Генетска и морфолошка карактеризација на пастрмките од родот Salmo во Република Македонија". УКИМ, Институт за сточарство. Финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2011-2012). 1.2. „Макроинвертебратите и рибната фауна од реката Пчиња - структура на заедницата и проценка на еколошкиот статус на екосистемот". Финансиран од Македонско Еколошко Друштво (МЕД) (2010).	3 3
2.	**Учесник во меѓународен научен проект** 2.1. Evaluation of forest communities of conservational importance on Belasitsa mountain (Bulgaria and Macedonia) based on invertebrate indicator groups (2008-2010). Bilateral Project Macedonia - Bulgaria. Covered by Macedonian Ministry of Education and Science.	5
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** 3.1. Smiljkov, S. & Slavevska-Stamenković,V. (2004): Seasonal biocenological investigations of the Mantovo reservoir and the mouth of the river Kriva Lakavica. Natura Montenegrina No 3: 311-325. 3.2. Kitanova, D., Slavevska-Stamenković, V., Kostov, V. & Marinov, M. (2008): Contribution to the knowledge of Odonata (Insecta: Odonata) larvae of the River Bregalnica. Natura Montenegrina No 7(2): 169-180.	3,6 2,4
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** 4.1. Slavevska-Stamenković, V., Stafilov, T., Smiljkov, S., Paunović, M. & Hristovski, S. (2009): Quality of water of Mantovo reservoir (Republic of Macedonia). Archives of Biological Science, Belgrade, 61 (3): 501-512. (IF 0.36) 4.2. M. Ristovska, V. Kostov, D. Prelic, V. Slavevska-Stamenković and J. Arsovska (2011): Fish Community Structure and Water Quality Assessment of Babuna River: Journal of International Environmental Application & Science, 6 (4): 508-517. 4.3. Kostov, V., Ristovska, M., Prelić, D. & Slavevska-Stamenković, V. (2011): Assessement of the Ecological Status of the Crna River Based on the Fish Fauna-Contribution of the Establishment of the Monitoring System of Rivers in R. Macedonia. Macedonian Journal of Animal Science, 1 (1): 261-270. 4.4. Slavevska-Stamenković, V., Paunović, M., Miljanović, B., Kostov, V., Ristovska, M. & Miteva, D. (2011): Water Quality Assessment Based on the Macroinvertebrate Fauna - the Pcinja River Case Study. Water Research and Management, 1 (2): 63-69. 4.5. Kostov, V., Ristovska, M., Slavevska-Stamenković, V., Miljanović, B. & Paunović, M. (2011): Setting up a system for ecological status assessment based on fish fauna - the Pčinja River - case study. Animal Science, 1 (2): 369–376. 4.6. Slavevska-Stamenković, V., Paunović, M., Smiljkov, S., Stafilov, T., Prelić, D., Ristovska, M., Gačić, Z. & Atanacković, A. (2012): Dynamic of the Mantovo Reservoir (Republic of Macedonia): 2003-2004 case study. Biologia, 67(6): 1129-1142. (IF 0.62)	3,96 3,6 3,6 3,6 3,6 4,22
5.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** 5.1. Smiljkov, S. & Slavevska-Stamenković,V. (2006): Chironomidae (Diptera) larvae fauna from the Mantovo reservoir and the mouth of river Kriva Lakavica. (BALWOIS).http://www.balwois.com/balwois/administration/full_paper/ffp-59.pdf.	2,7

	Participation. 12-15 October 2012, Ohrid. 6.9. Rimcheska, B., Georgieva, G., Smiljkov, S., Slavevska-Stamenković, V., Kozuharov, D. & Uzunov, Y. (2012): Contribution to the knowledge of Austropotamobius torrentium Schrank, 1803, and its epibiont Branchibdella pantadonta Withman, 1882, in R. Macedonia. 4th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with International Participation. 12-15 October 2012, Ohrid.	1
12.	*Меѓународна конференција (постер и апстракт)*: **M. S. Jankulovska,** I. Spirevska, L. Šoptrajanova, Determination of the p*K* values of aconitic acid in aqueous solutions, XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia with International Participation, Book of abstracts 215, 23-26 September, Ohrid, Republic of Macedonia (2004).	1,5
13.	*Меѓународна конференција (постер и апстракт)*: L. Šoptrajanova, **M. Jankulovska**, I. Spirevska, The behavior of aconitic acid in aqueous and non-aqueous solutions of strong acids, Biannual Conference of Chemistry, The Department of Chemistry, Cairo University-Faculty of Science, Book of abstracts 45, 1-3 March, Cairo, (2004).	1,5
14.	*Национална конференција (усна презентација и апстракт)*: **М. Јанкуловска**, И. Спиревска, Л. Шоптрајанова, Определување на константите на дисоцијација на некои новосинтетизирани деривати на 1,2,4-триазолин-3-тион, Шести конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија, Изводи од соопштенија О-20, 1-2 Декември Скопје, Р. Македонија, (2005).	1,5
15.	*Меѓународна конференција (постер и апстракт)*: **M. Jankulovska**, I. Spirevska, L. Šoptrajanova, Behavior of some newly synthesized derivatives of 1,2,4-triazoline-3-thione in protic and aprotic solvents, 5th International Conference of the Chemical Societies of the South-East European Countries, Book of abstracts PCH – 23, 523(2), 10-14 September Ohrid, Republic of Macedonia, (2006).	1,5
16.	*Меѓународна конференција (постер и апстракт)*:	1,5

	M. Jankukulovska, I. Spirevska, K. Čolančeska-Rağenović, V. Dimova, Study of acid-base equilibria of some newly synthesized aromatic hydrazones, XXI Congress of Chemists and Technologist of Macedonia with International Participation, Book of abstracts 56, 23-26 September, Ohrid, Republic of Macedonia (2010).	
17.	*Меѓународна конференција (постер и апстракт)*: **M. Jankukulovska**, K. Čolančeska-Rağenović, I. Spirevska, P. Makreski, Synthesis and characterization of new aromatic hydrazones, XXI Congress of Chemists and Technologist of Macedonia with International Participation, Book of abstracts 100, 23-26 September Ohrid, Republic of Macedonia (2010).	1,5
18.	*Меѓународна конференција (постер)*: V. Dimova, **M. Jankulovska**, I. Jordanov, D. Dimitrovski, Investigation of behavior of some triazoline-3-thione in sulfuric acid solution, XIV YuCorr International Conference, Exchanging experiences in the fields of corrosion, materials and environmental, Proceedings 142-146, 17-20 April, Tara, Republic of Serbia, (2012).	0,5
19.	*Меѓународна конференција (постер и апстракт)*: **M. Jankulovska**, I Spirevska, V. Dimova, Determination of the dissociation constants of some *p*-substituted aromatic hydrazones, XXII Congress of Chemists and Technologist of Macedonia with International Participation, Book of abstrakts O-6, 279, 5-9 September Ohrid, Republic of Macedonia (2012).	1,5
20.	*Меѓународна конференција (орална презентација и апстракт)*: B. Petanovska-Ilievska, L. Velkoska-Markovska, **M. S. Jankulovska**, Development of RP-HPLC method for simultaneous determination of benzoates and sorbates in beverages, International symposium for agriculture and food XXXVII faculty-economy meeting, IV Macedonian symposium for viticulture and wine production, VII symposium for vegetable and flower production, Book of abstracts 183, 12-14 December, Skopje, Republic of Macedonia, (2012).	2
Учесник во национален научен проект		
21.	**1997-2000 година**: Изучување на индоли и слаби органски киселини и разработка на методи за нивно определување, финансиран од Министерството за образование и наука, Р. Македонија.	3
22.	**2001-2004 година**: Оптимизација на услови за поставување на аналитички методи за определување на органски киселини и индоли во различни обрасци, финансиран од Министерството за образование и наука, Р. Македонија.	3
	Вкупно	**53,52**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

1.	Short Training School: Deepening the knowledge in the field of polymer nanomaterials for food packaging and other potential uses: theory and practice, COST Action: FA0904, University „Ss Cyril and Methodius", 3-5. 11. 2011 Skopje, Republic of Macedonia.	0,5

2.	Учество во промотивни активности на ФЗНХ-Скопје 2011/12	1
3.	Учество во работна група за подготовка на Мониторинг програма за производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба, сообразност на производите за заштита на растенијата, како и нивни резидуи во производите во примарно земјоделско производство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Р. Македонија, 2012.	1
4.	Waters ACQUITY UPLC Family-8 години еволуција и експанзија на UPLC - технологија, Waters the science of what's possible, 2.11.2012 Скопје, Р. Македонија.	0,5
Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект-соработник		
5.	Дизајнирање на нови биоактивни 1,2,4-триазоли со примена на QSAR - техники - пријавен на конкурсот објавен од Министерството за образование и наука наука: одлука за прифаќање 9. 3. 2011, 08-556 од 7. 4. 2011.	0,5
6.	HPLC - методи за определување на некои хербициди и органофосфорни инсектициди во препарати и нивни остатоци во вода и овошни сокови - пријавен на конкурсот објавен од Министерството за образование и наука наука: одлука за прифаќање 08-763/1 од 7. 4. 2011.	0,5
Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект-соработник		
7.	Authentication of Traditional Honey Specialties from WBC во рамките на SEE-ERA.NET Plus Joint Call (2010).	1
	Вкупно	**5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	68,00
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	53,52
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	5,00
Вкупно	**126,52**

Рецензентска комисија

1. Д-р Биљана Петановска-Илиевска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с. р.

2. Д-р Олга Бауер, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во пензија) с. р.

3. Д-р Илинка Спиревска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје (во пензија) с. р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЧЕЛАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата 50-та седница одржана на 16.4.2013 година, со решение бр. 02-883/3, формираше Рецензентска комисија во состав: д-р Хрисула Кипријановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Мирче Наумовски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и д-р Сретен Андонов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за оцена на пријавените кандидати на конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област пчеларство.

По прегледот на доставената документација, Комисијата го доставува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 8.4.2013 година, за избор на наставник во звањето доцент во научната област пчеларство се пријави еден кандидат, д-р Александар Узунов, асистент во научната област пчеларство на Катедрата за сточарство, Институт за анимална биотехнологија при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Александар Узунов е роден на 10.12.1975 во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. Во 2002 година дипломирал на Земјоделскиот факултет во Скопје, на сточарската насока, а во април 2007 година се стекнал со звањето магистер на земјоделски науки - група пчеларство при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во периодот 2001-2004 година, кандидатот д-р Александар Узунов работел како асистент на проектот „Германска техничка соработка“ (ГТЗ), а од 7.12.2004 до 11.11.2008 работел како раководител на АПИЦЕНТАР -Тренинг и репро-центар за пчеларство. Освен постојаното вработување, од 1.8.2004 до 1.5.2008 бил ангажиран како координатор во Меѓународниот фонд за развој на земјоделството (ИФАД).

Кандидатот д-р Александар Узунов, во учебната 2007/2008 година бил ангажиран како демонстратор на предметот пчеларство. На 19.12.2008 година бил избран за асистент на група предмети во Катедрата за сточарство на Институтот за анимална биотехнологија при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, а на 10.4.2012 бил повторно избран за соработник во звањето асистент во научната област пчеларство, на кое работно место се наоѓа и сега.

Во 2008 година пријавил тема за изработка на докторска дисертација на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје под наслов „Биолошки и производни карактеристики на автохтоната медоносна пчела (*Apis mellifera macedonica*) на територијата на Република Македонија“, која успешно ја одбранил на 23.1.2013 година, со што се стекнал со правото да биде промовиран во звањето доктор на земјоделски науки.

Д-р Александар Узунов активно се служи со англискиот јазик, има основни познавања на германскиот јазик, а исто така поседува и одлични информатички познавања (MS Office пакет, MS Project, Corel Draw, Photoshop).

2. Наставно-образовна дејност

Од учебната 2008/2009 година до денес, д-р Александар Узунов успешно и максимално професионално ги одржува вежбите од прв циклус студии по предметите пчеларство (на студиските програми лозаро-овоштарство и сточарство), пчеларство со бубарство (на студиската програма екоземјоделство), основи на сточарско производство (на студиските програми овоштарство со лозарство, лозарство со винарство, квалитет и безбедност на храна, еко-земјоделство, градинаро-цвеќарска, агроекономија, заштита на растенија, поледелство) и општо сточарство (на студиската програма анимална биотехнологија).

Од учебната 2012/2013 ги одржува и вежбите по предметот пчелни производи на студиската програма преработка на земјоделски производи. За студентите од наведените студиски програми организира и спроведува и теренска настава, како и консултации. Освен редовната практична настава, д-р Александар Узунов дополнително ги мотивира студентите преку вклучување во проектни и истражувачки активности.

Поширокаата образовна дејност на д-р Александар Узунов се согледува преку континуираното објавување на научно-популарни статии (10) во стручно-методски списанија, како „Мелитагора“, „Нектар“, „Сточарство“, „Пчелар“ и „Пчеларски журнал“.

3. Научноистражувачка дејност

Научноистражувачката дејност на кандидатот д-р Александар Узунов вклучува учество во три меѓународни научни проекти во периодот 2007-2013 година, 3 секциски предавања на научно-стручни собири со меѓународно учество, 4 одржани предавања по покана на универзитет и едно учество на научно-стручен собир со реферат (постер).

Како резултат на неговото ангажирање во научноистражувачката дејност, како автор или коавтор има објавено 5 труда со оригинални научни резултати во референтни научно-стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 20 апстракти во зборници од меѓународни конференции, покрај магистерскиот и докторскиот труд.

4. Стручно-апликативна дејност

Д-р Александар Узунов посветува големо внимание на своето усовршување во областа на пчеларството. Во периодот 2007-2012 година остварил три студиски престои во странство во времетраење до три месеци во Пчеларскиот институт во Кирхајн, Германија и Земјоделскиот институт (оддел за пчеларство) во Љубљана, Словенија.

За потребите на истражувањата во областа на пчеларството, д-р Александар Узунов изработил два специјализирани софтверски пакета. Коавтор е на една книга од стручна област, учествувал во подготовката на Националната одгледувачка програма за пчеларство 2011-2020 и член е на извршното тело на COST - акцијата FA0803 (COLOSS).

Д-р Александар Узунов редовно учествува во промотивните активности на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените активности на пријавениот кандидат, Комисијата заклучува дека д-р Александар Узунов ги поседува потребните научни, педагошки, морални и формални квалитети според Законот за високото образование на Република Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Затоа, со особена чест му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Александар Узунов да биде избран во звањето **доцент** во научната област пчеларство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Рецензентска комисија

1. **Проф. д-р Хрисула Кипријановска с.р.**
2. **Проф. д-р Мирче Наумовски с.р.**
3. **Проф. д-р Сретен Андонов с.р.**

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **д-р Александар Тодор Узунов**
(име, татково име и презиме)

Институција: **УКИМ – Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје**
Институт за анимална биотехнологија
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **пчеларство**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (2+1), студиска програма сточарство: пчеларство - летен семестар 2008/09 (ФЗНХ - Скопје)	0,3
2.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+2), студиска програма лозаро-овоштарство: пчеларство - зимски семестар 2009/10 (ФЗНХ - Скопје)	0,6
3.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+2), студиска програма еко-земјодество: пчеларство со бубарство - зимски семестар 2009/10 (ФЗНХ - Скопје)	0,6
4.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (2+1), студиска програма сточарство: пчеларство - летен семестар 2009/10 (ФЗНХ - Скопје)	0,3
5.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+2), студиска програма лозаро-овоштарство: пчеларство - зимски семестар 2010/11 (ФЗНХ - Скопје)	0,6
6.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+2), студиска програма еко-земјодество: пчеларство со бубарство - зимски семестар 2010/11 (ФЗНХ Скопје)	0,6
7.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (2+1), студиска програма сточарство пчеларство - летен семестар 2010/11 (ФЗНХ - Скопје)	0,3
8.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+2), студиска програма лозаро-овоштарство: пчеларство - зимски семестар 2011/12 (ФЗНХ - Скопје)	0,6
9.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+2), студиска програма еко-земјодество: пчеларство со бубарство - зимски семестар 2011/12 (ФЗНХ - Скопје)	0,6
10.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (2+1), студиска програма сточарство: пчеларство - летен семестар 2011/12 (ФЗНХ - Скопје)	0,3
11.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+2), студиска програма преработка на земјоделски производи : пчелни производи - зимски семестар 2012/13 (ФЗНХ - Скопје)	0,6
12.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+1), студиска програма градинаро-цвеќарска (Струмица): основи на сточарско производство - летен семестар 2008/09 (ФЗНХ - Скопје)	0,4
	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+1), студиска програма	

13.	овоштарство со лозарство, лозарство со винарство, квалитет и безбедност на храна, екоземјоделство, градинаро-цвеќарска, агроекономија: основи на сточарско производство - зимски семестар 2009/10 (ФЗНХ - Скопје)	1,6
14.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+1), студиска програма градинаро-цвеќарска (Струмица): основи на сточарско производство - летен семестар 2009/10 (ФЗНХ - Скопје)	0,4
15.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+1), студиска програма овоштарство со лозарство, лозарство со винарство, квалитет и безбедност на храна, екоземјоделство, градинаро-цвеќарска, агроекономија, заштита на растенија, поледелство: основи на сточарско производство - зимски семестар 2010/11 (ФЗНХ - Скопје)	2
16.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+1), студиска програма преработка на земјоделски производи (Струмица): основи на сточарско производство - летен семестар 2010/11 (ФЗНХ - Скопје)	0,4
17.	Одржување на вежби од 1. циклус студии: (3+2), студиска програма анимална биотехнологија: општо сточарство - зимски семестар 2012/13 (ФЗНХ - Скопје)	0,8
18.	Консултации со студенти по предметите пчеларство, пчеларство со бубарство и пчелни производи: насока (сточарство, лозаро-овоштарство, екоземјоделство, преработка на земјоделски производи) 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12, 2012/13 (зимски+летен семестар).	0,2
19.	Одржување теренска настава по предметите пчеларство, пчеларство со бубарство и пчелни производи: насока (сточарство, лозаро-овоштарство, екоземјоделство, преработка на земјоделски производи) 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12, 2012/13 (зимски+летен семестар).	4
20.	Консултации со студенти по предметот основи на сточарско производство: насока (овоштарство со лозарство, лозарство со винарство, квалитет и безбедност на храна, екоземјоделство, градинаро-цвеќарска, агроекономија, заштита на растенија, поледелство) 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2012/13 (зимски+летен семестар).	0,5
21.	Одржување теренска настава по основи на сточарско производство и општо сточарство: насока (овоштарство со лозарство, лозарство со винарство, квалитет и безбедност на храна, екоземјоделство, градинаро-цвеќарска, агроекономија, заштита на растенија, поледелство, анимална биотехнологија) 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2012/13 (зимски+летен семестар).	1,1
22.	Научно-популарна статија во стручно-методско списание: Мелитагора бр. 43 (2000), бр. 44 (2000), бр. 47 (2001), бр. 51 (2004), бр. 53 (2004); Нектар бр. 3 (2003); Сточарство бр. 2 (2004); Пчелар - Србија бр. 11 (2009); Пчеларски журнал - Србија бр. 7 (2010), бр. 11 (2011).	10
	Вкупно	**26,8**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Учесник во меѓународен научен проект: „Репродуктивни карактеристики на пчелни матици од крањската раса пчели (*Apis mellifera carnica*) произведени во словенечки и македонски пчеларници“, 2007-2008 година, билатерален проект со Словенија, Министерство за образование и наука на Република Македонија.	5
2.	Учесник во меѓународен научен проект: „Превенција од смртност кај пчелните семејства (COLOSS)“ COST - акција, 2008-2012 година, Европска унија.	5
3.	Учесник во меѓународен научен проект: „Компаративни истражувања на загубите на пчелните семејства во Македонија и Словенија“, 2013 година, билатерален проект со Словенија, Министерство за образование и наука на Република Македонија.	5
4.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S., Naumovski M., Gregorc A. 2009. Morphological diversity and racial determination of the honey bee (*Apis mellifera L.*) population in the Republic of Macedonia, Journal of Apicultural Research, Vol. 48 (3) pp. 196-203, 2009, (DOI 10.3896/IBRA.1.48.3.08).	4,02
5.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Bouga M., Alaux C. , Bienkowska M., Büchler R., Carreck N., Cauia E., Chlebo R., Dahle B., Dall'Olio R., De la Rúa P., Gregorc A., Ivanova E., Kence A., Kence M., Kezic N., Kiprijanovska H. , Kozmus P., Kryger P., Le Conte Y., Lodesani M., Manuel Murilhas A., Siceanu A., Soland G., **Uzunov A.** and Wilde J., A review of methods for discrimination of honey bee populations as applied to European beekeeping, Journal of Apicultural Research, Vol. 50 (1) pp. 51-84, 2011 (DOI 10.3896/IBRA.1.50.1.06).	4
6.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: van der Zee R., Pisa L., Andonov S., Brodschneider R., D. Charriere J., Chlebo R., F. Coffey M., Dahle B., Gray A., M. Drazic M., Kauko L., Kence A., Kence M., Kezic N., Kiprijanovska H., Kralj J., Kristiansen P., Martin Hernandez R., Mutinelli F., Kim Nguyen B., Otten C., Özkırım A., Pernal S., Peterson M., Ramsay G., Santrac V., Soroker V., Topolska G., **Uzunov A.,** Vejsnæs F., Wei S., Wilkins S., Managed honey bee colony losses in Canada, China, Europe, Israel and Turkey, for the winters of 2008-2009 and 2009–2010, Journal of Apicultural Research, Vol. 51 (1) pp. 100-114, 2012 (DOI 10.3896/IBRA.1.51.1.12).	4,52
7.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Costa C., Büchler R., Berg S., Bienkowska M., Bouga M., Bubalo D., Charistos L., Le Conte Y., Drazic M., Dyrba W., Fillipi J., Hatjina F., Ivanova E., Kezic N., Kiprijanovska H., Kokinis M., Korpela S., Kryger P., Lodesani M., Meixner M., Panasiuk B., Pechhacker H., Petrov P., Oliveri E., Ruottinen L., **Uzunov A.,** Vaccari G., Wilde J., A Europe-Wide Experiment for Assessing the Impact if Genotype-Environment Interactions on the Vitality and Performance of Honey Bee Colonies: Experimental Design and Trait evaluation, Journal of Apicultural Sciences, Vol. 56 No.1 pp. 147-158, 2012, (DOI 10.2478/v10289-012-0015-9).	4
8.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно	

	научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Büchler, R; Andonov, S; Bienefeld, K; Costa, C; Hatjina, F; Kezic, N; Kryger, P; Spivak, M; **Uzunov, A**; Wilde, J (2013) Standard methods for rearing and selection of *Apis mellifera* queens. In V Dietemann; J D Ellis; P Neumann (Eds) The COLOSS BEEBOOK, Volume I: standard methods for *Apis mellifera* research. Journal of Apicultural Research 51(5): http://dx.doi.org/10.3896/IBRA.1.52.1.07.	4,52
9.	Секциско предавање на научно/стручен собир со меѓународно учество: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Gjurovski S. 2009. Establishment of the National beekeeping breeding program in Republic of Macedonia. Apimondia 2009 - Montpellier, France, September 2009	2
10.	Секциско предавање на научно/стручен собир со меѓународно учество: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S., Buchler R., Thymovar efficiency on Varroa destructor under excessive summer condition in South-Eastern Europe, ApiEcoTech Apimondia Symposium, 18-19 February 2012, Belgrade, Serbia	2
11.	Секциско предавање на научно/стручен собир со меѓународно учество: **Uzunov A.**, Büchler R., Kiprijanovska H., Andonov S., Observations on queen mating behaviour on a small island, SICAMM conference, Landquart, Switzerland, 31st August to 4th September 2012.	2
12.	Одржано предавање по покана на универзитет: "Makedonya cumhuriyetinde bal arisi (*Apis mellifera L.*) çeşitliliği" (trans. Diversity of honey bee (*Apis mellifera* L.) in R. of Macedonia), 1st Symposium for beekeeping, Duzce, Turkey, 2009.	1
13.	Одржано предавање по покана на универзитет: "Agro-biodiversity in Republic of Macedonia (sheep and honey bee)", 1st Symposium for beekeeping, Duzce, Turkey, 2009.	1
14.	Одржано предавање по покана на универзитет: "Macedonian honey bee (*Apis mellifera macedonica*)" 2nd Symposium for beekeeping, Duzce, Turkey, 2010	1
15.	Одржано предавање по покана на универзитет: "Makedonya Arıcılığının Şimdiki Durumu" (превод.: Состојбата со пчеларството во Република Македонија), 2nd Symposium for beekeeping, Duzce, Turkey, 2010.	1
16.	Учество на научно/стручен собир со реферат (постер): Kiprijanovska H., Bandzo S., Gjamovski V., Kiprijanovski M., **Uzunov A.**, Effect of Bumblebees (*Bombus terrestris* L.) pollination on fruit set of some apple cultivars, International Symposium for Agriculture and Food, Faculty for Agricultural Science and Food, Skopje, Macedonia, 12th - 14th December, 2012.	0,5
17.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Dzimrevska I., Kiprijanovska H., **Uzunov A.** 2005. Bee products - marketing, trends and perspectives in The Republic of Macedonia, Book of Abstracts, Apimondia - International Conference on Apiculture, Dublin Ireland, 2005.	1
18.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Dzimrevska I. 2005. Current Situation in the Macedonian Apiculture, Book of Apstracts, Apimondia, - International Conference on Apiculture, Dublin Ireland, 2005.	1
19.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.,** Dimitrov L., Cadikovska L., Petkovski V., Kiprijanovska H., Petrovska B.: Lending for Macedonian beekeeping development, Second European conference of apidology, Prague, 2006.	1
20.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.,** Andonov S., Kiprijanovska H. 2009 Colony losses in the Republic of Macedonia, 4th COLOSS Conference – Zagreb, Croatia, 3-4 March 2009.	1
21.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Büchler R.,	1

	Heidinger I., Meixner M., Bienkowska M., Panasiuk B., Le Conte Y., Crauser D., Costa C., Hatjina F., Kence M., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Murilhas A., **Uzunov A.**, Wilde J., European test on genotype - environment interactions, 5th COLOSS Conference –Montpellier, France, 14-15 September 2009.	
22.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H, Andonov S. 2009. Diversity of honey bees (*Apis mellifera L.*) on the territory of Republic of Macedonia, 5th COLOSS Conference – Montpellier, France, 14-15 September 2009.	1
23.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Gjurovski S. 2009. Establishment of the National beekeeping breeding program in Republic of Macedonia. Apimondia 2009 - Montpellier, France, September 2009.	1
24.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Kiprijanovska H., **Uzunov A.,** Andonov S. 2009 Overwintering food consumption on the testing apiary in Republic of Macedonia. Apimondia 2009 - Montpellier, France, September 2009.	1
25.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S., Assessment of the honey bee colony losses in Pepublic of Macedonia for the winter season 2007/2008. Apimondia 2009 - Montpellier, France, September 2009.	1
26.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Meixner D. M., Bouga M., Kryger P., **Uzunov A.,** Ivanova N. E., Assessing genetic variability of honey bee origins used in the GEI experiment, 6th COLOSS Conference, Hacettepe University, Ankara, Turkey, 2010.	1
27.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S., Evaluation of honey bee colonies; survival rate according to their different level with *Varroa destructor*, 4th European conference of apidology, Ankara, Turkey, 2010.	1
28.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Costa C., Büchler R., Meixner M., Bienkowska M., Panasiuk B., Hatjina F., Leonidas C., Michalis K., Ivanova E., Petrov P., Kezic N., Drazic M., Korpela S., **Uzunov A.,** Wilde J., Ongoing evaluations of the Coloss WG 4 genotype-environment interaction experiment, 6th COLOSS Conference, Hacettepe University, Ankara, Turkey, 2010.	1
29.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.,** Andonov S. , Kiprijanovska H., Winter losses of honey bee colonies in Republic of Macedonia, 6th COLOSS Conference, Hacettepe University, Ankara, Turkey, 2010.	1
30.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Büchler R., Meixner D.M., Berg S., Bienkowska M., Panasiuk B., Le Conte Y., Costa C., Dyrba W., Hatjina F., Charistos L., Ivanova E., Petrov P., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Pechhacker H., **Uzunov A.,** Wilde J., Preliminary results of the international genotype-environment interaction experiment of WG 4, 7th COLOSS (Prevention of honeybee COlony LOSSes) Conference/MC meeting - Belgrade, Serbia, August 27th -28th, 2011.	1
31.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.,** Kiprijanovska H., Andonov S., Buchler R., Thymovar efficiency on Varroa destructor under excessive summer condition in South-Eastern Europe, ApiEcoTech Apimondia Symposium, 18-19 February 2012, Belgrade, Serbia.	1
32.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov** A., Kiprijanovska H., Andonov S., Gregorc A., Initial activities for preserving native honey bee population (*Apis mellifera macedonica*) in Republic of Macedonia, International Symposium about Carniolan Honeybee, 16 March, 2012, Celje, Slovenia.	1

33.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Büchler R., Berg S., Bienkowska M., Panasiuk B., Le Conte Y., Costa C., Dyrba W., Bouga M., Hatjina F., Charistos L., Petrov P., Ivanova E., Kezic N., Korpela S., Kryger P., Pechhacker H., **Uzunov A.**, Wilde J., Effects of genotype and environmental factors on the survivability and productivity of European honey bee colonies, SICAMM conference, Landquart, Switzerland, 31st August to 4th September 2012.	1
34.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.**, Büchler R., Kiprijanovska H., Andonov S., Observations on queen mating behaviour on a small island, SICAMM conference, Landquart, Switzerland, 31st August to 4th September 2012.	1
35.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Costa C., Büchler R., Berg S., Bienkowska M., Bouga M., Bubalo D., Charistos L., Le Conte Y., Drazic M., Dyrba W., Fillipi J., Hatjina F., Ivanova E., Kezic N., Kiprijanovska H., Kokinis M., Korpela S., Kryger P., Lodesani M., Meixner M., Panasiuk B., Pechhacker H., Petrov P., Oliveri E., Ruottinen L., **Uzunov A.**, Vaccari G., Wilde J., Results of the Europe-wide genotype – environment interactions experiment, COLOSS MC meeting, Halle-Saale, Germany, 31st August - 1st September, 2012.	1
36.	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: **Uzunov A.**, Büchler R. Colony performance, behavior and disease susceptibility of two genotypes from *Apis mellifera macedonica* population in the Republic of Macedonia, 60th Annual Meeting of the Association of Institutes for Bee Research, Germany, 19th - 21st March, 2013.	1
	Вкупно	**66,56**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

1.	Коавтор на книга од стручна област: „Анализа на состојбата во пчеларството во Република Македонија“, 2005 година, Скопје (ISBN 978-9989-845-41-3).	7
2	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот - 2010, 2011, 2012 и 2013	2
3.	Изработка на нов софтверски пакет: АПИМАТ 1.0 (2009)	2
4.	Изработка на нов софтверски пакет: АПИФИН 1.0 (2009)	2
5.	Студиски престој во странство до три месеци: Земјоделски институт - Љубљана, Словенија, 2007 (билатерален проект).	0,5
6.	Студиски престој во странство до три месеци: Институт за пчеларство, Кирхај - Германија, 2009 (DAAD - стипендија).	0,5
7.	Студиски престој во странство до три месеци: Институт за пчеларство, Кирхај - Германија, 2012 (DAAD - стипендија).	0,5
8.	Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност: COST - акција FA0803 (COLOSS) (член)	2
9.	Подготовка на национални документи: Национална одгледувачка програма за пчеларство за 2011 - 2020	2
	Вкупно	**18,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	26,8
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	66,56
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	18,5
Вкупно	**111,86**

Рецензентска комисија

1. Д-р Хрисула Киприjановска, редовен професор
   Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

2. Д-р Мирче Наумовски, редовен професор
   Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

3. Д-р Сретен Андонов, редовен професор
   Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ ЕФЕКТИТЕ ОД ШЕСНАЕСЕТ НЕДЕЛЕНТРЕНАЖЕН ПРОЦЕС ЗА РАЗВОЈ НА ЕКСПЛОЗИВНАТА СИЛА НА ДОЛНИТЕ ЕКСТРЕМИТЕТИ КАЈ КОШАРКАРКИ НА 16 И 17 ГОДИШНА ВОЗРАСТ ОД АВТОРОТ М-Р ХИНОР КИЦА

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје под дел. број 020-1345/11 од 21.3.2013 година, формирана е Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **ЕФЕКТИТЕ ОД ШЕСНАЕСЕТНЕДЕЛЕН ТРЕНАЖЕН ПРОЦЕС ЗА РАЗВОЈ НА ЕКСПЛОЗИВНАТА СИЛА НА ДОЛНИТЕ ЕКСТРЕМИТЕТИ КАЈ КОШАРКАРКИ НА 16 И 17 ГОДИШНА ВОЗРАСТ** од авторот м-р Хинор Кица.

Комисијата во состав: проф. д-р Милан Наумовски – ментор, проф. д-р Вујица Живковиќ - претседател, проф. д-р Ленче Алексовска - Величковска – член, проф. д-р Јошко Миленкоски – член и проф. д-р Небојша Марковски – член, по разгледувањето на докторската дисертација го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на авторот м-р Хинор Кица претставува самостоен научен труд презентиран на 205 страници текст, поделен на 11 поглавја: 1. Вовед (7 страници), 2. Дефинирање на поимите и термините кои се најчесто користени во истражувањето (5 страници), 3. Досегашни истражувања (12 страници), 4. Проблем, предмет, цел и хипотези на истражувањето (4 страници), 5. Метод на истражувањето (23 страници), 6. Опис на тренажниот процес (8 страници), 7. Методи за обработка на податоците (2 страници), 8. Резултати и дискусија (127 страници), 9. Теоретско и практично значење на истражувањето (2 страници), 10. Заклучоци (4 страници), 11. Литература (4 страници, со вкупно 51 референца). Во истражувањето се инкорпорирани вкупно 153 табели.

Во првата глава – **Вовед**, авторот дава краток опис за местото и улогата на кошарката во лепезата на спортови, како и за нејзиното влијание врз градењето на личноста на младиот спортист како општествено и културно битие, неговите естетски, етички, социјални, воспитни и други културни вредности. Авторот прави посебен осврт за женската кошарка, со критички осврт на местото на женската кошарка во нашата држава. Говорејќи за комплексноста на кошаркарската игра во

информациска, енергетска и моторичка смисла, тој ја потенцира потребата за добрата физичка подготвеност на кошаркарите, како значаен фактор во остварувањето на врвните кошаркарски резултати. Врз основа на комплексната анализа на кошаркарските натпревари констатирано е дека скоковите во напад и одбрана претставуваат најпримснувани технички елементи кои имаат директно влијание врз крајниот резултат. Оттука произлегува и интересот на авторот, кој сака да реализира едно пообемно истражување со кое ќе се откријат патиштата за подобрување на експлозивната сила на долните екстремитети кај младите кошаркарки на 16 и 17 годишна возраст. Во понатамошниот текст авторот ги наведува карактеристиките на женскиот организам и разликите меѓу половите, кои се јавуваат како резултат на 4 основни карактеристики во кои што генотипски и фенотипски се диференцираат женските од машките во ова возрасна група, а тоа се: структурни карактеристики и разлики, телесен состав, физиолошки особини и тренажни можности и постигнувања

Во главата **Досегашни истражувања,** авторот наведува 20 домашни и странски автори во чии трудови е проучувана проблематиката поврзана со неговото истражување.

Во третата глава авторот ги **дефинира поимите и термините** што се применети во истражувањето.

Проблемот, предметот, целите и хипотезите се презентирани во четвртата глава. Проблемот на истражувањето е поврзан со системот и методите на тренингот кои треба на соодветен начин да се дефинираат, планираат, програмираат и реализираат, за да може нивното дејствување да биде насочено кон соодветно трансформирање на способностите кои се важни за кошарката, а во ова истражување тоа е експлозивната сила на долните екстремитети кај младите кошаркарки. Ова истражување треба да даде одговор на прашањата и дилемите: каде да биде сместен плиометрискиот тренинг во програмот на тренирање, кои вежби се најефикасни за кошаркарките, колку време е потребно да се тренира, со кој интензитет и обем на работа и во кој период од тренажниот процес да се примени оваа метода. **Предметот** на истражување во овој труд е експлозивната сила на долните екстремитети кај кошаркарки (женски) на 16 и 17-годишна возраст опфатени во шеснаесет неделен програмиран тренажен процес, а **целта** е насочена кон утврдување на ефектите од шеснаесетнеделниот програмиран тренажен процес кај проучуваниот примерок испитаници. Покрај основната цел, авторот поставил и 13 конкретни цели и 13 **хипотези.**

Методот на работа е презентиран во петтата глава, која ги опфаќа: примерокот на испитаници, примерокот варијабли, програмата и постапката на мерењето. Вкупниот примерок опфаќа 108 испитаници и тој е поделен во три суппримероци по 36 кошаркарки, на возраст од 16 и 17

години. Во истражувањето се применети вкупно 24 варијабли од кои: 12 за проценка на морфолошките карактеристики, 6 варијабли за процена на моторичките способности и 6 варијабли за процена на специфичниот моторички простор. Во продолжение е даден детален опис и начинот на мерење на сите варијабли кои се применети во истражувањето.

Во шестата глава е презентиран **описот на тренажниот процес**, организацијата и програмата за работа. За првата и втората експериментална група, детално се опишани содржините за секој тренинг одделно, за период од 16 недели.

Седмата глава ги содржи **методите за обработка на податоците.** За добиените податоци ќе бидат пресметани основните дескриптивни податоци, за утврдување на меѓугрупните разлики во иницијалното и финалното мерење ќе бидат применети униваријантна и мултиваријантна анализа на варијанса (ANOVA, MANOVA). Влијанието и предиктивната вредност на антропометриските и базичните моторни показатели врз критериумските варијабли ќе бидат утврдени со помош на линеарна регресиска анализа. За утврдување на ефектите на тренажниот процес, односно за дефинирање која програма дава најдобри резултати ќе се примени мултиваријантна анализа на коваријансата (ANKOVA, MANKOVA).

Осмата глава е најобемна и во неа се презентирани **резултатите** од истражувањето. Покрај интерпретацијата на основните дескриптивни податоци, во оваа глава се презентирани резултатите од: т-тестот за сите варијабли меѓу иницијалното и финалното мерење, резултатите од регресиската анализа, како и мултиваријантните и униваријантните разлики кај сите применети варијабли меѓу трите проучувани супримероци. Резултатите од мултиваријантната анализа на варијанса на финалното мерење кај варијаблите за проценка на специфично-моторичките способности покажуваат дека постои статистички значајна разлика во аритметичките средини меѓу трите супримероци. Униваријантната анализа на варијанса покажува дека статистички значајните разлики на аритметичките средини во мултиваријантниот простор се должат на присуството на значајни разлики кај сите проучувани специфично-моторички варијабли. Испитаниците од првиот супримерок покажуваат подобри резултати кај варијаблата ДБПКС, ВСКТ10С, ОТТ2Р И ТПКП30С, а испитаниците од вториот супримерок покажуваат подобри резултати кај варијаблите ДОКС6Х4М и КАМИКАЗЕ. Авторот констатирал дека кај овие варијабли третиот супримерок на финалното мерење покажал најслаби резултати. Врз основа на севкупните резултати од сите применети анализи авторот констатирал дека двата применети експериментални модела ја подобруваат експлозивната сила на долните екстремитети.

Првиот експериментален модел предизвикувал позначајни позитивни промени и е поефикасен од вториот експериментален модел.

Во деветтата глава авторот дава образложение за **теоретското и апликативното** значење на истражувањето, а во десеттата глава презентирани се заклучоците од реализираното истражување. Авторот екстрахирал вкупно 13 заклучоци кои даваат одговор на поставените цели и хипотези. Сите заклучоци ја задоволуваат методолошката поставеност на истражувањето и коректно ги објаснуваат добиените резултати.

Во **литературата,** авторот наведува вкупно 51 библиографска единица од странски и домашни автори.

МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата во состав: проф. д-р Милан Наумовски – ментор, проф. д-р Вујица Живковиќ – претседател, проф. д-р Ленче Алексовска Величковска - член, проф. д-р Јошко Миленкоски – член и проф. д-р Небојша Марковски – член, позитивно ја оценува докторската дисертација на авторот м-р Хинор Кица под наслов: **ЕФЕКТИ ОД ШЕСНАЕСЕТНЕДЕЛЕН ТРЕНАЖЕН ПРОЦЕС ЗА РАЗВОЈ НА ЕКСПЛОЗИВНАТА СИЛА НА ДОЛНИТЕ ЕКСТРЕМИТЕТИ КАЈ КОШАРКАРКИ НА 16 И 17 ГОДИШНА ВОЗРАСТ**. Комисијата со посебно задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, да ја прифати докторската дисертација на наведената тема и на авторот да му дозволи јавна одбрана.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Милан Наумовски – ментор с.р
2. Проф. д-р Вујица Живковиќ – претседател с.р
3. Проф. д-р Ленче А. Величковска – член с.р
4. Проф. д-р Јошко Миленкоски – член с.р
5. Проф. д-р Небојша Марковски – член с.р

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА ПОМЛАДИ АСИСТЕНТИ-ИСТРАЖУВАЧИ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, на својата 84. седница одржана на 2. IV 2013 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: д-р Снежана Велковска, научен советник, д-р Убавка Гајдова, научен советник и д-р Снежана Веновска-Антевска, научен советник во врска со конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Koha“ од 9. I 2013 година, за избор на двајца помлади асистенти-истражувачи во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје.

Рецензентската комисија ги разгледа материјалите пристигнати на конкурсот за избор во соработничко звање и засновање работен однос на двајца помлади асистенти-истражувачи во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс се пријавија четиринаесет кандидати: Игор Стојаноски, Борче Арсов, Зоран Радически, Николче Мицкоски, Македонка Додевска, Душко Десподовски, Влатко Симјановски, Мирјана Вељаноска, Бојан Петревски, Викторија Мирчевска, Михајло Марковиќ, Христина Донева, Ивана Блажевска-Ристовска и Дијана Петровска.

По разгледувањето на приложените документи на кандидатите, Рецензентската комисија дојде до следниве сознанија за кандидатите:

Кандидатот **Игор Станојоски** е роден 23. 5. 1979 год. во Копенхаген (Данска). Средно образование завршил во Скопје. Студирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата македонски јазик и јужнословенски јазици со општа и компаративна книжевност како втор предмет (1998-2002). Во 2003 год. се запишал на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на групата македонски јазик. Во документите не е доставен одбранет магистерски труд од наведените студии. Има нострифицирана диплома од одбранет докторски труд на Шлескиот универзитет во Катовице (Полска): „Проблемот на интерференциите при изучувањето на македонскиот јазик во Полска и Украина“ (20.7.2009). Има објавено два труда (учебно помагало по македонски јазик за Украинци и тезата одбранета во Полска), Се јавува како автор на статии од областа на културологијата (6 статии). Има познавање на следниве јазици: англиски, руски, украински, полски, чешки,

словенечки. Работел како лектор по македонски јазик во странство. Наведува дека се истакнува како преведувач и дека работел и работи како лектор. Покрај наведените квалитети, Комисијата нема податок дека е одбранет магистерски труд од областа на македонистиката на запишаните магистерски студии во Македонија.

Кандидатот **Борче Арсов** е роден на 18.IX 1984 во Белград, Република Србија. Во 2008 год. завршил високо образование (VII/I степен) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на групата македонски јазик и јужнословенски јазици, **дипломиран филолог по македонски јазик и словенечки јазик** (просек 9,97, студент на генерацијата). Во 2009/2011 год. се запишал на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески",Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги положил испитите (просек 10,00) и во 2011 година го одбранил својот магистерски труд „Морфологија на именските зборови во Кониковското евангелие (1852 г.) во споредба со Кулакиското евангелие". Во моментов е ангажиран како демонстратор по предметите македонски јазик 1, 2 и 3 на Правниот факултет (УКИМ). Работел како демонстратор и на Филолошкиот факултет (Катедра за македонски јазик) по предметите: историска граматика на македонскиот јазик 1 и 2, историја на македонскиот писмен јазик 1 и 2 и развој на македонскиот писмен јазик. Работел и како професор по словенечки во „Македонски и славистички јазичен центар". Има познавање на следниве јазици: англиски, словенечки и француски. Учествувал во неколку научноистражувачки проекти, и тоа: „Јазикот на електронските медиуми на национално ниво во Република Македонија" (проект на Советот за радиодифузија на РМ), „Кониковското евангелие – The Konikovo Gospel" (меѓународен финско-македонски проект), „Преведување на словенечки текстови" (словенечко-македонски проект); во моментов е ангажиран на проектот „Современа лингвистичка мапа на западниот регион на Виа Игнација: јазици и идентитет преку границите". Досега има остварено неколку студиски научни престои: Словенија (2004, 2006), Србија (2007) и Австрија (2011). Има објавено 12 научни и стручни трудови, некои самостојно, а некои во соавторство (во периодот од 2008 год. досега). Во 2011 пријавил, а во 2012 му е одобрена тема за изработка на докторска дисертација под наслов: „Постапки на стилизација на морфолошко, зборообразувачко и на лексичко рамниште во Кониковското, Кулакиското и Бобошчанското евангелие (споредба)".

Кандидатот **Зоран Радически** е роден на 11.VIII 1985 год. во Скопје. Во 2010 год. завршил високо образование (VII/I степен) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на групата преведување и толкување, **дипломиран стручен толкувач од германски и англиски јазик на македонски и обратно** (просек 8,56). Во 2010/2011 год. се запишал на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во научната област македонски јазик, и ги положил испитите со просек 10,00. Работи на магистерскиот труд

„Лексичко-семантичка анализа на германизмите во македонскиот јазик (со осврт на дијахронискиот прилив)". Работел како преведувач, толкувач, едукатор и проект-менаџер. Досега има остварено неколку студиски научни престои: Латвија (2009), Германија (2008) и Австрија (2007). Наведува неколку научни трудови коишто се во изработка, од кои е објавен еден во сп. „Македонски јазик".

Кандидатот **Николче Мицкоски** е роден на 20.I 1981 год. во Прилеп. Во 2006 год. завршил високо образование (VII/I степен) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на групата англиски јазик- преведување и толкување, **дипломиран стручен толкувач по англиски јазик и германски јазик** (просек 8,64). Потоа се запишал на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески",Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и на 26. III 2012 год. го одбранил магистерскиот труд „Дефинирање терминологија од областа на информатичките технологии во македонскиот јазик" (со осврт на дијахронискиот прилив)", здобивајќи се со звањето магистер по конференциско толкување македонски јазик (од англиски на македонски јазик и обратно и од српски на македонски јазик). Се истакнува во преведување на македонски, учествувајќи на проекти од оваа област на Владата на РМ. Ангажиран е на три проекти во Институтот за македонски јазик, и тоа: Поимник на зборови од информатичката технологија – втора фаза 2012 год. (раководител на проектот); Дигитализација на топонимиски материјал од Северозападна Македонија, 2010 (помлад истражувач) и Речник на топонимите од Воденско, 2009-2011 (помлад истражувач).

Кандидатката **Македонка Додевска** е родена на 2. III 1989 во с. Г. Црнилиште – Свети Николе. На 26. X 2011 година дипломирала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици (просек 9,54) и се стекнала со звањето **професор по македонски јазик и литература**. На истиот факултет, во учебната 2011/2012 година се запишала на постдипломски студии од научната област македонски јазик. Во моментов работи на нејзиниот магистерски труд „Овчеполскиот и словенечкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет", под менторство на проф. д-р Лидија Аризанковска. Учествувала со реферат на еден научен собир. Во текот на месеците мај, јуни, ноември и декември 2012 година волонтирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" (присуство како волонтер на колоквиуми и испити), а од 20.11.2012 година волонтира во Институтот за македонски јазик. Во летниот семестар во учебната 2012 година посетувала курс по германски јазик за што има добиено Сертификат за завршен прв степен по германски јазик. Според личните податоци, кандидатката добро ги владее англискиот, францускиот и германскиот јазик и има познавања од основните компјутерски вештини.

Кандидатот **Душко Десподовски** е роден на 29. V 1988 во Тетово. На 12. IX 2011 година дипломирал на Државниот универзитет во Тетово, на студиската

програма македонски јазик и литература (просек, 8,06), и се стекнал со звањето **дипломиран професор по македонски јазик**. Во учебната 2010/2011 година се запишал на постдипломски студии во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", на студиската програма македонистика со комуникологија. Во моментов работи на магистерскиот труд „Говорот на с. Сиричино" под менторство на проф. д-р Убавка Гајдова. Во 2012 година бил ангажиран на проектот „Дигитализација на дијалектен материјал од Картотеката на Одделението за дијалектологија на македонскиот јазик: дигитализација на лексички материјал од тематските области: 1. Занаети, 2. Домашни животни" за внесување на материјал под раководство на проф. д-р Веселинка Лаброска. Кандидатот Душко Десподовски во документацијата нема приложено соодветни документи, а според личната изјава има делумно познавање од англискиот јазик, одлично познавање на српскиот јазик, пасивно познавање на рускиот јазик и го разбира албанскиот јазик. Исто така има и основни познавања на компјутерските вештини.

Кандидатот **Влатко Симјановски** е роден на 30. VI1988 во Тетово. На 1. IX 2011 година дипломирал на Државниот универзитет во Тетово, на студиската програма македонски јазик и литература (просек, 8,59), и се стекнал со звањето **дипломиран професор по македонски јазик**. Во учебната 2010/2011 година се запишал на постдипломски студии во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" на студиската програма македонистика со комуникологија. Во моментов работи на магистерскиот труд „Називите на диви животни, лазачи и инсекти во македонските дијалекти" под менторство на проф. д-р Веселинка Лаброска. За потребите за изработка на магистерскиот труд, кандидатот Влатко Симјановски го внесува во компјутер материјалот од Картотеката на проектот „Македонски дијалектен атлас", а кој се однесува на прашањата врзани за називите на диви животни, лазачи и инсекти. Кандидатот Влатко Симјановски има ангажман на проектот на Институтот, „Речник на антонимите во македонскиот јазик", (раководител, проф. д-р Лидија Тантуровска). Симјановски има Уверение за положен испит за лектор, а од личните вештини, кандидатот ги наведува познавањата на англискиот, српскиот/хрватскиот, рускиот и албанскиот јазик, како и познавањата од областа на основните компјутерски вештини (без доставена документација).

Кандидатката **Мирјана Вељаноска** е родена на 27. VII 1985 во с. Брвеница, Тетово. На 29. X 2009 дипломирала на Државниот универзитет во Тетово, на студиската програма македонски јазик и литература (просек, 9,37), и се стекнала со звањето **дипломиран професор по македонски јазик**. Во учебната 2010/2011 година се запишала на постдипломски студии во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" на студиската програма македонистика со комуникологија. Главна преокупација во досегашната работа ѝ се истражувањата на дијалектите на македонскиот јазик, оттука произлегува нејзината намера како тема за изработка на магистерскиот труд да го работи „Говорот на с. Рогачево" под

менторство на проф. д-р Убавка Гајдова. Повеќе години е активен соработник на проектот „Македонски дијалектен атлас“ на Институтот за македонски јазик. Во текот на 2010 година извршила дигитализација на 150 индекси од Картотеката на проектот. Во текот на 2011 година работела на проектот „Дигитализација на лексички материјал од тематските области: 1. Делови на човечкото тело; 2. Физички и психички особини на човекот; 3. Болести и лекување; 4. Хигиена; 5. Роднински односи, одобрен со Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во културата на Министерството за култура. Во 2012 година е соработник на проектот „Говорите на исламизираните Македонци во Полошко“ (Министерство за култура). Учествувала во теренските истражувања на говорот на с. Брод, Гора и снимањето на звучни записи од останатите горански села на Косово. На сите проекти работи под менторство на д-р Убавка Гајдова, н.сов. и раководител на проектот *Македонски дијалектен атлас*. Со д-р Убавка Гајдова е и коавтор на статијата „За истражувањата на горанскиот говор“ Литературен збор, LIX, 4-6, с. 169-177. Во 2010 година учествувала во подготовката за печатење на книгата „Лексички, зборообразувачки и морфотактчки особености на македонските дијалекти“, издание на Институтот за македонски јазик. Првото работно искуство го стекнала како наставник по македонски јазик во ОУ „Коста Рацин“ с. Брвеница (од 1. IX 2010 до 9. I 2012.). Во 2012 година го положила и испитот за лектор, со што се стекнала со Уверение за положен испит за лектор. Според личните изјави (без доставени документи), одлично се служи со англискиот, шпанскиот, српскиот и хрватскиот јазик, а има и поширок познавања од работата со компјутер.

Кандидатот **Бојан Петревски** е роден на 15. I 1988 год. во Скопје. Во 2010 година дипломирал на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици (применета - апликативна насока на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просек 10,00 и се стекнал со звањето **дипломиран македонист.** Во 2011 се запишал на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“,Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и во 2012 година го одбранил магистерскиот труд „Негацијата во каузалните реченици во македонскиот јазик“. Во 2009/2010 год. бил ангажиран како демонстратор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици за предметите современ македонски јазик и граматика на македонскиот јазик. Го положил лекторскиот испит и е јазичен редактор на повеќе публикации. Има позавање од јужнословенските јазици, како и од англискиот, францускиот, италијанскиот, грчкиот и од рускиот јазик. Автор е на повеќе трудови (8) и прикази (3). Учествувал на повеќе научни конференции во земјата и во странство. Член е на организацискиот идбор на VIII меѓународен научен собир на млади македонисти, како и на редакцискиот одбор на VII меѓународен научен собир на млади македонисти. Ангажиран е како надворешен соработник на проектот „Речник на антонимите во македонскиот јазик“ во ЈНУ Институт за македонски

јазик „К.П. Мисирков“ - Скопје. Добитник е на наградата „26 Јули“ на Ректоратот на УКИМ и Фондацијата „Франк Манинг“ за најдобар студент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Го посетувал Летниот семинар по бугарски јазик и култура за странски бугаристи и слависти при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ за 2008 година.

Кандидатката **Викторија Мирческа** е родена на 22. VIII 1988 година во Скопје. Дипломирала на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици (применета-апликативна насока) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ со просек 8,60 и се стекнала со звањето **дипломиран македонист**. Го положила лекторскиот испит. Работела како помошник лектор во дневниот весник „Вест“ и како волонтер во ономастичката картотека во ЈНУ Институт за македонски јазик „К.П. Мисирков“ - Скопје. Има познавање од следниве јазици: англиски (одлично), италијански (добро - положен меѓународен сертификат CILS (A2), српски и хрватски (одлично), руски (делумно). Има познавање од комјутерските програми Word (одлично) и Exel (добро). Запишана е на постдипломски студии „Македонистика со комуникологија“ при Институтот за македонски јазик „К.П.Мисирков“ во Скопје.

Кандидатот **Михајло Марковиќ** е роден на 5. VII 1985 година во Тетово. Дипломирал на Државниот универзитет во Тетово, на Филолошкиот факултет, на студиската програма македонски јазик и литература, со просек 9,62, и се стекнал со звањето **дипломиран професор по македонски јазик**. Магистрирал на Тетовскиот државен универзитет со темата „Слепченски патерик - лингвистичка анализа“ , тема одбранета во 2011 година. Запишан е на Школата за докторски студии на УКИМ, насока: македонистика, каде што ги положил предвидените испити. Остварил два студиски престоја за истражување од областа на црковнословенските текстови во Софија, Р. Бугарија и во Белград, Р. Србија. Учествувал на две меѓународни конференции и има предадено за печат повеќе трудови во меѓународни зборници и списанија од областа на македонскиот јазик. Во моментов работи на изработката на својата докторска дисертација и, по негово кажување, е вклучен во неколку научни проекти. Според приложената библиографија објавил 7 научно-стручни трудови.

Кандидатката **Христина Донева** е родена на 27. IV 1982 година во Скопје. Завршила Филолошки факултет, на групата општа и компаративна книжевност, со просек 9,02, и се здобила со звањето **дипломиран филолог по општа и компаративна книжевност - научна насока.** Кандидатката приложила уверение за завршени постдипломски магистерски студии во траење од три семестри на Институтот за социологија, студиска програма: европски студии за интеграција, насока: култура во ЕУ, медиумите и комуникациите, и се здобила со научен степен магистер по европски студии за интеграција. Насловот на одбранетата магистрска тема не е наведена. Во документацијата на кандидатката е наведено и уверение за положени испити за завршена доквалификација за

наставна насока по предметот литература. Во врска со нејзиното работно искуство, кандидатката наведува повеќе работни места на кои била ангажирана како текст-уредувач, истражувач, стажант, асистент на проекти, истражувач на терен итн. Организации во кои била ангажирана: Seavus, информатичка технологија, Секретаријат за европски прашања, владина институција, BalaknIDEA - Скопје, Центар за Психоцијална и кризна акција - Институт за развој, култура и младински иницијативи, Strategic Marketing and Media Research Institute, Истражувачки центар Евро-Балкан итн. Според нејзините податоци, кандидатката одлично го познава англискиот, а добро италијанскиот јазик. Од приложените документи не може да се види активност на полето на лингвистиката и на научната работа од оваа област. И покрај наведениот податок дека, покрај другото, има и лекторски активности, кандидатката нема наведено дека го положила лекторскиот испит. Според изложените податоци, кандидатката не ги исполнува условите предвидени во конкурсот, завршени додипломски студии од областа на лингвистиката и запишани постдипломскии студии од областа на македонистиката.

Кандидатката **Ивана Блажевска-Ристовска** е родена на 20. I 1983 година во Скопје. Дипломирала на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ со просек 8,94 и се стекнала со звањето **дипломиран филолог по македонски јазик**. Го положила лекторскиот испит. Запишана е на втор циклус студии по македонистика со комуникологија при Институтот за македонски јазик „К.П.Мисирков“. Испитите ги положила во предвидениот рок со просек 10,00. Во тек е подготовката на магистерскиот труд од областа на фразеологијата. Кандидатката одлично го познава англискиот јазик како и јужнословенските јазици. Има солидно комјутерско познавање здобиено преку фирмата Семос, и тоа: Microsoft Office (2007) - MS Office Word 2007 документи, форматирање, табелирање; MS Office Exel 2007 - креирање табели; MS Office PowerPoint 2007 - правење презентации. Досегашното работно искуство на Ивана Блажевска-Ристовска се состои од следново: волонтерска работа во невладината шведска организација „Прони“ (тимска работа, мониторинг, развивање на комуникациски и презентациски способности; надворешен соработник на издавачката куќа „Табернакул“ како лектор на стручна литература (главно учебници за медицински факултет); наворешен соработник (лектор) на македонското списание „Емитер“. Од 2011 година, Ивана Блажевска-Ристовска волонтира на проектот „Толковен речник на македонскиот јазик“. Ги поминала сите фази на обука од ексцерпција, вметнување и картотекирање на материјал. Во моментов е ангажирана на изработка на Библиографијата на користени дела што се предвидува да биде составен дел од последниот (шести) том од Речникот. Воедно е вклучена и во подготовката на Индексот на скратеници што исто така ќе биде објавен во последниот том од Речникот. Настапила на научниот собир „Македонскиот јазик

како средство за комуникација и како израз на културата", со рефератот насловен *Именувањето на орнаментите во македонското текстилно народно творештво*. Статијата е прифатена за печатење во Зборникот од Научниот собир. Нејзината досегашна работа на проектот покажува дека кандидатката има предиспозиции за солидна научна работа, дека е одговорна кон работата, дека е тимски работник што е особено важно за институтската работа на проекти. Магистерската тема од областа на фразеологијата што ја подготвува под менторство на д-р Снежана Велковска очекуваме да покаже дека во ликот на Ивана Блажевска-Ристовска ќе имаме солиден продолжувач на работата на македонската лексика и на македонската фразеологија. Особено се надеваме дака таа ќе може да одговори на многу значајната работа што претстои, а тоа е изработка на голем фразеолошки речник.

Кандидатката **Дијана Петровска** е родена на 23. II 1975 во Тетово. На 4. III 2011 година дипломирала на Државниот универзитет во Тетово, на студиската програма македонски јазик и литература (просек 9,57), и се стекнала со звањето **дипломиран професор по македонски јазик**. Претходно Петровска завршила Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на групата одделенска настава (3. XI 1998), и се стекнала со стручниот назив дипломиран професор по одделенска настава на македонски јазик. Во учебната 206/2007 година се запишала на постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" од областа македонски јазик. Предвидените испити ги положила со просечен успех 9,80. Од 1996 година Петровска работи како наставничка по македонски јазик за учениците од другите заедници, и тоа во: ОУ „Еќрем Чабеј" во с. Слатино, ОУ „Братство-Миѓени" во Тетово, ОУ „Исмаил Ќемали" во с. Нераште и ОУ „Кирил Пејчиновиќ" во с. Теарце. За сите изминати години Дијана Петровска се покажува како иницијатор и организатор на различни манифестации, меѓу кои е и манифестацијата посветена на Кирил Пејчиновиќ, која се одржува секоја година на спомен-обележјето кај родната куќа на Кирил Пејчиновиќ. Таа се покажува и како успешен наставник меѓу младата популација од другите заедници, поттикнувајќи ги учениците успешно да ја совладаат наставата по македонски јазик; учествувала на државните натпревари по македонски јазик за што како ментор има пофалници од Сојузот на друштвото за македонски јазик и литература на Република Македонија. Нејзината активност резултирала и со повеќе учества на семинари и учества во проекти (домашни и меѓународни) врзани со образованието, за што има добиено и серија сертификати, меѓу кои се сертификатите за учество во обуката на тема: „Наставата по граматика – поинаков пристап", организирана од Британскиот совет во Македонија и Бирото за развој на образованието (20. XII 2011); учество на обуката „Унапредување на медиумската писменост во образованието во Македонија" (4–5 март 2011), организирана од МАТРА на Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија; учество на обуката In recognition of the successful

implementation of school-based assessment following attendance on a training course organized by USAID's Primary Education Project (7. XII 2010), организирана од Компонентата за унапредување на оценувањето на учениците; успешно завршена Обука за обучувачи и реализација на обука за наставници за користење на образовниот софтвер „Тулкид", јуни 2010, Програма на УСАИД за човеков и институционален развој и Бирото за развој на образованието; успешно завршена обука реализирана во рамките на Проектот за модернизација на образованието на програмата „Современи и креативни методи и техники на учење (30. IV 2010); за учество на проектот „Екстракурикуларни активности во училишта со мешан етнички состав (2004-2006) доделен од проектната канцеларија на ЕКАП; посета и активна примена на обуката „Програмирање и менаџмент на проектен циклус мултикултура и интракултура, предрасуди и толеранција, ЕКАП; Innovative Use of ICT in Primary Schools, јуни 2007; Information and Communication Technology in the instruction process at primary school level, јуни 2007. Својата насоченост кон истражување на дијалектите на македонскиот јазик, кандидатката Дијана Петровска ја покажува уште со нејзината вклученост во работата на проектот „Собирање на народни преданија за Лешок и за соседните села" (2005), а стручно оваа нејзина преокупација ја потврдува со изработката на дипломската работа на Државниот универзитет во Тетово под наслов: „Особености на тетовскиот говор и на лексиката од областа на казанџискиот занает (според искажувањата на еден тетовски казанџија)". Како што истакнува нејзината менторка, д-р Убавка Гајдова, уште со изработката на овој труд Петровска покажува дека умее самостојно да врши дијалектни истражувања – избор на информатор, способност од информаторот да извлече што повеќе информации, да конципира и да осмисли научен труд во кој податоците добиени со истражувањата ќе бидат систематски обработени и научно потврдени, базирајќи се на значен корпус користена литература. За современите истражувања на македонската дијалектологија од особено значење се новите теренски истражувања и нивните записи. Во оваа смисла Дијана Петровска и во понатамошните години го дава својот придонес. Таа е дел од соработниците на проектот „Говорите на исламизираните Македонци во Полошко" (финансиран од Министерството за култура на Република Македонија 2012 г.). Во нејзина организација и првенствено како нејзин личен ангажман се извршија теренските истражувања на говорите на селата Урвич и Јеловјане, Тетовско. Од с. Урвич е собран материјал по Прашалникот за собирање материјал за „Македонскиот дијалектен атлас", а истовремено се снимени голем број звучни записи од говорите во двете села. Нејзина заслуга е и нивниот писмен запис. Петровска е дел и од екипата на проектот која беше на теренски истражувања во Гора, Косово. Посебно треба да се одбележи нејзиниот ангажман во прегледувањето на запишаниот и снимениот материјал и нивниот внес во компјутер за пополнување на Картотеката на проектот „Македонски дијалектен атлас", како и преслушувањето и запишувањето на целокупниот звучен материјал

снимен за време на престојот во Гора. Освен во теренските истражувања, Петровска е активно вклучена во процесот на дигитализација на Картотеката на проектот „Македонски дијалектен атлас“ од 2011 година, при што покажала голема посветеност на работата, брзо и педатно завршување на обврските. Во контекст на дигитализацијата на дијалектниот материјал, во 2011 година Петровска била вклучена и во работата на проектот „Дигитализација на лексички материјал“, од тематските области: 1. Делови на човечкото тело; Физички и психички особини на човекот; 3. Болести и лекување; Хигиена; Роднински односи, што како дел од програмата за заштита на дијалектите како духовно културно наследство се реализира преку годишните програми на Министерството за култура на Република Македонија. Сите проекти врзани со проблематика од областа на дијалектологијата на македонскиот јазик, Дијана Петровска ги врши под менторство на д-р Убавка Гајдова. Во непосредна врска со работата на проблематика од областа на дијалектологијата е и интересот за балканистичките проучувања за кои Петровска стекнува квалификации врз основа на познавањата на албанскиот јазик (завршени курсеви 1-4). За понатамошна работа во областа на лингвистиката, секако, е врзано и солидното познавање на англискиот јазик (завршени курсеви 1-8). Петровска има учествувано на меѓународниот научен симпозиум „Македонскиот идентитет, литература, јазик, историја, култура“, организиран од Институтот за македонска литература во 2011 г., со реферат на тема „Епитафот на Пејчиновиќ – песна врз каменот или камен врз песната“, кој потоа е објавен во списанието „Спектар“, 2011 г., с. 129-140. Освен овој труд, во списанието „Литературен збор“, Петровска ги има објавено следниве трудови: „Формите на футурот (идното време) во балканските јазици“ ЛЗ, LVIII/1-6 2011 г. с. 99-109; „Примената на современите аудитивни и визуелни технички средства во наставата“, ЛЗ LIX/1-3 2012 г., с. 199-207 и „Усогласеност на содржината на учебникот со училишната возраст“ ЛЗ LIX/4-6 2012 г. с. 153-160. По стекнувањето на Уверението за положен испит за лектор (23.3.2012), Петровска има реализирано неколку лектури на монографии, стручни книги и списанија.

Заклучок и предлог:

Врз основа на изнесените информации за пријавените кандидати може да се согледа дека на конкурсот за избор на двајца помлади асистенти во Институтот за македонски јазик се пријавиле четиринаесет кандидати, од кои една кандидатка не ги исполнува условите (Христина Донева) на конкурсот. Останатите кандидати се солидни и стручни млади кадри кои го заслужуваат своето место за работа на проектите во Институтот. Во ваква ситуација, Рецензентската комисија имаше тешка задача при донесувањето на одлуката кои кандидати да ги предложи за избор во звањето помлад асистент-истражувач. Со оглед на тоа дека во Институтот за македонски јазик 15 години нема вработувања на млад кадар и со

оглед на тоа дека во Институтот се работат три долгорочни проекти, кои се од приоритетно значење, и имаат поголем и подолгорочен тек на работата, Комисијата реши да се одлучи за оние кандидати што приложиле опсежна информација за нивните досегашни активности на планот на македонистиката и оние што во нивната досегашна работа најмногу придонеле за унапредувањето на работата на долгорочните проекти на Институтот. За оваа цел, Рецензентската комисија ги имаше предвид мислењата на раководителите на институтските проекти „Толковен речник на македонскиот јазик" и „Македонски дијалектен атлас". Кандидатката **Ивана Блажевска-Ристовска** во целост ги исполнува условите на конкурсот и веќе трета година активно придонесува за работата на проектот „Толковен речник на македонскиот јазик". Нејзиното досегашно работно искуство ѝ дава добра основа за продлабочување на знаењата од македонскиот стандарден јазик, а во нејзината досегашна работа на проектот „Толковен речник на македонскиот јазик", таа веќе се покажала како успешен и вреден соработник, на кој му е доверена и посебна задача и ангажман во врска со подготовката за печатење на последниот (шести) том од Толковниот речник на македонскиот јазик. Ивана Блажевска-Ристовска е единствена од пријавените кандидати, која волонтира на најзначајниот проект на Институтот, Толковен речник на македонскиот јазик. Нејзиниот научен ангажман продолжува под раководство на раководителот на проектот, д-р Снежана Велковска, а сферата на научниот интерес е врзана и понатаму за македонската лексика, вклучително и македонската фразеологија, што е подготовка за вклучување во работата на изработка на голем фразеолошки речник, предвидена за наредниот период. Ивана Блажевска-Ристовска се јавува и како самостоен автор на труд од областа на лексиката: *Именувањето на орнаментите во македонското текстилно народно* творештво, со кој настапила на научниот собир „Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата" (ИМЈ, 2011), кој е прифатен за печатење во Зборникот од Научниот собир. Кандидатката **Дијана Петровска** во целост ги исполнува условите на конкурсот и во досегашната работа пројавила најголем интерес за продлабочување на сознанијата врзани со работата на најобемниот и најкомплексниот проект на Институтот, „Македонски дијалектен атлас". Во соработка со раководителот на проектот, д-р Убавка Гајдова, Петровска, во текот на изминатите три години има спроведено три теренски истражувања на дијалектите на македонскиот јазик, во градот Тетово, во селата Урвич и Јеловјане, Тетовско, како и во областа Гора на Косово. Две од овие теренски истражувања (с. Брод, Косово и Урвич, Тетовско) се досега неистражени пунктови предвидени со Списокот на пунктови за Македонскиот дијалектен атлас, со што Картотеката на Македонскиот дијалектен атлас се пополнува со дијалектен материјал од две значајни места кои ја надополнуваат сликата за македонската дијалектна територија. Освен како вреден собирач, Петровска е и солиден запишувач на дијалектен материјал, а покажува и значајни способности да го анализира и

систематизира дијалектниот материјал, што бара солидни познавања од областа на дијалектологијата. Во оваа смисла, важен е и податокот дека Петровска го владее албанскиот јазик со што значајно може да помогне при интерпретацијата на македонско-албанското јазично влијание што е значајно за македонската јазична територија на која има македонско-албанска двојазичност. Таков кадар засега нема во Институтот за македонски јазик. Петровска има и најголем удел од надворешните соработници во дигитализацијата на картотечниот материјал од проектот „Македонски дијалектен атлас", што е една од приоритетните задачи на Институтот за македонски јазик и во поглед на изработката на одделните атласи од проектот „Македонски дијалектен атлас" и во поглед на заштитата на дијалектите како духовно културно наследство од особено значење.

Од досега изнесеното во извештајот, ни претставува особена чест и задоволство на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" да му предложиме **Ивана Блажевска-Ристовска** и **Дијана Петровска** да бидат избрани за помлади асистенти-истражувачи во Институтот за македонски јазик.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Снежана Велковска, научен советник, с.р.

Проф. д-р Убавка Гајдова, научен советник, с.р.

Проф. д-р Снежана Веновска-Антевска, научен советник, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА " **РИЗИК СТРАТИФИКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИТЕ СО ТЕШКА ВАЛВУЛАРНА АОРТНА СТЕНОЗА СО НОРМАЛНА ЛЕВОКОМОРНА ФУНКЦИЈА**" од Д-р Емилија Антова, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата редовна седница одржана на ден 11.4.2013 год., по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет одреди Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Љубица Георгиевска-Исмаил, проф. д-р Јелка Давчева-Павловска и проф. д-р Трајанка Трајковска, за оцена на докторскиот труд на **д-р Емилија Антова** со наслов:

РИЗИК - СТРАТИФИКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИТЕ СО ТЕШКА ВАЛВУЛАРНА АОРТНА СТЕНОЗА СО НОРМАЛНА ЛЕВОКОМОРНА ФУНКЦИЈА

Рецензентската комисија го разгледа доставениот материјал и по меѓусебните консултации го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Со изработката на докторската теза под наслов: РИЗИК - СТРАТИФИКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИТЕ СО ТЕШКА ВАЛВУЛАРНА АОРТНА СТЕНОЗА СО НОРМАЛНА ЛЕВОКОМОРНА ФУНКЦИЈА, д-р Емилија Антова си поставила за **цел** да го процени значењето на демографските карактеристики, клиничките ризик - фактори, лабораториските наоди и ехокардиографските параметри, како и значењето на клиничките, електрокардиографските и/или хемодинамските следени параметри за време на тестот на оптоварување како предиктори за брза прогресија на болеста (појава на симптоми и/или ненадејна срцева смрт). Исто така, целта на оваа докторска дисертација претставувала и определување на поврзаноста на вредноста на Nt-proBNP во однос на клиничката експресија на болеста, ехокардиографските параметри и следените параметри за време на тестот на оптоварување, како и утврдување на сензитивноста, специфичноста и предиктивната вредност на Nt-proBNP за брза прогресија на болеста (појава на симптоми и/или ненадејна срцева смрт).

Мотивот за изработка на докторската теза е оправдан особено ако се има предвид дека аортната стеноза е најзастапено срцево валвуларно заболување, дека нејзината инциденција се зголемува со зголемување на возраста на индивидуите и дека земајќи ја предвид големата застапеност и лошиот исход доколку индивидуата (пациентот) не се упати на оперативно лекување, ова заболување претставува навистина сериозен здравствен проблем. Мотивите јасно произлегуваат и од изнесениот материјал во **воведниот дел** на докторската теза.

Докторската теза на д-р Емилија Антова содржи Резиме на македонски јазик, Вовед, Мотив, Цели, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Ограничувања на студијата, Заклучоци, Кратенки употребени во текстот и Библиографија на користена литература. Тезата е изложена на 180 страници компјутерски обработен текст, кој содржи 89 табеларни прикази, 37 графикони, 17 слики и 95 цитирани референтни библиографски единици.

Начинот на изнесување на проблемот е јасен и лесно разбирлив.

Докторската теза вклучува проспективно испитување и следења на **187 пациенти со тешка аортна стеноза** на Универзитетската клиника за кардиологија во Скопје, кои врз основа на селекцијата за вклучување влегувале во студијата во различни временски периоди во временскиот интервал од 2000 до 2008 година. Пациентите со тешка аортна стеноза биле поделени во две групи: асимптоматски и симптоматски. На сите пациенти со тешка АС, на влезот во студијата им била земена венска крв и од серум заради определување на вредноста на Nt-proBNP. Симптоматските пациенти со тешка АС веднаш биле упатувани на оперативно лекување (аортен валвуларен репласман-АВР). Асимптоматските, пак, пациенти кои имале ЛКЕФ <50%, исто така веднаш биле упатувани на оперативно лекување, а доколку имале ЛКЕФ >50%, биле предмет на натамошно следење. Во текот на следењето, доколку врз основа на ехокардиографските критериуми ќе се утврдела прогресија на болеста, тие биле упатувани на оперативно лекување, во спротивно, биле подложени на натамошно следење. Кај асимптоматските пациенти кои биле физички активни и помлади од 70 години бил изведуван тест на оптоварување и доколку се покажел абнормален, пациентот бил упатуван на оперативно лекување, во спротивно, биле подложни на натамошно следење. Активното следење до крајните точки –упатување на АВР, појава на симптоми и/или смрт се одвивало на 6 и 12 месеци од влезот во студијата до максимални 36 месеци на следење кај асимптоматските пациенти.

За стратификација и следење на пациентите, како **методи** се користени клиничката евалуација со функционална стратификација по NYHA, електрокардиографија, ехокардиографијата, лабораториските анализи со посебен осврт кон проценката на вредноста на Nt-proBNP и изведувањето на коронарниот стрес - тест.

Статистичката анализа е изведена со помош на компјутерската програма SPSS (верзија 13.0). Анализата е современа и соодветна, прецизно и точно толкувана.

Резултатите на ова испитување покажале дека:

– Замор от како симптом се потврдил како значаен предиктор кој за 3.83 пати го зголемува ризикот од појава на збиднување кај сите анализирани 187 пациенти;

– Веројатноста за преживување на сите, асимптоматски и симптоматски пациенти (187 птц.) со тешка АС изнесува 85% за период од 1 год., 53% за период од 2 год., а 26% за период од 3 год, додека веројатноста за преживување кај 61 асимптоматски пациент со тешка АС, за период од 1 год. изнесува 91%; за период од 2 год. - 77%, а за период од 3 год. - 42%.

– Предиктори во шансите за упатување на АВР кај сите 187 птц. се издвоиле параметрите: калцификација на кусписите за 6.3 пати, LVEDs за 1.3 пати и IVSd

за 1.5 пати. Истата анализа изведена кај асимптоматските птц. ги потврдила истите параметри и тоа: IVSd за 5,4 пати, LVEDS за 1,6 пати, а како значаен предиктор се издвоила и AVA.

– Аортна валвуларна ареа (AVA) од < 0,7 cm2 се издвоила како значаен прогностички параметар во однос на појава на збиднување и/или појава на абнормален одговор на тестот на оптоварување.

– Ехокардиографското влошување манифестирано како годишен степен на прогресија на максималната брзина на проток над аортна валвула од ≥ 0,3 m/sec/год покажало 3,2 пати поголем ризик од појава на збиднување кај асимптоматските пациенти во споредба со оние кај кои не се јавило влошување.

– Nt-proBNP се потврдил како значен предиктор кој за 1,4 пати го зголемува ризикот од појава на збиднување (појава на симптоми и/или смрт), односно статистички сигнификантно се потврдил како предиктор кој за 1,45 пати го зголемува ризикот за упатување на АВР кај птц. со Nt-proBNP над граничната вредност од 460 pg/ml во споредба со групата со Nt-proBNP под граничната вредност (n=187 птц.). Оптималната гранична вредност (cut off) на Nt-proBNP за да се открие присуство на симптоми била 460 pg/ml со сензитивност 85%, специфичност 72%, позитивна предиктивна вредност 86% и негативна предиктивна вредност 70%.

– Појавата на симптоми за време на тестот на оптоварување се покажала како сигнификантен фактор кој за 3.88 пати ги зголемува шансите за настанување на збиднување (појава на симптоми и/или смрт) во еволутивниот развој на болеста кај асимптоматските птц. со тешка АС. Натаму, утврдено е дека пациентите кои манифестираат абнормален одговор на крвниот притисок за време на тестот на оптоварување имаат 4,4 пати поголем ризик од појава на збиднување, во споредба со птц. кои имаат нормален одговор на крвниот притисок.

Добиените резултати се дискутирани повторно во **дискусијата** во која се споредувани со резултатите на други автори и дополнувани се со логични и соодветни коментари од самиот автор. За поткрепа на ова, користена е современа литература.

Заклучоците се изведени засновано врз целите на испитувањето и добиените резултати. Дадени се во повеќе поенти, кои несомнено имаат клиничка и научна вредност. Навремената ризик - стратификација на пациентите со тешка аортна стеноза, особено оние што се асимптоматски, со користење на одредени предиктивни варијабли е од клучно значење за избегнување на влошување на состојбата со појава на идни несакани збиднувања, вклучително и смрт, односно за навремено упатување на аортен валвуларен репласман.

Врз основа на она што е речено погоре, Комисијата го дава следниов

ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија на докторската теза со наслов Ризик - стратификација на пациентите со тешка валвуларна аортна стеноза со нормална левокоморна функција, од д-р Емилија Антова, заклучува дека тезата е напишана соодветно на јасен и разбирлив јазик и има едукативни, актуелни и апликативни вредности. Тезата ги задоволува принципите на научна работа и дава научен придонес на полето на современата кардиологија, односно потесно на полето на валвуларните срцеви мани. Поставените цели на студијата се во целост реализирани, а добиените резултати се адекватно презентирани и споредени со податоците од современата литература.

Рецензентската комисија смета дека оваа теза ги исполнува сите стручни и научни предуслови за докторска теза и има актуелен и значаен придонес во областа на кардиологијата, при што му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја продолжи процедурата за негова јавна одбрана.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љубица Георгиевска-Исмаил _____ с.р
2. Проф. д-р Јелка Давчева-Павловска_____с.р
3. Проф. д-р Трајанка Трајковска_____с.р

До Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје

До Рецензентската комисија

До Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје

ПРИГОВОР

Од проф. д-р Даниела Чапароска, член на Катедрата Интерна за медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, член на координативното тело при истата Катедра и член на Наставно-научниот цовет на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Предмет на приговорот: Рефератот објавен на 15 април 2013 година, во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1052, за избор на еден кандидат во сите звања по предметот интерна медицина-токсикологја , на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, во согласност со конкурсот објавен во „Утрински весник" на 24.11.2012 година.

За краткиот преод, во кој работеше "новата" Рецензентска комисија, која беше избрана на седница на ННС на ден. **11.4.2013** (четврток), а целосно лектораниот реферат излезе само по **три дена во Билтенот од 15.4.2013** (понеделник).

Приговорот за начинот на бодирањето на кандидатите и заклучокот по рефератот на Рецензентската комисија.

Кандидат: Д-р Андон Чибишев

1. ***Во делот Наставно-образовна дејност (НО)***

Кандидатот Д-р. Андон Чибишев, кој има најмалку асистентски стаж од бодираните кандидати, во времето до воведувањето на ЕКТС (2005 година), е бодуван со најмногу бодови, за што не е доставен табеларен приказ на споменатото бодување.

Појаснување: кандидатот д-р Андон Чибишев бил асистент од јуни 1994 година до јануари 2005 година (значи 15 семестри), во кој период при извршувањето на функцијата државен секретар од 2000 до 2002 година асистенското звање му мирувало.

- Во доставениот табеларен приказ на споменатото бодување, дадени му се бодови за
:"Ментор и едукатор на здравствена едукација" (14.4 бода) за дејност која не постоела воопшто до 2013 год.

- По однос бодувањето на настава во школи и работилници, кандидатот е бодуван со 2 бода како учесник, меѓутоа се бодуваат само раководителите и поканетите предавачи на школите и работилниците, а не и слушателите, како што е во случајов.
- бидејќи како што е познато не учествувал во наставата, а даден му е најголем број бодови дури повеќе и од кандидатот кој е виш научен соработник.

2. ***Во делот Научноистражувачка дејност (НИ)***

Под точка 1. МОНОГРАФИЈА

-Одбранетиот јавен труд на Д-р Чибишев под наслов: "Тотална и суплементарна парантерална исхрана во лекувањето на акутните корозивни труења", погрешни е е бодуван како монографија.

-Одбранетата докторска теза под наслов: "Ентерална и парентарална нутриција во контролата на нутритивниот статус и превенцијата на доцните посткорозивни интоксикации", исто така погрешно е бодувана како монографија.

-Клиничкото упатство на третман на опиоидна зависностшто го навел како сопствена монографија, но упатството стои само дека припаѓа на Министерство за здравство на РМ.

Под точка 3: Носител на активности на меѓународниот проект "Chemical risk management in Macedonia 2007-2010" (во соработка во Европската и Шведската агенција за хемикалии).

Проектот "Chemical risk management in Macedonia" не претставува научноистражувачки проект, туку стручна студија, а таа се бодира помалку и спаѓа во стручно-апликативна (СА) дејност, а не во научноистражувачка (НИ) дејност. Нема доказ дека Д-р Чибишев е носител на активности на оваа студија.

Под точка 4: Во голем број наведени трудови е направено таканаречено **прекројување** на трудовите, имено исфрлани се автори, при што останува да фигурира само кандидатот за избор и уште некој автор. Со тоа се намалува бројот на автори кои учествуваат во трудот, а знаеме дека вкупните бодови се делат на сите автори.

Потоа, трудовите се бодирани погрешно, за оние каде што во списанијата немало меѓународен уредувачки одбор во таа година кога е издаден трудот.

- На пример, трудовите кои се објавени во списанието **Physioacta** (со оригинални научни резултати во референтно научно/стручно списание со меѓународен

уредувачки одбор" со фактор **6,** меѓутоа списанието Physioacta во година кога е објавен трудот нема меѓународен уредувачки одбор (**меѓународен уредувачки одбор е од 2010 год.),** а факторот е 4.

- Под број (17) Ефектите од постпилоричната нутриција во третманот на акутните труења со каустични супстанции; А.**Чибишев**, . Пановски М, Оровчанец Н, Василевски В,Божиновска Н; **2007 ; Physioacta**, Vol 1. (1) : 85-98. Одуцван во дел: "Трудови со оригинални научни резултати во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор" со фактор **6,** меѓутоа списанието Physioacta во 2007 кога е објавен трудот нема меѓународен уредувачки одбор (меѓународен уредувачки одбор е од 2010 год.), а факторот е **4.**

- (19) Серолошко и молекуларно испитување на вирусот на хепатитис Ц кај корисници на опијати, Симоновска Н,Серафимовски В, Чибишев А,Божиновска Ц, Чапароска ,**Physioacta,** Vol 1, No 2, UDK: 616.36-002,**2008.**

- (20) Присуство на позитивен ревматоиден фактор кај хероински зависници. Симоновска Н, Божиновска Ц, Грчевска Л, Чибишев А, Physioacta **2009**; Vol 3-No 1 UDK: 616-097:6.

- (21) Ендоскопски наод кај корозивни труења, Петровски Д, Божиновска Ц, Чибишев А, Переска Ж, **Physioacta 2009**; Vol 1-No 2 105; 616.32,2009.

Повеќето трудови се со погрешни поени бодувани, па при поделба на авторите кои учествувале во изработката на трудот се добива погрешна бројка.

За повеќето прикажани апстракти *47, не постои сертификат од конгресот.

Предложениот кандидат нема **ниту ден стручно-научно усовршување** во некој странски центар, нути учество на конгрес, симпозиум или конференција надвор од границите на Репибликата, поради **непознавање на ниту еден светски јазик.**

3. *Во делот Стручно-апликативна дејност (СА)*

Под точка 2: Воведување на нова клиничка метода за детоксикација со бупренорфин (првпат воведена во државата)?

- Методата детоксијација, според медицина базирана на докази, е одамна позната и применувана во светот и во нашата држава, која досега се вршела и без супституциска терапија ("drug free"), или со регистриран медикамент-супститут како досега применуваниот метадон. Значи, супституцијата се вршо со разни медикаменти, а еден од медикаментите кој е регистриран во 2009 година е медикаментот бупренорфинот кој се применува како лек што е достапен. Регистрацијата на нов лек не претставува нова метода (аналогно на тоа е

принципот на регистрација на нови антиотици во лекување на инфламаторни заболувања).

- Според принципите за лекување на зависност од дрога (Principles of drug addiction treatment) на Националниот институт за зависности од дрога (NIDA), детоксикацијата е само првата фаза во лекувањето на зависност и сама по себе не е доволна за долгорочна апстиненција, туку треба да биде поддржана со психосоцијална поддршка за да биде успешна.
- Медикамент бупренорфин, како психоактивна супстанција, се препишува во сите градови во Македонија, како супституит при третман од опијатна зависност. Психијатрите од цела Македонија работат со бупренорфин.

Под точка 2: Воведување на нова клиничка_метода за ентерална исхрана кај корозивни труења со сонда/ентеростома(првпат воведена во државата)?

- Методата е воведена и изведена од Проф.д-р Милчо Пановски од дигестивна хирургија. Пациентите со ентеростоми биле користени во докторската дисертација на Д-р Чибишев.

Под точка 4: Предавања на институции од јавен интерес -одржани предавања по основни училишта кои се бодувани со вкупно 21 бода, кои не можат да се бодуваат за избор во наставно звање на универзитетски наставник, а и тој што наводно ги одржал, не бил избран во никакво настовно звање за да биде компетентен за одржување наставна дејност.

Од приложениот документ се гледа дека се работи само за едно предавање на тема "Зависности-превенција од дрога"? Предавањата ги држеле: Д-р Наташа Симоновска и вишите медицински сестри Верица Арсова и Николина Трајановска, од Клиниката за токсикологија.

Наведените 126 часа? За споредба. предавањата од целокупната интерна медицина за студенти по медицина во два семестра се 152 часа кои ги предаваат 50 професори од Катедрата за интерна медицина..

4.Во делот Дејности од поширок интерес

Под точка 3: Во подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)

- Примена на метадон во опиоидна зависност
- Водење на деца со неонатален апстиненцијален синдром

Решението издадено од актуелниот министер за здравствп во кое под еден наслов се назначени лекари од повеќе супспецијалности за подготовка на различни документи, па така. Д-р Чибишев не учествува и работи на изготвување на документи за примена на метадон во опиоидна зависност (туку учествуваат психијатри од Центарот за зависност во

Кисела Вода), ниту пак во поготовката на стратегијата за водење на деца со неонатален апстиненцијален синдром(туку Проф. Чибишев е само за делот со бупренорфин.

- Во списокот на апстракти презентирани на конгреси, под бр.97 и 98.наведените трудови на Токсиколошкиот конгрес во Дубровник во 2011, воопшто не е бил присутен, ниту пак некој друг од Клиниката.

